УНИВЕРЗИТЕТ " СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ " – СКОПЈЕ
ФИЛИЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ И МИРОВНИ СТУДИИ

м-р ЗОРАН ИВАНОВСКИ

КОНВЕРЗИЈА НА ВОЕНИТЕ РАСХОДИ И ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОНОМСКАТА И БЕЗБЕДНОСНАТА ДИМЕНЗИЈА

-докторска дисертација-

Ментор: проф. д-р ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ

Скопје, 2003 година

Му изразувам голема благодарност на менторот, почитуваниот Проф. д-р Трајан Гоцевски за неговата сестрана помош и стручните совети при изработката на овој труд.

Посебна благодарност за првиот ментор Проф. д-р Радко Начевски со кој започна изработката на овој труд, кој веќе не е меѓу живите.

Апстракт

Како едно од основните прашања на кои треба да се одговори при димензионирањето и изградбата на вооружените сили е прашањето колку е неопходно да се издвојува за одбраната, за таа да биде ефикасна и да гарантира безбедност на своите граѓани.

Одредување на оптимален буџет за одбрана претставува прашање кое е од исклучително значење за секоја држава. Од анализите правени по тоа прашање во современата воена и економска наука произлегува еден основен заклучок дека сите финансиски средства доделени на одбраната под минимумот или околу него, се јавуваат како облик на бесцелно трошење на пари, поради тоа што тие од воен аспект не се доволни да одговорат на сите видови на закани на националаната безбедност, а од економски аспект не влијаат позитивно врз функционирањето и параметрите на националната економија, кои би можеле да се очекуваат.

Во барањето на одговорот на тоа прашање потребно е да се тргне од прашањето колку една влада се чувствува загрозена и колку безбедност таа може да обезбеди. Станува збор за основните елементи на безбедносната политика (која ги анализира ризиците) и на фискалната политика (која ги користи и распределува ресурсите на државата). Оттука, детерминантите за големината на воениот буџет произлегуваат од комбинацијата на елементите: закани по националната безбедност и трошоците потребни да се направат за непречено функционирање на одбраната.

Јасно е дека сите земји мораат да прифатат такво оптоварување кое ќе биде пропорционално на нивните можности, доколку не сакаат да ги намалат или забават развојните тенденции на националната економија.

Клучни зборови: безбедност, одбрана, економија, воени расходи, буџет, репродукција, ресурси.

СОДРЖИНА

Прв дел

1. Тема на истражувањето

1.1. Вовед во темата.....6

1.1.1. Предмет на истражување.....9

1.1.2. Цели на истражувањето.....15

Втор дел

2. Теоретски основи на предметот за истражување

2.1. Поимно одредување, природа, значај и методологија на економиката на одбрана

2.1.1. Природата на економиката за одбрана.....19

2.1.2. Значај на економиката на одбраната.....22

2.2. Теоретски приод кон економиката на одбрана

2.2.1. Меркантилизам – реализам.....28

2.2.2. Либерализам.....33

2.2.3. Марксизам.....36

2.2.4. Основни економски теории.....39

2.2.5. Економски ефекти на јавните расходи.....42

2.3. Дефинирање на воените расходи

2.3.1. "СИПРИ" дефиниција на воените расходи.....46

2.3.2. "АЦДА" дефиниција на воените расходи.....48

2.3.3. НАТО дефиниција на воените расходи.....50

Трет дел

3. Одбрана и економија

3.1. Дефинирање на односот помеѓу одбраната и економијата

3.1.1. Воен потенцијал.....56

3.1.2. Економика и војна.....68

3.1.3. Национална безбедност и глобална економија.....75

3.1.4. Финансирање на одбраната.....87
3.1.4.1. Економска димензија на одбраната.....87
3.1.4.2. Финансирање на одбраната: Лекции од историјата.....89
3.1.4.3. Буџет за одбрана-помеѓу политика и безбедност.....93
3.1.4.4. Методи за креирање на буџетите за одбрана.....96
3.2. Воена индустрија
3.2.1. Воено индустриски комплекс.....105
3.2.1.1. Користа и трошоците на воено-индустрискиот комплекс.....113
3.2.1.2. Анализа на трошоците во воената индустрија.....120
3.2.2 Воена индустрија на САД.....123
3.2.3 Воена индустрија во Западна Европа.....127
3.2.4 Воена индустрија на поранешниот С. Сојуз.....130
3.2.5.Воена индустрија во земјите во развој.....131
3.3. Трговија со оружје.....133
Четврт дел
4. Воени расходи и репродукција
4.1. Воени расходи
4.1.1. Економски ефекти на воените расходи.....149
4.1.2. Фискални ограничувања и одбраната.....163
4.1.3. Барање на оптимален однос помеѓу одбраната и економијата.....172
4.2. Воени расходи и економски раст: проценка на меѓусебно влијание.....184
4.2.1. Концепциски врски помеѓу воените расходи и економскиот развој.....196
4.2.2. Агрегатна побарувачка како концептуална

врска помеѓу одбраната и економскиот раст.....208

Петти дел

5. Транзиција кон нова ера безбедносни ризици

5.1. Теоретски разгледување на односите во меѓународниот систем.....211

5.2. Промени во меѓународното безбедносно окружување.....214

5.3. Развојни опасности во XXI век.....223

5.4. Демократизација, политичка нестабилност и војна.....232

5.4.1. Демократија версус војна.....233

5.4.2. Демократизација на државите и зголемени ризици.....236

5.5. Транзиција на економиите како вид на закана за безбедноста.....244

5.6. Влијанието на различни видови на безбедносни ризици врз одбраната.....249

Шести дел

6. Конверзија на воените расходи

6.1. Поимно дефинирање на конверзијата.....256

6.1.1. Историски концепт на конверзијата.....257

6.1.2. Дефинирање на поимот конверзија.....260

6.1.3. Елементи на конверзијата.....271

6.1.3.1. Реалокација на финансиски ресурси.....276

6.1.3.2. Преориентација на воените истражувања и технолошкиот развој.....278

6.1.3.3. Конверзија на индустријата.....281

6.1.3.4. Реинтеграција на воениот и цивилниот персонал вработен во вооружените сили.....285

6.1.3.5. Дислокација на воените бази.....287

6.1.3.6. Алтернативно користење на вишокот вооружување.....289
6.1.4. Економика на конверзијата.....291
6.1.4.1. Редистрибуција на ресурсите преку конверзија.....295
6.1.5. Конверзија во контекст на меѓународната безбедност.....301
6.1.6 Безбедносниот аспект на конверзијата.....305
6.2. Глобално разоружување, демилитаризација и демобилизација.....309
6.2.1. Глобално намалување на воениот персонал.....318
6.2.1.1. Демобилизација после конфликти.....321
6.2.1.2. Хуманата страна на трансформацијата: Балансирање на понудата и побарувачката за работна сила.....325
6.3. Глобално разоружување, консолидација на воената индустрија и конверзија
6.3.1. Намалување на побарувачката за оружје.....328
6.3.2. Реформи во воената индустрија.....339
6.4. Светски искуства со конверзијата
6.4.1. Конверзија во Русија и земјите од Централна и Источна Европа.....350
6.4.2.2. Конверзија во САД.....355
6.4.2.3. Кинески искуства во конверзијата.....358
6.4.2.4. Искуства на конверзијата во Западна Европа.....360
6.5. Превентивна конверзија.....364
6.5.1. Современи тенденции на конверзијата.....370
6.6. Повторно вооружување на светот како нов тренд.....377

Седми дел

7. Одбраната во транзиција
7.1. Одбранбено осамостојување на Република Македонија....385

7.2. Одбраната на крстопат

7.2.1. Одбраната во транзиција.....390

7.2.2. Правци на развој на вооружените сили на Република Македонија.....397

7.2.3. Кооперативна одбранбена политика на Република Македонија помеѓу плановите и буџетската реалност.....400

7.3. Компатибилност на економската и безбедносна компонента во Република Македонија.....408

Заклучок.....417

Литература.....436

Прв дел

1. ТЕМА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

1.1. Вовед во темата

Економиката на одбраната ги инволвира елементите на економската логика и економските методи во науките кои се занимаваат со прашањето на одбраната. Економиката на одбраната се разликува од другите области на економиката во повеќе работи, а пред се според прашањата кои ги опсервира, институционалната поставеност на одбрамбениот систем, договорите кои се склучуваат во ова сфера итн.

Како и во другите области на економиката, се испитуваат четири основни проблеми на економиката:

1) алокативната ефикасност на ресурсите, кое е суштествено прашање за една национална економија, како и за глобалната економија;
2) дистрибуцијата, која секогаш е актуелна кога се анализираат импликациите на материјалните средства врз одбраната. Поради фактот што сите решенија зависат од финансиите, дистрибуцијата е во тесна врска со алокативните прашања;
3) стабилноста, која е важна да се сочува и да не дојде до промена на рамнотежата помеѓу секторите во една национална економија (особено важно при "трката во вооружување");
4) политиката на цени, нивниот тренд како и одржувањето на рамнотежата која може да биде пореметена од воените расходи. Особено интересно поле на економиката на одбраната е анализата на влијанието на воените расходи врз економскиот развој, влијанието на истражувањето и развојот на одбрамбениот и цивилниот аутпут, како и ефектите од колективните

системи на одбраната врз развојот на националните економии на сојузниците.

Интересот за економиката на одбраната се јавува во време на студената војна и продолжува до денешен ден. Ширењето на конфликтите во светот, како и новите видови на безбедносни ризици, како што се ширењето на нуклеарното вооружување, расправиите околу ресурсите, загрозувањето на човековата животна средина, етнички конфликти и тероризмот, кои претставуваат сериозни загрозувања за одбраната и се многу покомплексни ризици за безбедноста, одошто ризиците од изминатиот период по Втората светска војна. Со цел успешно да се справат со овие проблеми, политичарите и истражувачите мораат да ги применат економските видувања и методи. Економиката на одбраната сеуште игра значајна улога во периодот по студената војна, а ќе го задржи значењето и во дваесет и првиот век.

Политиката на одбраната влегува во период на моментални промени каде е неопходна примена на ригорозни економски анализи со цел ресурсите да бидат ефикасно алоцирани во одбранбениот и цивилниот сектор. Економиката на одбраната ги применува инструментите на економиката во одбраната, разоружувањето, конверзијата и мирот. Како таква, таа е гранка на економиката, која ги користи економските методи за специфична група на прашања, земајќи ги во предвид спецификата на институционалната поставеност на одбранбениот сектор.

Моментално, нивото на воените расходи варира помеѓу нациите, но просечно изнесува околу 2% од бруто домашниот производ (во деведесетите години од дваесетиот век изнесуваше просечно 5%)[1]. Некои земји од Средниот Исток издвојуваат и 20% за таа намена (пр. Саудиска Арабија, Ирак), други, - пример Јапонија само 1%. Одбранбениот сектор има значајно алокативно влијание на една национална економија, а тоа влијание е особено

[1] бруто домашен производ-БДП (gros domestic product-GDP)

значајно и повлекува мобилизација на огромни ресурси во време на кризи. Тековните нивоа на воени расходи се релевантна основа за економски анализи за краткорочно и долгорочно влијание врз нивото на стопански растеж на една национална економија.

Со крајот на студената војна се мислеше дека ќе се намали интересот за економиката на одбраната, но всушност, опаѓањето на конфронтацијата помеѓу супер-силите го зголеми интересот за примена на економската анализа и економските методи при разгледувањето на динамичките прашања од областа на одбраната. На таквите тенденции влијаеа неколку моменти: Прво, распаѓањето на Советскиот Сојуз и земјите од Источна Европа исфрли на површина бројни етнички конфликти кои прераснаа во отворени војни судири (пример, Хрватска, Босна, поранешни Советски Републики). Второ, можноста за појава на регионални конфликти помеѓу послаби сили и нивните импликации врз воените расходи на супер-силите и алијансите (пример војната во заливот, 1991 година). Трето, распаѓањето на Советскиот Сојуз и неговите сателити го преплави со ефтино оружје светскиот пазар, поради фактот што преку тоа земјите гледаа шанса за заработка на девизни средства. Некои од оружјата се најдоа веднаш во регионалните конфликти. Четврто, сегашните договори за ограничување на стратегиското нуклеарно и конвенционално вооружување, како и договорите за разоружување и конверзија, го актуелизираат прашањето за економска анализа на трошоците и користа (costs-benefits) од истите vis-à-vis конфронтациите.

Новите предизвици на мирот ја наметнуваат потребата за инволвирање на економската димензија во сферата на одбраната како еднакво значајна со другите димензии на науката за одбраната. Од друга страна, намалувањето на буџетите за одбрана во деведесетите години од дваесетиот век, го генерираат предизвикот за пронаоѓање и унапредување на ефикасноста на употребата на парите во сферата на одбраната. Намалените буџети ја наметнуваат потребата од поблиска соработка помеѓу сојузниците за поефикасна и

порационална употреба на средствата за одбраната, понатаму, на проектите за развој на нови системи за одбрана, на економиката на трошоците на воената индустрија и намалување на ризикот со продажбата на оружјето тоа да стане достапно на непријателот. Имено, со намалувањето на домашните нарачки за оружје, воената индустрија е принудена да бара странски купувачи со цел да ја намалува цената на чинење по единица производ, а ова предизвикува опасност за ширење на оружјето во светот, со сите свои понатамошни негативни импликации. Од ова произлегува парадоксот дека најголемите земји извозници на оружје мораат да одржуваат големи воени сили да се одбранат од евентуалниот ризик од поседување на нивното продадено оружје. Намалувањето на вооружените сили е, исто така, значајно прашање кое влијае на фискалниот систем, развојот, дефицитот, билансот на плаќањата и каматните стапки, а од друга страна, при ова мора да се изврши соодветна композиција помеѓу активниот и резервниот состав на вооружените сили, помеѓу стратегиското и конвенционалното вооружување и да се направи супституција помеѓу опремата и живата сила, како и прераспределба и нова организација помеѓу видовите на армијата.

1.1.1. Предметот на истражување

Независно од желбите и можностите, речиси не постои држава во светот која не организира сопствен систем за одбрана. Одбраната претставува инструмент на државата и граѓанинот за заштита на нејзиниот суверенитет и територијален интегритет. Секоја самостојна и суверена држава гради и организира свој систем за одбрана и свои вооружени сили во согласност со потребите и можностите на националната економија.

Одбраната треба да се организира како ефикасен систем за зачувување на независноста и територијалниот интегритет на државата. Безбедносната и одбранбената политика претставуваат неделива и меѓусебно зависна целина

во функција на обезбедување мир, просперитет и непречен развој на секоја држава. Изградбата на системот за одбрана, претставува комплексна задача и истата мора да биде компатибилна и со останатите сегменти на општествената база и надградба. Имено, паралелно со изградбата на системот за одбрана, државите го организираат и економскиот систем на државата, со интенција за обезбедување претпоставки за непречен и динамичен економски развој. Воспоставување на правилен систем на односи помеѓу економскиот систем на државата и системот за одбрана претставува обврска за секоја современа држава.

Во фокусот на анализата ќе биде врската и поставеноста на економскиот систем и системот на одбрана во земјите членки на НАТО, со критичка опсервација на искуствата од тие и од земјите во развој.

Одбранбениот систем изграден врз основа на расположливите ресурси и материјални можностите на земјата мора да ги извршува функциите и задачите кои се сврзани со одбраната, а при тоа да не влијае на нарушување на општествената репродукција. Детерминирањето на тие релации, врската помеѓу економската и безбедносната компонента на државата, е основната идеа во истражувањето на тематската целина.

Појдовна основа за разработување на проблемот е анализата на карактерот и нивото на воените расходи во бруто домашниот производ во земјите во светот, со цел изнаоѓање на оптимална комбинација на економскиот систем и системот за одбрана, што претставува предуслов за обезбедување на непречен стопански развој и гаранција за успешно функционирање на одбраната. Тоа всушност не наведува на заклучок дека воените расходи можат да се користат како стимуланс за развој на економијата, а не само да се разгледуваат како "непродуктивен трошок". Поради тоа, во фокусот на нашето истражување ќе бидат економските ефекти на воените расходи, причините за таквите расходи, како и ефектите на воените расходи врз останатите државни расходи.

Обидите за генерализација на односите помеѓу воените расходи и економските резултати секогаш се соочувале со проблеми, така да решенијата се сметаат за пробни, нецелосни, со една јасно дефинирана потреба во современата воена и економска наука, да се продолжи со истражувањето. Со релативна сигурност можеме да истакнеме дека прашањето е многу комплексно за да овозможи едноставно универзално објаснување применливо за сите земји и за секое време. Ако нешто може со сигурност да се заклучи за ефектите на воените расходи врз економијата, тоа би било дека, тие зависат од видот на издатоците, околностите, како и од целите на владината политика.

Посебен акцент при разработката на проблематиката на воените расходи ќе биде посветен на актуелниот тренд на намалување на воените расходи и нивната конверзија и де факто интеграцијата на економската и безбедносната димензија.

Современата теорија сеуште има ограничени сознанија за тоа колку е неопходно да се издвојува за одбраната, што претставува проблем на нашето истражување. Станува всушност збор за едно едноставно и директно прашање. Но, како и обично едноставноста може во себе да содржи многу комплексни прашања. Одговорот на тоа прашање е всушност одговор на прашањето колку една влада се чувствува загрозена и колку безбедност таа може да обезбеди. Прашањето – колку е доволно или колкав треба да биде "теретот на одбраната", претставува главна поента на безбедносната политика (која ги анализира ризиците) и на фискалната политика (која ги алоцира ресурсите на државата). Оттука, детерминантите за големината на воените расходи произлегуваат од комбинацијата на елементите: закани по националната безбедност и трошоците потребни да се направат за непречено функционирање на одбраната.

Појдовна основа за разработување на проблемот е изнаоѓање на оптимална комбинација на економскиот систем и системот за одбрана, кои ќе

влијаат на обезбедување на непречен стопански развој и ќе го гарантираат успешното функционирање на одбраната. Потребата од изучување, следење и апликацијата на економијата во одбранбениот систем е во функција на правилното структуирање, димензионирање, функционирање, развој и реализацијата на одбранбениот систем во согласност со економскиот систем на државата.

Системот за одбрана ги инволвира елементите на економската логика и економските методи како неопходни и компатибилни со прашањето на одбраната. Прашањата кои се цел на нашата опсервација се анализата на институционалната поставеност на одбранбениот систем, детерминирање на нивото на финансии неопходни за успешно функционирање на одбранбено-заштитниот систем и нивно влијание врз стопанскиот развој и националната безбедност, со посебен осврт врз конверзијата како оперативен процес на демилитаризација и практичен менаџмент на разоружувањето. Станува збор за извонредно значаен процес кој директно го детерминира системот за одбрана и го профилира нивото на економска активност на државата.

Имајќи го во предвид изнесениот проблем на истражувањето, предметот на истражување е комплексен и опфаќа повеќе елементи. Всушност, во фокусот на нашето истражување е изнаоѓање на оптимална комбинација на економскиот систем и системот за одбрана, која ќе влијае на обезбедување на непречен стопански развој и ќе го гарантира успешното функционирање на одбраната.

Тоа всушност значи да се даде одговор на прашањето колку треба да се издвојува за одбраната, што не може да се најде само со статистичко моделирање. Тешкотиите не се резултат на неможноста да се моделира безбедносната политика, да се прецизираат јавните расходи или воените расходи. Проблемот е лоциран во (не) можноста да се комбинираат релевантните аспекти на безбедноста и фискалната политика во единствена

рамка за анализа. За успех во одговорот на поставеното прашање потребна е студиозна анализа на современата теоретска мисла од ова област.

Во оваа смисла, првенствено ќе се презентираат основните теоретски сознанија за воените расходи, со посебен акцент на состојбите и искуствата во земјите членки на НАТО, позицијата на воениот сектор во националните економии и состојбата со воената индустрија и трговијата со оружје како неделив дел помеѓу економската и безбедносна компонента на државата.

Од особен интерес за истражувањето е анализата на влијанието на воените расходи врз економскиот развој, влијанието на трошоците за одбрана врз одбранбениот и цивилниот аутпут со посебен осврт врз намалувањето на воените расходи, како и пренасочување на "ослободените" финансиски потенцијали кон развојот на националнта економија, всушност, реализацијата и реалокација на ресурсите кои сега се трошат на воените прашања во цивилната сфера од страна на државата.

Со цел успешно да се одговори на предизвиците на новите видови безбедносни ризици мораат да се применат економските видувања и методи во системот за одбрана. Политиката на одбраната влегува во период на моментални промени каде е неопходна примена на ригорозни економски анализи со цел ресурсите да бидат ефикасно алоцирани во одбранбениот и цивилниот сектор, секогаш земајќи ја во предвид спецификата на институционалната поставеност на одбранбениот сектор.

При анализа на воените расходи тргнуваме од фактот дека станува збор за многу зависна варијабла. Поради фактот што одлуката за висината на воените расходи се одредува годишно, моделирањето на факторите кои ги стимулираат или ограничуваат маргиналните промени во воените расходи можат систематски да бидат евалуирани низ време и на повеќе рамништа на извршната власт. Нивното одредување не треба да се анализира низ призмата на буџетски добитници или губитници, туку врз основа на конкуренцијата помеѓу потребите и општествените ресурси. Постојат случаеви кога

економските околности ја лимитираат големината на буџетот за одбрана, но таквата врска не е постојана и систематска. Воените расходи, како и било кој друг облик на јавните расходи, најчесто претставуваат резултат на политичко пазарење. Поради ова изгледа, како односот помеѓу економските фактори и воените расходи да е повеќе емпириско прашање, одошто теоретско. Со цел да се прикажат тие односи, во дисертацијата ќе го анализираме влијанието на факторите кои стимулираат повисокото ниво на воени расходи, како и на некои потенцијални извори за фискални ограничувања.

Растот на воените расходи треба да кореспондира со растот на економијата. Во отсуство на други фактори, одбраната треба да добива повеќе средства кога економијата се развива. Меѓутоа тоа најчесто не е случај, ниту треба да се разгледува како пропорционална врска. Перцепциите за потребите на одбраната обично не се менуваат во согласност со промените на економските перформанси. Од друга страна, воените расходи можат да се користат како стимуланс за економски развој.

Предмет на истражување ќе биде дефинирање на односот помеѓу економијата и одбраната, профилирање на нивото на средства издвоени за одбраната, анализа на влијанието на воените расходи врз економскиот развој, детерминирање на меѓусебните импликации помеѓу националната безбедност и глобалната економија како и менаџментот во редукцијата на воените активности со соодветна консидерација на економските и социјалните консеквенци.

Поголемиот дел од прашањата и проблеми кои произлегуваат при планирањето на висината на воените расходи бараат релевантни одговори засновани на научна основа. Во тој контекст во анализата особено внимание ќе посветиме на теоретските модели на побарувачката за воените расходи, модели за детерминирање на страната на понудата на воените расходи во контекст на економскиот растеж и развој, односот помеѓу расходите за

одбраната и вработувањето, како и прашањето на конверзијата на воените расходи.

Посебен акцент во анализата ќе посветиме на широката агенда на прашања за конверзијата, која ги опфаќа реалокација на финансиите, преориентација на истражувањата и развојот, реструктуирање на индустријата, реинтеграција на персоналот, алтернативна употреба на базите и инфраструктурата како и употребата и располагањето со условно кажано вишокот на оружје.

Во тој контекст ќе ги прикажеме нивоата на воените расходи во бруто домашниот производ во светот, користа и трошоците од истите, како и современите тенденции во таа област. Станува збор за стратегиско прашање на една национална економија, како од аспект на националната безбедност така и како фактор за динамизирање на економската активност во државата.

Истражувањето треба да даде придонес кон сеопфатно согледување на нивото на воените расходи во контекст на националната безбедност и економскиот растеж и развој, при тоа имајќи ја во предвид потребата од непречено обезбедување на одбранбениот систем со сите неопходни потреби во мир и во војна.

1.1.2. Цели на истражувањето

Новите предизвици за мирот ја наметнуваат потребата за инволвирање на економската димензија во сферата на одбраната како еднакво значајна со другите димензии на науката за одбраната.

Одбранбениот сектор има значајно алокативно влијание на една национална економија, а тоа влијание е особено значајно и повлекува мобилизација на огромни ресурси во време на кризи. Тековните нивоа на воените расходи во светот се релевантна основа за економски анализи за

краткорочно и долгорочно влијание на нивото на стопански растеж на една национална економија.

Имајќи ги во предвид овие факти, научната цел на докторската дисертација е да се даде комплексна и студиозна анализа на влијанието на воените расходи врз економскиот развој, да се разработи односот меѓу националната безбедност и глобалните економски движења, како и да се презентираат современите трендови и конверзијата на воениот комплекс и негово интегрирање во националната економија. Ова преставува основа за детерминирање на перспективите на движење на ова категорија на фискални давачки кај нас и во светот.

Во ова смисла непосредна цел на истражувањето ќе биде утврдување на теориската рамка на движењето на воените расходи и нивното учество во бруто домашниот производ, влијанието на истите врз одделните сегменти на националната економија и нејзиниот развој, дефинирање и анализа на воената индустрија во глобалната економија, при тоа имајќи ја во предвид безбедносната димензија и импликациите врз зачувување на оперативната готовност на системот за одбрана.

Целта на анализата на конверзијата е фокусирањето на прагматичните апликации на расположливите ресурси и нивна интеграција во безбедносна, економска и социјална димензија. Анализата се ориентира на прашањата на индустриското реструктуирање, реалокација на финансиските ресурси, преориентацијата на военото истражување и развојот, демобилизација и реинтеграција на персоналот (воениот и цивилите) вработен во вооружените сили или во воената индустрија, пренамена на воените бази, касарни и инсталации и алтернативната употреба на условно кажано вишокот на вооружување.

Актуелизирање на прашањето за економска анализа на трошоците и користа (costs-benefits) од воените расходи и нивното движење и конверзијата vis-à-vis економскиот развој и елементите на националната безбедност е во

функција на предизвикот за пронаоѓање и унапредување на ефикасноста на употребата на парите во сферата на одбраната. Поефикасна и порационална употреба на средствата за одбраната, понатаму, на проектите за развој на нови системи за одбрана, на економиката на трошоците на воената индустрија и намалување на ризиците со продажбата на оружјето се прашања кои преставуваат непосредна цел на истражувањето. Намалувањето на вооружените сили е, исто така, значајно прашање кое влијае на фискалниот систем, развојот, дефицитот, билансот на плаќањата и каматните стапки, а од друга страна при ова мора да се изврши соодветна композиција помеѓу активниот и резервниот состав на вооружените сили, помеѓу стратегиското и конвенционалното вооружување и да се направи супституција помеѓу опремата и живата сила, како и алокација помеѓу видовите на армијата.

Општествена цел на истражувањето е обезбедување на научни сознанија за состојбата, содржината, методологијата и насоките на движење на воените расходи и буџетите за одбрана со што се дава придонес и во правец на заокружување на системот за одбрана на Република Македонија, како и негово приближување и вклучување во НАТО, следејќи го концептот на светската интеграција и соработка како разумен и целосен концептот за европска и светска стабилност.

Ова истражување ќе постигне цел доколку даде придонес во разрешувањето на дел од проблемите присутни во ова област и ако даде поттик за дискусии и идеи за истражување и проучување на некои прашања кои ќе бидат спомнати во трудот. Разработката на влијанието на воените расходи врз одделните сегменти на националната економија и националната безбедност можат да бидат предмет на истражување на посебни тематски целини и трудови.

Оценката и идентификацијата на факторите од кои зависи големината на воените расходи, анализа на можните теориски основи и концептуална поврзаност помеѓу воените расходи и економскиот развој, овозможуваат да

се направат проценките на меѓусебното влијание на воените расходи и економскиот растеж и да се прикажат перспективите на нивниот натамошен однос, што всушност значи детерминирање на оптималното учество на воените расходи во бруто домашниот производ и современите трендови на нивно варирање.

Во дисертацијата ќе се изврши проценка на воените наспроти цивилните расходи од аспект на макроекономијата и ќе се прикаже регионалната сензитивност од воените расходи. Новите промени во безбедносното окружување и трансформацијата на националните економиии на земјите во светот, водат кон потреба од анализа на економските ефекти од унилатералните и мултилатералните редукции во воените расходи во индустриски развиените како и земјите во развој. Конечно како императив се наметнува потребата од анализа на економските и социјалните импликации од конверзијата на воените расходи, што севкупно ќе овозможи да се преиспитаат досегашните решенија во сферата на воените расходи и детерминирање на издвојувањата за одбраната, како сегмент не само на безбедносната туку и економската политика.

Втор дел

2. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

2.1. Поимно одредување, природа, значај и методологија на економиката на одбраната

2.1.1. Природата на економиката на одбраната

За да се разбере природата на економиката на одбраната, прво мора да се знае природата на економиката. Економиката е наука за ефикасна алокација на ограничените ресурси помеѓу алтернативните корисници. Економиката исто така, се грижи за дистрибуцијата на средствата како и за развојот и стабилноста на алокативниот систем. Како таква, таа кореспондира со две варијабли: избор и ограниченост на средствата. Ако не постои ограниченост на средствата не постои ни потреба од ефикасен избор. Поентата за опортунитетни трошоци е суштествена консидерација кога се прави изборот и се рефлектира на вредноста на најдобрата алтернатива. Ресурсите се вреднуваат во услови на опортунитетни трошоци, одејќи во правец на одредување на фактот, која е користа (добивката) од најдоброто искористување на ресурсите. Кога ќе се направат алокативните одлуки, економските методи се користат за оптимализација на одредени или можни цели (пример, профит, социјална благосостојба и сл.). На пример, фирмите се ограничени од технологијата или финансиската моќ, потрошувачите со буџетските ограничувања и националната економија е ограничена со вкупните производствени можности и стратегијата на развој.

Во услови на минимизација на трошоците, ресурсите се користат ефикасно кога крајниот производ (промените во аутпутот во однос на

промените на инпутот) во единица на пари потрошени на ресурсите, е еднаков со користените ресурси за производство на производот. Индустријата постигнува производна ефикасност кога сите фирми имаат најниски можни трошоци на производство и кога крајните трошоци за секоја фирма се еднакви. Ако маргиналните трошоци не се еднакви помеѓу фирмите, тогаш е можно да се свртат ресурсите од фирма со високи маргинални трошоци према фирмите кои имаат ниски маргинални трошоци и произведуваат ист производ но со помала цена на чинење.

Економиката се операционализира преку макро и микро-економика. Микроекономиката е анализа на економските одлуки за фирмите, потрошувачите, индустријата кои ја сочинуваат економијата. Од друга страна, макроекономиката се грижи за агрегатно економско однесување и ги обработува економските прашања како на пример, инфлација, невработеност и развој. Двата вида на економски анализи се неопходни за економиката на одбраната. Науката за воената индустрија е микроекономски проблем, каде анализата на влијанието на воените расходи на развојот и растежот е макроекономско прашање.

Класичните економисти го гледаат економскиот систем како доволен сам на себе и каде не е неопходна интервенција на државата или таа треба да биде само мала, освен во образованието, одбраната, правниот систем и инфраструктурата. Според поставките на ова теорија, секој субјект водејќи се од сопствениот интерес води кон благосостојба на сите. Системот функционира кога пазарот е конкурентен и се тргува слободно со приватни стоки, но проблемот се јавува кога се дефинира "јавно добро" и "јавен интерес". Тогаш пазарот не може да го разреши проблемот и неопходна е државна интервенција. Ако кај изградбата на патиштата, училиштата, болниците и слично не е спорен јавниот интерес и истите претставуваат "јавно добро", кај сферата на одбраната тој поинаку се дефинира. Имено, вооружените сили се јавни и нивната функција е од општ интерес, иако

станува збор за непродуктивен расход. Трупањето на стратегиските арсенали заради застрашување на противникот, исто така, во крајна рака му служи на сите жители на супер-силата, иако тешко можеме да го окфалификуваме како "јавно добро", меѓутоа според атрибутите што ги има, влегува во таа категорија.

Економиката на одбраната опфаќа и аспекти и теми од науката за мирот и за конфликтите. Науката за мирот е поширока од економиката на одбраната затоа што ги опфаќа сите аспекти на мирот и конфликтите, вклучувајќи ги и оние кои не обработуваат економски прашања и методологија. Како таква, науката за мирот влече сознанија од бројни одделни дисциплини како политички науки, математика и социологија. Науката за мирот е важна за воените расходи и тежнее да ги фокусура прашањата за разоружување и одржување на мирот. Не постои идеолошка обоеност кај економиката на одбраната и таа не е настроена кон оправдување на воените расходи и вооружените конфронтации. Таа е заинтересирана за разбирањето на динамиката на воените расходи и асоцијативните економски аспекти на воениот сектор. Точното разбирање на таквата динамика помага во промоцијата на средствата за контрола на пролиферацијата на оружјето и нестабилноста, давајќи придонес кон благосостојбата на човештвото и иднината на цивилизацијата.

"Економиката на одбраната е насочена кон делот на економијата вклучен во прашањето на одбраната, вклучувајќи го нивото на воените расходи, влијанието на воените расходи во националната економија (влијание на аутпутот и вработеноста) како и влијание на другите нации, ги анализира причините за постоење и големината на воениот сектор, релацијата помеѓу воените расходи и технолошките промени како и импликациите од воените расходи и воениот сектор врз меѓународната стабилност и нестабилност."[2]

[2] Michael Intriligator,

2.1.2. Значај на економиката на одбраната

Во извештајот на Обединетите Нации од 1993 година (УНДИР)[3], светските воени расходи се проценети приближно на 950 млрд. долари. Од таа цифра, 800 млрд. долари отпаѓаа на развиените земји (вклучувајќи ги тука и земјите од Источна Европа), а останатите 150 млрд. долари на земјите во развој. Во 2000 година, глобалното ниво на воените расходи изнесува 756 милијарди долари, со тенденција на раст. Воениот сектор ангажира импресивна бројка на жива сила и тоа: преку 10 милиони во развиените земји и преку 18 милиони во земјите во развој. Овие бројки не ги опфаќаат цивилите директно или индиректно вработени во одбраната, кои се проценуваат на околу 22 милиони. Помеѓу 750,000 и 1.5 милиони научници и инжинери беа ангажирани во воените истражувања и развој. Истиот извор презентира податок дека вкупниот увоз на оружје во 1989 година изнесувал 45,3 млрд. долари, од кој во земјите во развој 34,6 млрд. долари. Најголемите увозници се земјите од Средниот Исток (26,6%), Јужна Азија (17,4%), НАТО Европа (14%), Источна Азија (11,8%), Африка (8,8%), Варшавскиот Пакт (7%), Јужна Америка (5,6%) и други региони (8,6%). Овие показатели со сигурност покажуваат дека одбранбениот сектор е суштествена компонента на светската економија и вреди да се истражува. Одбранбениот сектор содржи значајни фактори за разбирање на индустриската политика, развој и растеж, вработување, меѓународна трговија, алокативната ефикасност, фискалната и монетарна политика.

[3] United Nations Institute for Disarmament Research

Таб.бр.1

Движење на воените расходи како проценти од БДП на Западните сојузници[4]

Земја	1987	1990	1992	1995	% на промени 1990-95
САД	6,5	5.6	5,2	4,1	*-27*
Германија	3,1	2,8	2,1	1,5	*-46*
Н. Зеланд	1,8	1.	1,8	1,4	*-26*
Белгија	3,0	2,4	2,1	1,8	*-26*
Данска	2,1	2,0	1,9	1,5	*-26*
Холандија	3,1	2,7	2,4	2,0	*-25*
В. Британ.	4,6	4,0	4,0	3,4	*-14*
Франција	3,9	3,6	3,3	3,1	*-14*
Јапонија	1,0	1,0	1,0	0,9	*-8*
Канада	2,1	2,0	2,1	1,9	*-5*
Австралија	2,6	2,2	2,4	2,2	*-2*
Шпанија	2,4	1,8	1,8	2,0	*6*
Турција	4,2	4,9	5,3	5,3	*8*
Просек Јап. Фр. Герм и Г. Брит.	3,1	2,8	2,6	2,2	*-22*

Таб.бр.2[5]

Движење на воените расходи како проценти од БДП на Западните сојузници

Земја	1996	1997	1998	1999	% на промени 1996-1999
САД	3,5	3,3	3,1	3	*-15*
Германија	1,6	1,6	1,5	1,5	*-7*
Белгија	1,6	1,5	1,5	1,4	*-13*
Данска	1,7	1,7	1,6	1,6	*-6*
Холандија	1,9	1,8	1,7	1,8	*-6*
В. Британ.	3	2,7	2,7	2,5	*-17*
Франција	3	2,9	2,8	2,7	*-10*
Италија	1,9	2	2	2	*+5*
Полска	2,1	2,1	2,1	2	*-5*
Чешка	1,7	1,7	1,9	2	*+17*
Унгарија	1,3	1,1	1,3	1,4	*+7*
Просек САД. Фр. Герм и Г. Брит.	2,7	2,6	2,5	2,4	*-12*

Учеството на одбраната се мери во пропорциите на бруто домашниот производ, како индикатор на односот на воените расходи према бруто

[4] Извор: Конгресна буџетска канцеларија на САД

[5] Табела е креирана од авторот со податоци од СИПРИ (www. Sipri.se)

домашниот производ. Во табелите е прикажано учеството на воените расходи во бруто домашниот производ на САД и нејзините најголеми сојузници. Од табелата бр.1 може да се заклучи прво, дека кај сите земји опаѓаат расходите освен кај Шпанија и Турција. Таквото намалување ги подгрева надежите за "мировните дивиденди" и прелевање на средствата кон цивилниот сектор. Второ, одбранбениот сектор сеуште учествува со преку 2% во бруто домашен производ. Податоците говорат дека кризите во Босна, Ирак и сл. не влијаат регресивно на овие тенденции. Трето, учеството на САД опаѓа многу бргу и во релативни и апсолутни износи.

Во табелата бр.2 е прикажан трендот на движење на воените расходи на САД и западните сојузници во временска серија 1996-1999 година, при што се забележува забавување на трендот на намалување на воените буџети како процент од бруто домашниот производ, за дури 50% (пример, САД од –22 на -5). Кај поголемиот број на земји членки на НАТО опаѓа учеството на издатоците за одбраната во бруто домашниот производ, освен кај новопримените земји членки на Алијансата, каде се забележува позитивен тренд на пораст на буџетите за одбрана во бруто домашните производи на земјите.

Таб.бр.3[6]

Движење на воените расходи во апсолутни износи на Западните сојузници (во млрд. долари)

Земја	1987	1990	1992	% на промени 1990-95
САД	330,5	305,2	258,6	*-22*
Германија	46,1	38,2	31,2	*-32*
Н. Зеланд	0,8	0,7	0,6	*-19*
Белгија	4,9	4,5	4,1	*-18*
Данска	2,6	2,6	2,3	*-13*
Холандија	7,9	7,2	6,6	*-17*
Г. Британ.	43,8	42,9	39,7	*-9*
Франција	45,6	44,0	43,6	*-4*
Јапонија	33,4	35,2	37	*11*
Канада	11,7	12,0	12,2	*4*

[6] Извор: Конгресна буџетска канцеларија на САД

Австралија	6,6	7,1	7,2	*10*
Шпанија	10,4	10,5	12,8	*22*
Турција	5,4	5,7	7,2	*34*
Збир на Фр. Герм и Г. Брит.	168,9	160,3	151,5	*-10*

Во табелата бр.3 дадени се воените расходи во апсолутни износи. Пет земји ги зголемуваат воените расходи, меѓутоа три имаат негативен тренд во однос на процентот на учество на воените расходи во бруто домашен производ (кој расте побрзо). Во 1990 година САД трошеле двапати повеќе од збирот на четирите најголеми сојузници, а од 1996-2000 година имаме тренд на опаѓање на релативното учество на САД vis-à-vis четирите најголеми сојузници.

Таб.бр.4[7]

Движење на воените расходи во апсолутни износи на Западните сојузници (во млрд. долари)

Земја	**1996**	**1998**	**2000**	**% на промени 1996-2000**
САД	282	274,3	280,6	*-1*
Германија	34,2	33,1	33	*-4*
Белгија	3,6	3,6	3,6	*0*
Данска	2,7	2,8	2,7	*0*
Холандија	6,9	6,8	6,7	*-3*
Г. Британ.	39,4	37,2	36,2	*-9*
Франција	40,9	40	40,4	*-2*
Италија	21,6	23,4	23,7	*÷9*
Полска	3	3,3	3,3	*÷10*
Чешка	0,9	1	1,1	*÷22*
Унгарија	0,5	0,6	0,7	*÷40*
Збир на Фр., Герм. и Г.Брит.	114,5	110,3	109,6	*-4*

Во табела број 4. е прикажано движењето на воените расходи на САД и дел од западните сојузници во период 1996-2000 година, при што може да се

[7] Табела е креирана од авторот со податоци од СИПРИ (www. Sipri.se)

воочи мало намалување на расходите за одбрана, што од своја страна наведува на заклучок дека процесот на намалување на воените буџети го нема интензитетот и динамиката присутна во периодот од крајот на осумдесетите години па се до средината на деведесетите години од дваесетиот век. Од друга страна, кај ново примените земји членки на НАТО забележливо е значително зголемување на издвојувањата за потребите на одбраната, што јасно покажува дека зачленувањето во најмоќната светска воена организација е поврзано со значително зголемување на издвојувањата за одбраната и опремувањето на вооружените сили.

Ако анализата ја прошириме кон други земји, можеме да заклучиме дека во дел од нив учеството на одбранбениот сектор е многу поголемо. Анализирајќи го периодот 1988-1990, највисоко учество на воените расходи во процент од бруто домашен производ е регистриран во Никарагва (28,3%), Ирак (23%), Ангола (21,5%), Саудиска Арабија (19,8%), Јемен (18,5%), Оман (15,8%), Етиопија (13,6%), Монголија (11,7%), Куба (11,3%), Јордан (11%), Бахреин (10.7%), Израел (9.2%) и Сирија (9,2%). Во овие земји е огромно влијанието на воениот сектор на економијата. Големи буџети за одбрана можат да резултираат со буџетски дефицит, дезинвестирање и високи каматни стапки.

Ваквите податоци, недвосмислено укажуваат на потребата од еден студиозен пристап, од наука, према овој особено важен сегмент на општествената надградба. Ова се реализира преку економиката на одбраната чии основни инструменти се теоретска и емпириска економска анализа. Поголемиот дел од економиката на одбраната се политички науки, во смисла што аналитичарите се заинтересирани за формулирање на теории кои им овозможуваат на владите да детерминираат најдобра политика и да ги постигнат посакуваните резултати.[8] Како продолжување, теориите мораат да бидат тестирани со податоци за да се провери можноста за нивно

предвидување. Теориите кои не се реализираат успешно емпириски, се заменуваат со алтернативни теории кои даваат подобри резултати во пракса. Политичката ориентација на економиката на одбраната не може доволно да се нагласи. Таквата ориентација значи дека податоците мораат да бидат употребливи за да се проценат теориите.

Економиката на одбраната ги сублимира искуствата и добива сознанија од повеќе дисциплини на економиката, вклучувајќи ја меѓународната економика за трговија со оружје, индустриската организација на воена индустрија, одбранбената политика, трката во вооружување, буџетот за одбрана, макроекономските студии за одбрана и развој како и организацијата на воената работната сила. За да ја испита стратегиската интеракција помеѓу субјектите, економиката на одбраната ја користи и теоријата на игрите, микроекономските инструменти, анализата на временските серии итн.

2.2.Теоретски приод кон економиката на одбраната

Обврска на државите е секогаш да внимаваат како на безбедноста така и на просперитетот во постоечкото анархично окружување. Малку држави во светот во историјата беа аутархични и доволни сами на себе. Повеќето мораа да се потпрат на светската економија за да обезбедат пари и материјални средства за одбраната и воопшто за војната. Во следната елаборација ќе претставиме некои од теориите и теоретските приоди кои го анализираат односот помеѓу економиката и националната безбедност со цел да се прикажат начините за постигнување на благосостојба и моќ во интернационалниот систем.

[5] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр.11

Во научната литература присутни се повеќе приоди, меѓу кои три парадигми заземаат особено значајно место и се подложни на постојани испитувања: нео-меркантилизмот /реализмот/, Марксизмот/Ленинизмот и либерализмот. Теориите се многу присутни и познати во социолошките истражувања, но многу малку се користени по прашањата на економиката на одбраната. Покрај овие, во историјата се познати и други идеологии како на пример, фашизмот кој експлицитно ги поврзува економиката и одбраната. Имено, нацистичкиот министер Херман Геринг ја искажа фантастичната фраза дека Германија "тежнее да прави оружје а не путер". [9]

2.2.1. Меркантилизам - реализам

Меркантилизмот како економска доктрина многу тесно кореспондира со економиката на одбраната и доминира во научната мисла од шеснаесетиот до осумнаесетиот век. Станува збор за теорија која го пропагира мислењето за јакнење на државата vis-à-vis општеството во домашната политика, како и јакнење на релативната моќ и позиција на државата во меѓународната политика. Овие цели беа унифицирани преку владината политика за развивање на државните комерцијални, финансиски и воени ресурси. Карактеристична за ваквиот систем е државната интервенција во домашната и меѓународната економија за постигнување на своите политички и воени цели.

Меркантилистите во својата теорија ја застапуваат идејата дека државите мораат да имаат поголеми количества на злато кое помеѓу другото би се користело за финансирање на воените дејствија. За тој период карактеристична е употребата на златото за меѓународните плаќања и од

[9] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of National Security: A Global Perspective*, McGraw-Hill, Inc. стр.14

таму произлегува интенцијата на државите за постигнување на суфицит во билансот на плаќањата. Имено, преку трговијата државата доаѓа до богатство, благосостојба и секако до безбедноста. Меркантилизмот по својата суштина е нешто сосема спротивно на аутархизмот.

Уште во 1791 година Секретарот на Трезорот на САД, Александар Хамилтон во својата презентација на Конгресот изрекол една од основните парадигми на меркантилистичката доктрина.[10] Имено, тој тврдеше дека не само богатството туку и независноста и безбедноста на земјата се појавуваат како значајни фатори и од материјален аспект поврзани со просперитетот на мануфактурите.

Аспектите на меркантилистичката доктрина доживуваат ренесанса во последните години преку нео-меркантилистичките и политичко реалистичните интерпретации на меѓународните односи. Политичките реалисти веруваат дека, најважната констатација што може да се донесе за меѓународниот систем е таа, дека истиот е анархичен, во услови кога не постои авторитет кој би можел да ги зацврсти и гарантира договорите помеѓу државите и да го одржува мирот на светско ниво. Карактеристична за меѓународните односи е состојба кога една држава станува помоќна на сметка на некоја друга. Согласно на тоа, меѓународната политика е систем на "самопомош", во кој државите само мислат за себе како да опстанат и преживеат.

Според реалистите, фундаментален предуслов за силна држава преставува фактот таа да има и силна економија. Таквата економија се карактеризира со релативно високо ниво на бруто домашен производ, напредна технологија и база во силни човечки и природни ресурси. За реалистите (нео-меркантилистите), државната интервенција е соодветна на целите на националната безбедност. Според нив, гледано на чиста

[10] Исто, стр.6

материјална основа САД и поранешниот Советскиот Сојуз (сега Русија), како исклучително силни држави имаат одредена само-доволност. Од друга страна Јапонија и Германија имаат контрадикции и неможност за независни акции на светската политичка сцена заради фактот што се длабоко зависни од странски извори на суровини и други ресурси. Најважна поставка според следбениците на ова теорија се наоѓа во фактот што државите се натпреваруваат една со друга за да го остварат својот просперитет кој подоцна можат да го трансформираат во воена моќ. Карактеристично за меѓународните договори е загриженоста на државите кои не поседуваат таква моќ, што тие не можат да очекуваат и соодветна економска корист од таквите договори. Имено, според теоријата, меѓународните економски односи, базирани на либерални основи на компаративни предности на државите на светскиот глобален пазар, не водат кон вистинска економска отвореност туку кон појава на хегемонистичка моќ, на држави кои имаат за цел да го "обезбедуваат" светот со колективните потреби: економска стабилност и меѓународна безбедност. Таквата држава треба да ја прифаќа таквата улога на лидер согласно на своите национални интереси. Во куси црти, застапниците на ваквиот пристап својата теорија за хегемонистичка стабилност ја поставуваат на два фундамента:

- поредокот во светската политика се креира од една доминантна сила, и
- одржување на редот бара континуирана хегемонија.

Хегемонистичката теорија за стабилноста, со истакнување на националните ресурси како фундамент на меѓународната моќ, има долго педигре во размислувањата на реалистите. Препознавајќи ја економската димензија на воената моќ, Спајкман[11] напишал во 1942 година: "Релативната моќ на државите зависи не само од воените туку и од многу други фактори - големината на територијата, природата на границите, расположливост или

[11] N.J. Spykman.

зависност од суровините, економскиот и технолошкиот развој, финансиската моќ...., тие самите имаат вредност и тие се средство на моќта". Анализирајќи ги модерните војни, тој тврди дека "можете успешно да се борите само ако имате богато снабдување со стратегиски суровини и огромен индустриски аутпут[12]". Тој јасно ја согледува неопходноста за целосно ангажирање на сите капацитети на националната економија во услови на војна.

Триесетина години подоцна, Џејмс Шлезингер[13] понатаму ја разработува темата, анализирајќи ја политичката економија на одбраната. Тој ја промовира идејата дека државите треба да изградат "мобилизациска база", да произведуваат материјали за војна, земајќи ја во предвид ограниченоста со реалните ресурси. Целокупното производство треба да биде планско, да постои синхронизација на економските ресурси. Планирањето на производството за воени цели треба да се направи за време на мирот, а не во виорот на борбата. Истиот автор тврди дека ефикасната употреба на економските капацитети може да обезбеди критична предност неопходна за победата.

Најповеќе цитираниот реалист Ханс Моргентај[14], исто така, беше особено осетлив на економската димензија на националната моќ. Тој сугерираше дека географската положба, природните ресурси, индустриските капацитети и популацијата се влијателни воени потенцијали. Тој истакна: "технологијата на модерните војни и комуникации го направија развојот на тешката индустрија недделив елемент на националната сила.....неизбежен е фактот дека водечките индустриски нации треба да се идентификуваат со големите сили и промената на позицијата и рангот на индустријата било на подобро или полошо, придружено е со кореспондирачка промена во хиерархијата на моќта".

---

[12] Се мисли на големо индустриско производство.
[13] James Schlesinger.
[14] Hans Morgenthau.

Американските теоретичари од ова област ја потенцираат моќта на САД и нејзината доминација што и е овозможена со одбранбено индустриската база. Поседувањето на такви човечки, материјални и финансиски капитали во изобилство, се фактор на одвраќање на потенцијалниот ривал. Реалистите тврдат дека САД се аутархични во воена смисла и способни за водење на сојузниците во услови на војна. Концептот на "зависност" од прекуокеанските снабдувачи за критичните воени инпути е заменет со потпирање на сопствените ресурси, но е неопходен за сојузниците. Сегашното време повторно го актуелизира реалистичкото учење и традицијата. Прифаќајќи ја воената моќ како доминантен елемент во меѓународната политика, реалистите го истакнуваат крајот на Студената војна и заоструваньето на економската конкуренција како два основни фактори кои влијаат на Американската одбранбена економија. Со ерозијата на Советскиот Сојуз предизвиците за Американската доминација не доаѓаат само од регионалните сили, како на пример Ирак, туку од економските конкуренти како Јапонија или новите индустријализирани земји. Конкуренцијата во економијата се случува во време кога САД се многу широко присутни насекаде во светот, што предизвикува дебаланс помеѓу стратегијата и можностите. Додека учеството на САД во светскиот економски инпут опаѓа, тие остануваат голем потрошувач за одбраната споредувајќи ги податоците со оние на главните економски конкуренти.

Осврнувајќи се на реалистчката традиција, Пол Кенеди[15], во својата книга "Порастот и падот на големите сили" ја потенцира интеракцијата помеѓу економиката и стратегијата со кои секоја водечка земја во меѓународниот систем се стреми да ја зајакне својата моќ и богатство, да стане или остане богата и силна. Опишувајќи ја Хабсбургшката Империја во шеснаесетиот век, тој тврди дека предизвиците со кои се соочуваат сите големи сили е да се усогласат способностите со обврските. Зголемените

[15] Paul Kenneddy,

воени издатоци ги влечат империите кон крајот на нивното постоење. Есенцијална е потребата за усогласување на издатоците со промените во економскиот потенцијал.

Политичките реалисти ја истакнуваат улогата на државата во националната и меѓународната економија. Државната интервенција во националната економија е неопходна со цел да се постигнат автономија и супериорност во одбраната, а во меѓународните економски односи потребна е хегемонија за да се реализираат кооперативни комерцијални односи.

2.2.2. Либерализам

Либерализмот не е помалку заинтересиран за прашањето на националната безбедност од меркантилизмот. Но либералите ја гледаат laissez faire доктрината и меѓународната поделба на трудот како подобро средство за постигнување на просперитетот и безбедноста. Како државата го зголемува своето богатство, релативниот терет на одбраната ќе тежи помалку на целокупната економска активност и нема да ја загушува, туку напротив може и да биде акцелератор на стопанскиот раст. На меѓународен план, како трговските и финансиските текови стануваат се поглобални, економската иницијатива влијае врз редукцијата на непријателствата, трасирајќи го патот кон мирен светски поредок. Либерализмот нуди моќна алтернатива на меркантилистите како начин на постигнување на двете главни цели на државниот естаблишмент.

Еден од најпознатите теоретичари на либерализмот - Адам Смит, ја застапува идејата дека пазарната економија овозможува поголема ефикасност, растеж и политичка и економска балгосостојба, одошто државно-диригираниот систем. Слободна економска активност нуди најширока лепеза на средства за потрошувачка, конкуренцијата резултира со

ниско ниво на цени и овозможува оптимална прераспределба на расположливите ресурси за најпрофитабилна употреба. На микро-економско ниво присутна е тензијата помеѓу laissez faire и доктрината на националната безбедност. Што се случува ако пазарот не обезбеди ресурси неопходни за националната безбедност во соодветен обем? Адам Смит ги согледал недостатоците на пазарот и истакнал дека државната интервенција се оправдува со обезбедување на националната безбедност. Во своето објаснување тој ја дефинира националната безбедност како јавна потреба, која мора да се обезбеди преку не-профитниот сектор. Одбраната отука, останува надвор од неговата laissez faire рамка. За Смит и неговите следбеници карактеристична е загриженоста поради економските штети предизвикани од воените издатоци. Тој ги истакнува таквите издатоци како непродуктивни и закана за економската виталност на државата. За разлика од меркантилистите кои опстанокот на државата го стават на прво место, либералите ја разгледуваат армијата како закана за политичките и економски слободи на луѓето.

Помеѓу двете теории приметна е и разликата во поглед на меѓународната трговија. Преку Адам Смит, Давид Рикардо и некои од модерните автори како Бертил Охлин и Пол Самуелсон, либералите го потенцираат концептот на "компаративните предности", кој всушност значи, државите да произведуваат и извезуваат стоки кои интензивно ги користат обилните локални ресурси, за кои имаат подобри услови за производство од другите земји. Од друга страна, државите треба да се откажат од неефикасното производство со цел да се максимизира социјалното богатство. Отука, одржувањето на воената индустрија на ниво неопходно за една држава стои во противречност со диктатот на компаративните предности на меѓународната поделба на трудот.[16]

[16] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy*..... стр.5

Од аспект на меѓународната безбедност, либералите тврдат дека глобализацијата на економската активност всушност го промовира светскиот мир. Ова е резултат на фактот што трошоците на војната ја прават државата зависна од други и го уназадуваат нејзиниот стопански растеж.

Францускиот филозоф Монтескје, напишал во 1748 година: "Природниот ефект на трговијата е да го донесе мирот. Две нации кои тргуваат помеѓу себе, стануваат реципрочно зависни, односно, ако една има интерес да купува, следната има интерес да продава, и сите унии се на база на заеднички интерес."

Верувањето дека мирот е консеквенца на меѓународната трговија е една од најдлабоките и политички најзначајни поставки на либерализмот. Таквото верување имаше главно идеолошко влијание на претседателите на САД Вудроу Вилсон[17] и Френклин Рузвелт и де факто ја обликуваше надворешната економска политика на САД од крајот на Втората светска војна. Како резултат на таквата определба САД се одлучија за креирање на ГАТТ[18] и ММФ[19], со цел да се промовира слободен проток на стоки и капитал, а не за обнова на Британската Империја или традиционалниот регионален блок во Азија и Централна Европа. Либералниот приод во глобалната економија беше промовиран во пракса и со една друга интенција - да се убедат сојузниците од војната во корист од слободната трговија и финансии.

Последниве години, либерализмот почна да наоѓа плодна почва и во домашната економика на одбраната и воената индустрија. Една од основните поенти на неокласичната идеологија - конкуренцијата, почна да игра се позначајна улога во комплексот на воената индустрија. Регановата администрација ја промовира идејата за поголема конкуренција во воениот

[17] Woodrow Wilson
[18] ГАТТ- кратенка за "General Agreement for Tarifs and Trade"
[19] ММФ- кратенка за "International Monetary Fund"

сектор како на национално така и на меѓународно ниво -"како најсилно оружје за ефикасно производство во воено-индустрискиот комплекс"[20].

Либералниот приод во воената економика започна да се применува во осумдесетите и деведесетите години од дваесетиот век и се рефлектираше на ширењето на изработката на компонентите за военото производството во други земји, односно со интернационализација и заедничко производство на едно оружје од страна на повеќе земји. Паралелно со ова, бележиме појава на тренд на дуална употреба на пронајдоците од воено-истражувачките центри за воена и цивилна употреба (интегрални кола, прецизна оптика итн.). Имено, таквиот тренд сугерираше зголемена меѓузависност помеѓу воената и комерцијалната економија, така што либералните идеи профитабилно се аплицираа во одбранбената економика.

Либерализмот нуди силни алтернативи на нео-меркантилизмот во областа на одбранбената економија. Безбедноста и просперитетот можат да се постигнат, според либералите, со промоција на меѓународна слободна трговија и конкуренција на домашен план.

2.2.3. Марксизам

Третиот поглед на релацијата помеѓу економиката и националната безбедност го дава марксистичкото учење. Како либерализмот и нео-меркантилизмот и марксизмот ја објаснува природата на економиката на одбраната во рамките на капиталистичките земји како и меѓународните економски односи во кои државите се обидуваат да постигнат богатство и сила. Основата на приодот се базира на конфликтите карактеристични за капиталистичкото општество, кога владаечката класа користи сила на домашен и меѓународен план да ја задржи својата позиција на надмоќ над

[20] Caspar Vainberger, поранешен министер за одбрана на САД

пролетаријатот. Отука, воените расходи и воено-индустрискиот комплекс заземаат истакнато место во политичката економија.

Марксизмот се потпира на пет фундаменатлни поставки. Прво, историскиот процес е резултат на промените во технологијата, производството и економската активност. Второ, односите помеѓу работниците и оние кои се сопственици на средствата за производство се контрадикторни и конфликтни. Марксистичката теорија е загрижена за развојот на овие односи и контрадикторности. Трето, капитализмот во себе го содржи семето на своето самоуништување. Четврто, општеството е поделено на класи и државата е извршен орган на владаечката класа. Пето, марксистите веруваат дека социјализмот претставува крај на историјата, кога работниците конечно ќе се здобијат со сопственоста над средствата за производство.

По прашање на одбраната, марксистите веруваат дека нивниот приод е гаранција за мирот. Проблемот на безбедноста е резултат на агресивната природа на капиталот и империјализмот. Во марксистичката доктрина милитаризмот и трката во вооружување се иманентни карактеристики на економиката и класниот карактер на капитализмот. Капитализмот ја промовира меѓународната експанзивна логика, индустриските земји да акумулираат вишок на производство. Имено, една од основните контрадикторности на капитализмот е фактот што индустријата секогаш произведува повеќе одошто експлоатираните работници можат да купат. Растечките кризи предизвикани од вишокот на производство водат кон заострување на конкуренцијата помеѓу индустриските земји за новите пазари и конечно кон новиот империјализам. Станува збор за фазата од капитализмот карактеристична за периодот помеѓу Првата и Втората светска војна.

По завршувањето на Втората светска војна, капитализмот влегува во нова фаза. Победувајќи ги своите економски ривали, САД ја водат

капиталиситичката коалиција против социјалистичките и земјите од третиот свет. Трката за вооружување е резултат на заедничките класни интереси на монополите и антикомунистите. Владаечките класи на капиталистичките држави ги користат вооружените сили да ја заштитат силата на монополскиот капитал и да ги сочуваат реакционерните режими и диктатурите.

Ваквите ставови на марксистичката филозофија сугерираат дека истиот заедно со либерализмот го гледаат милитаризмот и големите воени расходи како инхерентни на капиталистичката економија и неопходни за опстанок на владаечката класа. Понатаму, марксистите како и неомеркантилистите ги гледаат меѓународните економски односи како конкурентски, конфликтни и експлоататорски. Од нормативен аспект, крајот на ваквата состојба е во глобалниот, социјалистички, работнички рај. Во спротивно, капиталистичката трка во вооружување ќе доведе до крајот на човековата раса.

Според марксизмот, воените расходи во капиталистичките економии не се одговор на заканите од надвор, туку истите се резултат на одлуките донесени од специјални интересни групи кои го сочинуваат воено-индустрискиот комплекс, дефиниран како сојуз од воено-индустриските монополи, армијата и државната бирократија. Воените фирми се репрезентирани во владата и во вооружените сили од страна на луѓе блиски на нив, кои агитираат за повисоко ниво на воените набавки, истражување и развој. "Владејачките кругови на капиталистичките земји ги користат воените расходи како средство на државната монополска контрола на економскиот развој". Капиталистичките економии се карактеризираат со монополите кои настојуваат да ја контролираат економската активност, а најважни меѓу нив се фирмите од военото производство.[21]

[21] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy*..... стр.7

Марксистите во поново време, развиваат и пософистицирани варијанти како на пример, концептот на "културна доминација" како средство со кое "доминантните култури" ја пренесуваат својата идеологија глобално. Слично на традиционалното гледање кое се фокусираше на политичките и економските средства за експлоатација, новите теории развиваат концепт за едукативно индоктринирање. Имено, од аспект на економиката на одбраната, овој приод ја зема предвид милитаризацијата на третиот свет која најчесто е резултат на едукацијата на кадарот од тие земји преку специјални тренинг програми, организирани од страна на вооружените сили на индустриски развиените земји. Преку тие програми, воените офицери од земјите во развој ги прифаќаат ставовите на развиените земји спрема стратегиската доктрина и технолошки напредните вооружувања. Така, капитализмот повеќе преферира глобална дифузија на неговите ставови одошто директна економска експлоатација на земјите од третиот свет.

Со крајот на Студената војна некои тврдат дека овој теоретски приод е од единствено историски интерес како теоретска конструкција. Меѓутоа во светската теорија сеуште ваквиот приод има доста приврзаници и истиот не може да се отфрла како не корисен и занемарлив. Придонесот на марксизмот и ленинизмот кон општествените науки е значаен и уникатен во објаснувањето на историските промени. За економикта на одбраната, марксизмот сеуште преставува алтернативна парадигма за објаснувањето на воените расходи.

2.2.4. Основни економски теории

Економиката на одбраната претставува дел од вкупната економска теорија. Иако, барем за сега, недоволно интегрирана, таа е поврзана со низа

на односи со другите економски теории, и со нив сочинува, на одреден степен на генерализација, конзистентна целина. При тоа, имајќи во предвид дека економиката на одбраната (како и другите економски теории) претставува повисок степен на надградба во однос на економските теории во области на реални економски појави, развој на овие теории претставуваше значаен фактор на развој и диференцирање на економиката на одбраната. На тој начин, разгледувајќи ја економиката на одбраната како интегрален и зависен дел од вкупната економска теорија, во следните редови ќе ги претставиме и основните групи на економски теории: класична економска теорија, Марксовата економска теорија, неокласичната економска теорија и кејнзијанската економска теорија, како и теории кои произлегуваат од кејнзијанската теорија.

За класичните економски теории (А. Смит, Д. Рикардо, Т.Р. Малтус, Ј.Б. Сеј, Ј.С. Мил итн.), карактеристични се поставките дека стопанските процеси во капиталистичкото стопанство автономно се урамнотежуваат по пат на пазарни цени и тоа на ниво на "полна вработеност" на факторите на производство, без државна интервенција. Класичните теории не ги анализираат процесите на урамнотежување и се задржуваат само на услови на статичка рамнотежа на економијата. Тие имаат долгорочен пристап кон разгледувањето на движењата на економиите, а во услови на автоматско урамнотежување во националните економии "нема место" за појава на економски кризи.

За разлика од претходната, економската теорија на К. Маркс отстапува од горните поставки. Во ова теорија главен акцент се става врз вградените диспропорции во стопанските движења и кризите во капиталистичките стопанства, како и врз динамичкото разгледување на економските процеси.

Неокласичните економски теории се појавуваат како потреба да се негира марксистичката теорија. Основна карактеристика на овие теории е

таа, што тие ја задржуваат основната поставка на класичните економски теории (во прв ред за автоматско урамнотежување на економските односи по пат на системот на пазарни цени и тоа на ниво на полна вработеност, второ, за тоа дека е непотребна државна интервенција во економијата и сл.). Припадниците на оваа школа сепак, ја прифаќаат динамичката анализа и претпазливо ги обработуваат идеите, кои се спротивни на основните поставки за хармоничното автономно ускладување на економските процеси на ниво на полна вработеност (теории за неперфектна конкуренција и теорија за кризите).

Појавата на големата економска криза 1929 година, влијаеше на појавувањето на споменатата "кејнзијанска револуција", која претставува најголема развојна фаза на капиталистичките економски теории во дваесетиот век. Основна промена во однос на класичните економски теории беше таа дека треба да се отфрли неокласичното тврдење дека капиталистичкото стопанство содржи вградени механизми за автономно урамнотежување на економијата на ниво на полна вработеност. Спротивно од тоа, оваа теорија тврдеше дека урамнотежувањето на стопанските односи се врши на ниво пониско од полна вработеност. При тоа, заради побрзо остварување на рамнотежата на што повисоко ниво, потребна е државна интервенција. Таквата интервенција во услови на ниска вработеност треба да се изврши со помош на фискалната политика, додека во услови на висока вработеност тоа треба да се направи со помош на монетарната политика.

Во средината на дваесетиот век се појавуваат нови теории, чија цел беше да се изврши синтеза помеѓу кејнзијанската теорија и неокласичните теории (П. Самуелсон, Ф. Модлигани, А.Х. Хансен и др.), при што основните принципи на неокласичните теории се прифаќаат како основни теоретски поставки, под претпоставка да се обезбеди потполна флексибилност на цените и платите, но со јасно дефинирано мислење дека е потребна примена

на мерките на економската политика за да се спречи појавата на екцеси и кризи во економијата.

Натамошниот развој на економските теории покажува тенденција на поновно враќање према првобитната кејнзијанска теорија. Ваквиот развој на економските теории значително влијаеше и врз економиката на одбраната. Разгледувано во однос на развој на економиката на одбраната, можеме да констатираме дека кејнзијанското учење за државната интервенција во економските движења има значајно влијание врз економиката на одбраната, особено во делот за економските ефекти на воените, како составен дел на јавните расходи. Економската политика на одредени земји (пример САД) се градеше врз комбинацијата на кејнзијанската економска теорија и директната стимулација на воените расходи, со цел забрзување на стопанскиот развој на државата и елиминирање на рецесијата (Регановата политика). Ваквиот тренд продолжува и е карактеристичен за високо-развиените земји (САД, Франција. Велика Британија. Германија. Холандија и др.), каде воениот комплекс претставува еден од најзначајните сегменти на релативно урамнотежените национални економии.

2.2.5. Економски ефекти на јавните расходи

Тргнувајќи од намерата да се расветли проблематиката на воените расходи, како неизбежно се наметнува согледување на прашањето на јавните расходи, како комплексна категорија, во која се сублимирани сите неопходни расходи насочени за задоволување на потребите на современата држава.

Проблематиката на јавни расходи е во тесна врска со поимите општествени (јавни) потреби, (општествена) јавна потрошувачка и природата на финансиите како научна дисциплина.

Појавата на општествени потреби се врзува со времето на почетните форми и облици на човековото организирање. Всушност, со формирањето на човечките заедници покрај индивидуалните потреби се јавуваат и такви потреби за кои поединецот немал ниту сила, ниту пак средства за нивно задоволување. Овие потреби со текот на времето добиваат карактер на општи, заеднички и колективни потреби. Она што е особено важно да се истакне е фактот што без задоволување на таквите потреби, заедниците не би можеле да се одржат. Општествените потреби, наметнувајќи се со својата важност, ја формираат јавната (општествената) потрошувачка. Карактерот на општествените потреби еволуира со развојот на цивилизацијата, со формирањето на класите и класното општество. Општествените или јавните потреби егзистираат во секоја општествена заедница, без оглед на карактерот на општествено-политичкото уредување и економските односи. Тие мораат да се задоволат, како еден објективен критериум за натамошно одржување на заедницата.

Со формирањето на државата се јавуваат поголем број нови јавни потреби, аргументирани од потребата да се одржи постојниот политички, правен и економски систем. Тоа наметнува појава на голем број на институции (војска, судство, здравство, школство, култура итн.), кои мораат да се одржуваат во живот, а тоа значи дека државата мора да предвиди одредени расходи кои попримаат карактер на општествени или јавни расходи.

Општествените потреби се одраз на интересите на целото општество и се израз на социјалните, политичките и економските цели на таквата држава. Со цел да се задоволат таквите потреби, неопходно е да се чинат одредени јавни расходи. Јавните расходи се условени од постоење на одредени јавни приходи, но сепак можеме да констатираме дека основицата на нивно формирање воглавно е националниот доход.

Во првобитната заедница прибирањето и трошењето на овие средства беше во натура, така да за појавата на јавните финансии можеме да

зборуваме од оној момент кога финансирањето на општествената (јавна) потрошувачка се врши со пари. Всушност со ова се потенцира карактерот на финансиите како историска категорија. Финансиите егзистираат во општество со стоковно производство, општество во кое делуваат законот на вредноста и парите. Фактот што се финансиите нераскинливо врзани за парите ја истакнува природата на финансиите, која е парична, монетарна.

Меѓутоа, сите парични односи не спаѓаат во финансии. Во финансии ги вбројуваме само оние парични односи кои се во врска со постоењето и финансирањето на општествената надградба. Општествените потреби и потрошувачката претставуваат лост на општествено-економскиот и социјалниот развој и тоа како елемент со кој се делува на сите стопански текови и агрегати (производство, распределба, потрошувачка, животен стандард, школување, сообраќај, осигурување и др.), односно на одредени социјални и политички елементи, неопходни за остварување на процесот на брз и стабилен општествено-економски развој.

Јавните расходи завземаат едно од централните места во финансиската мисла и теорија. Тие де факто претставуваат персонификација на неопходните општествени потреби. Јавните расходи се разликуваат од расходите направени во процесот на репродукција. Тие мораат постојано да се прават, без оглед на состојбата во економијата, а по својата природа се различни од другите видови расходи. Така се случува тие дури и да се зголемуваат во услови кога опаѓа националниот доход и расходите на стопанските субјекти и обратно, што значи дека врската на јавните расходи со националниот доход може да биде дури и инверзна. Тоа не наведува на заклучок дека јавните расходи често имаат автономен правец на владеење и формирање во однос на движење на стопанството. Тие се утврдуваат ex ante при водењето одредена антициклична или стабилизациона политика, при што голем дел од товарот на стабилизацијата на економските текови паѓа на товар на јавните расходи. Јавни расходи можат да се прават и без осигурани

јавни приходи, што е овозможено од системот на дефицитно финансирање, постоење на јавен долг и чиста емисија на пари.

Јавните или општествените расходи можат да се дефинираат како издатоци кои државата како целина или одделна општествено-политичка заедница ги прави заради задоволување на одредени општествени потреби.

Големината на јавните расходи зависи од големината на лепезата на јавните функции, што ги обавува државата. Овие функции, всушност задачи на државата, зависат од промените во економскиот и политичкиот живот на државата. Со развој на државата, јавните расходи растат со енормно темпо, како резултат на зголемувањето на државниот апарат.

Едно од најтешките прашања за современата финансиска теорија е прашањето за "плафонот" на јавните расходи. Тоа прашање останува сеуште отворено и современата научна мисла треба да даде свој придонес за негово решавање. Од аспект на оптимално функционирање на националната економија се чини дека одговорот треба да се бара во детерминирање на еден одреден износ или процент од националниот доход. Меѓутоа, сепак основен проблем врзан за утврдување на големината на јавните расходи не е врзан за нивната квантитативна, туку квалитативна димензија. Всушност, при оценката се тргнува од економско-социјалните функции на државата, особено оние насочени кон зачувување на безбедноста и одржување на економската рамнотежа и складниот однос меѓу производството и потрошувачката. Согласно на тоа, современата финансиска теорија им приоѓа на јавните расходи преку испитување на нивното економско и социјално делување, што се должи на финансиската активност на државата, насочена кон постигнување на целите на општествено-економскиот развој.

Големи средства што државата ги троши во облик на јавни расходи не пропаѓаат и не исчезнуваат. Државата голем дел од јавните расходи со редистрибуција ги распоредува на целите и корисниците на начин со кој најефикасно и најлесно ќе се задоволат јавните потреби. Современата

финансиска теорија ја споредува финансиската активност на државата со филтер, низ кој поминува одреден дел од националниот доход не затоа да биде уништен, туку да биде насочен во саканата насока, во зависност од целите на безбедносната, економската и социјалната политика.

Јавните расходи имаат исклучително важна улога за економските движења во една земја. Тоа е причината поради која тие денес се разгледуваат во склоп на финансискиот механизам на стопанството и во функционална врска со основните макро-економски категории. Јавните расходи се всушност, многу сложена економска категорија која влијае врз однесувањето на голем број макроекономски категории (стапка на стопански растеж, штедење, инвестиции, камати, вработеност, биланс на плаќања и др.).

Воените расходи како дел од јавните расходи, насочени за остварување на карактеристични потреби на државата имаат сериозно, а некаде дури и решавачко влијание врз економските текови во државата, што претставува конечно и предмет на нашата натамошна разработка.

2.3. Дефинирање на воените расходи

2.3.1. "Сипри"[22] дефиниција на воените расходи

"Сипри" дефиницијата на воените расходи ги опфаќа сите тековни и капитални расходи за:

1) вооружените сили, вклучувајќи ги расходите за мировните сили;
2) Министерството за одбрана и други владини агенции ангажирани во одбранбените проекти;

3) паравоени формации кои се обучуваат, опремуваат и се користат за воени операции;

4) воени вселенски активности.

Вака дефинираните воени расходи треба да ги опфатат расходите за следните категории на корисници:

1) персонал;

2) операции и одржување;

3) воени истражувања и развој;

4) воена изградба;

5) воена помош.

Определувањето на расходите наменети за персоналот опфаќаат повеќе групи на расходи. Така, во ова категорија влегуваат сите расходи за тековниот персонал, како за воениот така и за цивилниот персонал во одбраната. Во расходите за персоналот се вклучени и средствата за пензиско осигурување на вработените, како и за социјално осигурување на вработените и нивните семејства.

Категоријата воени расходи детерминирани како воена помош влегуваат во сумата на воените расходи на земјата давател на помошта.

Од друга страна, според дефиницијата на СИПРИ институтот во категоријата на воените расходи не спаѓаат расходите направени за:

- цивилна одбрана;
- тековни расходи за претходно реализирани воени активности.

Втората категорија во себе ги опфаќа институциите како што се посебните бенефиции за воените ветерани, трошоците за демобилизација,

[22] СИПРИ-кратенка за Стокхолмскиот Институт за Мировни Истражувања "The Stockholm Peace Research Institute"

трошоците за конверзија на капацитетите за производство на вооружување како и средства наменети за уништување на оружјето.

2.3.2. "АЦДА"[23] дефиниција за воените расходи

Според НАТО земјите, воените расходи, согласно НАТО публикациите, се базираат на НАТО дефиницијата за воените расходи. Во таа дефиниција има повеќе видови на разграничувања:

прво, цивилните расходи за министерството за одбрана не спаѓаат додека, воени расходи направени од други министерства се вклучени во категоријата на воените расходи;

второ, грантовите и воената помош се вклучуваат во воените расходи на земјата давател на помошта и

трето, купувањето, набавките на воената опрема на кредит е вклучена во воените расходи тогаш кога кредитот (долгот) е направен, а не во времето кога се врши негова исплата.

Кога се анализираат податоците и информациите за други земји со демократски принципи на уредување на државата (АЦДА ги определува како не-комунистички држави), податоците за воените расходи се всушност расходите на министерствата за одбрана. Често се случува во воените расходи да бидат вклучени расходите за внатрешната безбедност на државата, полицијата и слично. Од друга страна се користат и најразлични извори на информации за добивање на одговорот за височината на воените расходи во тие не-НАТО земји. Податоците за воените расходи често се и неажурни и некомплетни. На пример, постојат индикации дека воените расходи

[23] АЦДА- кратенка за Агенција за контрола на оружје и разоружување на САД (US. Arms Control and Disarmament Agency)

презентирани од некои земји се состојат воглавно од расходите за тековно финансирање на операциите, без да бидат земени во предвид капиталните трансакции и купувањето на воената техника. Во такви случаеви споменатата агенција АЦДА врши проценка на вкупните воени расходи. Тоа најчесто се прави со додавање на вредноста на увозот на оружјето и тоа со конверзија на вредноста на националната валута согласно тековниот девизен курс на износот на номиналните воени расходи. Меѓутоа, мора да биде јасно дека со ваквиот метод се можни преценувања или потценувања на актуелните расходи. особено поради фактот што плаќањата за оружјето и опремата во дадената година не мора да коинцидира со времето на испораката на истите. Од друга страна и набавките на оружјето и другата воена техника може да биде финансирана или да преставува помош (грант) од други земји сојузнички. Значи, таквите проценки се поврзани со различен обем на потенцијални грешки кои мора да бидат земани во предвид.

Кај одреден број на земји (АЦДА-ги определува како комунистички) поради недостапноста на информациите од ваков тип, податоците се добиваат преку проценките направени од разни агенции. Така на пример, агенцијата ги користи податоците добиени за висината на воените расходи на Русија од проценките направени од ЦИА[24]. Проценките од ваков вид се добиваат пресметувајќи колку таквите издатоци за персоналот, развојот, операциите би чинеле во долари. Проценките од ваков тип се среќаваат со бројни проблеми како што е различното домашно ниво на цени, како и реално детерминирање на интервалутарната вредност на националаната валута vis-à-vis доларот. За надминување на дел од споменатите проблеми, а особено доведување на податоците на заеднички именител се користи изразувањето на вредностите на БДП (бруто домашен производ) во долари, при тоа

[24] ЦИА- Разузнавачка агенција на САД- (Central Inteligence Agency)

користејќи ги јасно детерминираните паритети на националните валути од страна на Обединетите Нации и нивниот меѓународен споредбен проект. [25]

Основен метод прифатен од повеќето земји е да се утврди односот, учеството на воените расходи во БДП во национална валута. Стапката на учество на воените расходи во БДП дава јасни сигнали за учеството и силата на одбранбениот сектор во една национална економија. Заради компарација добиената стапка се конвертира преку проценка и изразување на вредноста на бруто домашен производ во долари од страна на Светската Банка[26] воспоставувајќи ги при тоа и паритетите на куповната моќ [27] на националните валути. Овој метод имплицитно врши конверзија на воените расходи во БДП изразени преку утврдените паритети на националните валути во долари, запазувајќи го односот кој постои во националната валута.

2.3.3. НАТО дефиниција за воените расходи

Општата дефиниција на НАТО ги дефинира воените расходи како расходи направени од националните влади за исполнување на потребите на вооружените сили. Заради прецизноста во користената терминологија во дефиницијата, ќе ги анализираме одделно сите споменати категории. Во тој контекст, терминот национални влади ги лимитира воените расходи на оние од централната или федерална влада, како исклучиво право на државата, провинциите или локалните заедници.

Расходите за даденият период треба да ги претставуваат плаќањата направени во тој период дури и во случај кога заради националните интереси некои од тие плаќања ќе се исплатат од буџетот за наредниот период. Во случај плаќањата да се вршат со чек, се смета датата кога чекот е издаден.

---

[25] тнр. International Comparison Project
[26] World Bank

НАТО дефиницијата за вооружените сили ги опфаќа стратегиските сили, копнената војска, морнарицата и военото воздухопловство. Во поимот често се вклучуваат и "други сили" како жандармерија, царина, гарда и слично само во случај истите да се обучени во воената тактика, ако се опремени како вооружени сили и во случај на војна се планира да се користат како единици под раководство на воените власти. На ист начин се вклучуваат и "колонијалните сили" во споментата група ако расходите се прават од домашниот буџет на земјата од каде се силите.

Активностите на поддршка кои се заеднички за повеќе од една од погоре споменатите сили, се делат во две групи:

- прво,"команда и администрација", кои ги вклучуваат главната команда и управување со вооружените сили, административна функција на министерствата за одбрана, како и централни и регионални воени штабови со одговорност врз повеќе од еден тип на сили и
- второ, "централна поддршка", која ги покрива сите активности на поддршка како и тие извршувани од специјални заеднички агенции (пример, разузнување и слично).

Во дефинирањето на воените расходи не спаѓаат издатоците направени за репарации и поправки на оштетувања од војните како и бенифициите и исплаќањето на воените ветерани. Од друга страна во воените расходи спаѓаат издатоците направени за пензиско осигурување на вработените воени и цивилни лица во одбранбениот сектор. Расходи кои се направени за складирање на воените резерви на готовата воена опрема или останати стоки за употреба на вооружените сили, спаѓаат во групата на воени расходи.

Издатоците направени за мировни и хуманитарни операции, уништување на воената техника, вооружување и муниција, како и трошоците за инспекција и контрола се вклучени во воените расходи. Од друга страна

[27] purchasing power paritties-PPPs

издатоците за цивилна одбрана не се вклучени во категоријата на воените расходи. НАТО дефиницијата на воени расходи во ова категорија ги опфаќа и трошоците направени за воена опрема инсталирана на трговски бродови кога тоа е финансирано од фондови на владата. Трошоците за инсталирање како и за структурните модификации неопходни за ваквите системи не влегуваат во воените расходи.

Трошоците за истражување и развој се вклучуваат во воените расходи ако се во корелација со категориите кои влегуваат во воените расходи. Кај ова група на трошоци постои разграничување, во смисла да трошоците за истражување и развој влегуваат во воените расходи, се до оној износ кога почнуваат истите да се користат за производство на производи наменети за секторот на одбраната. Тука се наметнува потребата од правилна проценка во алоцирањето на издатоците помеѓу од една страна истражувањето и развојот и од друга страна трошоците на производството.

Натамошната елаборација на воените расходи ја опфаќа и категоријата на "мешаните" цивилно-воени активности. Имено, во групата на воени расходи спаат само издатоци направени за воената компонента на таквите активности и само тогаш кога е можно да се направи разграничување на елементите. Во ваквите расходи би влегле на пример одредени природни аеродроми, помош во навигацијата, заеднички набавни услуги како и истражувањето и развојот.

Посебен акцент се става на расходите кои опфаќаат повеќе од една земја. Со цел да се избегне двојното калкулирање на воените расходи, расходите треба да бидат пријавени од земјата која фактички ги поднесува трошоците и учествува во финансирањето на активностите на одбраната. Кога економската или помошта во одбраната е наменета за заедничка употреба на земјите учеснички во проектот, а при тоа е неопходно учество на земјата примател на помошта, ваквите расходи влегуваат кај расходите на земјата примател на помошта. Во случај кога помошта не е условена со

депозит-учество на земјата примател на помошта, ваквите трошоци спаѓаат во воени расходи на земјата давател на помошта. Земјата примател на помошта е потполно ослободена од калкулирањето на помошта во нејзините воени расходи, но останува обврската помошта да се искаже според квантитет, категории на средства-услуги и проценета вредност во извештајот за одбраната.[28] Кога станува збор за финансиска помош, како еден вид на помош од земји сојузнички, со цел земјата примател на помошта да и се помогне да може сама подоцна да се грижи за својата безбедност, ваквите расходи се расходи на земјата давател на помошта и не спаѓаат во воените расходи на земјата примател на помошта.

НАТО дефиницијата на воените расходи го познава и поимот "заедничка НАТО инфраструктура". Имено, трошоците за заедничката инфраструктура се вкалкулирани во вкупните воени расходи на секоја од НАТО членки согласно износот на чистото учество на земјата. Како и да е, трошоците на земјата домаќин како и плаќањата на другите земји треба да бидат презентирани одделно. Расходите за ова категорија како и сметките за износот на трошоците треба да бидат соодветни на оние презентирани со НАТО извештаите за заедничката инфраструктура. Категоријата "сојузничка помош"[29] или слични на тоа плаќања не се вклучуваат во вкупната сума на воени расходи на земјата примател на помошта.

Наведените категории на расходи ќе ги презентираме во форма на биланс со цел постигнување на одреден степен на прегледност:

КАТЕГОРИЈА
ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ
Воен персонал

[28] Се работи за тнр. "Defense statement"

[29] тнр. "Allied support"

- Плати и надоместоци
- Придонеси за пензиско осигурување
- Друго

Цивилен персонал
- Плати и надоместоци
- Придонеси за пензиско осигурување
- Друго

Пензии
- Плати на воени пензионери
- Плати на цивилни пензионери

Операции и одржување
- Муниција и експлозиви (вклучувајќи го и нуклеарното)
- Нафтени продукти
- Нетековни резервни делови
- Друга опрема и набавки
- Готовински набавки
- Други операции и одржување

ОПРЕМУВАЊЕ И ИЗГРАДБА

Главна опрема (major equiptent)
- Системи-проектили
- Проектили (конвенционално оружје)
- Нуклеарно вооружување
- Воздухопловство
- Артилерија
- Борбени возила
- Инжинериска опрема
- Лесно вооружување
- Транспортни возила
- Бродови и пристаништа
- Електронска и комуникациска опрема

Национална воена изградба
НАТО - заедничка инфраструктура
- Трошоци на земјата домаќин
- Плаќања на други земји
- Примања од други земји
- Земја и корисности

ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ
Вложувања во главна опрема
Друго

ДРУГИ РАСХОДИ
ВКУПНО

Трет дел

3. ОДБРАНА И ЕКОНОМИЈА

3.1. Дефинирање на односот помеѓу одбраната и економијата

3.1.1. Воен потенцијал

Поимот воен потенцијал вообичаено се користи при проценка на вкупната сила и моќ на една земја, во услови на војна или мир. Пред да се дефинира поимот, потребно е да се направи негово разграничување од поимот ефективи, поради нивната сличност и взаемната поврзаност.

Ефективите претставуваат непосредно расположливо покритие на воените потреби, кои постојат во мир или во услови на војна (обем и квалитет на армијата, постојни фабрики за вооружување и муниција, воени резерви на опрема и материјали и сл.).

Под поимот воен потенцијал[27] се подразбира посредно и непосредно покритие на воените потреби (економски предуслови, обем и структура на населението, видови, големина и локација на индустриските капацитети, сообраќајна мрежа и транспортни средства и др.), што значи дека станува збор за поширок поим од поимот ефективи, односно истиот, покрај она што спаѓа во ефективи, опфаќа и поголем број на други компоненти.[28]

Проблемот на воен потенцијал станува актуелен од моментот кога за остварување на победа во војната, станува потребно максимално ангажирање на сите морални и материјални сили и извори на општеството. Воениот

---

[27] Етимолошки зборот потекнува од латинскиот збор potentia-ae, што означува сила, политичка моќ, влијание

[28] Процесот на детерминација на поимите сеуште не е завршен

потенцијал, во смисла на категорија во воената наука, настанал како неизбежна последица на сеопфатна (тотална и универзална) војна. Воениот потенцијал може да се дефинира како сеопфатност на мерливи и немерливи фактори на општествената база и надградба, кои ја одредуваат силата и способноста на државата или коалиција на земји во вооружена борба.[29] Воен потенцијал не претставува само прост збир на споменатите елементи туку нивно дијалектичко единство.

Секоја земја според своите услови, можности и извори, ги активира на различен начин и во нееднаков степен основните фактори и елементи на воениот потенцијал. Примарна задача на националната или коалиционата стратегија е целисходно, пропорционално и хармонично активирање на сите или поголем дел од факторите или елементите на воениот потенцијал и нивно најдобро можно прилагодување заради остварување на целта. Изборот на факторите и елементите кои се активираат и степен на нивниот интензитет зависи од повеќе услови како што се: општествено-економско уредување, физиономија на војната, карактеристики на противникот, големина и интензитет на воениот удар и др.

Во рамките на воениот потенцијал, стопанството завзема истакнато место. Ова се должи на развојот на техниката и примена на научните достигнувања во индустријата. Техниката влијае на физиономијата на вооружените сили[30], како и на физиономијата на современата војна[31]. Така, порано во историјата, на еден војник доаѓаше од 5-50 килограми на воен материјал (меч, штит, копје, стрела, лак, оклоп и сл.), додека денес, во просек, на еден војник во војната доаѓаат десетици илјади килограми оружје,

---

[29] Љубомир Петровиќ. Војно дело бр1/1960, стр.55

[30] Голем број на видови, родови и служби на вооружените сили настанале како директен резултат на развојот на техниката, пример, воздухопловство, морнарица, механизирани единици и сл.

[31] Голема динамика, силен интензитет и голема територија на одвивање на воените операции, настануваат како последица на воведување на моторите со внатрешно согорување во армиите, пример (автомобил, тенк и сл) и опремување на армиите со орадија со голема разорна моќ (барут, кумулативни полненја, нуклеарни средства и сл).

муниција, возила и други материјали. Во сите војни од 17 и 18 век, расходите за воен материјал изнесуваа едвај од 11-15% од вкупните воени расходи, додека преку 80% отпаѓаа на издржување на персоналниот состав на вооружените сили. Денеска е сосема спротивен случај. Материјалните расходи на армиите се преку четири и повеќе пати поголеми од личните расходи во услови на мир, додека во војна, кога се трошат големи количества на материјал, тој однос станува уште поголем. Ова се јавува како резултат на развојот на материјалната база на општеството и нејзиното влијание на карактерот и физиономијата на современата војна. Доколку некоја земја е на повисоко ниво на стопански. а особено индустријски развој, ваквата тенденција е уште поизразена.

Стопанството на една земја ја детерминира општата состојба и сила на државата. Економската сила и овозможува на секоја земја завземање на одреден принципиелен став и спроведување на консеквентна надворешна и внатрешна политика. Резервите на човечки и материјални сили претставуваат основа на воениот потенцијал на секоја земја. Воениот потенцијал на земјата или коалицијата на државите е дотолку поголем, доколку при избивање на војната има повеќе стопански и други сили и средства кои можат веднаш да се употребат и доколку е пократко времето потребно за мобилизација на сите важни економски и други извори. Стопанските можности и воената сила на земјата тесно се поврзани, особено од кога дојде до потполна интеграција на стопанството и војната.

Анализа на воениот потенцијал може да се врши со примена на метода на макро анализа или со метода на микро анализа. Првата метода пружа општа слика на факторите, го покажува глобалниот профил на потенцијалот, додека другиот вид врши натамошно расчленување на факторите на воениот потенцијал на основни елементи. Макро анализата детектира шест основни фактори. Тоа се:

1) демографски фактор (жива сила).

2) економски фактор,

3) географски фактор,

4) воен фактор,

5) фактор време и

6) морално-политички фактор.

Активирање на соодветни фактори и елементи на воениот потенцијал претставува основен стратешки проблем на раководството на една земја. Анализа на примарните фактори и на поголем дел на елементите на воениот потенцијал не упатува во методологијата на проценка на силите, можностите и способностите на секоја земја или коалиција на држави во претпоставени воени услови.

Демографски фактор. Човекот е основен двигател на војната и негово примарно средство. Заради тоа демографскиот фактор претставува доминантна компонента на воениот потенцијал. Војувањето или военото производство не можат да се замислат без активно присуство на жива сила. Човекот е планер на воените операции и нивен реализатор. Во зависност од тоа да ли даваат примат на човекот или техниката, воените доктрини можат да се диференцираат, така што денес постојат протагонисти на теоријата на демографскиот потенцијал, теоријата на индустриски потенцијал, теорија на научно-технолошки потенцијал и теорија за единство на живата сила и на воената техника.

Вкупната бројна состојба на населението на една земја или на коалиција на држави ја одредува големината на вооружените сили, кои обично можат да се движат во размер од 10-15% од вкупниот број на население.[32] Обемот на активното население ги условува и одредува

[32] Од околу 80 милиони жители, Германија во периодот на Втората светска војна успеала да мобилизира во 1941 година 7,4 милиони, 1942 година 9,4 милиони, 1943 11,2

квантитативните показатели на оперативната и производствената армија и нивната внатрешна пропорција. Анализа на структуралниот состав на старосната пирамида, особено годиштата од 16-65 години на старост (пред се на машкиот дел од населението), дава значајни податоци за планирање и проценка на живата сила и нејзината улога во војната.

Географското разместување на населението претставува, исто така, значаен показател на воените можности. Во епохата на балистички и други проектили, не е сеедно да ли поголемиот број на населението живее во неколку големи градови или пак во помали населби. Концентрација на живата сила и техниката по големи градови, ги прави истите најрентабилни цели на оружјата за масовно уништување.[33]

Стапката на прираст на населението на една земја, покажува да ли расте и јакне демографскиот потенцијал или истиот опаѓа. Популационите закони и нивните манифестации претставуваат, покрај останатото, барометар на виталноста на секоја нација. Здравствените прилики и физичката кондиција на народот, школските квалификации и степен на образование, животниот стандард, апсолутно и релативно учество на странците во земјата и други елементи на демографскиот фактор, значително влијаат на силата и способноста на одредена земја во вооружена борба.

Економскиот фактор претставува втор фактор кој има извонредно влијание врз воениот потенцијал на една земја. Богатство со природни извори во животни намирници и средства за работа претставува материјална основа на моќта на секоја земја или коалиција на држави. Наспроти тоа, поголема или помала дефицитарност во оваа област ја зголемува осетливоста и ранливоста на државата во услови на вооружен судир. Во овој фактор спаѓаат

милиони и 1944 година 12,4 милиони војници. Се работи за максимален број, што е резултат на масовно користење на странска работна сила во производството.

[33] Парадоксално звучи дека и покрај тоа главните градови на нуклеарните сили имаат најголем број на жители, пример, Њујорк 20 милиони, Лондон 15 милиони, Париз 12 милиони и Москва 6 милиони.

природните богатства на една земја (метални, минерални наоѓалишта, извори на енергија и сл.) и развиеност на индустријата. Индустријата се наоѓа во прв план за непосредно обезбедување на вооружените сили. Војните се водат со трошење и уништување на огромни количества на материјални средства, кои мора да ги обезбеди индустријата. Така за опремување и одржување на фиктивна оперативна армија од 1.000.000 војници со модерна воена опрема, потребен е индустриски сектор од 8.160 фабрики и производствена армија од преку 8.000.000 работници. Ова пресметка е направена со апстрахирање на можни резерви или помош од сојузниците. Бројот и капацитетот на фабриките по гранките, а особено односот помеѓу тешката и лесната индустрија, големината на воената индустрија, бројот и капацитетот на фабриките кои се планирани за преориентација од мирновремен кон воен асортиман на производство и др., даваат значајни податоци за оценка на воените можности на една земја. Еден особено значаен показател за индустриските можности на една земја претставува показател за годишниот пораст на индустриското производство, кој го покажува движењето (развој, стагнација или намалување) на производствениот сектор на една национална економија. Покрај показателот како што е индексот на пораст на физичкиот обем на производството и врз основа на финансиските показатели можат да се вршат споредби на воениот потенцијал на различни земји. Големината на домашниот производ и национален доход ја покажува моќта на една држава, финансискиот потенцијал на една национална економија. Кога големината на бруто домашниот производ се стави во однос на бројот на население во една земја се добива големина бруто домашниот производ per capita (по глава на жител), кој уште подобро го презентира богатството на една земја. Станува збор за извонредно значаен показател кој заедно со показателите за состојбата на девизните и монетарни резерви на една земја ја детерминираат и големината на воениот потенцијал на една држава. Покрај споменатите, како значајни показатели за движењата во една економија се јавуваат и состојбата на платниот и трговскиот биланс на една земја, кои ја покажуваат

евентуалната зависност на националната економија од надворешни извори. Во услови на војна се особено значајни девизните и златните резерви заради извршување на меѓународни финансиски трансакции и набавка на неопходни средства за одбраната на една земја од странство.

Покрај индустријата и земјоделието претставува значаен фактор на воениот потенцијал, како заради суровините кои ги дава на индустријата, така и заради артиклите неопходни за исхрана на населението и вооружените сили. Видовите, количините и географската разместеност на културите претставуваат значајни показатели во таа смисла. Принос по хектар и по глава на жител овозможува да се донесат соодветни заклучоци заради проценка на економските можности на една земја. Во услови на војна проблемот на снабдување со животни намирници на вооружените сили и населението станува извонредно тежок и компликуван, заради фактот што земјоделскиот сектор ја губи физиолошки најспособната работна сила во услови на воена мобилизација, како и заради намалување на употребата на вештачки ѓубрива и користење на земјоделски машини. На ова се надоврзуваат и тешкотиите во производството кои се јавуваат заради недостаток на земјоделски суровини за индустријата.

Материјални резерви се многу важна компонента за подготовка на економијата за војна. За изработка, одржување и користење на современи борбени средства, потребни се огромни количини на разновиден материјал, кои ниту една земја не може во потполност да ги обезбеди со сопствено производство, затоа што често не располага со соодветни извори на суровини. Во тој поглед, материјалните резерви на стратегиски и критични материјали, артикли на храна и останати готови производи, треба да го ублажат проблемот на дефицитарноста на средствата.

Економска помош од евентуални сојузници, претставува исто така, елемент на национален воен потенцијал, кој во одредени услови може да биде од првостепено значење за една земја.

Географски фактор претставува значаен фактор на воениот потенцијал. Географската положба на земјата, климата, топографскиот склоп на земјата и големина на државата, троструко влијаат на воениот потенцијал. Прво, овие елементи го условуваат стопанскиот развој на земјата, нејзината економска структура и животните услови на населението. Поднебјето особено влијае на видовите на култури на земјоделското производство, на сообраќајот и врските, а во извесен степен и на индустриското производство. За воениот потенцијал од особено значење се населените или обработливите површини, или пак оние територии на кои се наоѓаат извори на метали или минерали, заради фактот што тие делови од државната територија активно учествуваат во националното производство. Второ, географските фактори се од исклучително значење во услови на војна. Имено, просторот влијае на времето на траење и интензитетот на противничкиот удар, на совладување на просторот од страна на непријателот и ослабување на неговите трупи, односно големината на територијата ја отежнува ситуацијата во поглед на одржување на сообраќајот и врските, снабдувањето итн. Трето, географските фактори ја условуваат организацијата и опремувањето на вооружените сили. Природно е континенталните земји да немаат воена морнарица како вид на вооружените сили. Од друга страна, терени со многу шума, планини и мочуришта, ја истакнуваат потребата од сосема поинакво вооружување, прилагодено кон карактерот на таквото земјиште. Слична е состојбата со земји каде преовладува карстен релјеф или пустински песок, каде се користи соодветно на теренот вооружување и опрема.

Географската положба на една земја е фактор кој нема секогаш исто значење, но често е од суштествено значење за воениот потенцијал на една земја. Климата, исто така, влијае на здравствената состојба, физичката кондиција и физиолошка конституција на народот. Освен тоа, климата претставува важен фактор за земјоделско производство. Климата и метереолошките услови се многу значајни во војната, затоа што од нив

зависат исхраната, облеката, обувките, видовите на вооружување, интензитетот на операциите и често моралот на трупите. Географскиот фактор скоро секогаш делува во полза на бранителите, затоа што напаѓачот (агресорот) треба да се прилагодува во физиолошки и технички поглед. Географскиот фактор како простор, често станува пречка во транспортна смисла, односно неопходна е развиена техника за совладување на диспропорциите на просторот. Од друга страна, топографскиот склоп на земјиштето го олеснува или го отежнува развивањето на непријателските сили и можностите на активната одбрана на границите или во длабочина на државната територија. Географските фактори завземаат значајно место во воениот потенцијал на секоја земја. Тие можат да бидат фактор на сила, но исто така и слаба точка на воениот потенцијал. При создавање на основните концепции на воената доктрина мора да се води сметка, помеѓу останатото и за факторите и елементите на воениот потенцијал на нацијата или коалицијата.

Воен фактор. Појдовна точка за проценка на воениот фактор на воениот потенцијал на секоја земја, претставува бројот и квалитетот на единиците кои веднаш можат да се користат и да стапат во дејство. Тие претставуваат основна сила во мирновременот период и основа на вооружените сили на една нација во периодот на мобилизација на вооружените сили. Во првите, најкритични денови на војната, таквите единици треба да го сопрат делувањето на непријателските сили и да ги парализираат почетните, најжестоки удари на непријателот.

Меѓутоа, мирновременот контигент на војската на ниту една држава во светот, без оглед на степенот на нејзиното национално богатство и големината на националниот доход, не може да превземе на себе самостојно водење на современата војна, која бара максимално и тотално ангажирање на живата сила и на материјални средства. Заради тоа, големината и обученоста на резервниот состав претставува втора важна компонента на оперативната

армија. На ова се надоврзува потребата од спроведување на брза и успешна мобилизација, чија задача е секое лице и средство што побрзо да стигне на вистинско, однапред утврдено место. Предуслов за остварување на таква мобилизација се наоѓа во долготрајна, стрплива и студиозна работа во време на мир.[34]

Квалитетот и квантитетот на вооружувањето и техниката не може да се разгледува издвоено, туку заедно со нивото на воената наука и воената вештина. Во војните најчесто победува оној противник, кој покрај останатото на квалитативен начин успева да биде успешен и инвентивен во тактичко-оперативна смисла или во технички поглед. Голем број на војни биле решени од должината на копјата, дометот на стрелите, пушката или топот, односно побрзата примена на современите борбени средства на воениот потенцијал. На ова се надоврзуваат тактиката и вештината на војувањето на единиците, волуменот на мирновремени резерви на воен материјал, материјална подготовка на воиштето, број на воени бази и инсталации и нивно географско разместување.[35] Воената идеологија, нивото на воената наука и воена вештина, способноста на раководниот кадар на армијата за совладување на искуствата на современите војни, можност за правилна оценка на карактерот и физиономијата на идните војни и др. се воени фактори на воениот потенцијал на земјата, кои најчесто решавачки влијаат на искористувањето на воениот фактор.

Фактор време. Времето, кое на одредена земја и стои на располагање заради потполно или делумно развивање на нејзините сили, претставува многу значајна компонента на воениот потенцијал. Помеѓу објективните можности (потенцијалот) и објективната стварност (ефективи) делува факторот време, кој претставува примарен фактор, со оглед на факторот

[34] Воената мобилизација не може да се разгледува единствено како организациско-технички, туку и како морално-политички проблем на севкупното активирање на населението за вооружена борба против непријателот.

"изненадување" на почетокот на војната и интензитетот на современите борбени дејства. Општите услови, физиономијата и карактеристиките на современите војни: изненадувачко делување на почетниот напад, големата динамика, силен интензитет и огромно територијално протегање на воените операции, го потенцираат овој проблем до максимални граници, заради тоа што се намалува времето со кое ќе располага земја, жртва на агресијата. Во таа смисла, одредени функции и предности на факторот време, со кои се користи агресорот, мораат во една земја да се компензираат со квалитетни подготовки во време на мир.

Морално-политичкиот фактор завзема доминантно место во воениот потенцијал на една земја. Морално политичкиот фактор директно кореспондира со факторот жива сила и истиот се операционализира преку силниот ентузијазам на борците и раководните структури на земјата во борбата за одбрана на татковината и националните интереси. Станува збор за фактор, кој генерира таква сила која може решавачки да влијае на исходот на борбата. Овој фактор може да ги засени сите останати фактори на воениот потенцијал и сите теории и пресметки за воениот потенцијал на противникот (големина на вооружените сили на противникот, неговиот индустриски потенцијал, вооружување, снабдување и сл.). Морално политичките фактори произлегуваат од карактерот на општествено-економското уредување, историските традиции и обичаите на нацијата. Подготвеноста на народот и армијата да ги поддржат сите мерки на државната власт и нивната способност во тек на подолг временски период да ги поднесат барањата на војната, имаат значително и решавачко влијание на исходот на војната. Евентуалното занемарување на морално-политичките фактори или нивно ставање во втор план, претставува сериозна грешка, заради фактот што можеби станува збор и за доминантен фактор на воениот потенцијал.

---

[35] George A. Lincoln, *Economics of National Security*, Prentice Hall, Inc., New York, 1954 година

Воениот потенцијал претставува вкупност на сите мерливи и немерливи фактори, кои во претходната елаборација беа презентирани. Значајот и вредноста на одделните фактори и елементи не се исти во сите земји. Секоја земја на различен начин и во нееднаков степен ќе ги активира одделните фактори и елементи на својот воен потенцијал во вооружен судир, во зависност од дадените околности.

При анализа на воените потенцијали на одредени земји не е доволно да се врши само математичко споредување на нивните воени потенцијали. Имено, за споредба на разните воени потенцијали мораат комплексно и дијалектички да се опфатат сите фактори и елементи. Дефинитивна оценка и резултат не е можно да се добие со никакви математички операции. Воениот потенцијал и воената доктрина меѓусебно се поврзани и условени. Достигнатиот степен на развој на воениот потенцијал ги детерминира основните концепции на воената доктрина. Воената доктрина може да се движи само во рамки на дадениот воен потенцијал. Од друга страна воената доктрина претставува највисок теоретски израз на аналитичкото уопштување на нормите и принципите на активирање на факторите и елементите на воениот потенцијал. Воената доктрина ја осветлува методологијата на употреба и делувањето на основните фактори на воениот потенцијал во можниот воен судир, во согласност со оценките и физиономијата на современа војна. Воената доктрина делува на воениот потенцијал на сопствената земја со навремено откривање и елиминирање на слабите точки, како и со максимално развивање на елементите кои обезбедуваат поголема моќ на земјата. Во таа смисла постои меѓусебна зависност и единство на воениот потенцијал и воената доктрина, со тоа што делувањето на потенцијалот врз доктрината е примарно, а на доктрината врз потенцијалот секундарно.

Воената доктрина е основна, појдовна платформа на воената надградба. Во неа се формулирани и фиксирани изворите и начинот на

употреба на факторите на воениот потенцијал во евентуален воен судир. Воената доктрина е највисок и најсовремен израз на воената мисла на одредена земја, на достигнатиот степен на развојот на материјалната база и соодветни општествени односи, патоказ за активирање на воениот потенцијал во можни воени услови. Воената доктрина ја изразува силата и способноста на земјата во одреден историски период.

Основен проблем на современата воена вештина се состои во правилниот избор на факторите, откривањето на методите и одредување на интензитетот на употреба на избраните фактори и елементи на воениот потенцијал во вооружен судир. Синхронизација на нивно делување се прави преку инструмент наречен воен план. Меѓусебната поврзаност и взаемната условеност на демографските, економските, географските, воените и морално-политичките фактори ја чинат современата војна сложен и компликуван процес, чие раководење ја истакнува потребата од интеграција и координација на различни надлежности и обврски на различните нивоа на државната управа. Навременото согледување на воените потреби и можности за нивно задоволување во државни или регионални размери, овозможува активирање на постојните елементи и фактори на воениот потенцијал во различни ситуации од страна на органите на управата заради остварување на планираните воени цели.

3.1.2. Економика и војна

Економската сила на една земја, постоечката и потенцијалната, претставува еден од најзначајните фактори за успешна подготовка за војна, без оглед да ли станува збор за локална војна или за војна од поширок размери. Колку една земја во стопанска, а особено индустриска смисла е поразвиена, колку е побогата со стратегиски суровини, толку се поголеми

нејзините можности за подготовка и водење на војната. Ваквата констатација важи за сите општествено-економски формации, од кога постојат државите, војските и војните.[36]

Влијанието на економиката на подготовка и водење на војна не беше исто во сите општествени епохи, односно влијанието на економиката со себе ги содржи сите карактеристики на развојот на општеството во соодветната епоха.

Развојот на науката и техниката резултира со големи промени и во вооружувањето. Современото вооружување во потполност ја менува класичната стратегиска поделба на воиштето на фронт и заднина. Дострелот на некои видови оружја практично е неограничен, што овозможува под ударот на војната да се најдат енергетски извори, индустрија, големи складови, земјоделски капацитети, сообраќајот и инфраструкурата. Тоа ја става економијата на земјата пред сериозни искушенија.

Во современи услови преминот на земјата од мирновремени кон воени услови, мора да се изврши во што пократок рок, а не постепено и во подолг период, како што беше случај во првата и донекаде во втората светска војна. Способноста на економиката за создавање на силни вооружени сили во мир и за обезбедување на нивна максимална борбена подготвеност, виталност и ефикасност во почетниот-најкритичен период на војната, има решавачко влијание за успешно водење на војната во следните етапи, како и за конечна победа. Согласно на тоа, економиката треба во мир да направи подготовки не само за брз премин на воена состојба, туку истата во најкритичниот период да биде активен фактор за обезбедување на вооружените сили и на земјата во целина, за успешна борба и надминување на кризите, кои се карактеристични за почетниот период на војната. Заради тоа, повеќето земји во светот уште во

[36] Рајко Танасковиќ, Војно-економски преглед бр1-1972 , стр 5.

мир ја изградуваат својата економика така да сочуваат висок степен на нејзина подготвеност за евентуална војна.

Поради наведеното како императив се наметнуваат економските подготовки за војна. Иако е точно дека подготовките за војна, а особено создавање и издржување на респективни вооружени сили, многу ја оптоваруваат економијата и негативно влијаат на општиот и личниот животен стандард на граѓаните и општеството во целина, сепак изградбата на вооружените сили и другите подготовки за војна и одбрана на земјата се општествено оправдани и неопходни.

Подготовките за војна како и модерно опремени вооружени сили се многу скапи и можат да бидат остварени од страна на силни економии. За потребите на војната потребно е да се располага со доволни количини на стратегиски суровини-железо, олово, цинк, бакар итн., со силна индустрија (базична и финална), без кои не може да се замисли сопствено производство на опрема и вооружување. Неопходно е поседување на висока технологија, високо стручен кадар итн. Според тоа, како заклучок би следувал дека оптимални подготовки за војна, големина и силата на вооружените сили, значи нивно вооружување и опрема зависат од економската сила на земјата. Меѓутоа, тоа не значи дека и сиромашните земји не можат да имаат современи и релативно силни вооружени сили. Тоа е можно, под еден од три можни услови. Прво, вооружените сили да добиваат вооружување и опрема од друга, економски посилна земја (блоковски земји), со сите последици кои произлегуваат од таквиот однос. Второ, сопствената економика да се ориентира за работа за сметка на вооружените сили и за подготовки за војна, а сите останати потреби на општеството да бидат во втор план. Ваква ориентација предизвикува сложени социјални, политички и други импликации што е висока цена за една земја. Трето решение е земјата да остварува складен и хармоничен развој на општеството и економијата, односно

создавање на вооружени сили во согласност со реалните економски можности на земјата.[37]

Стратегиската употреба на вооружените сили во војна и нивна способност да ги извршуваат поставените задачи директно зависи од нивото на опременоста со вооружување и борбена техника, како и од обезбеденоста со други материјални средства, односно, во крајна линија, од развиеноста на економиката, науката и техниката на државата. Воената сила на државата зависи од економското ниво и развиеноста на производствените сили.

Од воен аспект, економиката може да се разгледува од неколку аспекти. Прво, економиката претставува материјално-техничка база на воената моќ на државата, која не може да се постигне без високо ниво на развиеност на економиката. Второ, економиката, во врска со тоа се појавува и како ограничувачки фактор, односно, нивото на вооружените сили, нивниот состав, структура, опременост со вооружување и воена техника се определени од економските можности на земјата. Трето, од економските услови зависи и водењето на војната, поради фактот што создавањето и воведувањето во вооружените сили на нови средства за борба, ново оружје и борбена техника директно зависат од нивото на развој на економиката, науката и производните сили, што во крајна линија претставува и основен фактор кој ги определува и развојот на воената вештина - стратегијата, оперативната вештина, тактиката и начинот на водење на војна во целост. Четврто, интересите на безбедноста на земјата поставуваат и свои барања на економиката, т.е. се исполнува спротивното влијание на стратегијата и целокупниот воен сектор врз економиката. Поради тоа, економиката се развива под влијание на стратегиските барања, како што се: издржување на вооружените сили, производство на вооружување, на борбената техника и материјални средства и нивни резерви за случај на војна, како и обезбедување на постојана мобилизациска готовност на економијата. Петто, револуцијата

[37] Исто, стр.8

во средствата за вооружена борба влијаеше во услови на современа војна, економиката да стане објект на дејството на вооружените сили. Ракетно-нуклеарното оружје и други разурнувачки средства претставуваат опасност за стопански и административни капацитети, сообраќајни јазли и други важни објекти, без оглед на нивната одалеченост од линијата на фронтот.

Економскиот потенцијал претставува еден од основните показатели на силата на една земја. Економскиот потенцијал ја репрезентира целокупната можност на државата да ги задоволи материјалните потреби на општеството: за развој на економијата, производство на средства за широка потрошувачка за населението, како и за изградба на одбрамбениот потенцијал на државата. Во негови основни елементи влегуваат: обем на вкупниот бруто општествен производ, кој е одреден од човечките ресурси, културното и техничко ниво на населението, структурата на економијата, нивото на развиеност на индустријата, земјоделието и сообраќајот, способноста за создавање на резерви, постоењето на рудни богатства, нивото на развиеност на науката и техниката, состојбата на монетарно-финансискиот сектор, нивото на девизни резерви итн. Со економскиот потенцијал тесно е поврзан и морално-политичкиот потенцијал на земјата, кој има значајно влијание на силата на земјата.

Економскиот потенцијал претставува основа на воената, како и на вкупната моќ на една држава. Меѓутоа, кога се решаваат прашањата на одбрамбениот потенцијал, се смета само на оној дел на економскиот потенцијал, кој специјално може да се оддели за одбрана на земјата. Тој дел претставува военоекономски потенцијал на државата и непосредно ја детерминира воената моќ на државата.

Военоекономскиот потенцијал е одреден од истите елементи како и економскиот потенцијал на државата воопшто: човечкиот фактор, кој може да биде употребен за пополна на вооружените сили и за функционирање на военото производство, можности на економијата да ги задоволи потребите на

вооружените сили итн. Негова основа е воената економика, дел од економијата специјално наменет за производство на вооружување и воена техника. Тешко е да се направи стриктно разграничување помеѓу општата и воената економика заради фактот што истите се меѓусебно поврзани, што не значи дека воената економика нема свои специфичности. Продукцијата која е опфатена од воената индустрија или директно влегува во финалната потрошувачка и се исклучува од меѓугранската размена или се користи во други гранки на военото производство.

Главни елементи на современата воена економика обично се: одбранбената (воена) индустрија, составена од базична индустрија (обезбедување со енергија, суровини и материјали), военокомплетирачка (производство на склопови, агрегати и нивни елементи) и военопроизводна (создавање производи за финална потрошувачка): резерви на стратегиски суровини и материјали; дел од земјоделско производство (резерви на прехрамбени производи за задоволување на воени потреби); сообраќајни и транспортни средства и др.

За економиката воопшто, а за воената особено, најзначајни се човечките ресурси, како најважен елемент на економскиот и воениот потенцијал на државата. Основната маса на работоспособно население во мир е ангажирана во индустријата, земјоделието и во сферата на услугите, ама негов најголем дел апсорбира воената индустрија. Од можноста на државата да издвои контингенти на човечки ресурси неопходни за пополна на армијата, без штети за развој на економиката, зависи и бројноста на нејзините вооружени сили во мир.

Со оглед на фактот што во војна растат потребите за човечки ресурси за воената индустрија и вооружените сили, заради што мора да се врши прераспределба на работната сила и нејзино земање од производството и сферата на услугите. Доколку нивото на развиеност на производствените сили, а особено продуктивноста на трудот е поголема, постои можност да се

одделат поголеми контингенти на работна сила за воената индустрија и за потребите на вооружените сили.

Прашање од особено значање е подготовка на економиката за војна. Во услови на мир се создаваат мобилизациски резерви на воени средства, кои обезбедуваат мобилизациски развој на вооружените сили и водење на воени дејствија, во одреден период по започнување на војната (во почетен период од војната). Паралелно со тоа се обезбедува мобилизациска готовост на воената индустрија и вкупната економика, т.е. нивната готовост за брз и организиран премин на производство на воена продукција. Така на пример, САД располагаат со такви резерви на капацитети на некои гранки од воената индустрија кои неколку пати се поголеми од потребите на тековното производство (воздухопловна индустрија, производство на ракети, тенкови, бродови и др.). И покрај тоа што такви капацитети можат во секое време да бидат активирани, тие сепак не ги задоволуваат потребите на класичната војна од големи размери. Поради тоа се наметнува прашањето за мобилизациска готовост на целокупната економика. Во претпријатијата под раководство на Министерствата за одбрана се разработуваат мобилизациски планови за развој на масовно воено производство во услови на војна.

Обемот на материјални средства кои се трошат за воени потреби зависи од политиката на државата, нивото на економска развиеност и карактерот на војната. Учеството на тие трошоци се мери со процентуално учество према вкупниот домашен производ или национален доход, или во апсолутни износи на вредноста на воените расходи, односно на буџетските средства наменети за одбраната.

Едно од најважни прашања во мир е економично трошење на средствата кои државата ги издвојува за воени потреби. Проблемот е заострен со непрекинато зголемување на темпото на развој на воената техника, забрзување на замена на вооружувањето и рапидни поскапувања на новите системи на вооружувања. Тоа ја потенцира противречноста од

потребата за постојано зголемување на нивото на издвојувањето за одбраната од една страна и ограниченоста на расположливите средства и потенцијали за развој на националната економија, од друга страна. Станува збор за дихотомија која секоја стабилна и зрела економија мора да ја разреши, а при тоа да обезбеди стабилен и доврелив систем за одбрана и непрчен динамичен стопански развој.

3.1.3. Национална безбедност и глобална економија

"Ниту еден човек не е остров" ("No man is an island")

Човекот како општествено суштество не може да опстојува сам и ниту една држава не може успешно да егзистира, изолирана од светската економија. Цитираната изрека ја истакнува суштината на потребата од глобализација на светската економија. Во светската историја бележиме мал број на примери на држави кои беа автархични и ја развиваа сопствената економија изолирано од другите држави. Повеќето од државите се потпираа на светската економија за да обезбедат финансиски и материјални средства неопходни за економски развој. Експеримент за изградба на автархична држава правеше и Албанија, што резултираше со катастрофално заостанување на нејзината економија. Дури и економски силни земји, од типот на САД и Русија со огромен природен и економски потенцијал, не се во можност да опстанат без економска соработка со странство.

Развојот на националните економии директно кореспондира со глобалната светска економија. Националните економии се под постојано влијание на настани и околности во други држави, во регионите и конечно, во целиот свет, кои се пресликуваат и директно или индиректно го профилираат работењето на националната економија. Согласно на тоа, националната економија треба да се разгледува како дел од глобалната економија и постојано треба да тежнее да ги диверзифицира облиците и начините за

пошироко отворање и вклучување во меѓународната економија. Светската економија нуди можности за споредба и контрола на производствените програми и резултати (на макро и микро економско ниво) и врши нивна конкретна валоризација и афирмација. Од есенцијална важност е фактот, што меѓународните светски пазари претставуваат неограничен простор за пласман на стоки, услуги и развој. Ваквото дефинирање на меѓународниот пазар ја потенцира потребата од мобилност на факторите за производство и интернационализација на работењето на компаниите, како императив за нивен опстанок и предуслов за успех во бизнисот. Тука ги детектираме причините за рушење на бариерите помеѓу националните економии и глобализација на светската економија. Бизнисот бара широки простори за негово успешно работење и остварување на неговата иманентна цел, повисоки профитни стапки.

Меѓународниот капитал се движи со брзина на светлоста од една во друга земја (не)исполнувајќи ги надежите и соништата на луѓето. Не постои дел од светот имун на барањата за повисоки профити. Ограничените потенцијали на пазарите на националните економии ја генерираат појавата на мулти-националните компании. Големи се придобивките од глобализацијата на економијата, која атомизираните национални пазари ги сублимира во единствен, заеднички, светски пазар. Разбирањето на ефектите од глобализацијата е од суштинско значење за да можеме да ги лоцираме "дивидендите" од неа, но исто така, и "консеквенците" врз националната економија. Глобализацијата го олеснува пласманот на конкурентните стоки на странските пазари, движењето на капиталот и работната сила, ги афирмира придобивките на светската економија во националната економија, а во исто време, домашната економија ја презентира и отвора према светот.

Вклучувањето во глобалната економија претставува всушност, борба за нови пазари во странство, што е од исклучителна важност за успешно функционирање на националната економија и неделиво прашање на

деловната политика на компаниите, паралелно со заложбите за зачувување на позициите во земјата. Ваквата определба повратно влијае на забрзување на стопанскиот растеж на земјата, што се гледа од показателите кои го истакнуваат фактот што, отворените према странство економии бележат просечен раст од 3,6% годишно, за разлика од заштитените стопанства кои растат приближно околу 1% годишно. Во економската теорија и пракса познат е примерот на агресивната и радикална надворешно-трговската политика на Јапонија под мотото: "Да се извезе или умре", што всушност многу грубо ја отсликува реалноста на глобалната економија, но во исто време, го открива патот на успехот, преку афирмација и развој на националната економија. Опстанокот и развојот на домашната економија директно е врзан со освојувањето на странски пазари.

Додека во контекст на развојот на националната економија, глобализацијата нема алтернатива, отворањето на националната економија кон другите држави има противречни ефекти врз националната безбедност. Станува збор за одредени дилеми, кои се резултат на противречноста помеѓу националистичките концепции за безбедноста и глобализацијата на економијата.

Во анархичното меѓународно окружување, државите се одговорни за обезбедување безбедност и социјална сигурност за своите граѓани. Но во исто време, сите фактори на производство се движат слободно од една земја во друга. Глобализацијата на производството директно генерира развој на националната економија, но од друга страна, кај воениот сектор се појавуваат противречни тенденции. Имено, уште во историјата државите се обидувале да изградат автархични воени индустрии, индустрии кои ќе се потпираат на капацитетите и средствата во националната економија. Меѓутоа, ретки се државите кои и успеале во тоа. Државите морале да се свртат кон странските добавувачи на суровини, а подоцна и кон обезбедување на технологија за воената индустрија од странство. Единствено САД и Советскиот Сојуз успеале донекаде да постигнат самостојност во воената индустрија. Меѓутоа,

автархичноста повеќе не може да претставува главна стратегија дури ни во воената индустрија, поради фактот што државите се повеќе се насочуваат кон меѓународната економија за стоки и услуги. Тоа значи потреба од редефинирање на работењето и позицијата на воената индустрија.[38]

Објаснувањето на прашањето на глобализацијата на економијата и националната безбедност, мора да започне со дискусијата за концептите на "зависност" и меѓузависност". Овие термини често се користат во дебатите за национална безбедност и ризиците од глобализацијата.

Во основа, потпирање на една земја на странска технологија, енергија или капитал за потребите на одбраната и економски развој, всушност претставува зависност. Зависноста значи состојба кога државата е под целосно или силно влијание од надворешни сили. Така, во поголемиот дел од историјата, САД се сметаа како доволни сами за себе за обезбедување на стоки и услуги. Меѓутоа, промената во ставот се случи во 1973 година кога ОПЕК[39] стави ембарго на извозот на нафтата за Америка, како одговор на подршката што САД му ја даваа на Израел. За многу кратко време цената на нафтата порасна за четири пати и настана голем недостаток од неа, а Американската економија западна во состојба на стагфлација. Нафтното ембарго ја соочи Америка со фактот дека и она, како и другите развиени земји, се зависни од странските извори на енергија. Се разбира, познати се примери и на уште посилна економска зависност помеѓу земјите, од примерот со нафтното ембарго. Така во триесетите години од дваесетиот век нацистичката Германија развиваше силни економски односи со Источно Европските земји, регион кој по Првата Светска војна беше под силно влијание на Англија и Франција. Германците купуваа земјоделски производи, давајќи им на земјите од тој регион преференцијални царински стапки, а за сметка на тоа пласираа индустриски производи по пониски цени од пазарните.

---

[38] Ethan Barnaby Kapstein. *The Political Economy of* ....., стр.27

[39] ОПЕК- Здружение на земји извознички на нафта (OAPEC-Organization of Arab Petroleum Exporting Countries)

Тоа претставува пример на економска политика, стратегија со која Источна Европа стануваше зависна од Германската економија и поради која конечно, се најде под силно политичко влијание. Јапонците го следеа примерот на Германците и спроведуваа слична политика во Источна Азија пред Втората светска војна.[40]

Примери на зависност само во една насока се ретки во меѓународната политика. Многу почесто помеѓу државите постои меѓусебна зависност. Така на пример, САД зависат од странски извори на енергија, но од друга страна тие земји се трговски партнери со САД, купуваат оружје и други стоки од неа или едноставно зависат од доларите, за развој на нивните економии. Можеме слободно да констатираме дека во светската економија постојат безброј вакви примери на меѓусебна зависност помеѓу земјите.

Во врска со прашањето за зависноста на земјите од енергија и суровини, можеме да кажеме дека многу земји можат да бидат релативно независни со сопствените ресурси, ако одделат средства за развој на алтернативни горива и супститути на сировините. Меѓутоа, проблем кај таквата стратегија е високата цена, односно пренасочување на значаен дел од ограничените финансиски средства на државата од други проекти. Креаторите на политиката треба да балансираат помеѓу зависноста и барањата за национална безбедност. Така дефинираната стратегија мора да одговори на барањата како на воениот така и на цивилниот сектор. Во контекст на снабдувањето со енергија, суровини или други индустриски производи, државите можат да интервенираат на еден од три познати начини: прво, можат да влијаат на понудата, второ, на побарувачката или трето, директно, преку контрола на цените. На понудата може да се влијае преку диверсификацијата на добавувачите од повеќе различни држави, преку зголемување на производството во земјата од која средствата се набавуваат или преку креирање на супститути. На побарувачката може да се влијае со

[40] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* ....., стр.186

примена на различни ограничувачки мерки со кои се лимитира користењето на тоа специфично средство или суровина. На цените може да се влијае преку нивна директна или индиректна контрола.

Можеме да заклучиме дека зависноста од странски извори на енергија и суровини претставува проблем за националните економии и за големите сили. Користење на алтернативни извори е тешко изводливо во пракса, заради нивната висока цена на чинење. Меѓутоа, исто така, факт е дека многу земји, а особено развиените, немаат либерален laissez-faire приод кон енергијата и суровините, туку ги комбинираат мерките на либерализмот и нео-меркантилизмот. Тоа значи дека се користат различни политики за одбрана на националните економски и воопшто безбедносни интереси.

Покрај зависноста од енергетски извори и суровини, технолошката зависност, претставува исто така, облик на одржување на зависноста на земјите или облик преку кој се изразува противречноста помеѓу отвореноста на глобалната економија и автархичниот приод кон воената индустрија или безбедноста воопшто. Примери на технолошка манипулација и контрола има многу. Така на пример, САД ја попречија продажбата на технологијата на супер компјутери на земји како Бразил, поради стравот дека тие би можеле да ги искористат компјутерите за создавање на нуклеарно вооружување. Во шеесетите години на дваесетиот век САД истото го имаат направено на Франција, со цел да се оневозможи создавање на нуклеарни арсенали и во таа земја. За време на војната во Виетнам, Јапонија одби да продаде одредена воена технологија на САД, итн.[41]

Современата дискусија за технолошката (не) зависност во многу земји се врти околу три основни прашања. Прво прашање е, која е соодветна улога за владите за стимулирање на технолошкиот развој? Второ е прашањето за улогата на владите за заштита на домашната индустрија која произведува

[41] Исто. стр.187

производи од критично значење за националната безбедност? Трето прашање е за улогата која треба да ја игра владата во попречување или привлекување на странски инвестиции во индустријата, која работи за потребите на секторот на одбраната?

Во трудовите на класичните економисти можеме да најдеме изненадувачка поддршка за тезата дека државата треба да игра значајна улога во поддршката на базичните истражувања и развојот. Економистите тврдат дека истражувањето и развојот генерираат позитивни влијанија кои конечно резултираат со бројни бенефиции за општеството. Поради фактот што бенефициите не се ексклузивитет само за претпријатието кое ги врши истражувањата и развојот, туку ги користат сите, компаниите се обидуваат да инвестираат помалку отколку што е неопходно за едно општество. Поради очигледното ограничувачко влијание на пазарот, се наметнува потреба од државна интервенција во стимулацијата на истражувањето и развојот.

Во сите развиени индустриски земји, среќаваме значителна државна поддршка за технологиите кои се во врска со одбраната. Така, во САД уште во 1940 година е направено партнерство помеѓу владата, индустријата и универзитетите за спроведување на истражувања и развој на техологиите за одбрана, и тоа се уште трае. Преку форма на разни агенции, државата ги собира на едно место истражувачите од науката и инжинерите од компаниите, со цел да се развива најразлична технологија за поддршка на вооружените сили. Меѓутоа, во услови на глобализација на светската економија, јасно е дека резултатите од таквите истражувања, тешко можат да останат придобивка само на една држава. Тие се пренесуваат и на останатите земји во светот. Тоа не значи дека земјите треба да ги ограничат своите вложувања во таа насока. Напротив, треба да се оди кон заеднички вложувања, кон реализација на заеднички национални проекти. Во рамките на Европската заедница такви програми веќе функционираат во голем број на сектори. Од друга страна, во светот каде безбедноста на една нација-држава се дефинира како релативна позиција во меѓународниот систем, а не

како дефинитивна состојба, можностите за заеднички програми кои водат кон изградба на современа воена технологија, остануваат ограничени.

Процесот со кој технологиите се распространуваат низ светот е сеуште предмет на научни дебати и без единствено прифатено објаснување. Можеби најпозната е теоријата за "животниот циклус на производот", теорија развиена во шеесетите години на дваесетиот век од Рејмонд Вернон [42]и неговите асистенти на Харвардската Бизнис Школа. Во кратки црти, теоријата тврди дека иновацијата на производот започнува во една земја. После извесно време производот се извезува на странски пазари. Подоцна, производот почнува да се произведува и во други земји. Циклусот се завршува кога странската земја почнува да го извезува производот во земјата во која започнало производството на тој производ. Пример на таквиот циклус е производство на ТВ приемници. Колор телевизори беа произведени за прв пат во САД, а во шеесетите започнува и нивен извоз во светот. На крајот од шеесетите и почеток на седумдесетите, колор телевизори почнуваат да се произведуваат во повеќе земји, вклучувајќи ја и Јапонија. Во осумдесетите години, повеќето од продадените телевизори во САД беа направени во Источна Азија.

Кај технологиите кои се однесуваат на одбраната, станува збор за нешто поинаква состојба. Имено, тие остануваат зад границите на државата и не се одобрува нивно продавање на потенцијалните конкуренти, се до моментот на надминување на нивната технолошка супериорност. Имено, државите ги селектираат технологиите врз база на нивната моќ за унапредување на постоечките системи на оружје, за обезбедување на нови можности или за зајакнување на индустриската база. Така на пример, Министерството за одбрана на САД во деведесетите години има изработено "Критичен технолошки план" со кој се идентификуваат критични технологии за одбраната, табела бр.5.

[42] Raymond Vernon, Harward Business School

Таб.бр.5[43]

ДВАЕСЕТ КРИТИЧНИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Полупроводници и микро електронски компоненти;
2. Компјутерски софтвер;
3. Паралелна компјутерска архитектура;
4. Интелигентни машини и роботи;
5. Симулирање и моделирање;
6. Фотоника;
7. Сензитивни радари;
8. Пасивни сензори;
9. Процесори за врски;
10. Контрола на потписите;
11. Пулсна сила;
12. Флуидна динамика;
13. Фузија;
14. Пропулзија на дишењето;
15. Супербрзи проектили;
16. Материјали отпорни на висока енергија;
17. Суперпроводливост;
18. Биотехнологија
19. Композитни материјали;
20. Климатско оружје;

Многу е тешко да се претпостави дека микро економскиот сектор може да се ограничи во дистрибуирањето на производите и технологијата, но сепак државите се обидуваат да влијаат во таа насока. Општо е прифатен ставот, дека преку инвестиции во образованието, државите влијаат на постигнување технолошката конкурентност на своите економии. Ова посебно се однесува на студии, кои се критични за националната безбедност. Освен ова, државите треба да создаваат макроекономски амбиент кој ќе ги охрабрува инвестициите и иновациите.

Во врска со прашањето на заштитата на домашната индустрија во име на националната безбедност, можеме да констатираме дека, таквата заштита

[43] Извор: Министерство за одбрана на САД (US Department of Defense)

е поврзана со бројни проблеми. Заштитата пред се е скапа и за резултат има повисоки цени, помало производство и го содржи ризикот од заостанување на развојот на домашната технологија, заради не можноста од конкуренција и споредба со производството на меѓународните пазари. Таквата протекционистичка политика се операционализира преку воведување на увозни квоти, волунтаристички ограничувања на извозот, царини, даноци, билатерални спогодби и сл.

Паралелно со опаѓањето на воените расходи во светот се шириле процесот на глобализација на светската економија, така што прашањето за улогата на државата во заштитата на индустријата и стимулирање на развојот стануваше се покомплексно и потешко. Државите го гледаат прашањето на економската конкурентност како проблем на националната безбедност и го насочуваат своето влијание кон обезбедување на соодветен макроекономски амбиент, со цел да се стимулира економската активност на микро ниво.

Прашањето за директни странски инвестиции во воената индустрија или индустрија која кореспондира со воениот сектор, е прашање кое неодминливо се наметнува во современиот миг на економска глобализација. Податоците за пет главни држави, инвеститори во САД, покажуваат дека Британија има инвестиции од 102 милијарди долари, Јапонија 53, Холандија 49, Канада 27 и Германија 24 милијарди долари.[44] Голем дел од странските инвестиции се лоцирани во индустријата која соработува со воениот сектор. Иако прашањето на странските инвестиции може да се разгледува од политичка, економска или воена гледна точка, во нашиот фокус е безбедносната димензија. Имено, ваквата состојба наметнува прашања: прво, да ли вооружените сили имаат неограничен пристап во компаниите кои се во странска сопственост; второ, да ли странските сопственици ги почитуваат ограничувањата за извоз на воена технологија и вооружување и трето, да ли

[44] Исто, стр.196

странските сопственици ги користат претпријатијата единствено како средство да стигнат до многу значајни научни сознанија или за таканаречена индустриска шпијунажа.

Сметам дека до одговор на поставените прашања можеме да дојдеме преку анализа на неколку примери. Така, во 1987 година Јапонската компанија "Fujitsu" го најави планот да ја купи компанијата "Fairchild Semiconductor" од Калифорнија, фирма која претставуваше дел од Францускиот гигант "Shlumberger" и која имаше проблеми во работењето. Fairchild имаше големи загуби неколку години наназад, а во исто време имаше потреба од поголеми инвестиции да може да остане конкурентна на светскиот пазар. Потрагата по домашни купувачи на Американскиот пазар не даде резултат, додека Fujitsu понуди 400 милиони долари за купување на процент од претпријатието. Во повеќето случаеви, гледано од економски аспект, тоа би бил "happy end". Меѓутоа, во овој случај на дело се покажа протекционизмот. Се појави страв дека Јапонците преку претпријатието можат да добијат пристап кон напредни технологии на САД. Администрацијата на Реган, со образложение за заштита на националните безбедносни интереси, стави вето на продажбата. Случајот се затвори на крајот на истата година кога претпријатието беше продадено на Американска компанија за сума од 120 милиони долари, или 280 милиони долари помалку од понудената сума од Јапонците. Сличен е примерот од 1990 година кога администрацијата на Буш забрани продажба на Американско претпријатие за производство на делови за авиони на Кинеска државна компанија, со образложение дека Кинезите би можеле да ја користат технологијата која е забранета за извоз, а може да се користи и за воени цели.

Случајот на компанијата Fairchild претставува класична демонстрација на ставот кон странските инвестиции во индустријата која работи за потребите на секторот на одбраната. Можеме да заклучиме дека и покрај ставот за слободен ток на капиталот, технологијата и работната сила во ерата на економска глобализација, се јавуваат проблеми во врска со

странските инвестиции во воената индустрија. Капиталот, во потрага по ефтини средства и нови повисоки профити не познава граници. Но, од друга страна, се јавува мешање на политиката во меѓународните бизнис трансакции, така што, како што се гледа и од посочените примери, конечниот збор, секако не го дава економијата.

Зависноста од странство за витални ресурси и технологии е природно нерешлив проблем за државите и нивната национална безбедност. Обидите за пронаоѓање на алтернативни извори на енергија се покажаа како економски неуспех. Анализата на глобалните економски движења покажува дека често законите на laissez faire економијата се стават на страна, за сметка на протекционизмот и трговските рестрикции. Државите превземаат различни мерки за решавање на проблемите и реализирање на своите интереси во анархичното меѓународно окружување. Цената на државната интервенција во економијата може да биде многу висока, (пример. блокадата на продажбата на Fairchild, во износ од 280 милиони долари), со често нејасна и не дефинирана корист за националната економија. Претпоставката дека технологиите можат да бидат сочувани на национално ниво се под голем знак на прашање. Како мултинационалните компании се шират на глобално ниво, државите ја губат сигурноста кој има контрола врз истражувањата и развојот во воени цели и каде завршуваат готовите производи. Во такви услови протекционизмот станува неефикасно решение за проблемот на одбраната. Едно можно "решение" за проблемот на глобализацијата можеби е создавањето на меѓународни заеднички вложувања. Тоа значи дека за државите е поприфатливо купувањето од компаниите каде има учество и на нивни претпријатија. Со тоа се одржува впечатокот дека се купува од домашната индустрија и дека се задржува контролата врз технологијата.

Проблемот на националната безбедност во глобалната економија има тенденција да стане многу покомплексен во следните декади. Државите остануваат одговорни за обезбедување на безбедноста и на социјалната

состојба на граѓаните, но од друга страна, тие мора да бараат стоки и услуги на глобалниот светски пазар. Глобализацијата на економијата генерира поделба на трудот, што носи ризици за националната безбедност, преку создавање на зависност од други држави. Решението за таквите состојби лежи во создавање на поволен макроекономскиот амбиент во националните економии. Имено, ако државата не создаде поволна клима за привлекување на инвестициите и активност на претпријатијата, микроекономските интервенции имаат слаб ефект. Освен тоа, државата може да игра позитивна улога во поддршката на базичните истражувања и школувањето на сите нивоа. Индустриско таргетирање, протекционизмот и други такви мерки на микро ниво, значат решавање на состојбите од случај до случај, и не можат да се прифатат како генерална политика за воената индустрија. Ефектите на глобализацијата треба да се гледаат не како опасност за националната безбедност и загрозување на индустријата која работи за потребите на одбраната. Глобализацијата треба да се разбере како директен генератор на развојот, а развојот директно кореспондира со безбедноста на државата. Државата треба да ги прифати предизвиците на глобализацијата во сите сфери на репродукцијата, со што де факто се зацврстува и националната безбедност. Глобализацијата на воената индустрија е несопрлив процес, компатибилен со националната безбедност.

3.1.4. Финансирање на одбраната

3.1.4.1 Економска димензија на одбраната

Анализа на поврзаноста и зависноста на воениот сектор од националната и меѓународната економија открива широка лепеза на односи и корелации меѓу економијата и сегментот на одбраната. Станува збор за извонредно значајна група на прашања кои се фокусирани на финансирање на одбраната, военото производство и надворешната трговија и националната

безбедност. Еднакво значајни за анализа се и аспектите на односите помеѓу националната безбедност и економскиот развој.

Државите се, помеѓу останатото, задолжени да обезбедат колективни, јавни добра и услуги за граѓаните. Помеѓу тие интереси, ниту еден не е од толку витално значење како што е безбедноста и сигурноста од надворешни напади и домашна нестабилност. Државите уште во историјата развиле значајни воени и полициски капацитети. Улогата на државата е доминантна во сите аспекти на воените подготовки, вклучувајќи го финансирањето на националната одбрана, производството на вооружување, развојот и растежот. Прашањето на одбраната треба да се разгледува како отворен систем, така што проблематиката на мобилизирање за одбраната и финансирањето не е само внатрешно прашање на една држава туку преставува и дел од меѓународниот безбедносен и економски систем.

Државната интервенција во областа на одбраната се остварува преку три сегменти: прво, таа ги мобилизира ресурсите во општеството; второ, ја организира и поддржува продукцијата на вооружување и опремата и трето, го прати научното истражување и развојот на новите технологии кои ја зголемуваат воената моќ на вооружените сили. Државата се потпира на индивидуи, фирми и странски влади за финансирање и за снабдување со суровини. Прашањето на одбраната е компатибилно со меѓународните економски односи. Автархичниот став кон проблематиката на меѓународните економски односи не е во согласност со системски правилната поставеност на системот за одбрана. Меѓународната трговијата е од стратегиски интерес за државите да ги зголемат своите воени капацитети. Подеднакво важно е да се потенцира значењето и односот помеѓу одбраната и економијата на сите три нивоа на економијата: макро, микро и меѓународна економија.

Историски, најзначајната економска активност на државата е обезбедување на националната безбедност. Трошоците на војната се опасност за државата, тие ја уништуваат нејзината основа, нејзините финансии и

целокупната национална економија. За да ја одржуваат воената моќ со која превентивно ќе делуваат државата да не биде вовлечена во вооружен судир, владателите барале методи на финансирање на вооружените сили. Начинот на финансирањето на воениот сектор не е резултат на економска одлука, но е најчесто политичка одлука која зависи од фактори како релативната сила на владата vis-à-vis општеството, популарноста на воената кауза и националните ресурси на државата. Во историјата, обидите за финансирање на воениот сектор започнуваат со воведување на оданочувањето на граѓаните со цел да се исполнат обврските према истиот, за да продолжат со барање на алтернативни извори преку задолжување во земјата и надвор од неа.[45]

Воените расходи имаат значителен ефект врз целата макроекономија, а историски најчест е ефектот на инфлацијата. Ваквото инфлаторно делување ги прави економските субјекти претпазливи и противници на воениот авантуризам и енормното зголемување на воените расходи. Во следната елаборација ќе прикажеме методи на финансирање на националната безбедност и ефектите на воените расходи врз макроекономијата.

3.1.4.2. Финансирање на одбраната: лекции од историјата

Одбраната е многу скапа активност која мора да биде финансирана првенствено преку даноци или позајмување. Двата методи биле познати и ги донесувале владателите пред сериозни искушенија и може слободно да се тврди дека воено успешни држави биле оние кои помеѓу другото можеле да одржат високо ниво на финансирање на воениот сектор.

Во средновековната Европа, најдоброто оправдување за оданочувањето била војната. Дури ниту подготовките за војна не го правеле собирањето на даноците лесно, туку само војната овозможувала покачување и оправдување на даноците.

---

[45] Ethan Barnaby Kapstein. *The Political Economy*.....l. стр.21

За време на шеснаесетиот и седумнаесетиот век Европа навлегува во етапа на "воена револуција". Суштината на истата е развојот и растежот на армиите, морнарицата, воведување на нови оружја и слично. Финансирањето на ваквите вооружени сили наметна потреба од нови извори на финансирање и екстракција на поголеми финансиски средства од општеството преку директното и индиректното оданочување.

Во Британија, главните форми на оданочување за финансирање на воената револуција биле царините (што го нагласува значењето на меѓународната трговија), акцизите, особено на алкохолот и данокот на имот. И покрај проблемите присутни при собирањето на даноците, се претпоставува дека 90 % од државните приходи се остварувани преку овие инструменти. Релативно ефикасниот систем на собирање на приходите им даваше на Британците стратегиска предност пред нивните континентални ривали. Од друга страна Франција се потпираше на директното оданочување кое наоѓаше на сериозни спротивставувања кај трговците и ситните мануфактури. Споредено со ова, акцизите и царините се релативно невидливи и ги повредуваат посебните економски активности.

Осигурувајќи го приливот на средствата од собирањето на даноците, Британија можеше да се потпре на други видови на финансирање на одбраната, како што се јавните кредити и задолжувањето во странство. Сигурноста на системот на прибирање на даноците овозможуваше пристап кон нови и поголеми извори на финансирање. Тука лежи и главната врска помеѓу оданочувањето и дефицитното финансирање. Заемодавачите бараат доверливост на заемобарателите дека можат да ги вратат средствата и да платат интерес на истите. Британскиот даночен систем тоа го овозможуваше.

Со секоја нова поголема војна, се развиваа новите форми на оданочување, како израз на потребите на владите за поголеми финансиски средства. Така, во Првата светска војна се воведува данок на приход, а во Втората, данок на промет. Меѓутоа, многу влади се претпазлививи во обидот

да ги зголемуваат давачките на своите граѓани и фирмите поради силниот отпор и губиток на популарноста.

Даноците не можеа да одговорат на растот на трошоците за одбраната и војните, едноставно не беа доволни. Во раниот колонијален период, монарсите ги дополнуваа своите финансии со увоз на злато и сребро од новиот свет, или со продажба на кралскиот имот. Сите вакви токови на прилив на средства беа несигурни и неовозможуваа континуиран прилив на средства. Се јави потребата од нови методи за да се обезбедат средства за вооружување, луѓе и војна.

Експанзијата на конфликтите во Европа и нараснатата потреба од средства за реализација на воената револуција, водеше кон "финансиска револуција" во периодот на доцниот седумнаесети и раниот осумнаесети век. За време на тој период, Европските земји ги развија банкарскиот систем и кредитен пазар. Овие институции ги канализираа заштедите во јавниот сектор и од таму во воениот сектор.

Примарен механизам за финансирање на одбраната беа обврзниците. Пазарот на обврзниците зависеше од две критични варијабли: прво, од постоење на пазар на заеми и второ, од заемобарателi со способност да ги исполнуваат обврските по кредитите. Во ваквата организираност на финансирањето на јавните функции на државата најдалеку во тоа време отиде Холандија, богата земја со многу развиени финансии и меѓународна трговија. Ваквиот развој неодминливо водеше кон развој на "фискално-воена" држава во почетокот на осумнаесетиот век. Таквата државата беше централизирана, со развиен пазар на кредити и огромен воен апарат, која доминираше на светската политичка сцена во следниот век.

Доминантен облик на финансирање беа краткорочните државни обврзници кои носеа интерес на имателите, меѓутоа истите не можеа да го понесат товарот на финансирање на воениот сектор во услови на долготрајна војна. Во такви услови, најчесто доаѓаше до кредитни кризи, кои стануваа се

подлабоки согласно должината на воениот судир. До деветнаесетиот век повеќето големи сили развија софистицирани системи за прибирање на приходи. Преку воведување на разни даноци и обврзници, државниот апарат беше во можност да го зголеми фондот за финансирање на одбраната или војната. Најголем исчекор во овој правец е направен по Првата светска војна. На пример, во Британија една третина од трошоците на војната беше финансирана преку зголемување на даноците, 57% преку издавање на домашните обврзници а преостанатите 14% преку задолжување во странство. Во Франција теретот на финансирањето на војната најмногу падна на задолжување дома и во странство, а многу помалку на зголемување на даноците. Иста беше и позицијата на Русија, додека САД и Германија се потпираа исклучиво на домашните фондови.[46]

За време на Втората светска војна, значењето на обврзниците како инструмент за финансирање на воениот сектор, стана уште позначајно. Ова се должи на фактот што владаечките кругови на државата станаа свесни за непопуларноста на политичката одлука за зголемување на даноците кај јавноста. Владите на САД, Голема Британија и нацистичка Германија развија софистицирани рекламни кампањи за продажба на воени обврзници. Во САД "Либерти и Виктори"[47] обврзници се продаваа преку дневниот печат и радиото, како и непосредно од страна на воени херои.[48] Вработените автоматски одвојуваа дел од своите заработувачки за купување на обврзниците. Ваквата форма на "задолжителна заштеда" беше иновирана од Кејнз[49].

Малку војни се финансирани со толку широка подршка на јавноста како Втората светска војна. Војните се непопуларни кај народот, се разбира освен ослободителните и владите требаат да бараат разни методи да плаќаат

[46] Gavin Kennedy, *Defense Economics*.стр.60
[47] "Liberty" и "Victory"
[48] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* стр.23
[49] John Maynard Keynes

за нив. Така САД се одлучи да ја финансира војната во Виетнам со буџетски дефицит, а не преку зголемување на даноците. Ова рефлектира политичка, а не економска логика и избор и сугерира на многу мала јавна подршка на војните. Адам Смит потенцираше дека одобрувањето на зголеменото оданочување од страна на граѓаните преставува најголем тест на јавната подршка на војната. Од изнесеното може да се заклучи дека финасирањето на одбраната е прашање со висок политички сензитивитет.[50]

3.1.4.3. Буџет за одбрана- помеѓу политика и безбедност

Финасирањето на одбраната претставува извонредно значајна активност која директно го детерминира и профилира нивото на национална безбедност. Согласно теоријата, националната безбедносна стратегија произлегува од буџетот за одбрана. Може слободно да се истакне дека националната безбедносна стратегија и буџетот за одбрана се неделиви. Националната безбедносна стратегија преставува темел врз кој мора да се гради буџетот за одбрана.[51]

Создавањето на буџетот за одбрана, како и секој друг буџет, претставува политички процес. Тој опфаќа алокација на ресурсите, а начинот на распределба на ограничените ресурси преставува еден од централните проблеми на политичката теорија. Буџетот за одбрана секогаш не носи пред еден од класичните проблеми и дилеми "производство на пиштоли versus производство на путер", односно сооднос помеѓу производство на стоки за цивилна потрошувачка од една и стоки за потребите на одбраната од друга страна. Ваквиот сооднос е од исклучително значење за производителите кои ги оценуваат можностите за производство, односно им се сугерира асортиман и ниво на производство. Предизвикот за фирмите е да се пронајде вистинското производство, оптимално ниво на произведени стоки кои

[50] Gavin Kennedy, *Defense Economics*.стр.21
[51] Caspar Weinberger, поранешен Секретар за Одбрана на САД

максимално им ги зголемуваат приходите. Од друга страна, за владата, предизвикот е во тоа да се оптимизира буџетот за одбрана за да се постигне најдобар сооднос помеѓу производството на стоки за одбрана и стоки за цивилна потрошувачка.

Буџетот за одбрана претставува витална врска помеѓу политиката за одбрана и националната економија. Тој преставува де факто краен производ од процесот на: прво, идентификација на националните интереси на една земја; второ, проценка на заканите на тие интереси; трето, формулирањето на одбрамбената политика како одговор на тие закани; четврто, одредување на најефикасна комбинација на факторите- сили, оружје, работна сила за да се реализира одбранбената политика; петто, предлагање на буџетот за одбрана кој треба да одговори на поставените барања. Буџетот за одбрана претставува многу комплексна политичко-економска задача. Поради фактот што станува збор за највисока ставка во буџетот на државата, што содржи многу дискрециони точки и поради фактот што се воените издатоци важни за многу субјекти во државата и надвор од неа, тоа е најмногу политизираната ставка во државниот буџет.

Друг аспект на финансирањето на воените расходи е контролирањето на цивилната потрошувачка и каналзирањето на извонредно голем износ на парични средства од потрошувачката кон воениот буџет. Меѓутоа, интервенцијата на државата во овој правец резултира со бројни макроекономски импликации и проблеми, како на пример, пораст на стапката на инфлација, рецесија, пад во надворешно-трговската размена или селење на инвестициите во други земји.

Уште во осумнаесетиот век економистите дојдоа до заклучок дека порастот на воените расходи и војните водат кон финансиски кризи и најчесто инфлација. Потребите за финансирање на воениот сектор и исполнување на сите обврски во услови на војна, ја наметнуваат потребата од енормно зголемување на јавниот долг и воопшто на зголемување на понудата

на пари во националната економија. Кумулативниот ефект на краткорочното задолжување е инфлаторен, што станува се поочигледно приближувајќи се кон крајот на војната. Тогаш на површина излегува нерамнотежата помеѓу стоковните и паричните фондови, помеѓу вкупната агрегатна понуда и побарувачка. Војните водат не само кон зголемување на количеството на пари во оптек, туку и кон зголемување на цените на стоките. Опасноста од зголемувањето на даноците како и тенденцијата на населението да прават залихи на стоки за време на војна, вршат притисок на цените на стоките на прехрамбените продукти, но и на стоките за широка потрошувачка. Зголемената побараувачка на стоки на пазарот најчесто не може да биде покриена од увоз поради ранливоста на бродските транспорти во услови на војна. Ваквата состојба во транспортниот сектор дополнително ја отежнува ситуацијата преку зголемување на транспортните трошоци (пред се цената на осигурувањето) кои директно влијаат на покачување на цените на увозните стоки.[52] Војната води до намалување на производството, како резултат на недостаток на некој од факторите за производство, додека на страна на побарувачката на стоки, генерира исклучително висока побарувачка. Дискрепанцата која настанува за резултат има повисоки цени на стоките. Отсуството на приватни инвестиции, пореметување на трговијата, зголемување на количеството на пари во оптек и алокација на факторите за производство за војна водат до запирање на стапката на економски растеж на земјата и де факто негативна промена на економските перформанси на државата.

Негативното влијание на буџетот за одбрана најчесто се појавува во форма на сопирачка на стопанскиот развој и во состојба на мир, кога предимензионираниот буџет преставува неиздржлив товар за националната економија. Состојбата може дотолку да се влоши, ако станува збор за состојба во континуитет, да дојде до ретроградно движење на показателите за

[52] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* стр.44

работењето на националната економија. Имено, како резултат на пореметување на односите во општествената репродукција во националната економија и несоодветен однос помеѓу првиот и втор оддел и реалокација на општествената акумулација кон предимензионираниот воен сектор се јавува намалување на стапката на стопански раст, па дури и нејзин негативен тренд, што води кон "исцрпување" на силата на стопанството и експлицитно намалување на националниот доход. Ваква состојба беше карактеристична за поранешниот Советски Сојуз во време на Студената војна, кога наметнатата трка во воружување беше претежок товар за националаната економија на СССР и доведе не само до уништување на поголем дел од стопанството, намалување на нивото на животниот стандард на населението, туку и до распаѓање на државата.

Одбранбениот систем изграден врз основа на расположливите ресурси и материјални можностите на земјата мора да ги извршува функциите и задачите кои се сврзани со одбраната, а при тоа да не влијае на нарушување на општествената репродукција. Суштина на проблемот е изнаоѓање на оптимална комбинација на економскиот систем и системот за одбрана, кои ќе влијаат на обезбедување на непречен стопански развој и ќе го гарантираат успешното функционирање на одбраната.

3.1.4.4. Методи за креирање на буџетите за одбрана

Буџетот за одбрана може да се разгледува како рефлексија на односот на општеството према одбраната или претставува производ од процесот на политичко пазарење помеѓу различни интересни групи и воено-индустрискиот комплекс. Буџетот за одбрана покажува како расходите се алоцираат за опрема, персонал, инфраструктура и други потреби неопходни за остварување на одбраната. Анализата на воените буџети на земјите членки

на НАТО покажува дека доминираат расходите за персонал и "други оперативни трошоци".[53]

Таб.бр.6

Структура на буџетите за одбрана на земјите членки на НАТО

Земја	Процент на учество во буџетот за одбрана							
	Опрема (%)		Персонал (%)		Инфраструктура (%)		Други оперативни трошоци (%)	
	1985-89	1992	1985-89	1992	1985-89	1992	1985-89	1992
Белгија	12.1	8,6	63.4	65.0	4.0	3.6	20.4	22.9
Канада	19.7	17,6	46.2	49.9	2.8	2.4	31.2	30.0
Данска	14.0	16,7	56.6	57.8	3,4	4.2	25.8	21.3
Герман.	19.6	9,3	48,9	57,8	5,9	5,0	25.5	28.0
Грција	18.2	21,5	60,5	65,8	2,2	0,9	18,4	11.8
Италија	19.7	13,8	57,8	67,1	2,6	2,5	19.8	16.6
Луксем.	3.5	4,5	76.9	73.6	7,3	12.3	11.9	9.5
Холанд.	19.8	16.9	52.8	54	5,2	6.8	22.0	22.4
Норвеш.	21.7	23.6	43.9	44.0	8,2	9,4	26.0	23.0
Португал	7.6	6,4	67.7	79.2	3,7	3,2	19.8	11,2
Шпанија	/	16,6	/	64.3	/	0,8	/	18,3
Турска	18.2	25,4	37,1	46,5	5,4	3,3	38,4	24,7
В.Британ.	24.8	17.6	38.6	44.1	3,9	5,4	32.5	32.9
САД	25.6	22,1	37,0	37,0	1,8	1,4	35,5	39.4

Разликите во издвојувањето за "персонал" (табела бр.6), произлегуваат од фактот што САД и Велика Британија имаат професионален состав на своите вооружени сили, додека останатите НАТО земји во тој период имале комбинација на професионални војници и регрути. Кај одредени земји членки на НАТО сеуште преовладува или се ангажираат исклучиво регрути (пр.Германија), додека кај други, во меѓувреме, армијата е потполно професионализирана (пр. Холандија, Белгија). Податоците за учеството на "опремата" во воениот буџет не претставуваат сигурни показатели врз основа на кои може да се донесе заклучок за издвојувањето за домашниот воено-индустриски комплекс. Ваквите податоци не покажуваат дистрибуција на расходите за опрема на производители од земја или странство. Податоците за "други оперативни трошоци" не го рефлектираат износот што е наменет за

[53] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 179

купување од воената индустрија, ниту ги одделува расходите за истражување и развој.

Податоците во табела бр.7 даваат приказ на висината на воените расходи на земјите членки на НАТО поделени во две категории: персонал и опрема. Анализата на податоците открива дека соодносот помеѓу овие две категории на воените расходи е приближно 1:4 во полза на "персонал",во земји како Холандија, Канада, Грција, Италија и Германија, додека кај САД и Велика Британија тој сооднос не е поголем од 1:2. Станува збор за разлики во опременоста на армиите со воена техника и висината на издвојувањата за набавка на нови современи средства и борбени системи.

Табела на воените расходи на НАТО (во милиони долари) *Табела бр.7*

Земја	Средство	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12
Канада	*Персонал*	4713	4793	4560	4800	4183	3655	3133	3412	3448	3230
	Опрема	1727	1787	1836	1625	1619	1242	951	869	672	794
САД	*Персонал*	144908	139237	130206	123538	118695	109434	109714	106968	104780	106074
	Опрема	91574	81133	73828	92495	82669	75871	72956	70215	68478	65104
Германија	*Персонал*	25270	24877	22682	21654	21548	21292	20372	20285	20222	19617
	Опрема	6965	5646	4239	3882	3988	3806	3571	4210	4464	4723
Грција	*Персонал*	2897	2872	2839	2925	3002	3076	3332	3525	3752	3975
	Опрема	913	1095	1127	1133	939	1060	1039	1202	1186	1157
Белгија	*Персонал*	3372	2624	2657	2630	2644	2516	2541	2510	2505	2456
	Опрема	401	330	267	296	201	193	227	216	238	309
Унгарија	*Персонал*									330	372
	Опрема									148	96
Чешка	*Персонал*									527	487
	Опрема									183	248
Италија	*Персонал*	14502	13997	13895	14134	13259	15014	17154	17209	18054	17483
	Опрема	3688	3296	3800	3339	2951	3103	2571	2911	2854	2973
Данска	*Персонал*	1669	1624	1630	1642	1676	1658	1655	1708	1697	1610
	Опрема	461	510	419	445	346	347	386	393	323	350
Луксембург	*Персонал*	83	92	86	96	97	101	105	110	110	110
	Опрема	6	6	3	3	3	5	5	9	7	8
Холандија	*Персонал*	4446	4605	4369	4138	4136	3869	3843	3575	3581	3589
	Опрема	1257	1137	1030	1192	1075	1296	1077	1046	1215	972

Норвешка	*Персонал*	1512	1550	1187	1209	1167	1188	1200	1254	1303	1401
	Опрема	718	864	910	988	795	799	767	831	755	668
Полска	*Персонал*									2086	2049
	Опрема									371	357
Португал	*Персонал*	1748	1930	1847	1777	1887	1886	1913	1934	2044	2019
	Опрема	198	53	167	95	143	147	196	89	103	178
Шпанија	*Персонал*	5353	5317	5183	4956	5098	5101	5057	5079	5095	5126
	Опрема	1067	834	1123	913	1055	1016	1040	903	888	1000
Вел.Брит.	*Персонал*	20546	19507	18942	17434	16226	15904	14591	14148	13940	14251
	Опрема	9558	8061	11321	10485	8540	9432	9221	9886	9894	9936
Турција	*Персонал*	2983	3150	3899	3573	3657	3716	4056	4259	4557	4414
	Опрема	1396	1604	1638	2053	2134	2478	2263	1809	2472	3540
НАТО вкупно	*Персонал*	234002	226177	213980	204505	197274	188410	189024	185977	188033	188265
	Опрема	119930	106354	101708	118944	106398	100794	96270	94570	94252	92411

Воените буџети можат да бидат претставени на различни начини, во зависност од такви фактори како што се потребите на Министерството за одбрана, владата, уставни барања, јавност или тајност. Еден пристап кон буџетирањето се фокусира на "влезовите", покажувјќи ги годишните расходи на Министерството за одбрана и вооружените сили за персонал, ресурси како и издвојувања за истражување и производство на средства за потребите на одбраната. "Влезни" буџети се ограничени како средство за проценка на ефикасноста на алокацијата на ресурсите во одбраната. Таквиот буџет не ги покажува "излезите", односно тие се непрецизно прикажани како "одбрана", не е можно да се постават релации помеѓу влезовите и излезите, ниту можностите за супституција помеѓу различните одбранбени сили како и последиците за "излезите". "Влезните" буџети се исто така, ограничени со фокусирањето на употребата на средствата за буџетски период од една година и го покажуваат само движењето на паричните трошења, а не и реалните чинења на ресурсите. Со други зборови, влезните буџети не нудат такви информации кои се потребни за проценка на ефикасноста или резултатите на вооружените сили како и нивните трошоци на производство (идеални маргинални трошоци).

Ефикасна употреба на средствата на воениот или друг јавен сектор е посебен проблем, заради отсуство на стимулативни механизми какви има во приватниот сектор, кои водат кон поголема ефикасност. Во приватниот сектор, профитот и конкуренцијата се мотиви кои ја стимулираат ефикасноста. Во тој контекст, потребно е да се постави прашање кога буџетот за одбрана пренесува информации за резултатите од трошењето на средствата, податок кој автоматски произлегува при работењето на приватните фирми во услови на конкуреција и слободен пазар.

Критиките на "влезните" буџети за одбрана (и за други министерства во владата) водеа кон развој на алтернативен приод, наречен програмско или излезно буџетирање. Со истакнување на целите, излезите и вкупниот износ на трошоците за подолг временски период, програмскиот буџет е потполно спротивен на "влезниот буџет". Програмско буџетирање или плански, програмиран буџетски систем (ППБС) обезбедува информации за проценка на ефикасноста со која министерствата за одбрана ги користат средствата. Програмското буџетирање бара да се дадат одговори на четири прашања:

Прво прашање е кои се целите на Министерството за одбрана и ако е можно, да се формулира група на програми кои се наменети за остварување на поставените цели. Како пример за таквите програми се изградба на нуклеарни стратегиски сили, нуклеарни тактички сили, конвенционални сили, специјални сили и резервни сили.

Второ прашање, колкави се тековните и очекуваните трошоци од целокупниот животен циклус на програмот? На пример, за нуклеарните стратегиски сили, потребни се информации за трошоците за обезбедување на функционирањето на неопходната опрема (пример, авиони, подморници, проектили, ракети, бомби и сл.), заедно со услугите на живата сила и неопходна инфраструктура (воени бази, комуникациски системи и сл.).

Трето прашање, кои се резултатите од секоја од програмите? Тука се јавуваат проблемите поради природата на "резултатите", во облик на мир,

заштита, безбедност или застрашување. Преку методи на симулација, воени игри и вежби можно е да се проценат резултатите (пример, борбени перформанси и ефективност), но сепак, можност за практична верификација на резултатите се појавува единствено во услови на вистински конфликти. Објавените податоци покажуваат број на борбени авиони, воени бродови, тенкови и сервисен персонал без да се добијат информации за просечната старост на опремата, нејзината оперативна способност и обученоста и продуктивноста на воениот персонал.

Четврто прашање, да ли постојат алтернативни методи за остварување на таквите програми и колкави се трошоците и ефектите од секоја алтернатива. Тоа значи употреба на трошковни-ефективни анализи. Така на пример, против воздушна одбрана може да се оствари со борбени авиони или преку ракетни системи; нуклеарни стратегиски сили можат да бидат со употреба на авиони бомбардери, нуклеарни подморници или ракетни системи и сл. [54]

Програмското буџетирање ги има своите корени во американската "Ранд Корпорација", а беше воведена од Министерството за одбрана на САД во времето на Роберт МекНамара[55] во 1961 година. Тоа даваше рамка за имплементација на тнр. "кост-бенефит"[56] анализа за секое индивидуално воведено средство во системот за одбрана. Имено, анализата овозможуваше да се компарираат проценетите трошоци со постигнатите резултати од употреба на средствата, односно ефективноста на сите одделни сили.

Преминот кон програмско буџетирање претставува одраз на револуцијата во воената технологија од крајот на Втората светска војна. Големата техничка комплексност на модерното вооружување, долгиот период на нивен развој, огромната борбена сила, но и енормно високи

[54] Исто. стр. 181
[55] Robert McNamara. (поранешен Државен Секретар за одбрана на САД)
[56] " cost-benefit" анализа

трошоци за нивно производство ја наметнаа потребата од воведување на ваквиот систем. Исто така, секогаш вооружените сили имаат свои убедувања за сопствени приоритети и задачи, односно, бараат поголем дел од воениот буџет за свои нови борбени системи како и за заштита на големината на своите сили, со цел постигнување и одржување на борбена готовост на силите.

Придонесот на ППБС е во враќањето на рационалниот приод при донесувањето на одлуки, комбинирајќи ги со други релевантни елементи во една интегрирана буџетска рамка. Со цел да се обезбеди рационално донесување на одлуки потребни се оперативни дефинирани цели. Како основа за распоредување на ресурсите треба нацрт-предложените програми да бидат поврзани со целите. Детерминирање на целите претставува сложена задача, заради тоа што политичарите претпочитаат да ги држат целите релативно нејасни, што е иманентно на политичките цели.

Програмското буџетирање не е без ограничувања. Тоа треба да се разгледува како информациски систем за планирање и проценка, но сепак донесувањето на одлуките останува да го вршат поединци. Исто така, прикажаните трошоци во буџетот не репрезентираат секогаш максимална ефективни решенија, ниту системот задолжително обезбедува стимуланс за персоналот во Министерството за одбрана и вооружените сили да обезбедува релевантни информации и истите да ги користи.

Некои од ваквите ограничувања водеа кон нови буџетски иницијативи. Така на пример, Велика Британија го напушти системот на програмско буџетирање и премина на буџет за одбрана базиран на менаџмент (тнр. "нова менаџмент стратегија"). Таквиот буџет е дизајниран за да ја подобри внатрешната ефикасност преку создавање на јасно дефинирани извршители на буџетот со специфични задачи (пр. против воздушна одбрана, подморници [redacted] делегирани буџетски одговорности за секоја задача. Проблеми се [redacted] буџетските извршители имаа мал избор за повеќето од

"влезовите" и расходите и кога нивните вработени не покажуваа иницијатива за подобрување на ефикасноста.[57]

Програмското буџетирање и особено трошковно-ефективните анализи имаа значајни импликации на избор на воена опрема и оттука, врз воено-индустрискиот комплекс. Таквиот систем се фокусираше на животниот циклус на трошоците на новите борбени системи, развојот, производството и оперативните трошоци при нивното користење. Од друга страна, тоа создаваше притисок врз министерствата за одбрана да ги подобрат точноста на нивните техники за проценка на трошоците и да ги избегнат неповолните договори со производителите на техниката. Како и да е, современото вооружување е скапо (пример, авионот Ф-22 беше проценет дека ќе чини 87 милијарди долари, односно буџетот за одбрана на САД за 648 авиони плати по 134 милиони долари). Меѓутоа, уште поголеми се трошоците после извршената набавка на авионите (пр. одржување и оперативни трошоци, гориво, осовременување и сл.). Таквите трошоци се факт и тие влијаат двоструко на воената индустрија. Прво, поголем интерес и акцент на министерствата за одбрана за намалување на животниот циклус на трошоците на новите борбени системи (пример, преку внесување на елементи во договорите со кои се инсистира на сигурноста, гаранциите за системите и сл.). Второ, министерствата за одбрана ги земаат во предвид алтернативните расположливи борбени системи, па дури и од увоз, со што се вршеше притисок врз домашните производители реално да ги искажуваат трошоците.

Системот на целен менаџмент кој се практицира при буџетирањето е извлечен од функционирањето на приватниот сектор и во основа претставува таков систем во кој целите за секое ниво се одредени, конфликтите идентификувани и се обезбедени и можности за менаџмент на користење на средствата и проценка на остварените резултати. Акцентот на овој систем е ставен врз менаџментот, додека кај ППБС тој беше врз економските и

[57] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 181

финансиски принципи и показатели. Заеднички елемент на овие два система е во спецификацијата на целите која се детерминира како "хиерархија на цели" и која кореспондира со принципите на менаџментот.

Ако ги земеме во предвид современите тенденции во светот, можеме да констатираме дека поголемиот број на држави се определиле за современиот систем на планирање и буџетирање. Од друга страна, Република Македонија го практицира класичниот систем на планирање и буџетирање. Тоа значи дека приходите се планираат од утврдени извори, а расходите, односно средствата за одбраната се распределуваат според однапред детерминираната намена, со што се обезбедува контрола на трошењето на средствата. Во какви услови економската функција на планирањето е подредена на административно-контролната функција, што е различно од современиот систем на планирање и буџетирање.

Постапката за изработка на планот и определување на висината на средствата кои се потребни на системот за одбрана и целокупното Министерство за одбрана започнува со директивите за планирање на министерот за одбрана. Директивите мораат да бидат во согласност со проектираната политика на државата во однос на општата и заедничката потрошувачка. Исто така, карактеристично за нив е тоа што се однесуваат за период од една година и се доставуваат за тековната, а важат за следната година. Натаму, директивите се дистрибуираат до носителите на планирањето, односно до организационите единици како што се: логистика, цивилна заштита и др. Секоја од овие единици планира и предлага средства за извршување на својата функција. Предлозите на овие единици се доставуваат во вредносни и натурални показатели се синтетизираат и балансираат во организационата единица за финансиско работење, што претставува основа за изработка на нацрт-предлог на пресметката. Нацрт-предлогот се разгледува од страна на Колегиумот на министерот, каде се вршат дополнителни консултации и дообјаснувања од носителите на планирањето,

по што се изработува предлог-пресметка на потребни средства за наредната година, која се доставува до Министреството за финансии. Во Министерството за финансии се врши урамнотежување и балансирање на проектираните приходи и расходи на Буџетот за наредната година, се врши усогласување на предлог-потребните средства по одделни корисници на буџетот со можностите на државата. После тоа се изработува предлог-буџет на Република Македонија за наредната година, кој се доставува до Владата на РМ, каде што по усогласувања во Владата, Предлогот се доставува до Парламентот на Република Македонија на усвојување. Буџетот го донесува Собранието на Република Македонија. Во основа на изработка на буџетот, најмногу се посветува внимание на запазување на принципот на буџетска рамнотежа и избегнување на буџетскиот дефицит.

Анализата покажува дека Република Македонија не користи современи методи на буџетирање, односно и покрај промена на изворите на средствата методолгијата останала иста. За таа цел Република Македонија треба да настојува да имплементира дел од најдобрите светски искуства и пракса при изработка и планирање на буџетот.

3.2. Воена индустрија

3.2.1. Воено индустриски комплекс

Анализа на прашањето на воената индустрија и пошироко на воено-индустрискиот комплекс значи, де факто анализа на односот помеѓу одбраната и индустријата, при што е неопходно фокусот да биде ставен на страната на понудата на пазарот за воена опрема. Станува збор за исклучително комплексна проблематиката која опфаќа голем број релевантни прашања, кои ќе бидат предмет на нашата анализа.

Во време кога воената опрема е исклучително скапа, време на постојан пораст на трошоците за производство на оружје и значително ограничени и намалени воени буџети, државите не можат да го одбегнат прашањето за ефикасноста и конкурентноста на нивните воени индустрии. Кои се добрите и лошите страни на воено-индустрискиот комплекс?

Како лоши страни критичарите ја истакнуваат монополската или олигополската положба, како и отсуство на конкуренција во овој сектор, висока цена на опремата, високи трошоци на производството, доцнење во испораките, откажувања, енормни профити, ниско ниво на продуктивност на трудот, како и неуспеси во извозот на вооружување. Воената индустрија се критикува и заради големо и непотребно дуплирање на капацитети и трошоци за истражување и развој, заради производство на мали серии на опрема, како и за третман на претпријатијата од воената индустрија како "државни галеничиња".

Политичките дебати на тема ефикасност, конкурентност, како и за добивките и трошоците на домашниот воено-индустриски комплекс, генерираат многу прашања за кои има малку сигурни одговори. Постои недостаток од авторитетни економски студии за светската воена индустрија и нејзините перформанси. Ефикасноста на воената индустрија претставува во исто време, значајно прашање и од аспект на микро-економијата.

Ова анализа претставува преглед на расположливи сознанија и податоци за воените индустрии. Целта на анализата е да се идентификуваат сите релевантни дефиниции, карактеристики и принципи на функционирање на воено-индустрискиот комплекс, користа и трошоците од неговото работење, како и соодветна буџетска рамка за финансирање на воената индустрија.

Потребно е да се потенцира фактот дека домашниот воено-индустриски комплекс и ефикасноста со која тој ја обезбедува воената техника претставува главен "инпут" за националната безбедност. Од друга

страна, планот за намалување на воениот буџет и воопшто, издвојувањата за одбраната, влијае врз големината, структурата и композицијата на домашниот воено-индустриски комплекс.

Зголемените трошоци на модерното вооружување значат дека е исклучително скапа поддршката на домашниот воено-индустриски комплекс. Потребно е прецизно да се детерминираат трошоците и користа од воено-индустрискиот комплекс.

Државната администрација е често растргната помеѓу барањата за национална безбедност и економската ефикасност на националната економија. Повеќето влади под поимот национална безбедност подразбираат имање на доволна воена моќ за постигнување на националните безбедносни интереси, како за одвраќање на потенцијалните агресори, така и во случај на потенцијална агресија, за уништување на непријателот на бојното поле. Во кратко, националната безбедност значи автономија и супериорност. Барања за национална безбедност кореспондираат со потреба од постоење на домашни капацитети за производство на оружје.

Од друга страна, либералните модели за економска ефикасност го истакнуваат слободниот пазар и компаративните предности, односно економска логика, според која секоја земја треба да произведува само она со што може да биде конкурентна на светскиот глобален пазар. Економските принципи диктираат државите да ги напуштат неефикасните индустии, со цел да се префрлат производствените фактори кон попродуктивна употреба. Последица од таквиот став може да биде некоја земја да го гледа како неекономично имање на сопствена воена индустрија. Сепак, структурата и работењето на националната воена индустрија претставува израз на:

- прво, политичко-економскиот систем во кој истата функционира и
- второ, посебните стратегиски цели (воени и економски) на државата на која и служи.

Во современата литература можат да се сретнат различни формулации на поимот воена индустрија. Заради тоа, пред се, потребно е да се даде одговор на прашањето што се подразбира под терминот "воено-индустриска база"?

Од економска гледна точка, воено-индустриска база се дефинира како способност да се обезбеди производство, технологија, истражување, развој и ресурси, неопходни за производство на средства за потребите на одбраната. Очигледно, воено-индустриска база во себе вклучува различни индустриски активности, од бродоградба до производство на полупроводници. Воено-индустриската база претставува составен дел на националната индустрија. Така, во 1987 година во САД повеќе од 38.000 претпријатија работеа и произведуваа средства за потребите на армијата.[58]

Од политичка перспектива, воено-индустриска база претставува еуфемизам за "воено-индустриски комплекс". Поимот "воено-индустриски комплекс" прв го употребил поранешниот претседател на САД Ајзенхауер[59], во обид да прикаже заговор против јавните интереси, односно да ја објасни соработката помеѓу политичарите и корпорациите од воената индустрија, со цел да се изврши притисок врз јавната администтарција за зголемување на воените расходи и на воените нарачки, заради остварување на легитимни национални потреби.

Дефинирање на воено-индустриската база не е тривијална работа. Во следните редови ќе презентираме неколку дефиниции за поимот воено-индустриски комплекс. Во одредени земји воено-индустрискиот комплекс завзема централно место во националната безбедносна политика, односно, јасно се потенцира потребата од имање на "силен" воено-индустриски комплекс. Но сепак, концептот на воено-индустриски комплекс е "жртва" на

[58] Ethan Barnaby Kapstein. *The Political Economy of* стр.92
[59] Eisenhower.

различни дефиниции, односно истиот има различни значења за различни луѓе.

Според една дефиниција воено-индустрискиот комплекс се состои од голем број на претпријатија, кои го снабдуваат воениот сектор и вооружените сили со неопходна опрема. Некои автори сметаат дека воено-индустрискиот комплекс го сочинуваат такви индустриски капацитети кои ги обезбедуваат клучните елементи на воената моќ и националната безбедност. Под воено-индустриски комплекс се подразбира индустриски сектор кој недвосмислено произведува воени средства (пр. артилерија, проектили, подморници и сл.) како и сектор кој произведува цивилни стоки. Употребата на името "воена индустрија" зависи од дестинацијата на поголемиот дел од финалниот производ, односно, ако истите се наменети за воениот пазар, таквата индустрија се класифицира како воена индустија. Воено-индустрискиот комплекс се однесува на такви сектори на националната економија кои произведуваат стоки, услуги и технологија за крајна потрошувачка од страна на вооружените сили. При тоа воено-индустрискиот комплекс треба да исполни две барања: да ги обезбеди "нормалните мирновремени материјални барања за вооружените сили, како и да ги исполни зголемените барања во време на војна или опасност".[50]

За САД, воено-индустрискиот комплекс го сочинуваат оние фирми кои имаат главни договори, поддоговори или ги снабдуваат вооружените сили со одделни производи или услуги. Од воената индустрија се бара да биде способна брзо да го зголеми производството во услови на опасност.

Вакви различни дефиниции се критизирани во современата литература како прешироки, нејасни, субјективни и наменети само за одредени важни фирми или сектори. Понекогаш различната дефиниција ја одразува природата и целта на анализата на воено-индустрискиот комплекс. Потребен

[50] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 183

е огромен напор да се направи разграничување помеѓу индустриски капацитети, во смисла да се идентификуваат таквите кои се наменети исклучиво за одбраната. Така на пример, од една страна одредени компании од воената индустрија ги снабдуваат вооружените сили со оружје кое е наменето за уништување, застрашување и сл. а, од друга страна се наоѓаат производи кои се купени од вооружените сили, кои во исто време, се производи за цивилна употреба (пример, компјутери, храна, автомобили и сл.).

Во литературата се среќава и поим "стратегиски индустрии". Имено, во услови на постоење на буџетски ограничувања и генерално сознание дека е невозможно да се штити целокупното домашно производство, државите го фокусираат нивното внимание врз тнр. "стратегиски индустрии". Според одредени анализи под стратегиски индустрии се подразбираат оние индустрии кои го забрзуваат технолошкиот развој во националната економија. Ваквата формулација на обезбедување на државна поддршка на индустријата оди во прилог и на либерални економски гледања. Ваквите индустрии бргу ја шират високата технологија во другите индустриски гранки, па дури и надвор од границите на земјата. Таквите индустрии генерираат големи општествени користи за националната економија. Државата ги стимулира таквите индустрии, помага во финансирањето на научно-истражувачката работа, со цел овозможување на забрзан економски развој на државата.

Често се случува такви "национални шампиони" да бидат фирмите од воената индустрија. Либерално економските гледања сугерираат владина поддршка на поголем број компании кои имат потенцијал за технолошки иновации, се разбира не само на фирми од воениот сектор.

Прашањата во врска со воено-индустриската база тесно кореспондираат со општите економски и технолошки трендови. Владите се наоѓаат под притисок да дадат соодветен одговор и да одговорат на националните безбедносни цели на една страна и социјалната благосостојба и

општествен напредок, од друга страна. Само во мал број високо развиени земји постои компатибилност помеѓу овие две категории. Најчесто, кај земјите во развој, развојот на воената индустрија не е компатибилен со определбата за забрзан економски развој.

При анализата на воената индустрија најчесто се јавуваат проблеми со податоците. Имено, исклучително е тешко да се добијат точни и доверливи податоци за големината на светската воена индустрија. Се чини дури невозможно да се добијат податоци за вработените, нивна квалификациона структура, особено за вработување на високо стручни научници и инжинери. Ваквите потешкотии се резултат на тајноста во работата на воено-индустрискиот комплекс. Невозможно е дури да се изврши проценка на бројот на вработените во овој сектор, заради тоа што е тешко да се идентификуваат и сите фирми кои се дел од воено-индустрискиот комплекс. Тоа произлегува од фактот што одредени компании ги снабдуваат претпријатијата од воено-индустрискиот комплекс со одредени материјали, делови, склопови (тнр. ланец на снабдување), а истите дури не се ниту свесни дека во крајна линија, работат за потребите на воената индустрија. Така на пример, производители на лагери не мора да знаат да ли нивните производи се користат за цивилни автомобили или за тенкови. Најчесто претпријатијата кои ги снабдуваат вооружените сили се големи конгломерати со широка лепеза на воено и цивилно производство (пример, McDonnell Douglas, General Electric, British Aerospace и др.).

Исто така, погрешно е да се смета на воено-индустрискиот комплекс како на единствен, хомоген ентитет. Во поголем број на земји воено-индустрискиот комплекс се состои од различен број на мали и големи приватни или јавни претпријатија, со различно ниво на специјализација. Во тој контекст не постои ниту единствен воен пазар и единствена воена индустрија. Имено, постои група на пазари специјализирани за копнени, воздушни и поморски воени средства, кои се снабдуваат од фирми кои се

специјализирани во еден или повеќе сектори. Така на пример, авионската индустрија во Британија, Франција, Германија и САД произведува хеликоптери, авиони, системи за наведување и истата е составена од фирми кои произведуваат мотори, опрема и електроника, од кои може да се состави и цивилен и воен авион. Ефикасноста со која работат фирмите снабдувачи на опрема ја одредува цената по единица производ, а со тоа, индиректно и количината која ќе биде купена во услови на ограничен буџет за одбрана. Во тој контекст, воената индустрија претставува главен дел од националната одбрана. Меѓутоа, нивната ефикасност не може да биде проценета независно од политиката на набавките, во услови кога владата има изградено административен и регулиран пазар, кој значително се разликува од економскиот модел на слободна конкуренција. Ваквата состојба го потенцира прашањето да ли владата треба да интервенира во поддршка на нејзиниот воено-индустриски комплекс?

Концепцијата за слободен пазар сугерира пазарните сили да ја утврдат големината и структурата на воено - индустрискиот комплекс, вклучувајќи ја и конкуренцијата од странство. Од друга страна, постои можност Министерството за одбрана или вооружените сили да сакаат да ги задржат главните домашни производствени капацитети. Постојат бројни примери за капацитети за производство на нуклеарни и комуникациски системи, како и за производство на критични технологии за одржување долгорочна оперативна способност на армиските борбени системи (пример, осетливи радари, оптички кабли и сл.). Таквите аргументи за државна поддршка на воено-индустрискиот комплекс потенцира две групи на прашања. Првата група бара одговор на повеќе прашања, односно, кои карактеристики мора да има воено-индустрискиот комплекс за да одговори на националните стратегиски цели? Да ли се истражувачките капацитети од витален интерес и ако се, да ли се тие неопходни за сите борбени системи или само за одредени? Да ли се неопходни одредени "инпути" на индустријата како што се стратегиски метали, полуфабрикати или стручна работна сила? Да ли се

доволни производствените капацитети за одредени компоненти, како и за целиот систем, или е потребно да се има капацитети само за користење, одржување или конверзија? Во втора група се прашања, да ли постојат алтернативи и методи преку кои може со помали трошоци да се постигнат стратегиските цели на воено-индустрискиот комплекс, како на пример, поголеми долгорочни нарачки, лиценцирано производство, чување поголеми стратегиски резерви, соработка со цивилна индустрија како и членство во воени сојузи?

Одговорите на поставените прашања се неопходни заради конкретна проценка на трошоците и користа од воено-индустрискиот комплекс, како и за оценка да ли истиот одговара на потребите. Имено, зголемување на трошоците за модерното вооружување како и намалување на буџетите за одбрана ја генерираат потребата од соодветен одговор на прашањата, кои никако не смеат да бидат игнорирани. Тоа де факто значи одговор на прашањето да ли владите се спремни да плаќаат за своите воено-индустриски комплекси, колку се спремни да плаќаат и што очекуваат како резултат?

3.2.1.1. Користа и трошоците на воено-индустрискиот комплекс

Во современата литература се сугерираат различни користи, кои можат да се разликуваат во развиените земји и земји во развој. Меѓутоа, често таквите користи не се објаснуваат внимателно ниту се проценуваат критички. Економистите требаат да добијат одговор на прашањето кој добива, а кој губи од одржување на националниот воено-индустриски комплекс?

Како најзначајни користи од воено-индустрискиот комплекс се наведуваат следните:

Прво, национална независност, безбедност и можност за снабдување во услови на опасност и војна, што претставува главна корист од националниот воено-индустриски комплекс. Тоа ја ослободува државата од зависноста од потенцијално недоверливи снабдувачи на значајна воена опрема од странство, особено во време на кризи и конфликти. Тоа, исто така, и овозможува на државата да ја модифицира воената опрема, согласно потребите и брзо за време на конфликт.

Второ, одржување на капацитети кои можат да бидат неопходни во иднина, претставува важна корист од воено-индустрискиот комплекс. Увоз на воена опрема значи губење на способност на домашната технологија, која исто така, е неопходна за развој на нови оружја. Но, ваквиот аргумент ја игнорира несигурноста и природата на технолошкиот прогрес. Промените во технологијата повеќе се револуционерни отколку еволутивни, така што, денешната висока технологија во индустријата не е гаранција за успех во иднина. Може дури да се случи, да биде поефтино да се купува од странство.

Трето, набавка на воена опрема од странство значи и плаќање на монополски цени. Често се случува кога државата ќе купи некое средство од странство, можеби како резултат на негова поволна цена, снабдувачот од странство потоа да диктира монополски цени на резервни делови и за одржување на средството. Заради тоа, неопходно е при избор на најповолна понуда да се анализираат комплетните трошоци на животниот циклус на средството, како за средства од домашни така и од странски добавувачи, со што се избегнува монополска продажба на воената опрема.

Четврто, воено-индустрискиот комплекс и овозможува на земјата да има поголемо влијание, да биде многу поинформиран купувач и да има подобра преговарачка позиција при купување од странство. Големината на влијанието зависи од потенцијалните трошоци на домашното производство. Овој аргумент не значи дека е неопходно одржување на голем воено-индустриски комплекс со висока технологија за сите потребни средства.

Петто, воено-индустрискиот комплекс обезбедува економска корист за државата, во смисла на работни места, технологија, биланс на плаќања, како и за пополна на буџетот (од даноци, придонеси и сл.). Тука треба да се истакне дека и другите облици на јавни расходи позитивно влијаат на националната економија, заради што е неопходно да се изврши споредба на нето користите од влијанието на воено-индустрискиот комплекс и алтернативните јавни расходи врз состојбата во националната економија.

Шесто, како една од користа од создавањето на воено-индустрискиот комплекс во земјите во развој е редуцирање на зависноста од увоз на оружје и потпирањето на странски сили. Таквите аргументи навистина можат да бидат значајни фактори за креирање и развој на сопствена воена индустрија.

Седмо, од друга страна, земјите во развој сметаат дека воено-индустрискиот комплекс дава значаен придонес за заштеда и заработка на значајни девизни средства. Исто така, одреден број на земји го сметаат воено-индустрискиот комплекс како водечки пропулзивен сектор кој поволно влијае на остатокот на економијата. Сепак, останува прашањето да ли воената индустрија е повеќе или помалу корисна од другите индустрии како движечка сила за технолошка модернизација и извор за развој на економијата и инфраструктурата на земјата.[61] Општ заклучок на дебатата за воено-индустрискиот комплекс е недостаток на квантитативни докази за користа и трошоците.

Тренд на производство на вооружување[62] *Табела бр.8*

1990=100, по константни цени и девизни курсеви од 1995 год

Земја	1987	1988	1989	1990	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	*1997 млрд.$*
САД	115	106	108	100	94	85	83	72	67	61	64	....	*100.7*
В.Бр.	102	109	103	100	88	87	79	77	82	91	92	90	*22.1*
Фран.	94	100	100	100	90	86	77	71	63	69	73	71	*19.0*
Јапон.	88	95	99	100	102	95	91	81	73	77	80	76	*8.5*
Герм.	....	..	..	100	....	..	..	....	59	..	....	..	*7.0*

[61] Исто, стр.185
[62] Извор: СИПРИ

СИПРИ институт публикува годишен преглед за светско воено производство, вклучувајќи и статистички податоци за најголемите 100 компании за производство на оружје. СИПРИ студиите обезбедуваат емпириски податоци за големината на светската воена индустрија, нејзините тековни проблеми и др. Во табелата бр.8, прикажан е трендот на производство на вооружување во пет земји (САД, Велика Британија, Франција, Јапонија и Германија). Анализата на трендот на производство на вооружување покажува опаѓање на истото, кое е посебно изразено кај САД и Германија, каде се забележува 50% намалување на обемот на производство на воената индустрија. Кај Велика Британија, Франција и Јапонија тој тренд е значително послаб, но сепак станува збор за значителни редукции во производството на вооружување.

Во деведесетите години од дваесетиот век, бројот на вработените во воената индустрија падна под 15 милиони, при што преку 80% од вработените беа концентрирани во поранешниот Советски Сојуз, САД и Кина. Во периодот од 1993-1998 изгубени се од 3-4 милиони работни места во воената индустрија.

Вработени во воената индустрија (во илјади)[63] *Табела бр. 9*

Земја	1997	1998	1999
САД	2050	-	2240
Русија	-	-	860
В.Брит.	300	-	280
Кина	3100	-	2800
Германија	-	-	90
Франција	220	-	263

Во последните пет години во САД и Франција се забележува зголемување на бројот на вработените во воено-индустрискиот комплекс, што наведува на заклучок дека "времето и профитабилноста" на воената

[63] Извор:www.First.sipri.org

индустрија сеуште не е поминато (табела бр.9). Напротив, воената индустрија завзема значајно место во националните економии на земјите производувачи на вооружување. Станува збор за индустрија која ангажира голем број на високо стручен кадар и гранка која остварува значителен девизен прилив реализиран од продажба на воената техника во други земји.

Најголемите дваесет компании за производство на оружје во 1991 година, прикажани се на табелата бр.10. Во групата на дваесет најголеми компании доминираат фирмите од САД, од авио-индустријата како и големи конгломерати со цивилен и воен бизнис. Малку од нив се претежно ориентирани кон военото производство. Всушност, во првите 100 фирми од воената индустрија, во 1991 година, само шест компании беа потполно зависни од воените нарачки. Од друга страна, само три земји во развој (Индија, Израел и Јужна Африка) имаа свои шест производувачи на оружје во првите 100 компании од воена индустрија во 1991 година. Повеќе од 50% од најголемите 100 фирми од воената индустрија се од САД, додека на компаниите од Франција, Велика Британија и Германија отпаѓаат уште 32%. Вообичаено, во развиените земји воената индустрија е концентрирана во мал број на големи компании, а домашниот пазар се карактеризира со монопол или олигопол. Националната воена индустрија претставува заштитен сектор, односно државата ја користи својата монопсонистичка сила да го детерминира технолошкиот прогрес, работењето на компаниите, нивната профитабилност, локација, сопственост, извозот на оружје и др. Најчесто индустриите за производство на авиони, електроника, бродоградба и сл. се наоѓаат под контрола на државата и стануваат зависни од државните нарачки за потребите на одбраната.

Таб.бр.10

Најголеми дваесет компании од воената индустрија во 1991 [64]

Компанија	Земја	Индустрија	Вкупна продажба во мил. $	Учество во вк. светска продажба во %	Број на вработени
McDonnell Douglas	САД	Ав. Ел. Пр	18,448	*55*	109,123
General Dynamics	САД	Ав.Ел.Пр.Мв Бр	9,548	*80*	80,600
British Aerospace	В.Брит.	Ав.А.Ел.Пр. Мо	18,687	*40*	123,200
General Motors	САД	Ав.Мт.Ел.Пр	123,056	*6*	756,000
Lockheed	САД	Ав	9,809	*70*	71,300
General Electric	САД	Мт	60,236	*10*	28,400
Northrop	САД	Ав	5,694	*90*	36,200
Raytheon	САД	Ел.Пр	9,274	*55*	71,600
Boeing	САД	Ав.Ел.Пр	29,314	*17*	159,100
Thompson SA	Франција	Ел.Пр	12,364	*38*	105,000
Martin Marietta	САД	Пр	6,080	*75*	60,500
Rockwell	САД	Ав.Ел.Пр	11,927	*34*	87,000
United Technologies	САД	Ав.Ел.Пр	20,840	*19*	185,100
GEC	Г.Британ.	Ел	16,693	*24*	104,995
Daimler Benz	Германија	Ав.Мт.Ел.Пр	57,252	*7*	379,252
DCN	Франција	Бр	3,715	*100*	30,000
Aerospatiale	Франција	Ав.Пр	8,614	*40*	43,287
Litton	САД	Ел. Бр	5,219	*60*	52,300
IRI	Италија	Ав.Мт.Ел.Бр	54,794	*5*	368,267
Grumman	САД	Ав.Ел	4,038	*72*	23,600

Легенда: А-артилерија: Ав-авиони; Ел-електроника; Мт-мотори; Пр-проектили; Мв-моторни возила; Мо-мали оружја; Бр-бродови.

[64] Извор: СИПРИ (1993)

Табела бр.11

Десет најголеми компании производители на оружје во 1999 година[65]

износите се во милијарди долари, по константни цени и девизни курсеви од 1998 год.

Компанија	1990	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999
Lockheed Martin (САД)	-	-	-	-	15,9	14,8	18,7	18,8	17,9	17,6
Boeing (САД)	6,4	6,1	5,5	4,3	4,5	4,5	4,2	14,7	15,9	15,3
Bae Systems (В.Британија)	10,4	9,1	8,4	8,1	9,1	8,2	9,4	10,9	10,5	15,7
Raytheon (САД)	6,9	6,0	5,4	5,1	3,9	4,2	4,7	5,2	12,5	11,3
Northrop Grumman (САД)	6,2	6,1	5,8	5,1	6,2	6,1	7,0	7,3	6,7	7,0
General Dynamics (САД)	10,4	9,1	3,7	3,4	3,2	3,2	3,4	3,7	4,2	5,5
Thomson-CSF (Франција)	10,4	9,1	3,7	3,4	3,2	3,2	3,4	3,7	4,2	5,5
Litton (САД)	3,7	3,8	3,9	3,6	3,5	3,2	3,3	3,5	3,2	3,8
United Technologies (САД)	5,1	4,8	5,0	4,7	4,2	3,9	3,5	3,4	3,3	3,4
Aerospatiale Matra (Франција)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	3,3

Во периодот 1990-1999 година во групата на десет најголеми компании производители на вооружување 70% отпаѓа на фирмите од САД. Тоа покажува дека САД го задржуваат приматот во "бизнисот" со вооружување и производство на техника за потребите на вооружените сили и системите за одбрана. Во анализираниот период само неколку компании од Западна Европа (Велика Британија и Франција) се нашле во групата на десет

[65] Извор: СИПРИ

најголеми компании од воената индустрија. Развојот на компаниите од воената индустрија од САД се должи пред се, на анти-рецесионата економска политика со која се динамизира стопанскиот развој на САД и се избегнуваат стагнациони и ретроградни движења на националната економија. Ваквиот тренд беше особено интензивен во времето на Реган, кога во рамките на економската политика "Реганомикс" акцентот беше ставен врз развој на воено-индустрискиот комплекс, беа направени големи нарачки за потребите на вооружените сили на САД и беше започната програмата "СДИ" (познатата како "Војна на свездите"). Големата акумулација на капиталот во овој сектор овозможи доминација на американските компании во светската воена индустрија и освојување на најголемиот дел од светскиот пазар на оружје.

3.2.1.2. Анализа на трошоците во воената индустрија

Кога се анализира воената индустрија мора да се спомене фактот дека најмалку пет карактеристики на трошоците влијаат на неа, како и на економичноста на набавките на воена опрема. Како прво, мора да се земе во предвид значењето на трошоците за развој. Станува збор за исклучително високи трошоци, неопходни за развој на високо софистицирани оружја (пример. борбен авион). Трошоците за развој ја оптеретуваат цената на оружјето, така што е неопходно масовно производство и пласман на производството на странски пазари.

Второ, честа е појава на потценување на трошоците и на времето неопходно за развој на нови видови оружје. Тие се зголемуваат заради фактот што произведеното оружје значително се разликува од првобитно планираното.

Трето, трендот на трошоците. Воената опрема е скапа, но трендот на трошоците е таков што тие растат, како што растат и цените на следните генерации на ново произведени оружја. Воените буџети тешко се прилагодуваат на вакви промени на цените, што директно влијае на намалување на бројот на нарачана опрема (пример, во вооружените сили на САД и Велика Британија постојано опаѓа бројот на борбени авиони како и бројот на фирмите во авионската индустрија).

Четврто, економичност на производството, односно масовно производство на воените проекти со висока технологија, така што се намалуваат трошоците по единица производ и за 15-20%. [66]

Петто, како резултат на лимитите на буџетите за одбрана, често се случува замрзнување на набавките на подолг временски период и намалување на производството. Ваквата состојба влијае на драматично зголемување на трошоците на работењето на компаниите од воената индустрија и за преку 20%.

Висината на трошоците неопходни за истражување и развој, како и потребата од масовно и економично производство, влијае на индустриската структура, односно бројот и големината на фирмите во воената индустрија. Така, домашни монополи, дуополи или олигополи се типични за фирмите кои ги снабдуваат вооружените сили. Неизбежно, државите со мал домашен пазар на воена опрема треба да направат избор помеѓу големината на компанијата и конкуренцијата. Големите фирми успеваат да постигнат економичност во работењето преку производство на поголеми серии, но од друга страна, тоа влијае на појава на монополи. Општо прифатена констатација е дека големината на фирмите во воената индустрија зависи од волјата на владата да плаќа и да има независен воено-индустриски комплекс.

[66] Исто, стр.186

Работењето на компаниите зависи и од сопственоста. Во одреден број на земји, како Франција, Индија, Италија и Шпанија, фирмите од воената индустрија се во државна сопственост. Во осумдесетите години од дваесетиот век, државните претпријатија во Велика Британија се приватизираа. Британското искуство сугерира дека приватизацијата ги подобрува резултатите во смисла на зголемување на продуктивноста на трудот и подобро искористување на останатите фактори на производство.

Профитабилноста претставува стандардна мерка за оценка на индустриското работење. Кај воените набавки, профитот често е одреден од државната регулатива или е резултат на протекционизмот и поддршката на државниот воено-индустриски комплекс. Не постојат расположливи податоци за профитабилноста на одредени воени проекти, издвоено од целосната профитабилност на компаниите. Според некои сознанија, профитабилноста расте во услови на војна и кога постои повластен однос на владата кон претпријатијата. Други сугерираат дека станува збор за ризичен бизнис, односно за да опстане, потребно е фирмата да биде дел од воено-индустрискиот комплекс. Сепак, не постојат валидни емпириски анализи кои можат да ги потврдат споменатите мислења.

Како што истакнавме на почетокот на елаборацијата, недостасуваат публикувани, независни и авторитетни студии за светската воена индустрија. Постои евидентна потреба за добра теоретска и емпириска индустриска анализа, за оценка на однесувањето на компаниите од воено-индустрискиот комплекс, со анализа како се контролира нивниот профит, како се постигнува конкуренција во набавките и сл. Компликациите се јавуваат заради фактот што воените фирми се конгломерати со различни активности на воен и цивилен план. На ова се надоврзува и потребата од анализа на нивните трошоци и користа, економичноста во работењето, како и влијанието врз целокупниот економски развој на националната економија.

3.2.2.Воена индустрија на САД

Воената индустрија на САД се карактеризира со големи компании, односно присутна е висока концентрација на производство на опрема за специјализирани пазари (пример, борбени авиони, хеликоптери, транспортни и авиони танкери, авио-мотори и сл.). Воената индустрија на САД има неколку основни карактеристики:

Прво, станува збор за цикличен бизнис. Воените буџети се подложни на зголемување и намалување, што го комплицира процесот на индустриско планирање и претставува проблем, заради фактот што комерцијалните претпријатија генерално планираат врз база на релативно константен пораст на побарувачката или евентуални сезонски осцилации.[67]

Второ, пазарот на воена опрема има монопсонистичкиот карактер, односно Министерството за одбрана претставува единствен купувач. Одреден процент на производството се извезува, но кај повеќето фирми тој процент е мал, под 10%.

Трето, годишно буџетско планирање. Компаниите донесуваат инвестициони одлуки користејќи долгорочно планирање, на десет години и повеќе. Потребен е подолг временски период за реализација на капитал-интензивните проекти. За тоа време, администрацијата на САД обезбедува фондови за воени набавки врз база на годишно буџетско планирање. Во било кое време фондовите за одредени програми можат да бидат зголемени, намалени или пополно укинати. Ваквата несигурност дополнително го отежнува планирањето во воена индустрија.

Четврто, интензивна научно-истражувачка работа и имплементација на висока технологија во воената индустрија. Ова влијае на енормно

---

[67] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* ....., стр.95

зголемување на трошоците во овој сектор. Фирмите мораат да бидат подготвени да инвестираат значителен износ на средства за развој на нови генерации на вооружување. Станува збор за голем ризик за компаниите кои вложуваат средства без гаранции дека ќе бидат нарачани новите видови на оружје.

Петто, воената индустрија е исклучително политизирана. Фирмите се наоѓаат под котрола не само на Министерството за одбрана туку и на разни тела од Конгресот, комитети и сл. Тоа значи дека често се случува економски оптимални решенија да бидат заменети со политички одлуки.

Според наведените карактеристики јасно се гледа дека воената индустрија на САД се разликува од она што се нарекува конкурентска индустрија, во смисла на вистински слободен пазар. Имено, не постои слободен пазар за вооружување, што се рефлектира и врз индустриската структура. Воената индустрија треба да ги исполни планираните цели на националната безбедносна стратегија.

Воената индустрија на САД не е изградена врз принципите на економска ефикасност и кокуренција, туку нејзиното појавување претставува резултат на одредени кризни состојби (Втора светска војна, Корејска војна и др.).[68] Сегашната состојба во овој сектор покажува дека владее клима на дезинвестирање, намалување на издвојувањата за научно-истражувачка и развојна работа, недостаток на квалификувана работна сила и слободен капитал. Несигурноста на воените нарачки генерира флуктуации и несигурност во работните места на работниците од овој сектор. Финансискиот капитал, исто така, претставува проблем за оваа индустрија, заради перманентниот тренд на опаѓање на берзанската вредност на компаниите од воената индустрија. Овој сектор вложува исклучителни напори за зголемување на извозот на вооружување во други земји, со што би

[68] Исто. стр.97

се подобрила конјуктурата во работењето. Воената индустрија и особено авионскиот сектор претставуваат еден од Американските најголеми извозни бизниси. Авионскиот сектор реализираше извоз од 35 милијарди долари во 1987 година, од што повеќето беа реализирани со продажба на борбени авиони. Употребата на американското вооружување во последните воени интервенции на САД и НАТО во светот (пример, операција "Пустинска бура"), претставуваат промоција на перформансите на новата софистицирана воена техника, што поволно влијае на зголемување на извозот.

Таб.бр.12

Десет најголеми компании за производство на оружје од САД(1991)[69]

Компанија	Остварена продажба (млрд. долари)
McDonDoug.	10,0
Gen.Dyn.	9,6
Lockheed	9,5
Raytheon	6,2
Boeing	5,7
Mart.Ma	5,6
Northtrop	5,5
Un.Tech.	5,5
Rockwell	5,0
Grumman	3,4

Во периодот 1990-1999 година доаѓа до окрупнување и здружување на дел од компаниите од воената индустрија на САД, (табела бр.13) со што донекаде е изменет поредокот на десетте најголеми американски компании од воената индустрија. Трендот на здружување продолжува, со што компаниите ги редуцираат фиксните и варијабилните трошоци на производство и се здобиваат со доминантна, да речеме монополска позиција на националниот и глобалниот пазар на оружје.

[69] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* стр.97

Табела бр.13

Најголеми компании производители на оружје во САД во 1999 година[70]

износите се во милијарди долари, по константни цени и девизни курсеви од 1998 год.

Компанија	1990	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999
Lockheed Martin (САД)	-	-	-	-	15,9	14,8	18,7	18,8	17,9	17,6
Boeing (САД)	6,4	6,1	5,5	4,3	4,5	4,5	4,2	14,7	15,9	15,3
Raytheon (САД)	6,9	6,0	5,4	5,1	3.9	4,2	4,7	5,2	12,5	11,3
Northrop Grumman (САД)	6,2	6,1	5,8	5,1	6,2	6,1	7,0	7,3	6,7	7,0
General Dynamics (САД)	10,4	9,1	3,7	3,4	3,2	3,2	3,4	3,7	4,2	5,5
Litton (САД)	3,7	3,8	3,9	3,6	3,5	3,2	3,3	3,5	3,2	3,8
United Technologies (САД)	5,1	4,8	5,0	4,7	4,2	3,9	3,5	3,4	3,3	3,4

Од друга страна, загриженоста за монополистичката сила и ефектите од работењето на воено-индустрискиот комплекс, влијаеше одредени аналитичари да предлагаат креирање на "ефективна конкуренција" во воената индустрија. Сугестиите одат кон тоа дека треба да постојат две или три јаки претпријатија во секој од главните сегменти на индустријата. И покрај тоа што ваквиот предлог изгледа атрактивен, тоа може да биде и многу скапо, а особено во услови на намалување на воените буџети.

Како заклучок на економските аналитичари од САД произлегува констатацијата дека воената индустрија на САД се соочува со несигурна иднина. Промена на глобалната политичка клима во светот, намалување на буџетите за одбрана и внатрешните проблеми во овој сектор (преголеми

[70] Табелата е изработена од авторот со користење на податоци од www.Sipri.se

капацитети, застарена опрема, дезинвестирање и сл), генерираат сериозни проблеми за воено-индустрискиот комплекс на САД.

3.2.3. Воена индустрија во Западна Европа

Општо е прифатено верувањето дека Европската воена индустрија е неефикасна и неконкурентна во однос на воената индустрија на САД, а состојбата може да се подобри единствено преку поголема Европска соработка.

Модерната воена индустрија на Западна Европа се појавува по завршувањето на Втората светска војна. САД обезбеди финансиска помош за обновување на Европската индустрија, при што голема поддршка добија и компаниите од воениот сектор. Меѓутоа, постои една фундаментална разлика помеѓу Американските и Европските фирми. Европските фирми не можат да опстанат со пласман на воена техника единствено на домашниот пазар. Нивното работење е насочено кон меѓународните пазари, како единствен услов за нивен опстанок.

Десет најголеми производ. на оружје од Западна Европа (1989)[71] *Таб.14*

Место	Компанија	Остварен.прод. (мил.долари)	Нето приход (мил. долари)
1	British Aerospace (V.Br.)	5376	576
2	Thomson (Fr.)	4592	275
3	GEC (V.Br.)	3419	334
4	Aerospatiale (Fr.)	2760	112
5	Daimler-Benz (Ger.)	2304	78
6	MMB (Ger.)	1712	/
7	Avions M.Dassault (Fr.)	1480	43
8	Ferranti (V.Br.)	1280	152
9	Philips (Hol.)	1222	13
10	Matra (Fr.)	992	7,2

[71] Исто, стр.101: Daimler-Benz и MMB се спојуа во 1989 година, а Philips го продаде својот воен бизнис на компаниите Bofors од Шведска и Thompson од Франција во 1989 година

Најновите податоци (табела бр. 15), покажуваат дека приходот на најголемите компании од воената индустрија од Западна Европа се зголемил повеќе пати (пример BAE systems од Велика Британија и Aerospatiale Matra од Франција дури за 300%, Thomson од Франција за 200% и сл.). Ваквите податоци наведуваат на заклучок дека компаниите од Западна Европа успеале да освојат дел од светскиот пазар за вооружување (пред се оној дел кој бил "покриен" од Русија), како резултат на високото ниво на инвестиции во овој сектор и силниот технолошки развој на националната економија воопшто.

Табела бр.15[72]

Најголеми компании производители на оружје во Западна Европа во 1999 година[73]

износите се во милијарди долари, по константни цени и девизни курсеви од 1998 год.

Компанија	1990	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999
Bae Systems (В.Британија)	10,4	9,1	8,4	8,1	9,1	8,2	9,4	10,9	10,5	15,7
Thomson-CSF (Франција)	10,4	9,1	3,7	3,4	3,2	3,2	3,4	3,7	4,2	5,5
Aerospatiale Matra (Франција)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	3,3

Основни карактеристики на западноевропската воена индустрија се:

- прво, трошковни ограничувања;
- второ, релативно мали воени буџети;
- трето, точно утврдено место на воената индустрија во буџетското планирање;
- четврто, зголемено значење на "дуалната" употреба на технологијата (за воени и цивилни цели) и

[72] Табелата е изработена од авторот со користење на податоци од www.Sipri.se

[73] Извор: СИПРИ

- петто, потенцирана зависност од обединет европски пазар за воена опрема.

Имено, финансискиот капацитет на Европските компании е помал од Американските. Оттука, најголемо внимание се посветува на висината на трошоците, за разлика од Американската индустрија, каде при развивање на нови средства, акцентот е на перформансите на вооружувањето. Европските влади го истакнуваат значењето од функционирање на "здрава" воена индустрија, како критичен елемент на воената и цивилната економија. Компаниите од воената индустрија се сметаат како промотори на нови технологии. Европските компании соработуваат и на изработка на заеднички борбени системи.

Пазарот на вооружување по својата природа е политички, така што за воената индустрија во Западна Европа можеме да истакнеме дека претставува комбинација на конкуренција и кооперација.

Таб.бр.16

Европски кооперативни проекти (селективни)[74]

Проект	Систем	Година	Земји
Jaguar	Авион	1965	В.Бр. и Фр.
Lynx	Хеликоптер	1967	В.Бр. и Фр.
Tornado	Авион	1968	В.Бр..Гер. и Ита.
Alpha Jet	Авион	1969	Гер. и Фр.
Otomat	Проектили	1969	Фр. и Ита.
RITA	Радио	1973	Фр. и Белг.

Европските фирми не можат да конкурираат технолошки и финансиски на Американските и Јапонските компании, така што приодот кон интеграција на производството и пазарите е единствено можен модел. Европската индустрија се подготвува за иднината преку процесите на консолидација, приватизација и финансиско поврзување.

[74] Исто, стр.104

3.2.4. Воена индустрија на поранешниот Советскиот Сојуз

Во почетокот на деведесетите години од дваесетиот век, воено-индустрискиот комплекс на поранешниот Советски Сојуз беше најголем на светот, со преку шест милиони вработени. Од 1930 година, државното централистичко планирање и систем на непазарна алокација на ресурсите и даваше најголем приоритет на воената индустрија. Покрај огромните економски проблеми, Советскиот Сојуз сепак успеа да создаде најголем светски воено-индустриски комплекс. Советскиот воено-индустриски комплекс беше составен од производни претпријатија од повеќе индустриски гранки (пример, машинска индустрија, авионска индустрија, бродоградба, електроника, комуникација и воена индустрија). Споменатите индустрии имаа исклучително значење за функционирање како на цивилната индустрија, така и за производство на вооружување. Воената индустрија на Советскиот Сојуз имаше неколку основни карактеристики:

- прво, од исклучително значење за Советската економија беше извозниот ефект остварен како резултат од работењето на воено-индустрискиот комплекс;
- второ, покрај значајни девизни средства, со извозот на вооружување се јакнеа односите во Варшавскиот договор;
- трето, воено-индустрискиот комплекс овозможуваше да се дава поддршка на одредени револуционерни движења во светот, и
- четврто, се подобруваше економската ефикасност на националната економија и сл.

Според СИПРИ, Советскиот Сојуз беше најголем светски производител на вооружување до 1978 година, кога приматот го превзеде САД. Во 1988 година Советскиот Сојуз остварил 9 милијарди долари од извоз на вооружување. Меѓутоа и покрај нејзината софистицираност и доминантната позиција во Советската економија, воената индустрија се соочуваше со значајни предизвици. На макроекономско ниво дојде до

намалување на воените расходи, а на микроекономско ниво започна конверзија на воената индустрија кон цивилно производство. Од друга страна, иако воената индустрија имаше преференцијален третман, таа се соочуваше со неефикасниот и коруптивен социјалистички систем. На меѓународен план, настанаа дополнителни проблеми за воената индустрија. Со промена на политичката клима и распаѓањето на Источниот блок се затвори дел од Советските пазари за воена опрема. Во такви услови, воените претпријатија се обидуваа да ги комерцијализираат своите производи, но на слободниот воен пазар се сретнаа со значајна конкуренција.

Воено-индустрискиот комплекс на Советскиот Сојуз ставаше акцент на три основни работи. Прво, сепарација на истражувачките заводи од производствените капацитети. Присутна беше максимална дисперзија на капацитетите низ целата земја. Второ, стандардизација на воената опрема во целиот поранеше Варшавски Пакт, што му овозможуваше на воено-индустрискиот капацитет на Советскиот Сојуз да развива масовно производство на секој вид на опрема. Трето, како и во воената индустрија на НАТО земјите, конкуренцијата беше ограничена на мал број на претпријатија (пример, "Сухој" и "Микојан" производство на авиони).

Сумирајќи ги заклучоците, Советската воена индустрија располагаше со уникатна комбинација на слабости и доблести. Традиционално, таа се карактеризираше со стабилност, соодветно ниво на конкурентност и значајна поддршка од политичкото раководство.

3.2.5. Воена индустрија во земјите во развој

Некои земји во развој, исто така, имаат создадено воено-индустриски комплекс (пр. Бразил, Кина, Индија, Јужна Кореја, Малезија и сл.). За таквите земји, воено-индустрискиот комплекс обезбедува воведување на нова технологија и претставува импулс за индустријализација на целокупната

национална економија. Воено-индустрискиот комплекс во овие земји дава значителен придонес во намалување на увозот на воена техника, а може да обезбедува и значајни износи на девизни средства реализирани преку извоз на своето производство во други земји. Критички прашања за овој сектор се "жртвите" кои се направени за создавање на овој сектор во тие земји. Имено, високиот износ на инвестициони средства издвоени за потребите на воената индустрија најчесто се пресликуваат преку ниско ниво на животен стандард, сиромаштија, слаб економски развој и сл.

Зошто земјите во развој ги насочуваат своите ограничени ресурси кон производство на оружје?

Не постои единствен одговор на таквото прашање, но ќе се обидеме да формулираме прифатлив одговор, фокусирајќи се на примерот на Бразил.

И покрај фактот што идеата за реализација на софистицирана воена индустрија во Бразил, се појавува во последните три декади, таа претставува дамнешна определба на вооружените сили на таа земја. Војската игра значајна улога во економскиот развој од Првата светска војна и 1920 година, кога свое место во националната безбедносна стратегија добива и државната индустриска политика. Лекциите кои Бразил ги извлече од двете светски војни и големата депресија, кога Бразил бил отсечен од остатокот на светот, беше дека државата треба да изгради сопствена индустриска база, која може да ги задоволи и цивилните и воените потреби во услови на блокада.

Сепак, се до 1960 година, Бразил увезуваше оружје од САД. Кон крајот на шеесетите, Бразил започна да ги диверзифицира набавките, купувајќи претежно од Западна Европа. Постепено, Бразил започна со производство на дел од опремата за своите западноевропски добавувачи како и со лиценцно производство. До 1970, Бразил разви солиден потенцијал за производство на вооружување. Беа изградени капацитети, воени академии, истражувачки институти и технолошка инфраструктура, со доволна софистицираност за изградба на едноставни оружја, како оклопни возила, лесни авиони,

артилериски орудија и сл. До почетокот на осумдесетите, Бразил веќе беше во можност да конкурира со своето производство на светскиот пазар на воена техника. За време на осумдесетите Бразил извезуваше оружје во преку четириесет земји. Продажбите беа концентрирани на Средниот Исток (Ирачко-Иранска војна) и места со други регионални конфликти. Неколку години за ред Ирак беше најголем купувач, со увоз над една милијарда долари од 1980-1987 година, или две третини од Бразилскиот извоз на оружје. Набргу Бразил се одлучи да го напушти производството на оружја со "ниска технологија" и да започне да произведува оружје со "висока технологија". Ваквиот обид, проследен со недостаток на капитал, ограниченост на домашниот пазар, мали извозни потенцијали, како и ненаплатените побарувања од Ирак, доведоа до банкрот на двете најголеми компании за производство на оружје во Бразил. Примерот на Бразил може да се земе како карактеристичен за состојбата на овој комплекс во земјите во развој.

Сумирајќи ја анализата, треба да се истакне дека напорите на земјите во развој за изградба на сопствена воената индустија, претставуваат обид да се постигне независност, како и да се зголеми слободата на маневарот во меѓународниот систем, кого многу од нив го гледаат како неправеден. Додека таквата намера е разбирлива, останува под знак прашање, да ли тоа може да успее во економска смисла, во контекст на истражување и развој на ново вооружување, негово производство и пласман.

3.3. Трговија со оружје

Стандардна економска анализа претендира да даде одговор на три основни прашања во врска со трговијата со оружје: прво, кои се причините за трговијата со оружје; второ, кои се последиците од неа и трето, какви се импликациите врз јавната политика?

Прашањето за трговија со оружје постојано привлекува интерес на влади и меѓународни агенции, заради постојана загриженост дека извозот на оружје предизвикува регионални трки во вооружување, што влијае на зголемувањето на веројатноста од појава на локални, па дури и глобални конфликти. Како дополнителна се јавува загриженоста што дел од земјите кои се вклучени во трката во вооружување, спаѓаат во група на земји во развој. За таквите земји е карактеристична сиромаштија, глад, болести и сл., односно за таквите земји увозот на оружје и трката во вооружување се исклучително скапи и крајно неповолни од економски и социјален аспект.

За расветлување на проблематиката на трговијата со оружје, неопходно е да се разберат причините кои ја предизвикуваат. Можат да се понудат голем број на објаснувања зошто земјите продаваат оружје. Трговијата со оружје во себе сублимира воени, политички и економски елементи кои влијаат како на продавачите, така и на купувачите на воена опрема на меѓународниот пазар.

Прва и најчеста причина за трговија со оружје е остварување на целите на надворешната политика. Во најголем број на случаи државите продаваат оружје на пријатели или сојузници. Така, најголем дел од продажбата на оружјето на САД беше насочена кон НАТО земјите, Јапонија и Среден Исток (најмногу Израел, Египет и Саудиска Арабија), додека Советскиот Сојуз најмногу извезуваше во земјите од Варшавскиот Договор и Куба. Договорите за продажба на оружје се насочени за поддршка на одредени режими (пример, комунистички или не-комунистички), за одржување на регионален баланс на силите, како и за одржување на влијанието врз одредени земји.[75]

Втора причина поради која земјите извезуваат оружје е да заработат пари, односно заради комерцијални причини, без многу да се посветува

[75] Исто. стр.146

внимание на системски и регионални последици од такавата продажба. Од економска перспектива, единствено воените индустрии на САД, Русија и Кина можат да преживеат без извоз на оружје. Домашните пазари на другите земји се премногу мали да можат да го апсорбираат огромното производство на производителите на воена техника. Со цел да ги амортизираат трошоците на производство, претпријатијата од воената индустрија од малите земји мораат да ги пласираат производите надвор од земјата.

Микроекономските аргументи не се единствените кои го прават извозот на оружје рационален. Така, и од макроекономска перспектива, извозот на оружје влијае на билансот на плаќањата или ги намалува евентуалните внатрешни или трговските дефицити. Дури и кога извозот на оружје претставува маргинална ставка како процент од целокупниот извоз на земјата, маргините секогаш се важни, а особено во време на економски кризи.

Како последна причина за извоз на оружје можат да се наведат бирократските интереси во чии рамки државните администрации ја промовираат продажбата на оружје. Министерствата за одбрана во земјите можат да добиваат одреден процент од реализираната продажба на оружје. Така на пример, Британија и Франција имаат свои трговски претставници во своите амбасадите во светот, чија задача е да бараат можност за пласман на своите производи (меѓу останатите и воена техника) и за тоа реализираат приход од компаниите од воено-индустрискиот сектор. Пентагон, исто така, остварува 3% од секој реализиран извоз на оружје.[76]

Тоа значи дека земји произведувачи на оружје можат да го извезуваат оружјето на своите сојузници и пријатели или на други земји кои сакаат да ги подржуваат или на кои сакаат политички да влијаат. Економските фактори се исто така, релевантни. Разоружувањето во НАТО и во земјите од

[76] Andrew L. Ross. *The Political Economy of Defense- Issues and Perspectives*, стр.129

поранешниот Варшавски Пакт создаде вишок на капацитети во нивните воени индустрии. Тоа влијаеше компаниите од воената индустија активно да започнат да бараат пазари за извоз на оружје, со што би го компензирале намалувањето на домашните набавки на воена опрема. Тоа значи дека разоружување во еден дел од светот може да промовира извоз на оружје, регионални трки за вооружување и можна нестабилност насекаде во светот. За земји производувачи на оружје, извозот на оружје може да биде извор на нови вработувања, да овозможува прилив на девизни средства во земјата, да влијае на економијата на трошоците (распределување на фиксните и трошоците на научно-истражувачката и развојна дејност) врз поголемата продукција на финални производи и реализација на масовно производство. За компаниите од воената индустрија извозот на оружје може да биде и многу профитабилен, дури повеќе и од продажбата на домашниот пазар, каде е можно постоење на регулатива која ги ограничува профитите.

За земји купувачи на оружје, увозот може да биде поефикасен одколку развој на сопствена скапа воено-индустриска база за производство на оружје. Но, од друга страна, увозот на оружје ги прави зависни земјите купувачи на оружје од снабдувачи од странство и остеливи на политички влијанија. Земјите увознички трошат значителни суми на девизни средства, што може да води кон задолжување на земјата во странство, зголемување на надворешниот долг и неповолна состојба во билансот на плаќањата.

Од тоа произлегува дека и земјите продавачи и земјите купувачи на оружје треба да бидат свесни за добрите и лоши страни од трансакциите на меѓународниот пазар на оружје.

Различни политички одлуки беа предлагани како сугестии за мониторинг, регулирање, редукција или забрана на меѓународната трговија со оружје. Земји продавачи и земји купувачи на оружје можат да усвојуваат унилатерални и мултилатерални ограничувања за купување и продажба на одредени типови на воена опрема, кон одредени региони и земји во светот.

Меѓутоа, најчесто, па дури и како неизбежно, се случува напорите за регулирање на трговијата со оружје да резултираат со измами, појава на црна трговија и кријумчарење на оружје.[77]

Податоците за трговијата со оружје се појдовна точка при разгледување на ова проблематика. Податоците се потребни да се знае пред се, обемот и видот на меѓународните трансакции со оружје. Анализа на податоците открива кои земји какви средства купуваат и од кого, како и под какви услови се реализира трансакциите. Меѓународната трговија со воена опрема се реализира директно преку увоз и извоз на оружје. Постојат и индиректни трговски врски кои се резултат на кооперациско производство, купување на компоненти и делови од други земји, трансфер на технологија, како и различни облици на меѓународни трансакции во облик на лиценци, копродукциски договори и сл.

Стокхолмскиот институт за мировни истражувања (СИПРИ) и Американската агенцијата за контрола на вооружување и разоружувањена (АЦДА) обезбедуваат солидни податоци за увоз и извоз на оружјето. Постојат одредени разлики помеѓу двата извора. Така, СИПРИ се фокусира на пет главни категории на оружје (авиони, оклопни средства и артилерија, водени-радарски системи, проектили и борбени бродови), без да биде опфатена трговијата со "мали оружја", муниција, услуги и компоненти. АЦДА извештаите за меѓународни трансфери на конвенционална воена опрема, вклучуваат и делови, мали оружја, изградба на капацитети за производство на вооружување и одредени воени услуги. Како резултат на различни дефиниции, показателите на АЦДА се поголеми одошто истите на СИПРИ. Така на пример, во 1989 година, светските трансфери на оружје беа проценети на 54 милијарди долари според АЦДА, додека тие изнесуваа 38,1 милијарда долари според СИПРИ. Во 1992 година е воведен и Регистар на конвенционално вооружување како агенција на ООН. Според тоа, сите земји

[77] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 243

членки на ООН имаат обврска да обезбедуваат годишни показатели за извршениот извоз или увоз на седум категории на оружје, пред се, тенкови, борбени оклопни возила, артилериски системи со поголем калибар, борбени авиони, борбени хеликоптери, борбени бродови и проектили. Со зголемената транспарентност за податоците за извршени трансфери со оружје, Регистерот на ОН има цел да промовира мир и стабилност, да влијае на изградба на меѓусебна доверба во регионални иницијативи за редукција на увозот на оружје, како и да преставува чекор во можни процеси на натамошна меѓународна соработка за ограничување на употребата на оружјето.

Сепак, мора да се истакне дека постојат и одредени ограничувања во врска со податоците за извршени трансфери на вооружување. Меѓународните договори за купо-продажба на оружје често се тајни, како што постои и црна трговија со оружје. Тоа значи дека не се објавуваат точни бројки за купеното и испорачаното вооружување, а уште потешко се добиваат податоци за цените на опремата, за резервните делови, извршените воени услуги, тренинзите, изградба на инфраструктура и сл.

Меѓународната трговија со оружје се карактеризира со разни видови финансиски аранжмани, воени помошти и подароци, бескаматни заеми, компензации и сл. Финансиските аранжмани ги содржат податоците за вистинската цена на чинење на опремата но, тие се најчесто тајна. Расположливите податоци даваат слика за физичкиот трансфер на опремата, најчесто без целосни информации за финансискиот аспект на договорот.

Проблемот дополнително се усложнува при дефинирање на поимот воена опрема. Така на пример, транспортните хеликоптери можат лесно и брзо да бидат преправени во борбени хеликоптери или танкерите за нафта можат да се претворат во носачи на хеликоптери или авиони (со можност за вертикално полетување-слетување). Регистерот на ОН не зема во предвид цела палета на оружја како што се малите оружја, неборбени авиони и хеликоптери и сл., што може да води кон погрешни заклучоци. Од друга

страна, постои голема меѓународна трговија на цивилни производи, услуги и технологии кои имаат потенцијална воена намена. Меѓународна мобилност на научници и високо стручен кадар претставува исто така, потенцијален извор за трансфер на воена технологија, кој тешко може емпириски да се претстави, со што проблемот станува покомплексен, односно можеме да заклучиме дека споемнатите лимити го потенцираат проблемот на мониторинг и анализа на меѓународниот трансфер на оружје.

Традиционалното реазбирање на трговијата предвидува дека меѓународната трговија ќе се базира на разликите, односно компаративните предности на нациите и дека конкурентските пазарни цени ќе ја детерминираат нејзината големина и вредност. Ако во контекст на пазарните законитости ја анализираме трговијата со оружје би требало да констатираме дека побарувачката за оружје (увоз) е детерминирана од цените, приходите, вкусовите и потребите (пример, проценка на заканите), додека понудата (извозот) на оружје е одредена од технологијата и компаративните предности кои влијаат на висината на трошоците, односно врз пазарните цени на произведената воената опрема. Меѓутоа, реалноста е сосема спротивна. Меѓународната трговија со оружје се наоѓа под големо влијание на владите кои го контролираат извозот на нивните компании од воено-индустрискиот комплекс и ги детерминираат цените на опремата и условите за продажба (одредени финансиски услови- заеми, бескаматни кредити, помошти и сл.).

Трговијата со оружје е концентрирана помеѓу мал број продавачи и купувачи (олигопол и олигопсон). Во принцип, така мал број на земји би значел дека лесно може да се контролира трговијата со оружје. Во последните години се појавуваат неколку нови земји извознички на оружје (пример, Бразил, Кина и др.), заедно со повеќе земји производувачи на мали оружја.[78]

[78] Исто, стр..246

Во табелата бр.17 се прикажани одредени податоци за трговијата со оружје. Во периодот 1988-1992 година, САД и поранешниот Советски Сојуз реализираа 66% од светскиот извоз на оружје, додека шесте водечки земји извознички на оружје остварија речиси 90% од вкупниот светски извоз. На страната на купувачите, во периодот од 1988-1992, првите шест земји реализираа една третина од светскиот увоз на оружје.

Најголеми извозници и увозници на оружје, 1998-1992 година Таб.бр.17[79]

Најголеми извозници на конвенционално оружје	**Во мил. долари 1988-92**
САД	54,968
СССР Русија	45,182
Франција	9,349
Германија	9,313
Кина	7,658
Велика Британија	7,623
Чехословачка	3,163
Холандија	2,048
Италија	1,613
Шведска	1,416
Бразил	1,028
Шпанија	1,014
Швајцарија	874
Израел	777
Други	4,987
Вкупен извоз:	**151,013**
Најголеми увозници на конвенционално оружје	
Индија	12,235
Јапонија	9,224
Саудиска Арабија	8,690
Авганистан	7,515
Германија	6,372
Грција	6,197
Турција	6,167
Ирак	4,967
Шпанија	3,747
Јужна Кореа	3,524
Чехословачка	3,501
Други	77,143
Вкупен увоз:	**151,013**

[79] Извор: СИПРИ (1993)

Анализата на трговијата со оружје покажува дека се случувале бројни промени во таа сфера. Во периодот од 1950-1970, поголемиот број на трансфери на оружје беа реализирани како воени и економски помошти. Трговијата беше под доминација на двете супер-сили и детерминирана главно од политички цели и интереси. Од почетокот на седумдесетите години на дваесетиот век, со порастот на цените на нафтата, трговијата со оружје станува повеќе комерцијална, со трансфер на најсовремените борбени системи и технологија за производство на оружје. Во тоа време доаѓа до промени и во начин на продажба на оружјето. Во минатото оружјето се продаваше како готови системи, додека денес, пријатели и сојузници на супер-силите и многу земји во развој ја зголемуваат копродукцијата и заедничкото развивање на оружјето. Како резултат на тоа се појавуваат нови произведувачи на оружје, меѓу кои и одреден број на земји во развој (пример, Кина, Бразил, Египет, Северна Кореја и др.).

Во 1991 година, САД остварile 51% од вкупната светска трговија со конвенционално вооружување, што претставува значителен пораст во споредба со реализираните 30%, во 1987 година. САД ја достигнаа доминантната позиција во светската трговија со оружје како резултат на драматичното опаѓање на обемот на извозот на оружје на поранешниот Советски Сојуз. Повеќе од 95% од извозот на оружје на САД беше насочено кон Западна Европа, Блискиот Исток и Источна Азија. Најважни извозни компоненти на САД се борбени авиони, хеликоптери, оклопни возила. За разлика од Кина, американскиот извоз се карактеризира со висока технологија и софистицираност на воената опрема, додека кинеската воена индустрија ги користи компаративните предности на масовна ефтина работна сила.

Поранешниот Советски Сојуз остваруваше околу 40% од светската трговија со конвенционално оружје во осумдесетите години, додека во 1991 година, тој падна на 20%, со драстична редукција на извозот во Земјите од Третиот Свет. Голем дел од земји, поранешни купувачи на Руското оружје не

беа во позиција да платат за увезеното оружје, така што користа за Руското стопанство не беше голема. Главни Советски извозни производи беа тенковите, борбените авиони, помали проектили и воени бродови. Со крајот на Студената војна, Русија на извозот на оружје гледа како на можен извор на девизи, како причина за одржување на постоечкото ниво на вработени во воената индустрија и избегнување на потребата од конверзија.

Помеѓу 1988–1992 година, Франција беше трет најголем светски извозник на оружје. Од 1945 до 1960 година, Француското производство и трансфер на оружјето беше детерминирано од стратегиските проценки и проценки на надворешно-политичките односи. Од 1960 година, економските и технолошките фактори во воената индустрија диктираа производство кое беше насочено за извоз. Така на пример, помеѓу 1950 и 1980 година, преку 60% од произведените хеликоптери и воени авиони беа извезени (пример, авионот "Мираж"), како и преку 50% од возила и тенкови. Притисокот за извоз на вооружување дојде како резултат на нараснатите трошоци на единица производ и ограниченоста на домашниот пазар. Францускиот успех во извозот на оружје делумно се должи на продажба на опрема која е тестирана во борба, која лесно се сервисира и што е многу важно, со малку политички ограничувања и со конкурентни цени. Успехот се должеше на високата технологија на воено-индустрискиот комплекс, особено во секторите на авио-индустрија, електроника и нуклеарна енергија. Како резултат на таквиот успех, повеќе од 110.000 луѓе работеа во извозно насочениот дел на Француската воена индустрија што претставува 35% од вкупниот број на вработени во тој сектор. Наспроти успесите во извозот, се појавуваат конфликти на страна на националните воени барања. Имено, понекогаш Француските вооружени сили требаа да прифатат воена опрема со цел да се поддржи извозот или да прифатат доцнење во испораката на оружјето. Всушност, со зголемување на зависноста на Француската воена индустрија од извозот, се појави страв дека од барањата на купувачите од

странство ќе зависи дизајнот и карактеристиките на оружјето, а не од потребите на вооружените сили на Франција.

Десет најголеми извозници на конвенционално оружје 1996-2000[50] *Таб.бр.18*

Земја	Ранг 1996-2000	1996	1997	1998	1999	2000	1996-2000
САД	1	9160	11278	12970	10734	5489	49271
Русија	2	3309	2624	1595	3719	4443	15690
Франција	3	1833	3099	3370	1450	1040	10792
В.Брит.	4	1477	2433	1037	1044	1035	7026
Германија	5	1418	565	1201	1228	1235	5647
Холандија	6	397	537	579	318	183	2014
Украина	7	202	626	615	446	67	1956
Италија	8	389	368	347	439	177	1720
Кина	9	652	319	285	196	54	1506
Белорусија	10	113	414	58	163	498	1246

Табела бр.19

Десет најголеми увозници на конвенционално оружје 1996-2000[51]

Земја	Ранг 1996-2000	1996	1997	1998	1999	2000	1996-2000
Тајван	1	1313	4859	4022	1642	445	12281
С.Арабија	2	1728	2770	2529	1243	92	8362
Турција	3	1143	955	1766	1096	704	5664
Ј.Кореа	4	1566	715	870	1475	708	5334
Кина	5	1047	556	88	1455	2085	5231
Индија	6	804	1416	547	1032	429	4228
Грција	7	262	824	1467	650	462	3665
Египет	8	918	866	515	740	580	3619
Јапонија	9	501	590	1236	1041	190	3558
ОАЕ	10	549	762	843	549	280	2983

[50] Извор: www.First.Sipri.org

Анализата на трговијата со оружје во периодот 1996-2000 година покажува, исто така, дека се случувале одредени промени во таа сфера.

Во овој период, САД речиси го задржале нивото на извоз на конвенционално вооружување, односно ја задржаа доминантната позиција во светската трговија со оружје. Кај Русија се забележува понатамошно драматичното опаѓање на обемот на извозот на оружје (дури за 300%).

Помеѓу 1996-2000 година, Франција го задржува третото место на табелата на светски извозници на оружје, со тоа што обемот на извоз полека се зголемува. Од друга страна Велика Британија се пробива на четврто место на таа листа и ја потиснува Германија чиј извоз е намален два пати во однос на остварениот од 1988-1992 година. На табелата се забележува силен продор на Холандската воена индустрија, која успеала да забележи зголемување на извозот на конвенционално вооружување за повеќе од 100% . На страната на побарувачката, исто така, се забележуваат промени. Најкарактеристична е позицијата на Тајван, како најголем купувач на воен хардвер, додека саудиска Арабија си го задржала високото второ место на таа листа. Голема промена се забележува кај набавките кои ги правела Индија, кои се дури 300% помали во однос на претходно анализираниот период, кога таа беше водечка земја купувач на оружје. На листата на најголеми увозници на оружје се "задржаа" Турција, Грција и Јапонија, а како голем купувач се појавува и Јужна Кореа.

Глобалниот трансфер на оружје останува релативно стабилен во периодот од 1995-1999 година, но повторно опаѓа во 2000 година, за околу 26%, што пред се се должи на намалување на извозот на САД. Моментално можат да се издеференцираат четири категории на снабдувачи со оружје:

1) САД, како најголем светски производител на оружје, кој контролира 47% од светската трговија со оружје;

---

[81] Исто.

2) Русија и Франција, со по 10% од вкупните светски трансфери на оружје;

3) Велика Британија и Германија , од кои секоја контролира од 5-10% од светските трансфери и

4) Сите останати земји производители на оружје.

Споменатите пет земји заедно контролираат 85% од светската трговија со оружје. САД е најголемиот производител на оружје во периодот 1996-2000, како и во секоја од изминатите години. Тие ги снабдуваат десетте најголеми земји увознички на оружје, освен Индија и имаат најголем број на купувачи во светот. Русија го зголеми извозот на оружје во 2000 година за 19%, додека во периодот од 1965-2000 тоа зголемување изнесуваше 15%. Зголемувањето на трансферот на оружје на Русија се должи на испораките на борбените авиони и бродови на Кина, со што Кина стана најголем светски увозник на оружје во 2000 година. Најголеми увозници на конвенционално оружје во периодот 1996-2000 беа Тајван, Саудиска Арабија, Турција, Јужна Кореа и Кина. Земјите членки на Европската Унија остварија 28% од светската трговија со оружје во периодот 1996-2000 година.

Како друг проблем се истакнува безбедносниот аспект, односно извозот на оружје резултира со поголема меѓународна нестабилност. Од друга страна, преку купување на оружје, земјите во развој ги трошат ограничените финансиски средства, кои им се неопходни за развој на националната економија.

Сите обиди на економистите да ги објаснат фактите за трговијата со оружје најчесто влегуваат во рамките на политичката економија. Поставките за компаративните предности, како главна детерминанта на меѓународната трговија се отфрлаат како резултат на државните ставови за националната безбедност и независност. Пазарните анализи предвидуваат дека зголемување на понудата на оружје на меѓународниот пазар на воена опрема влијае на паѓање на цените или евентуално прилагодување на капацитетите на страна

на понудата, освен ако владите не се одлучат да интервенираат со поддршка на своите домашни воени индустрии. Приодот на политичката економија кон трансферите на оружје ја потенцира улогата на политичките и економските фактори. Побарувачката од страна на земји увознички на оружје е мотивирана од безбедносните причини како и економските фактори.

Од друга страна, понудата на оружје може да биде детерминирана од желбите и интересите на земјите производувачи на оружје за создавање на пријатели и остварување на свои влијанија. Покрај политичките и економските фактори, како што е остварување на поголеми профити за компаниите од воената индустрија и други економски користи за земјите извознички на оружје (пример, вработувања). Според ваквиот приод одредени проценки сугерираат дека економската мотивација е причина за околу 50% од трансферот на оружје. Приватните компании се заинтересирани за извоз на оружје само доколку можат да остварат профит. Тоа значи дека во такви услови, компаниите лобираат и ги убедуваат своите влади за економските и политичките користи од извозот на оружјето. Најчесто се потенцираат економските бенефиции од извозот на оружје во облик на нови работни места, поголема економија на трошоците и масовно производство, девизен прилив, развој на индустрии со висока технологија, додека како политичка корист се јавува политичкото влијание, влијание врз надворешната политика на други земји и сл.

Сепак, мора да се истакне дека дел од економските аргументи кои го фаворизираат извозот на оружје, не се без критики. Ова се однесува на стандардните економски аргументи според кои, за скапата воена опрема извозот овозможува подолго производство и распределба на производствените трошоци врз поголема серија на производи, со што се постигнува економија на трошоците. Слабоста на ваквите тврдења се должи на потенцијалниот неуспех за пропорционална распределба на развојните и сите фиксни трошоци врз целокупната произведена серија на готови

производи, особено ако извозот се реализира на крајот на производствениот циклус, како и во случај кога заштедите остварени преку извозот се користат за компензирање на загубите од намалените продажни цени на опремата, како резултат на влијанието на конкуренцијата.

Како и да е, извозот на оружје претставува важен извор за вработување. Така, во средина на осумдесетите проценките кажуваа дека 1,5 милион работници зависат од извозот на оружје во земјите во развој. Јасно е дека таквите компании и земји извознички се противат на рестрикциите во меѓународната трговија со оружје.

Дел од литературата за трговија со оружје се фокусира на потенцијалните причини за регионални конфликти, особено кај земјите од Третиот Свет. Таквата литература го истакнува прашањето за зависноста, како и фактот дека трансферите на оружје сепак, се само еден елемент во комплексот на фактори кои влијаат на ривалитетот и конфликтите во тие земји. Трансферите на оружје влијаат на зголемување на воените расходи кај соседите на земјите увознички на оружје.

Значаен дел од литературата од ова област се фокусира на увозот на оружје на земјите во развој. Неразвиените земји го користат увозот на оружје заради реализација на безбедносните цели, за војување или заради престиж, како и за остварување на потребите на вооружените сили за модернизација. Увоз на високо софистицирана воена опрема влијае на појава на регионални трки во вооружување и "загриженост за безбедноста" кај соседите. Како економски последици од увозот на оружје се одливот на ограничените девизни средства, намалување на расположливите финансиски ресурси за инвестиции, префрлање дел од квалификувана работна сила од индустријата во вооружените сили (за ракување со модерната техника), намалување на нивото на животен стандард, задолжување во странство и евентуално зголемување на надворешниот долг на земјата.

Меѓународните обиди за контрола на трговијата со оружје, генерално земено беа неуспешни. Неуспехот не треба да изненадува, заради проблемите при постигнување на меѓународни спогодби, верификацијата и почитување на договорот. Постојат бројни проблеми како дефинирање на поимот "воена опрема", економски притисок за извоз на оружје, создавање на домашен воено-индустриски комплекс, притисоци на црна трговија и криумчарење на оружје.

Со крајот на студената војна, бројот на земји кои произведуваат оружје беше поголем од кога и да било во историјата. Таквата состојба неизбежно води кон заситување на пазарот на оружје, пониски цени и дисперзија на големи воени капацитети во светот. Во исто време, трошоците за производство на оружје растат, така што, како императив за земјите произведувачи на оружје се наметнува извозот на оружје или намалување на производствените капацитети. Продажбата на оружје е многу важна кога се гледа од перспектива на посебни индустрии или региони во кои се наоѓа извозно-насочена воена индустрија. За воената индустрија извозот на оружје е критичен за "здравјето" на индустријата, особено кога домашните воени расходи покажуваат циклично движење и не можат да го апсорбираат целокупното производство. Можеме да заклучиме дека трговијата со оружје има критично политичко и економско значење за државите и компаниите од воената индустрија. Државите ја третираат трговијата со оружје како "валута за надворешна политика"[82], додека компаниите ја користат продажбата со цел да постигнат максимизација на профитот и економија на трошоците, како и да се диверзифицира зависноста од домашниот пазар. Во исто време, јавната полемика за трговијата со оружје добива на интензитет во услови кога користа од таквите трансфери, од перспектива на меѓународна безбедност и регионална стабилност, паѓа под голем знак на прашање.

[82] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* ....., стр.141

Четврт дел

4. ВОЕНИ РАСХОДИ И РЕПРОДУКЦИЈА

4.1. Воени расходи

4.1.1. Економски ефекти на воените расходи

Предмет на анализата е влијанието на воените расходи на економските перформанси. Во трудот се дава и агенда за идни истражувања кои можат да дадат придонес за подобрување на сознанијата во оваа област. Поради фактот што постоечката литература за ова е прилично обемна, ќе се обидеме да сумираме и адресираме некои основни заклучоци како и методолошки прашања. Главен фокус на истражувањето ќе бидат економските ефекти на воените расходи, без посебна анализа на причините за таквите расходи, како ни ефектите на воените расходи врз останатите државни расходи или трката во вооружување.

Обидите за генерализација на односите помеѓу воените расходи и економските резултати секогаш се соочувале со проблеми, така да решенијата се сметаат за пробни, нецелосни, а истражувањето продолжува.[72] Со релативна сигурност можеме да истакнеме дека прашањето е многу комплексно за да овозможи едноставно универзално објаснување применливо за сите земји и за секое време. Ако нешто може со сигурност да се заклучи за ефектите на воените расходи врз економијата, тоа би било дека тие зависат од видот на издатоците, околностите, како и од целите на владината политика.

[72] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр.200

Во економската теорија среќаваме различни сознанија за ефектите на воените расходи. Така на пример, Бено[73] (иако најмногу критикуван) доаѓа до заклучок дека постои позитивна корелативна врска помеѓу просечните воени расходи како процент од бруто домашниот производ и стапката на раст на цивилниот бруто домашен производ, во услови на контрола на странските инвестиции и билатералната економска помош. Неговиот заклучок дека повисоките издатоци за одбраната не влијаат на намалување на стапката на стопански раст наидуваат на серија сериозни критики и обиди за реплики во голем број на стручни трудови. Три други студии на Лим, Дегер и Смит, како и на Фредриксен и Лони[74], откриваат значајна негативна врска помеѓу тие две варијабли кај земјите во развој. Нивните анализи немаат исти резултати, а некои имаат и сериозни методолошки проблеми (пр. мали серии, краток временски период на анализа), меѓутоа, нивните резултати имаат поголем кредибилитет од оние на Бено. Една од главните критики на Бено е дека тој премногу ги нагласува позитивните ефекти на воените расходи во контекст на мобилизацијата на расположливите национални ресурси, како и за воведување на современите знаења и вештини во земјите во развој, а не го истакнува негативниот ефект врз штедењето и инвестициите. Како што Дегер и Смит тврдат, почетните позитивни ефекти на земјите во развој имаат тенденција да станат негативни во подоцнежниот период, односно нето ефектите на воените издатоци врз стапката на економски раст е негативна за повеќето земји во развој.

Од друга страна, според Фредериксен и Лони, потребно е да се направи разлика помеѓу земјите во развој. Така тие доаѓаат до заклучок дека воените расходи и економскиот развој се во негативна корелативна врска во оние земји, кои имаат сериозни финансиски проблеми, додека резултатите се спротивни во земји кои немаат такви финансиски ограничувања. Лим открива дека се најштетни ефектите на воените расходи на економскиот развој кај

[73] Emile Benoit (1973, 1978)

најсиромашните Африкански земји. Во студијата на Брзоска и Вулф[75] се истакнува дека освен кај земјите на ОПЕК, воените расходи немаат позитивни ефекти на развојот на националните економии, а во некои случаи имаат и директни негативни ефекти.[76]

Анализата на резултатите на претходно прикажаните студии покажува големи дискрепанци во резултатите, па дури и нивна контрадикторност. Поради тоа мора да се нагласи потребата аналитичарите да внимаваат заради фактот што разликите во базите на податоци, примероците и начинот на анализа, можат да резултираат со конфузни резултати. Резултатите од истражувањата сугерираат на потреба од користење на валидни индикатори за категоризација на различните групи на земји и точна поделба на земјите според нивоа на развиеност. Потребно е воспоставување на валидни лонгитудинални врски за детерминирање на причинско-последичните врски помеѓу воените расходи и економските ефекти, како и користење на подолги временски серии за локација на почетните и подоцнежните ефекти.

Истражувањата правени за развиените земји (Капелен и Чен)[77] покажуваат дека издвојувањата за одбрана позитивно влијаат на стапката на економски раст, меѓутоа останува непотврден доказот за меѓусебната условеност. Исто така не се потврдени и насоките на корелацијата. Добиените корелации не даваат одговор да ли поголемите воени расходи влијаат на забрзување на растот на економијата или како што е многу поверојатно, брзиот економски раст води и овозможува поголеми издвојувања за одбраната. Досегашните резултати од истражувањата сепак не даваат поддршка на ставот дека воените расходи го промовираат економскиот раст. Во трудовите се потенцира позитивниот ефект на воените

[74] Lim, (1983); Deger и Smit, (1983); Frederiksen i Looney, (1983)
[75] Mickhael Brzoska и Wulf
[76] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр.202
[77] Cappelen, Chan (1985)

расходи врз порастот на физичкиот обем на производството, но и негативниот ефект врз инвестиционите стапки.

Во други студии се анализира влијанието на војните, кои обично значат поголеми расходи за вооружување, а предизвикуваат и деструкција и прекин на производството. Ова директно влијае на стапките на стопанскиот раст, но ефектот е само привремен за развиените земји како САД, Велика Британија, Франција, Германија и Јапонија, кои по завршувањето на војната, генерално беа способни да се вратат на "старите" позиции.

Воените расходи можат да влијаат на економскиот раст директно и индиректно. Нивното влијание не е само врз стапката на раст на бруто домашниот производ, туку и врз останатите индикатори на економијата, како што се стапка на инфлација, невработеност, инвестиции, технолошки иновации и др., кои од своја страна, исто така, можат да влијаат на правецот и брзината на промените на бруто домашниот производ. Поради тоа, во анализата треба да посветиме внимание не само на директните ефекти на воените расходи врз економскиот развој, туку и врз нивните индиректни ефекти.

Одредени студии презентираат докази за привремен стимулативен ефект на воените расходи врз нивото на вработеност и производство, што претставува краткорочен ефект. На подолг рок видлив е само негативниот ефект на истите врз капитал формацијата.[78] Согласно на тоа, можноста на државите да акумулираат и да ги канализираат ресурсите за креирање на продуктивни капацитети во иднина, се ограничени од зголемувањето на нивото на воените расходи. Поради фактот што моќта на државата да штеди и инвестира е критична детерминанта на идниот економски раст, воените расходи имаат индиректно негативно влијание врз експанзијата на бруто домашниот производ (Смит и Георгиу, 1983)[79]. Ова е особено

[78] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр.203
[79] Smith and Georgiou, (1983)

карактеристично за земјите во развој, кај кои позитивното влијание на воените расходи на мобилизација на ресурсите и воведување на современи технологии во националната економија се потиснати од негативниот ефект на расходите за одбрана, врз акумулацијата и инвестициите. Во студиите се потенцираат разлики во проценките за можните влијанија на воените расходи во различни земји и во различно време. Исто така, тие не го анализираат "time lag"-от (доцнењето- "временската дискрепанца"), помеѓу зголемувањето на расходите и намалувањето на инвестициите.

Воените расходи, исто така, индиректно влијаат на развојот, преку влијанието на конкурентноста во меѓународната трговија. Ротшилд[80] тврди дека извозот е движечка сила за економска експанзија на една земја, а извозно-ориентираната индустрија претставува најдинамичен сектор на цивилната економија. Таквиот сектор е загрозен од покачувањето на нивото на воените расходи поради одливот на инвестиции и високо-стручни кадри во одбрамбениот сектор, што конечно резултира со успорен стопански развој. На долг рок се генерира инфлација, структурна невработеност, слабост на националната валута и неповолен биланс на плаќањата. Ова се должи на неможноста на економијата ефективно да се натпреварува со конкуренцијата на меѓународниот пазар.

Односот на воените расходи и невработеноста е предмет на анализа кај повеќе истражувачи. Иако на краток рок тие можат да генерираат зголемување на вработеноста, тие на долг рок креираат сериозна структурна невработеност, преку ефектите на успорен стопански развој, пониско ниво на инвестиции, послаба побарувачка, потрошувачка и намалена извозна конкурентска способност.

Изнесените резултати ја потенцираат потребата за сепарација на краткорочните (кои можат да бидат позитивни за вработеноста) и

[80] Rothschild (1973)

долгорочните ефекти (кои можат да бидат негативни за вработеноста) на воените расходи. Од друга страна треба да се анализира и компарира врската и можноста преку други алтернативни видови на државни расходи, да се стимулираат технолошки иновации, да се промовира извозната конкурентност, како и да се охрабрува економскиот развој. Одредени анализи проценуваат дека воените расходи се помалку ефективни во креирањето на работни места од другите цивилни расходи на владите (Нинчиќ и Кузак).[81]

При анализата неопходно е да бидат земени во предвид и други околности како што се стапката на искористеност на производствените капацитети и човечките ресурси во националната економија, нивото на финансиски приливи од странство (странска помош, странски инвестиции), меѓународна позиција на земјата и економска политика на земјата.

Така, владината фискална, монетарна и даночна политика играат значајна улога во моделирањето на економското влијание на одбранбените програми. Таму каде воените издатоци се финансираат со буџетски дефицит или со повисоки даноци, влијанието врз стапката на инфлација и нивото на акумулација ќе биде поголемо.

Во однос на концептот на позицијата на земјата во светот, се мисли на предностите или недостатоците на одредени земји, во смисла на нивната големина, економски потенцијал, влијание во светската економија итн. Така доминантната позиција на Американскиот долар или на Британската фунта во меѓународната трговија и финансии им овозможува на матичните земји на овие валути, да ги пренесат инфлаторните влијанија предизвикани од одредени одбранбени програми врз останатите земји.

Одредени студии ја потенцираат потребата при анализата на меѓусебното влијание на воените расходи и економските перформанси да се

[81] Nincic и Cusack.

направи разграничување на намената на расходите (пр. персонални расходи, расходи за операции, одржување, истражување и развој, набавки и сл.). Воените расходи за персонални цели се слични со природата на владините цивилни програми. Во научните студии се истакнува дека зголемување на ставката на расходи за истражување и развој, може да придонесе за привлекување на голем број на научни работници и инженери во секторот на одбраната од цивилниот сектор, со што се намалува иновативноста и оттука конкурентноста на стопанството во меѓународната економија. Според овие истражувања набавките за одбрана креираат паразитски сектор, тнр. воено-индустриски комплекс. Зголеменото количество на пари во оптек како резултат на набавките не се "покриени" со соодветно количество на стоки за цивилна потрошувачка, со што се генерира инфлација. Покрај ова, треба да се разграничи и местото каде парите за одбрана се трошат. Имено, можно е истите да бидат насочени за увоз на оружје, што е полоша варијанта од користењето на истите во домашната воена индустрија. Пропорцијата на парите од одбраната кои остануваат во домашната економија варира помеѓу земјите. Хеслер[82] проценува дека 95% од расходите на САД остануваат во земјата, додека кај помалите земји членки на НАТО тој износ е 80%. Малите земји не се во можност да покријат дел од трошоците преку извозот на вооружување и почесто се соочуваат со проблеми како долгови спрема странство или трговски дефицит.

Повеќето квантитативни анализи направени во споменатите истражувања анализираат корелативни односи помеѓу расходите направени во одбраната и економските ефекти на истите, анализирајќи ги податоците за одреден временски период. При тоа е невозможно да се утврди причинската врска, односно кој феномен влијае на другиот, како и индиректните или "задоцнети" ефекти на воените расходи врз економијата. Од друга страна, при анализите најчесто се споредуваат статички мерки (пример, просечните

[82] Heisler

воени расходи како % од бруто домашниот производ) со динамички (стапка на раст на бруто домашниот производ). Заради споменатите недостатоци се препорачува динамичка лонгитудинална анализа, која може да ги прикаже флуктуациите на нивото на воените расходи и економските перформанси на државата за подолг временски период. Тој приод е подобар од компаративната и меѓусекторската анализа и поради можноста за пратење на нивната интеракција во различно време, што овозможува истражување на индиректни и "задоцнети" ефекти на воените расходи. Претходните истражувања за влијанието на воените расходи врз економијата често продуцираа диспаратни, неконзистентни и нестабилни резултати. И покрај некои генерално прифатливи сознанија, постоењето на дивергентни податоци и примероци од одредени земји како и различни методи на истражувања, претставуваат главна пречка за добивање на консолидирани и општо прифатливи резултати.

Националната безбедност претставува "јавно добро". Тоа е добро кое го користат и уживаат сите жители на една земја. Од друга страна, во литературата се среќаваат и мислења дека одбраната е "јавно зло", односно дека влијае негативно врз националната или меѓународната економија. Поради ваквите мислења, се наметнува прашањето за влијанието на расходите за одбрана врз економските резултати на националната економија.

Одредени мислења се појавуваат во современата теорија дека големите расходи за одбрана влијаат на намалување на економската активност во земјата. Од друга страна, како алтернативно гледање се истакнува примерот на високите воени расходи на САД, во време на Реган (тнр. реганомикс политика). Високите воени расходи на САД ја стимулирале националната економија и влијаеле на избегнување на рецесијата. Одредени стратези тврдат дека целта на таквата политика била исцрпување и распад на Советскиот Сојуз и де факто распад на комунизмот.

Одговорот на прашањето кога и како промените на воените расходи предизвикуваат промени во економијата, претставува предизвик за многу истражувачи поради повеќе причини. Прво, потребно е да се оцени квалитетот и споредливоста на податоците. Така, не постои ниту единствен одговор на прашањето што спаѓа во воените расходи. Различни земји опфаќаат различни елементи во поимот воени расходи. Кај некои земји бенефициите на ветераните се вкалкулирани во таа категорија, кај други земји тука влегуваат активностите на царината и полицијата. Од друга страна, податоците за висината на расходите најчесто не можат да се земат како сигурни, заради проблемите во нивното следење и пресметување, што е посебно карактеристично во земјите во развој.

Постојат разлики и во податоците кои ги презентираат разни организации како на пример АЦДА[83], ООН и СИПРИ[84].

Втор проблем при истражувањето претставува "тајмингот", времето за кое се врши истражувањето. Така на краток рок можат да се идентификуваат позитивни ефекти на воените расходи врз забрзување на економскиот раст на националната економија, додека на долг рок воените расходи можат да генерираат негативни импликации врз економијата.

Во современите истражувања се користат статистички и економетриски модели за идентификација на односот помеѓу воените расходи и економскиот развој. Една од напростите и најчесто користените е корелативната анализа на Роберт Деграсе[85], која обработува две варијабли, како што се воените расходи и инвестициите, или воените расходи и бруто национален доход. Тој сугерира дека генерално, земјите кои трошат повеќе за одбраната инвестираат помалку во капитални и други продуктивни средства,

[83] US Arms Control and Disarmament Agency
[84] The Stockholm International Peace Research Institute
[85] Robert DeGrasse

а како резултат на тоа се јавуваат помали стапки на економски раст на земјата.

Многу пософистицирани техники користеа Стив Чен, Брус Русет, Карен Раслер, Вилијам Томсон и Рон Смит[86]. Смит, користејќи регресивна анализа, го анализираше односот на инвестициите спрема бруто домашниот производ vis-à-vis стапката на раст на бруто домашниот производ, невработеноста, како и воените расходи, како процент од бруто домашниот производ. Тој нашол силна зависност помеѓу порастот на воените расходи и намалувањето на инвестициите. Опонентите на неговите заклучоци го презентираат примерот на Тајван, кој и покрај големи издвојувања за одбраната успева да оствари една од највисоките стапки на економски раст во светот.

Во теоријата често се анализира и случајот на воениот буџет на САД, чија големина претставува причина за високиот буџетски дефицит на земјата. Големината на расходите за одбрана се потенцира и како причина за повеќето од економските проблеми на земјата. Од друга страна, треба да се истакне фактот што, таков повеќегодишен дефицит, нормално генерира инфлација и ги загрозува перформансите на националната економија. Кај САД тоа не се случува поради можноста да ја користи својата хегемонистичка положба во светската економија. Американот долар е главна светска валута, што им овозможува на САД да ја извезуваат инфлацијата надвор од земјата.

Влијанието на воените расходи врз инфлацијата ќе ја почнеме со анализата на двата облика на манифестирање на инфлацијата: зголемена побарувачка и трошковно влијание. Воените расходи можат да предизвикаат инфлација со зголемување на побарувачката, поради фактот што тие генерираат дебаланс помеѓу вкупните парични и стоковни фондови, односно

[86] Steve Cahn, Bruce Russet, Karen Rasler, William Thompson , Ron Smith

влијаат на зголемување на количеството на пари во оптек за кои не се добива еквивалент, стоки за цивилна потрошувачка. Од друга страна, воените набавки влијаат на зголемување на цените и оттука на појава на трошковна инфлација. Имено, военото производство не се одвива во услови на конкуренција, туку помеѓу мал круг на фирми со кои владите соработуваат. Одбранбениот сектор се јавува во улога на единствен купувач, односно има монопсонистичка положба на пазарот. Неефикасноста на производителите најчесто резултира со зголемување на цените на вооружувањето, што индиректно влијае на покачување на цените во националната економија.

Меѓутоа, анализата на искуствата и состојбите во светот не дава цврсти докази за постоење на силна врска помеѓу висината на воените расходи и инфлацијата. Влијанието е можно и пред се е индиректно. Имено, желбата за урамнотежување на буџетот во услови на високи воени расходи има за резултат намалување на останатите видови на јавната потрошувачка и зголемување на оданочувањето. Но исто така, инфлацијата може да се контролира и преку високи каматни стапки, што конечно резултира со влошување на условите за економски развој.

Воените расходи можат да се користат за ублажување или елиминација на рецесијата во националната економија, што најдобро го покажа "цветањето" на буџетскиот дефицит на САД во осумдесетите години од дваесетиот век. Реганова политика на зголемување на воените расходи при истовремено намалување на даноците, генерираше силен стопански развој на земјата. Ова сепак не претставува доказ дека рецесијата не може да се избегне преку стимулација на останатите видови на потрошувачка, кои пак од своја страна би влијаеле за забрзување на порастот на националната економија.

Во тој контекст ја анализираме и "критиката" на воените расходи кои ги насочуваат ограничените ресурси во непродуктивна сфера на производство

и инвестиции.[87] Тенковите и други борбени средства имаат лимитирана употреба во цивилната економија.

Од макро-економска перспектива, националниот доход се претставува со формулата:

Y=C+I+G− (X-M), каде

Y - бруто домашниот производ,

C - потрошувачка,

I - инвестиции,

G – јавни расходи,

X – извоз.

M – увоз.

Да претпоставиме дека односот (X-M) претставува мал износ и да се посветиме на останатите елементи. За економистите заинтересирани за одбраната, основно макроекономско прашање претставува да ли јавната потрошувачка и приватната потрошувачка растат на сметка на инвестициите на приватниот сектор. Согласно на економската анализа на Ричард Дибоф[88], главна промена на економијата на САД што се случи помеѓу 1930 и 1980 година, е порастот на јавната потрошувачка vis-à-vis бруто домашниот производ. Резултат на ова е намалување на активностите на приватниот инвестиционен сектор. Порастот на воените расходи (G) резултира со намалување на (I) – инвестициите. Застапниците на овој поглед поаѓаат од позитивната врска помеѓу високите стапки на инвестиции и развојот. Како што истакнавме, противниците на ваквиот став го користат примерот на Тајван и Јужна Кореа како и "реганомиксот" како доказ за нерелевантноста на теоријата. Од критично значење е да се лоцираат воените расходи во

[87] Ethan Barnaby Kapstein. *The Political Economy of National Security: A Global Perspective*, McGraw-Hill, Inc. стр.49

економското окружување. Дел од воените расходи се користат и во продуктивни инвестиции, за поддршка на развојот на истражувањето и воведување на нови технологии, за развој на инфраструктура и слично, односно де факто влијаат на цивилната економија. Секако тоа не значи дека секторот за одбрана претставува успешен локатор на инвестициите, но сепак дел од средствата влијаат позитивно на економскиот развој.

Од микроекономска точка на гледање, воените расходи негативно влијаат на претпријатијата, поради "одземањето" на ограничените средства од продуктивниот сектор. Военото производство ангажира голем дел од научниот и инжинерски кадар, како и значаен капитал, кои инаку би биле користени за продуктивен пораст на цивилниот сектор. Од друга страна истражувањето и развојот, развивани и спонзорирани од секторот на одбраната можат да се користат и кај цивилното производство.

Проценка на нето ефектите од така спротивното влијание е многу тешко. Главен фактор на продуктивниот економски развој се инвестициите, истражувањето, развојот, како и образованието и обуката. Некои тука потенцираат дека и секторот на одбраната придонесува на развојот преку едукацијата на кадар од најразлични специјалности. Ова може да биде вистина, но сепак не може да се прифати дека армијата е подобра во едукацијата од цивилното образование.

Емпириските податоци даваат различни резултати за меѓусебното влијание на воените расходи и економскиот развој. Одредени студии сугерираат дека високите раходи за одбрана се во корелација со ниско ниво на развој на производството. Така индустриски развиени земји како Јапонија и Германија имаат високи стапки на економски раст при ниско ниво на средства одвоени на одбраната. Земји како Велика Британија и САД, кои

[88] Richard DuBoff

традиционално издвојуваат и трошат повеќе на одбраната, имаат многу пониски стапки на стопански развој од претходните земји.[89]

Следно прашање е улогата на секторот на одбраната како генератор на вработувања. Анализата на примерот на САД покажува дека буџетот за одбрана од преку 300 милијарди долари, директно или индиректно ангажира помеѓу 7-8,5 милиони вработени. Од ова произлегува дека на секоја милијарда долари вложени во одбраната, се креираат помеѓу 25,000 и 30,000 работни места. Тоа значи дека во услови на кратење на буџетот, влијанието на економијата би било значајно. Меѓутоа, на ова се надоврзува прашањето да ли другите сектори на економијата генерираат повеќе работни места на еден долар. Можеме да бидеме сигурни дека другите сектори се повеќе трудо-интензивни. Од друга страна, одбранбената индустрија како капитал-интензивна креира поголеми профити на единица инвестирани долари. Ефектот на секторот одбрана врз вработувањето е очигледен, а особено ја опфаќа групата на високо школувани профили на работна сила, како специјалисти, инжинери, компјутерски стручњаци и слично.

Одбраната потенцијално придонесува кон развојот на економијата преку зголемување на извозот. Емпириските податоци покажуваат дека воената индустрија секоја година извезува производи во износ од 5-10% од вкупниот извоз на земјите, произведувачи на воена техника. Станува збор, пред се за земји со високо развиена воена индустрија, која е способна да реализира значителни профити преку продажба на исклучително скап воен хардвер во странство. Профитабилноста на воено-индустрискиот комплекс е многу голема, но пред се кај водечките политичко-економски сили во светот.

Во заклучокот можеме да истакнеме дека одбраната има значително влијание врз состојбата и резултатите на националната економија. Да ли тоа влијание е малигно или бенигно зависи од повеќе елементи. Воените расходи

[89] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of* ..... McGraw-Hill, Inc. стр.51

влијаат позитивно на одредени сектори и кај само одредени земји, додека кај повеќето други тие влијаат спротивно и го забавуваат економскиот развојот. Високо развиени индустриски земји, со силна национална економија и доминантно место во меѓународните политички односи, можат да извезуваат дел од проблемите во националната економија, предизвикани од високото ниво на воените расходи, преку големото учество во глобалниот светски извоз на стоки и услуги, преку користењето на нивните национални валути во трговските и финансиските трансакции итн. Исто така, тие овозможуваат поволни услови за развој на нивниот воено-индустриски комплекс, кој има способност да остварува и значителни приходи со продажба на воената опрема во странство. Имајќи ја во предвид високата профитна стапка во трговијата со вооружување, можеме да заклучиме дека станува збор за извонредно доходовен и пропулзивен сектор за тие национални економии. Од друга страна, земјите во развој и земјите со ограничени финансиски ресурси, со издвојувањето во одбраната директно влијаат на пренасочување на расположливите средства и намалување на инвестициите, кои претставуваат доминантен генератор на економскиот развој.

4.1.2. Фискални ограничувања и одбраната

Современата теорија сеуште има ограничени сознанија за тоа колку е неопходно да се издвојува за одбраната. Станува всушност збор за едно едноставно и директно прашање. Но, како и обично едноставноста може многу да не залаже. Одговорот на тоа прашање е всушност одговор на прашањето колку една влада се чувствува загрозена и колку безбедност таа може да обезбеди. Прашањето – колку е доволно, претставува главна поента на безбедносната политика (која ги анализира ризиците) и на фискалната политика (која ги алоцира ресурсите на државата). Оттука, детерминантите за големината на воените расходи произлегуваат од комбинацијата на

елементите: закани по националната безбедност и трошоците потребни да се направат за непречено функционирање на одбраната.

Очигледно е дека одговорот на такво прашање не може да се најде само со статистичко моделирање. Потешкотиите не се резултат на неможноста да се моделира безбедносната политика, да се прецизираат јавните расходи или барем воените расходи. Проблемот е лоциран во (не)можноста да се комбинираат релевантните аспекти на безбедносната и фискалната политика во единствена рамка за анализа. За успех во одговорот на поставеното прашање потребна е студиозна анализа на современата теоретска мисла од ова област.

Анализата на воените расходи треба да почне од гледна точка на перспективите на безбедносната политика, во смисла на анализа на "заканите" за безбедноста на една држава. Од друга страна треба да се земат во предвид при анализата и фискалните или буџетските ставови за големината на воените расходи. Имено, во современите држави е присутен голем број на организации кои имаат аспирации за зголемување на расходите за одбрана, така што можеме да заклучиме дека постојат големи разлики во одговорот на прашањето колку е доволно. Ова го прави моделот на детерминирање на воените расходи многу сложен и зависен од претходната поставеност и значење на различните актери (органи, организации, политички субјекти итн.) во процесот на изготвување и донесување на буџетот.

Објаснувајќи ги промените во воените расходи тргнуваме од фактот дека станува збор за многу зависна варијабла. Поради фактот што одлуката за висината на воените расходи се одредува годишно, моделирањето на факторите кои ги стимулираат или ограничуваат маргиналните промени во воените расходи можат систематски да бидат евалуирани низ време и на повеќе рамништа на извршната власт. Нивното одредување не треба да се анализира низ призмата на буџетски добитници или губитници, туку врз

основа на конкуренцијата помеѓу потребите и општествените ресурси. Така прашањето колку е доволно може да биде адресирано врз основа на проценките на годишните промени во безбедносната политика (да ли заканите по безбедноста се намалиле или се зголемиле?) како и фискалната политика (да ли расположливите ресурси овозможуваат повеќе или помалку да се троши?).

Покрај успехот и искуствата во моделирањето на воените расходи, сеуште нема значајна теоретска рамка која би можела да претставува основа за студиозно детерминирање на висината на воените расходи. Ова се должи на повеќе причини. Како прва, се смета неможноста компонентата "закани по безбедноста" директно да се измери. "Заканата" претставува перцепција за опасност или загуба на витални интереси и де факто претставува субјективна проценка. Постојат индиректни индикатори за заканите и опасностите, но тие не се лесно применливи за сите земји и што е уште попроблематично, внатре во една земја, помеѓу различните домашни политички актери. Различните политички актери не ги делат истите перцепции за заканите и истите ги користат во контекст на домашните политички дебати и политички интереси. Второ, фискалните ограничувања на одбранбената политика тешко можат да се објаснат. Имено, компарирајќи го влијанието на економските индикатори на националната економија и безбедноста врз воените расходи, лесно се доаѓа до сознанија дека влијанието на првите е најчесто минорно. Ова лесно може да се види и од примерот на САД каде бавниот економски раст, големиот буџетски и трговски дефицит не служеле како повод за ограничување на воените расходи. Трето, теоретските аргументи мораат да го земат во предвид и домашниот политички контекст во дебатата за одбраната, како и важните врски помеѓу безбедноста и фискалната политика. Безбедноста и фискалните ограничувања за воените расходи имаат сосема различно значење во специфичен домашен политички контекст. Така, изборната стратегија (која се користи за купување на гласови), коалициона стратегија (која одредува кој ќе ја креира политиката) и стратегија на кариера (која

одредува што секој индивидуален политичар сака) постојано се менуваат и постојано се обидуваат да го попречат едноставниот одговор на прашањето колку е доволно. Во отсуство на добро развиена теоретска рамка, во следните редови ќе се фокусираме на прашањето на економските ограничувања на воените расходи, користејќи општ модел на расходи, земајќи ги во предвид општите показатели за заканите по безбедноста на земјата, фискалната политика и економската состојба на земјите.

Фискалните ограничувања на воените расходи можат, но и не мораат да постојат. Постојат случаеви кога економските околности ја лимитираат големината на буџетот за одбрана, но таквата врска не е постојана и систематска. Воените расходи, како и било кој друг облик на јавните расходи претставуваат резултат на политичко пазарење. Воопшто не е неопходно фискалните авторитети во државата да бидат селективни во однос на одбраната, односно истата да биде вклучена во широките буџетски ограничувања. Искуствата од осумдесетите години на дваесетиот век покажуваат дека одбраната често беше изземена од владините мерки за штедење и рестрикции на буџетската потрошувачка. Односот помеѓу економските фактори и воените расходи е повеќе емпириско прашање, одошто теоретско. Со цел да се прикажат тие односи, во следниот модел ќе го анализираме влијанието на два фактора кои стимулираат поголемо трошење, како и на два потенцијални извора за фискални ограничувања.

Најочигледен и најантиципиран економски однос е оној во врска со промената на цените. Така, дури и во случај кога се соочуваме со различни економски околности, треба да се очекува воените расходи да растат во чекор со инфлацијата. Меѓутоа, односите вариираат во различни земји и различен е степенот на заштитата на одбраната од страна на владата од ефектите на инфлацијата. Во анализираниот модел, инфлацијата се операционализира како годишна стапка на промена на дефлаторот на бруто националниот доход, што претставува економски показател за промената на

цените и е репрезентативен показател за дистрибуцијата на куповната сила во националната економија.[90]

Растот на воените расходи треба да кореспондира со растот на економијата. Во отсуство на други фактори, одбраната треба да добива повеќе средства кога економијата се развива. Меѓутоа тоа најчесто не е случај, ниту треба да се разгледува како пропорционална врска. Перцепциите за потребите на одбраната обично не се менуваат во согласност со промените на економските перформанси. Од друга страна, воените расходи можат да се користат како економски стимуланс за развој на економијата, во улога што ја има буџетскиот дефицит. Во моделот се прикажани годишните проценти на промени во бруто домашниот производ, мерени во услови на константна вредност на националната валута за да не се дуплираат ефектите од зголемување на цените, како и заради фактот што економскиот раст секогаш треба да се проценува во реални вредности.

Најчеста причина за буџетски ограничувања е постоењето на буџетски дефицит. Логичното објаснување би било, владата во услови на суфицит во буџетот да ги зголемува воените расходи, додека во услови на дефицит, буџетот за одбрана треба да расте полека или дури да се намалува. Таквиот однос всушност би значел дека буџетскиот дефицит генерира ограничување на расходите за одбрана. Во моделот улогата на буџетскиот дефицит е операционализирана како годишна промена во дефицитот, како процент од бруто домашниот производ.

Иако трговскиот биланс изгледа како намалку значајна компонента, состојбата со плаќањата кон странство можат да бидат услов за ограничување на јавната потрошувачка. Ова е особено карактеристично за помали економии, каде извозниот сектор е од централно значење за

[90] Од трудот на William K. Domke, обработен во книгата на Andrew L. Ross. *The Political Economy of Defense- Issues and Perspectives*, стр.25

националната економија. Големите трговски економии можат да толерираат значителни дефицити и дебаланси во трговската размена со странство. Лошата состојба во трговскиот биланс може да влијае на финансиска криза и фискални ограничувања на јавната потрошувачка. Од друга страна можен е случај и при таков однос помеѓу споменатите варијабли, да нема ограничувања на воените расходи. Годишните промени во процентот на тековниот дебаланс е претставен како процент од бруто домашниот производ во моделот.

Кај сите четири економски варијабли треба да се очекува позитивна корелација, односно воените расходи треба да растат со растот на инфлацијата и БДП и подобрување на состојбата во буџетот (суфицит) како и на состојбата во билансот на плаќањата.

Фискални ограничувања во одбраната, 1955-1985[91] *Табела бр.20*

Варијабла	САД	Гол. Брит.	СРГ	Франција	Холанд.	Шведска
Состојба	1, 36 (0, 38)	0, 06 (0, 04)	-1, 37 (0, 29)	1, 97 (0, 36)	-1, 15 (0, 39)	3, 72 (1, 28)
% на промена дефлатор	**0, 73** (1, 77)	**1, 20** (8, 66)	**1, 76** (2, 05)	**0, 80** (1, 98)	**0, 96** (2, 28)	**0, 48** (1, 78)
% на промена на БДП	-0, 55 (1, 15)	-0, 05 (0, 78)	-0, 36 (0, 71)	0, 37 (0, 55)	**0, 84** (1, 84)	0, 48 (0, 90)
промена на дефицитот како % од БДП	**-0, 87** (1, 52)	-0, 24 (0, 49)	-1, 40 (1, 07)	**-2, 67** (3, 18)	**-1, 78** (1, 48)	**-0, 72** (1, 56)
промени во трг. Бил. како % од БДП	-0, 56	**-1, 70** (2, 77)	0, 96 (0, 62)	**-1, 32** (1, 89)	-0, 16 (0, 45)	-0, 02 (0, 04)
R2	**0, 63**	**0, 78**	**0, 77**	**0, 50**	**0, 31**	**0, 21**
D-W	1, 96	2, 11	2, 34	1, 67	1, 66	2, 38

Табелата покажува резултати на проценки од еден прост линеарен модел на фискални ограничувања. Коефициенти кои се статистички значајни, со ниво на веројатност над 0,5 се болдирани. Моделот опфаќа анализа на

[91] Исто, стр.29

податоци кај шест земји за временска серија од 30 години (од 1955-1985) година.

Промените во воените расходи се во силна корелативна врска со стапката на инфлација кај секоја нација. Сите коефициенти се позитивни и статистички значајни. Стандардната варијација во коефициентите индицира постоење на интересни разлики помеѓу нациите. Коефициент од 1,00 претставува однос кога еден процент пораст на инфлација се совпаѓа со еден процент на пораст на расходите. Само во Холандија тој однос е блиску до еден (поточно 0,96), односно Холандскиот систем добро ги компензира влијанијата на инфлацијата. Франција и САД имаат помали коефициенти, што покажува дека расходите за одбраната заостануваат зад стапката на инфлацијата. Шведска има многу низок коефициент, што покажува дека има дезинвестирање во одбрамбениот сектор. Германија има коефициент 1,76 што покажува дека Германскиот буџет за одбрана систематски растел во време на период на ниска инфлација во земјата.

Само Холандскиот буџет тесно се совпаѓа со трендот во економскиот раст (0,84) на земјата. Во Холандија, одбраната како процент на учество во БДП опаѓа полека од 1955, но заради растот на економијата (БДП) тоа не значи и реално намалување на расходите за одбрана. Коефициентите на другите земји немаат значење, но тие се индикативни за дефинирање на општите односи помеѓу одбраната и економскиот развој. Францускиот и Шведскиот коефициент се слабо позитивни и рефлектираат опаѓање на учеството на одбранбениот сектор во бруто домашниот производ. Британскиот коефициент е нула и покажува дека не постои систематска врска помеѓу овие две варијабли. Во САД и Германија, односот е негативен, што значи дека одбраната е независна од движењата во економската сфера. Расходите во одбраната имаат тенденција на раст во периоди на бавен раст на економијата, како дел од фискалната политика дизајнирана да ја стимулира

економијата. Така за овие две земји немаше ограничувања за одбраната како резултат на лошите движења во економијата. [92]

Трговскиот биланс покажува генерално исти показатели како и буџетскиот дефицит во контекст на одбраната. Постои слаба позитивна корелативна врска во Германија, покажувајќи случај каде постојат фискални ограничувања. Во САД, Голема Британија и Франција, воените расходи се во негативна релација со промените во трговскиот биланс, покажувајќи дека расходите за одбрана се зголемуваат наспроти влошувањето на состојбата во билансот на плаќањата.

Генерален заклучок би бил сосема изненадувачки, дека за период од триесет години не може да се најде однос кој сугерира постоење на фискални ограничувања на воените расходи. Некои од владите подобро ги компензираат ефектите од инфлацијата, додека само Холандија го усогласила растот на економијата со економскиот раст. Кај секоја земја одбраната влегува во сумата на вкупните владини расходи и не е ограничена од истите.

Според резултатите од анализата во периодот од 1955-1985 година секторот одбрана генерално бил ослободен од фискалните ограничувања. Од друга страна, заканата по безбедноста на државата претставува значајна детерминанта на висината на воените расходи. Тука е значајно да се истакне фактот дека, состојбата на домашната политичка сцена, во контекст на одлуките за одбраната, претставува извор кој нуди разумно објаснување за добиените резултати и заклучоци. Имено, само испитувањето на домашната политичка структура може да ни открие како воените расходи се изменети од ограничувањата на јавната потрошувачка.

Во обидот да се даде одговор на прашањето колку е доволно да се издвојува за одбраната, станува очигледно дека едноставна анализа на

[92] Исто,стр.30

економската состојба на земјата не дава јасен одговор. Анализа и на посложени односи на економијата и одбраната не претставуваат гаранција дека постои однос помеѓу фискалните ограничувања и одбраната. Таквите фискални ограничувања требаат да бидат очигледни. Тоа не наведува на заклучок дека воените расходи се повеќе политички одошто економски детерминирани и покрај фактот што истите се, пред се, економска категорија и активност. Улогата на расходите за одбраната во една економија е значајна, но промените во нивото на расходите не ги следат економските правила или теории. Наместо тоа, политичките дебати и одлуки кои се однесуваат на безбедносната политика и одбрамбениот буџет, се од главно значење за детерминирање на нивото на воените расходи.

Согласно теоријата, националната безбедносна стратегија го детерминира буџетот за одбрана. Објективна проценка на надворешната безбедност се прави од страна на одговорни јавни службеници со ангажирање на надлежни структури од секторот на одбраната на различни нивоа на одлучување, со предлог за најдобро искористување на расположливите ресурси за потребите на системот за одбрана. Како што истакна поранешниот државен секретар за одбрана на САД, Каспар Вајнбергер, "националната безбедносна стратегија и буџетот за одбрана се недделиви. Националната безбедносна стратегија претставува темел врз кој се гради буџетот за одбрана".

Изготвување и донесување на буџетот за одбрана претставува политички процес. Тој во себе содржи предлог за најповолна алокација на ресурсите за одбраната. Прашањето на буџетот за одбрана е изразито комплексно прашање според бројот на лицата и структури вклучени во негово донесување, обемот на средства за кој станува збор, а некогаш и поради дискрецијата во нивното користење.

Изработката на буџетот за одбрана секогаш се соочува со класичната дилема: "оружје наспроти путер"[93], односно дилема, колкава да биде потрошувачката на секторот на одбраната и оттука производството на производи за одбраната vis-à-vis производство на стоки за широка потрошувачка или воопшто стоки за цивилна употреба. Предизвикот при донесување на буџетот за одбрана е да се најде оптимален износ, така да се овозможи максимизирање на економската активност на претпријатијата. Од друга страна, предизвикот за владата е да се оптимизира буџетот на државата да обезбеди најдобра комбинација на националната безбедност и социјалната благосостојба што ја пружа централната власт.

Буџетот за одбрана претставува витална врска помеѓу политиката за одбрана, од една страна и националната економија, од друга страна. Буџетот претставува всушност краен производ на еден процес кој во себе ги содржи следните активности: прво, идентификација на безбедносните интереси на државата; второ, проценка на ризиците по националната безбедност и безбедносните интереси; трето, формулација на одбранбената политика како одговор на заканите врз безбедносните интереси на државата; четврто, одредување на оптимална комбинација на сили, средства и луѓе за реализација на одбранбената политика и петто, предлагање на буџетот за одбрана за овозможување на реализацијата на предвидените програми.

4.1.3. Барање на оптимален однос помеѓу одбраната и економијата

Прво прашање треба да биде за односите помеѓу економскиот раст и финансиското оптоварување на економијата за потребите на одбраната. Основна претпоставка за силна одбрана е силно стопанство. Некои од ова извлекуваат заклучок дека најдобар начин за достигнување на силна одбрана

[93] "guns versus butter"

е укинување на воените издатоци. Таквата идеа всушност, само го крие вистинското прашање, за тоа, кој е тој максимален дел од националното богатство, кое земјата може, во одреден период, да го издвои за својата одбрана, а при тоа, да не се успори експанзијата на националната економија и да не се одржува состојба на големи финансиски напрегања на земјата за потребите на одбраната на подолг временски рок.

Второто прашање се однесува на вистинското економско значење на буџетот за одбрана. Сите воени расходи немаат исто влијание врз економскиот развој. Некои од нив влијаат и на зголемување на нивото на продуктивноста и развој на националната економија. Структурата на воените расходи може да има значајни економски последици за националните економии. Поради тоа, неопходно е во моментите на одлучување за основните ориентации на одбранбената политика, да се земат во предвид различните видови на воени расходи и нивното влијание на национално ниво.

Приодот на различни категории на луѓе кон овие прашања покажува одредени разлики. Така, односот на војниците кон овие прашања е таков што тие се противат на потчинувањето на одбраната на економските услови или економски ограничувања, додека економистите често, ги анализираат единствено економските категории и резултати. Одговорите на поставените прашања ја наметнуваат потребата од интеграција на економската и безбедносната димензија, односно, интеграција на воените расходи во финансиската стратегија на земјата.

Јасно е дека делувањето на вооружените сили е во непосредна врска со буџетските можности, а со тоа и со националната економија. Карактерот на односите помеѓу стопанството и одбраната мора да биде точно утврден, земајќи ги во предвид само политичките и стратегиските интереси, кои мора да бидат точно одредени од страна на стручни лица од одбраната. Ако тоа не се направи, основен проблем ќе биде точното одредување на местото на одбраната во една земја. Често прифатен став и решение е ограничувањето

на одбраната, контрола на буџетските средства за потребите на одбраната и нивно максимално намалување.

Таквиот начин на гледање на односот помеѓу економијата и одбраната, во најмала рака, е непотполн, не само заради фактот што историјата дава примери на економски развој, таму каде секторот на одбраната имал непосредна улога (нацистичка Германија, САД во трката во вооружување), туку и заради фактот, што дејностите кои се врзани со одбраната и останатите стопански дејности на земјата, се во нужна реципрочна врска на меѓусебна зависност.

Анализа на односот помеѓу економијата и одбраната е резултат на потребата да се информираат луѓето од одбраната и политичарите, преку објаснување на тие релации од страна на економистите. Целта на анализата е да се утврди економскиот карактер на воените расходи и со тоа да се даде придонес кон нивна подобра ефикасност од аспект на националната економија во целост.

Имајќи ги во предвид проценките на воените експерти за опасноста од војна, кај кои се јавува тенденцијата до крајни граници да ги оправдуваат барањата на одбраната или да ги истакнуваат стратегиските можности на непријателот, се чини дека и во едниот и во другиот случај доприносот на економските науки е ограничен. Ниту во еден случај економската анализа не овозможува да се донесат конкретни одлуки и да се дадае оценка кој дел од националниот доход треба да се одвои за одбраната. Ако е можно да се одреди цената на еден авион, тешко е да се измери неговата корист и да се спореди со користа од други производи. На тој начин, на одбранбениот проблем му се приоѓа од две страни. Тоа во пракса значи дека средствата за потребите на одбраната мораат да бидат внесени во буџетот на државата, но во случај на недостаток од средства, трошењето на одбраната се ограничува. Станува збор за ограничувања кај личните расходи, материјалните или функционалните расходи на секторот на одбраната.

Различен е приодот на теоријата кон прашањето на воените расходи. Така,одредени теоретичари (класична школа) сметаат дека воените расходи не влијаат многу или дури негативно влијаат на економскиот развој. Според други (школото на Кејнз), повратното влијание на воените издатоци, ако се спореди со влијанието на останатите воени издатоци, нема специфичен карактер. Не постојат априори разлики помеѓу воените расходи и расходите за здравство, од аспект на економските резултати. Трета група е од хетероген состав според идејната ориентација (во неа се и марксистите) и според нив воените расходи даваат силен поттик на економскиот развој на западните земји во последните триесет- четириесет години.

Од особено значење е разјаснување на ова прашање и тоа треба да започне со истражување на специфичностите на воените расходи. Расходите треба да се поделат посебно, по категории и да се анализираат ефектите од секој од нив одделно. Без оглед на фактот да ли се смета дека воените расходи се преголеми или недоволни, масата на воените расходи е таква што ја оправдува емпириската анализа на карактерот на влијанието на воените расходи. Најголем број на мислења за воените расходи се потпира на традиционалната идеа за спротивноста помеѓу производството и воените издатоци, заради фактот што тие претставуваат обврска, оптеретување за националната економија.

Последица на таквото разбирање претставува природна тенденција за намалување на воените расходи, па заради тоа и не постои вистинско преговарање помеѓу Министерството за финансии и одбрана за оптималната големина на буџетот за одбрана, односно најчесто Министерството за финансии суверено одредува во текот на буџетската процедура колкав дел ќе биде даден на одбраната. На секторот на одбраната му останува единствено да се прилагоди на така одредената сума. Заради тоа е неопходна анализа за влијанието на воените издатоци врз економскиот развој. Не треба да се очекуваат општо прифатени правила во таа област, односно оптималниот

обем на средствата зависи од карактерот на земјата и степенот на нејзината развиеност.

Во основа, главна критика која може да се упати на таквите приоди кон воената проблематика се состои во сокривање на нивните суштински аспекти. Таквите приоди се базираат на парцијална, едносмерна представа на односите помеѓу нацијата и одбраната, како одбраната да претставува некоја посебна дејност, чие финансирање може да биде остварено единствено од делот на вишоците на државата. Таквиот став ја запоставува вистината според која одбраната во државата е само еден од секторите на државната заедница. Тоа е исто како во случај кога ги анализираме трошоците на едно домаќинство и кога сите тие служат за одржување на тоа семејство. Сите трошоци се неопходни и потребно е нивно усогласување со целината на организацијата, било да се гледа едно домаќинство или цела држава. Односот помеѓу државата и одбраната е сложен и од огромно значење, што не наведува на потребата од разбирањето на влијанието кое воените програми го имаат врз цивилниот сектор. Големината на буџетот за одбрана асоцира на фактот дека економското значење на вооружените сили е навистина големо.

Вооружените сили се голем потрошувач на доходот, кој ја стимулира потрошувачката и претставуваат пазар за индустријата. Дел од воените расходи наменет за личните примања е снажен генератор на потрошувачката. Материјалните издатоци влијаат на индустриското производство, додека функционалните трошоци претставуваат снажен подстрек на стопанските движења, особено преку средствата издвоени за исхрана, одржување на материјалните средства, изградба на инфраструктура или потрошувачка на гориво и сл. Буџетот за одбрана има улога не само во областа на националната потрошувачка, туку и во индустриското производство.

Системот за одбрана функционира преку реализација на различни одбранбени активности, кои од своја страна имаат и различно влијание врз стопанските активности. Анализа на влијанието на тие активности и

стопанството овозможува да се дојде до заклучоци за оптималната големина на оптоварувањето на нацијата за потребите на одбраната, односно до процентот кој ја репрезентира ефикасноста на влијанието на воените расходи врз економијата.

Одбранбените активности се детерминирани со две основни карактеристики: од една страна, тие се многу различни, а од друга страна, тесно се поврзани со економските сектори, кои ја сочинуваат стопанската структура на земјата. Освен функционалните трошоци, со кои се покриваат потребите на животот и работата на армијата, буџетот на вооружените сили опфаќа многу широка скала на активности, како што е учеството во индустријата (електронска, воздухопловна, космичка, индустрија за борбени, инжинериски или неборбени возила, индустрија за вооружување, бродоградба, индустрија на експлозиви и горива и др.), во истражувачките и развојните активности, како и во изградбата на инфраструктурата.

Вооружените сили претендираат да користат најмодерна техника, што директно ги насочува производителите за постојан развој и модернизирање на производството, што конечно влијае на забрзување на стопанскиот развој. Односот помеѓу одбранбените активности и индустријата покажува дека станува збор за многу тесни врски, кои го истакнуваат постоењето на воено-индустрискиот комплекс. Имено, анализата на таквите односи во Франција покажува дека воздухопловната индустрија остварува 75% од својот промет со производство на вооружување. Во електронската индустрија учеството на воените порачки се движи околу 50%. Во областа на истражувањето 30% од финансирањето покрива буџетот за одбрана. Извозот на вооружување од друга страна, претставува значаен извор на приходи за индустријата. Споменатите примери се доволни да ги покажат односите на меѓузависност кои постојат помеѓу националната одбрана и останатиот дел од стопанството. Можно е да се воспостави функционален однос помеѓу секоја ставка на издатоци за вооружените сили и одреден сектор на стопанството, водејќи

сметка за големината не само на воените издатоци и нивниот коефициент на влијание врз приходите или вработеноста, туку и за сите останати (индиректни) влијанија на воените расходи врз економијата. Тука, прво, се мисли на технолошките користи кои за одделните индустрии произлегуваат од производството на воена опрема и нивна примена за производство на предмети за цивилна потрошувачка (пример, производство на борбени ракети овозможува конструкција и на цивилни ракети). Како второ, мора да се истакне технолошко-финансискиот ефект од извозот на вооружување, со кој се овозможува одржување на оптимално ниво на нарачки на индустријата, доволно за одржување на квантитативниот и квалитативниот производствен потенцијал. Истражувањата направени за воени цели, во економската теорија се квалификуваат како "резидуален" фактор на економски развој и можат да се оквалификуваат како трет индиректен ефект на воените расходи. Списокот на надворешни влијанија е долг и тука не може да се исцрпи. Целта е преку прикажаните примери да се истакне фактот дека секторот на одбраната со своите карактеристики и местото, претставува фактор на надворешни заштеди. Сите споменати влијанија (користење на капацитети, финансиски ефекти од извозот и др.) не наведуваат на заклучок дека воените расходи конечно, придонесуваат за постигнување на рентабилноста на работењето на индустријата.

Ако ги изразиме функционалните односи (S1) помеѓу секој вид на воени расходи (Xi) и соодветен сектор на стопанска активност (Yi), а од друга страна, функционалниот однос (S2) со кој се одредува доприносот на секој стопански сектор (Yi) на порастот на бруто националниот приход (P2), тогаш ќе се види дека местото кое треба да се даде на одбраната во стопанството, т.е. место кое е одредено со односот P1=Воени расходи/ бруто домашен

производ, може да биде во рамките на пресметките за оптимални соодноси, добиени со операциони истражувања.[94]

Така, ако се дадени големините на односите S1 и S2 можно е за одредена големина на воените расходи, т.е. за одредена стапка на националното напрегање за одбраната P1 да се одреди оптимална структура на расходите X1 која овозможува да се максимизира стопанскиот раст.

Можно е, исто така, имајќи ги во предвид односите S1 и S2 за дадената оптимална структура на воените расходи Σ X1, да се пресмета стапката на оптоварување P1 која би била во согласност со најголемата стапка на пораст на економијата P2.

Користа од таквиот пристап не е само од економски карактер, туку од него произлегуваат и релевантни политички заклучоци. Организацијата на вооружените сили и одбрамбената концепција не се врзани и детерминирани само од буџетските разгледувања, туку се многу пошироко фундирани.

Во предложениот пристап, одбрамбената концепција е во тесна врска со стопанската рамнотежа и со развојот на националната економија. Од таа концепција произлегува организацијата на вооружените сили, која детерминира и одредена структура на воениот буџет, која кореспондира со стопанската рамнотежа и стапката на економски развој.[95]

Заради тоа, колку економијата е поразвиена и со подиференцирана стопанска структура, а со цел да се постигне максимално влијание на воените расходи врз економијата, активностите на вооружените сили треба да бидат помногубројни и различни, што ќе влијае од своја страна на ширење на одбрамбената концепција.

За целосна имплементација и практична примена на претставениот модел неопходно е да се обезбедат соодветни услови:

---

[94] Les raports de l'economie et de la defense evoques par M. Raymond Barre a l'Institut des Hautes Etudes de Defense Nationale, стр.149-152

- да се разработат национални конта за одбраната и да се индивидуализираат воените расходи во буџетот;
- да се изработат прегледи на влезови и излези (како матрица на Леонтиеф) кои ќе овозможат да се истакнат специфични односи на меѓузависност помеѓу секторот на одбраната и останатите стопански сектори;
- да се подобри системот за планирање на одбраната, односно систем на планирање, програмирање и подготовка на буџетот за одбрана, со што би се направила неопходна врска помеѓу сегашната структура на воените програми утврдени на ниво на министерства и функционалните буџети на ниво на единици.

Од претставениот приод можат да се извлечат одредени заклучоци кои ги објаснуваат трите главни аспекти на одбраната: проблемот на местото на буџетот за одбрана во државниот буџет, природата и економска улога на воените расходи како инструменти на економската политика и одбранбената концепција од аспект на националната структура.

Преку анализа на првиот заклучок се доаѓа до констатација дека постои оптимален буџет. Сите финансиски средства доделени на одбраната под минимумот или околу него, се јавуваат како облик на бесцелно трошење на пари, поради тоа што тие од воен аспект не се доволни да одговорат на сите видови на закани на националаната безбедност, а од економски аспект не влијаат позитивно врз функционирањето и параметрите на националната економија, кои би можеле да се очекуваат. Заради детерминирање на соодветно место на одбраната во една држава, неопходни се две додатни прецизирања, едно од економски а друго од политички аспект.

За дефинирање на оптималниот износ на буџетот за одбрана, кој се добива преку истражување на максимални влијанија на воените расходи врз економијата, неопходно е да се утврди не само износот на буџетот, туку и структурата на трошоците кои треба да бидат покриени од буџетот.

---

[35] Исто.

Јасно е дека и најбогатите земји мораат да прифатат такво оптоварување кое ќе биде пропорционално на нивните можности, доколку не сакаат да ги намалат или успорат развојните тенденции на националната економија. Исто така, неопходно е да се констатира дека одбраната не е можна под одредено ниво на економски развој.за држава која самостојно го организира својот систем за одбрана. Со други зборови, кога се работи за одбраната, можно е на една држава, како и на едно претпријатие да и се одреди некој вид на граница, под која расположливите национални ресурси не се доволни да го поднесат товарот на државниот и воен апарат. Во таков случај идеата за национална безбедност станува фикција или излезот се наоѓа во членување во одредени сојузи или пактови.

Таквите констатации, колку и да се класични, не се доволни. Тие не даваат објаснување заради што и како буџетите за одбрана можат еднаш да се појавуваат како оптоварување за националниот доход, кој влијае на негово намалување, додека во друг случај, претставуваат фактор на поттикнување на стопанскиот развој. Одговорот на тоа прашање треба да се побара во природата на трошоците и нивното влијание врз одделни сектори на економијата.

Ваквите разгледувања овозможуваат да се елиминира еден приговор, кој би можел да се даде на предложениот модел, а кој се состои од претпоставката дека, во крајна линија, пронаоѓање на максималното влијание на воените расходи, води кон таква структура на буџетот во кој личните расходи би биле еднакви на нула, а инвестиционите трошоци би биле единствени трошоци. Ова би водело до таква состојба во која армијата би била единствено склад на вооружување и друга техника. Таквата хипотеза не смее да биде прифатена. Шемата на претходно извршената анализа ги задоволува сите услови на урамнотежен стопански развој. Од тоа произлегува дека во една развиена економија со голем број на разновидни сектори, структурата на воените расходи може да биде ефикасна ако е исто така разновидна како и економската структура. Заради тоа е неопходно во

буџетот за одбрана да се сочува одредена рамнотежа помеѓу различни ставки на трошоци, а особено помеѓу функционалните трошоци кои го обезедуваат животот и работата на вооружените сили и инвестиционите трошоци со кои се обезбедуваат вооружување, опрема и инфраструктура.

Имајќи ја во предвид таа идеа за оптималната структура на трошоците, може да се разбере и интересот кој го имаат земјите производители на вооружување за извозот на оружјето. Тој извоз не е користен единствено како извор на девизни средства или за овозможување на поголемо искористување на производствените капацитети за производство на оружје. Тој е значаен, пред се, заради барањата индустријата постојано да се прилагодува на современите барања и технолошките промени, што овозможува да се сочува високо техничко ниво на меѓународен план. Без извоз на вооружување, индустријата за оружје доаѓа во опасност да ја изгуби својата конкурентност, а домашните вооружени сили треба да го купуваат вооружувањето од други земји. Во таков случај воените расходи немаат динамичко влијание врз економијата, туку претставуваат терет на националната економија, заради големо одлевање на средствата за воени потреби во страни земји.

Добиените резултати од анализата и математичкото одредување на оптималниот износ на издвојувањето за одбраната зависат од степенот на прецизноста со која се утврдуваат односите на меѓузависност, а особено од бројот на параметрите усвоени за проценка на надворешните влијанија на воените расходи. Од друга страна, решението на моделот не се сведува само на една точка или една бројка, туку најчесто на дијапазон на можни буџетски решенија распоредени помеѓу минимум и максимум. Меѓутоа, таквата непрецизност не треба да предизвика сомневање во користењето на приодот. Резултати добиени од анализата, можат да се користат како средство за докажување на оправданоста на воените расходи во текот на подготовките на буџетот.

Следна последица на таквиот пристап е во врска со буџетот за одбрана како можен инструмент на економска политика на државата. Организацијата на одбраната, како ни нејзиното финансирање не смеат да бидат детерминирани од конјуктурата. Впрочем, односите помеѓу секторот на одбраната и останатите сектори на економијата, претставуваат структурни односи. Поради тоа, ако воениот буџет по својата природа е инструмент на краткорочна економска политика, тој може да биде значајно средство во рацете на владата да придонесува на стопанскиот развој на земјата. Ова се јавува како резултат на две причини:

- одбраната е единствен сектор кој покрива и соработува со голем број на различни стопански активности, а при тоа, целосно е во рацете на државата;
- голем дел од воените расходи е наменет за такви активности, кои се носители на развојот. Нема сомнение дека капацитетите за производство на вооружување имаат стратегиска позиција во националната економија, поради што се наметнува потребата од кординација или заедничка стратегија на развојот на економијата и системот за одбрана.

Поимот на буџетскиот оптимум претставува функција на степенот и видот на развојот на земјата, како и на сите економски, општествени и политички структури. Постои еден однос помеѓу начинот на живот на поединец и начинот според кој тој го распоредува својот доход на разни расходи. Тој нема да дојде во искушение да ги пореметува правилата на распоредување на средствата од платата, заради фактот што брзу ќе се соочи со последиците од тие одстапувања. Иста е состојбата и на ниво на државата. Преголем воен буџет ги намалува можностите за развој на економијата, додека недоволен воен буџет претставува израз на непродуктивно трошење на средствата, заради што е неопходно да се одржуваат реални мерки во тој поглед. Не смее да се дозволи оддалечување од реално детерминираните граници на износот на буџетот за одбрана.

Меѓутоа, пореметената рамнотежа во семејниот буџет многу бргу се приметува и се чувствува, заради што може бргу и да се корегира. Кога на национално ниво дојде до поголеми неусогласувања, тие доцна се откриваат и тешко се отклонуваат. Воспоставување на пореметената рамнотежа е многу тешко и скапо. Потврда на таквиот став може да се види и од состојбата во нашите вооружени сили, кои сега се обидуваат да го надоместат она што е пропуштено во претходните години кога недоволно е издвојувано за опремување на армијата.

Претходната елаборација претставува критика на вообичаен, парцијален приод кон односот економија - одбрана. Потребно е да се воспостави синетеза помеѓу секторот на одбраната и економијата, односно да се усогласат воената и економската ефикасност.

4.2. Воени расходи и економски раст: проценка на меѓусебно влијание

Воените расходи претставуваат значајна компонента на јавните расходи, како за високо развиени земји, така и за земјите во развој. Улогата на воените расходи во земјите во развој од секогаш претставувала контроверзно прашање, но исто така и за развиените земји.

Кај развиените земји, зголемувањето на воените расходи влијае на зголемување на агрегатната побарувачка. Ова од своја страна влијае на зголемување на производството на стоки и услуги, за да се задоволи зголемената побарувачка, што конечно резултира со зголемување на приходите и вработувањето. Инвестирањето во военото истражување и развој влијае на користење на ново развиените технологии во цивилниот сектор на економијата, а со тоа на зголемување на продуктивноста на цивилниот сектор. Користа од воените расходи може да биде дистрибуирана и на други географски реони на економијата.

Во тој контекст зголемените расходи за одбрана не мора задолжително да значат корист за економијата на земјите во развој. Зголемената побарувачка на земјите во развој најчесто влијае на зголемување на увозот. Поради тоа, воените расходи ги одземаат ресурсите од продуктивно инвестирање и го загрозуваат економскиот развој и просперитет. Дури и во случај кога стоките и услугите се произведуваат во националната економија, потребно е да се анализира врската и влијанието на "префлувањето" на средствата во секторот на одбраната и како тоа влијае на цивилниот сектор на економијата.

Новиот развој на настаните во Источна Европа и поранешниот Советски Сојуз ја генерира потребата од преиспитување на традиционалните сваќања кои го истакнуваа значењето на воените расходи. Тука посебно се истакнува потребата да се анализираат целиот спектар на прашања кои асоцираат на воените расходи во светло на новите политички и економски промени.

Така во натамошната елаборација ги анализираме теоретските и емпириските прашања кои се однесуваат на ефектите на воените расходи врз економскиот развој, и тоа како за развиените така и за земјите во развој. Врз основа на анализата во овој дел од трудот ќе дадеме одговор на едно од најчесто поставуваните прашања: да ли воените расходи го промовираат економскиот раст на развиените земји односно го забавуваат економскиот прогрес на земјите во развој? Исто така, во анализата ќе бидат опфатени и импликациите на скорашните економски и политички промени во Источна Европа на полето на трката во вооружување и нивните консеквентни ефекти на економски развој на развиените земји.

За време на Студената војна, воените расходи растеа глобално, а земјите членки на НАТО и Варшавскиот договор беа најголеми учесници во тој раст. Меѓутоа, вкупните воени расходи започнуваат да опаѓаат кон крајот на осумдесеттите години од дваесетиот век (табела бр.21)

Тренд во глобалните воени расходи[96] *Таб.бр.21*

Година/период	Земји во развој	Развиени земји
Воени расходи (млрд.УСА $)		
1960	35	385
1970	75	545
1980	137	618
1984	155	750
1987	132	838
1990	123	762
Годишна стапка на раст (во проценти)		
1960-70	7,9	3,5
1970-80	6,2	1,3
1980-90	-1,1	2,1
1980-84	3,1	5,0
1984-87	-5,2	3,8
1987-90	-2,3	-3,1

Како што се гледа од табелата надолниот тренд на воените расходи е очигледен, всушност годишната стапка на пораст на вкупните светски воени расходи опаѓа, од ниво од околу 4 % годишен раст за време од 1960-70 на околу 3 % годишно намалување во периодот 1987-90.

Трендот на намалување на воените расходи се намалува во периодот 1995-1998 и во 1999 година започнува зголемување на воените расходи (графикон).

[96] James E.Payne& Anandi P. Sahu. *Defense Spending and Economic Growth*. стр.3

За потребите на натамошна анализа, неопходно е согледување на теоретската рамка која ја покажува врската помеѓу воените расходи и економскиот развој. Таа се сведува на два правци: прв, ефекти на агрегатната понуда и втор, ефекти на агрегатната побарувачка. Респектирајќи го долгорочниот економски развој, ефектите на агрегатна понуда се доминантни.

Разгледувањето на страната на понудата се базира на опортунитетните трошоци на ограничените ресурси. Во тој случај, преку воените расходи се пренасочуваат ресурсите од нивна продуктивна употреба. Според Рам можеме да истакнеме неколку начини на директно пренасочување на средствата. Личната потрошувачка може да биде редуцирана ако воените расходи се насочени кон производство на вооружување. Исто така, воените расходи можат да влијаат на привлекување или на дестимулирање на приватните инвеститори, како и на процесот на штедење. Јавните расходи за образование и здравство, како и расходи за научно-истражувачка работа се во негативна корелативна врска со растот на воените расходи. Зголемување на воените расходи, а особено увозот на вооружување негативно влијае на билансот на плаќањата на земјите во развој. Во таков случај се трошат

ограничените девизни средства на државата наместо да се користат за увоз на капитални средства, производствена техника и сл. Покрај ваквите директни ефекти на воените расходи врз економскиот развој и неколку индиректни ефекти треба да се споменат. Воените расходи можат да предизвикуваат негативни влијанија врз надворешната околина (еколошко загадување), да предизвикаат милитаризација на општеството, како и да водат кон "трка во вооружување" и слично. Од друга страна, позитивни влијанија од воениот кон цивилниот сектор на економијата се операционализираат во форма на воведување на напредна технологија, едукација на работната сила и изградба на современа инфраструктура.

Во врска со анализа на односот помеѓу технолошките промени и економскиот раст, Милер и Атесоглу[97] презентираат теоретски модел за детерминирање на односите. Нивниот модел ја дели економијата на два сектори: цивилен и воен. Воениот сектор може да влијае позитивно или негативно врз цивилниот сектор. Позитивното влијание се изразува преку технолошки иновации и подобро квалификувана работна сила. Негативните влијанија се изразуваат преку недостаток на високо квалификувана работна сила, која се ангажира во воениот сектор и потенцијално влијание врз инвестиционите ресурси.

Споменатите автори поставуваат равенка со која го изразуваат економскиот раст опфаќајќи ги ефектите на производствените фактори (трудот и капиталот), технолошките промени и воените расходи. Тргнувајќи од фактот дека стапката на технолошкиот развој и маргиналниот фактор на продуктивноста во двата сектори можат да се разликуваат, тие дојдоа до заклучок, дека теоретски, ефектот на воените расходи врз економскиот развој е неодреден. Понатаму, тие ја анализираат компаративната статистика на нивниот модел и заклучуваат дека и големината на воениот сектор и стапката на раст на воените расходи влијае на стапката на економски раст.

Ефектот на големината на воените расходи зависи од релативната продуктивност на факторите на производство во двата сектори како и од релативната стапка од технолошки иновации во двата сектори. Ефектот од растот на воените расходи зависи од маргиналната надворешна продуктивност на воените расходи на цивилниот сектор. Конкретно, ако релативната стапка на технолошките иновации во воениот сектор паѓа тогаш редукцијата на големината на воениот сектор влијае позитивно врз економкиот раст. Како што авторите сугерираат, единствено емпириската проценка на нивниот модел може да го направи валиден заклучокот за влијанието на воените расходи врз економскиот раст.

Покрај влијанието на воените расходи врз економскиот раст на страна на понудата, истите можат да влијаат и на страна на побарувачката. Зголемувањето на воените расходи, во услови на неограниченост на капацитетите, ја зголемува агрегатната побарувачка, а со тоа влијае на реално зголемување на производството и економскиот раст. Во услови на ограниченост на капацитетите, таквото зголемување на агрегатната побарувачка генерира инфлаторен притисок. Како што веќе заклучија двајцата автори, детерминирањето на влијанието претставува емпириско прашање, кое зависи од спецификите на земјите.

Во современата литература наоѓаме и анализи на влијанието на траката во вооружување врз економскиот развој. Според Андертон, не постои сомнение дека трката во вооружување има големо влијание на економскиот развој на земјите ривали. Авторот преку симулации доаѓа до неколку значајни заклучоци. Прво, земјата која поголем дел од своето воено производство насочува и кон цивилно производство, постигнува подобра економска и воена позиција. Второ, земја која произведува оружје со подобар квалитет, ќе го надмине својот ривал на долг рок, при исти трошења на

[97] Mueller и Atesoglu,

средства и исти стапки на раст.[98] Како заклучок, Андертон истакнува дека дури минимални зголемувања на издвојувањата за одбраната на краток рок, може да има драматични ефекти на долг рок. Како пример за ова, авторот го истакнува примерот на колапсот на Советскиот Сојуз.

Авторите Мајер и Рајнс[99] ги анализирале ефектите од проектираното намалување на воените расходи на САД и придонесот на воените истражувања на растот на продуктивноста и економскиот развој. И покрај тоа што воените расходи имаат влијание на страната на понудата и побарувачката, тие се фокусирале на страната на понудата. Во нивната анализа тие прифаќаат флексибилна монетарна политика, со цел да се одржи нивото на агрегатната побарувачка и оттука, вработеноста. Тие заклучуваат дека порастот на бруто домашниот производ на долг рок, се должи на зголемувањето на инвестициите и приватните заштеди. Според нивните пресметки, намалувањето на воените расходи има мало влијание врз економскиот раст. Мајер и Рајнс истакнуваат неколку фактори кои влијаат на таквата состојба. Така, директните заштеди од намалувањето на воените расходи резултира со намалување на приватните заштеди. Намалувањето на расходите за одбрана ги намалува интересните стапки кои влијаат на депресијација на доларот. Стимулациите на извозните активности, ги апсорбираат ресурсите ослободени од кастрењата на издатоците за одбраната. Помалите интересни стапки ја стимулираат потрошувачката и влијаат негативно на заштедите и привлекувањето на странскиот капитал.

Втора област на истражување превземена од споменатите автори Мајер и Рајнс се однесува на влијанието на воените истражувања на развој и економски раст. Според нив, истражувањата направени за цивилни потреби имаат влијание врз приватниот капитал, додека тоа не е случај со воените истражувања. Но од друга страна, ако средствата за воени истражувања се

[98] James E.Payne& Anandi P. Sahu, *Defense Spending and Economic Growth*, стр.9

насочат кон истражувања за цивилни потреби или за изградба на јавната инфраструктура, продуктивноста ќе биде зголемена.

Во истражувањата на Дун [100]опфатен е односот помеѓу воените расходи и вработувањето во 14 земји на ОЕЦД. Користејќи годишни податоци во временска серија од 1962-1985, тој нашол слаби докази дека расходите за одбраната влијаат на вработувањето на макроекономско ниво. Како и да е, таквите заклучоци мораат да бидат проверени, во однос на квалитетот на податоците, спецификите на моделот и сл. На микро ниво Дун го истакнува проблемот на различно структурно прилагодување и различна политика, што ја отежнува споредбата на податоците. Тој се обидува да одговори на прашањата како воените расходи влијаат на структурата на индустријата, како и на специфичното производство на претпријатијата, какво е влијанието на воената индустрија врз локалните заедници и односот кон макроекономските агрегати. Како негов заклучок тој истакнува дека намалување на воените расходи овозможува опортунитет за развој на општеството.

За разлика од истражувањето на Мајер и Рејнс, кои ја анализираа страната на понудата и долгорочните импликации на воените расходи, Пејн, Рос и Олсевски[101] ја анализираа страната на побарувачката и краткорочните ефекти. Споменатите истражувачи ги анализираа макроекономските ефекти на воените и невоените расходи (останати јавни расходи) во САД. Тие ги испитуваа потенцијалните макроекономски ефекти од промените на овие две компоненти од федералните расходи и го проценуваа нивното влијание врз реалниот бруто домашен производ, реалната понуда на пари, инфлација, како и висината на тромесечната есконтната стапка. Резултатите од нивните истражувања не успеаја да пронајдат значајни врски помеѓу варијаблите кои ги репрезентираат макроекономијата и воените и другите јавни расходи.

[99] Meyer и Raines.
[100] Dunne.

Според овие три автори редукциите на буџетот за одбрана предизвикуваат минимални макроекономски влијанија.

Хевман, Дердорф и Штерн[102] ги анализираа можните секторски влијанија на "мировните дивиденди" врз трговијата и вработувањето во САД. Тие спроведоа два експерименти: прво, 25% унилатерална редукција на воените расходи на САД и второ, 25% мултилатерална редукција на воените расходи во осумнаесет Западни развиени индустриски земји и шеснаесет земји во развој. И кај двата експерименти се истакнува реалокацијата на ресурсите кои се резултат на редуцираните буџети за одбрана, за одржување на постоечкото ниво на финална побарувачка за стоки и услуги. Генерално, постојат три политики кои ја придружуваат редукцијата на воените расходи заради неутрализацијата на ефектите на агрегатната побарувачка. Првата политика едноставно ги редистрибуира редуцираните воени расходи кон девизните резерви на земјата, кои би се употребиле за увоз на капитални стоки и неопходни полупроизводи. Втора политика која го придружува намалувањето на воените расходи е намалувањето на даноците. Намалувањето на даноците ќе влијае на стимулирање на цивилната потрошувачка. Третата политика се реализира преку користењето на ослободените средства од намаленият буџет за одбрана за покривање на буџетскиот дефицит. Намалувањето на буџетскиот дефицит ќе го намали притисокот врз интересните стапки што стимулативно ќе влијае на стимулирање на приватните инвестиции.

Првото сценарио на тројцата автори предвидува дека редукциите на воените расходи се абсорбираат пропорционално од потрошувачката, инвестициите како и невоените буџетски расходи, додека второто сценарио ја анализира реалокацијата на воените расходи во други форми на јавни расходи, при што се одржува константно ниво на инвестициите и

[101] Payne, Ross и Olszewski.
[102] Haveman, Deardorff и Stern.

потрошувачката. Според третото сценарио се редистрибуираат редуцираните средства во потрошувачка додека останатите компоненти на финалната потрошувачка остануваат константни. Четвртото сценарио се фокусира на редистрибуцијата на редуцираните средства во инвестициона потрошувачка. Првите три сценарија од унилатералните редукции на воените расходи резултираат со опаѓање на извозот и увозот, како и со дислокација на работна сила. Четвртото сценарио покажува различни резултати. Порастот на приватните инвестиции влијае на пораст на извозот, увозот и вработувањето.

Следниот експеримент превземан од Хевман, Дердорф и Штерн е 25% мултилатерална редукција на воените расходи од страна на Западните развиени индустријализирани земји и земји во развој. Ефектот врз вработување е сличен како во првото сценарио на унилатералните редукции, каде трговскиот сектор реагира различно. Извозот на САД опаѓа додека увозот расте, како резултат на релативно големата апресијација на вредноста на доларот. Севкупните резултати сугерираат дека 25% мултилатерални редукции на воените расходи имаат поголемо влијание врз економијата на САД отколку унилатералните редукции во ист износ. На секторско ниво, поедини индустриски гранки понесуваат поголем товар од трошоците за прилагодување предизвикани од намалувањето на воените расходи.

Регионалната сензитивност на воените расходи ја истражувал Тејлор[103], преку анализа на сензитивноста на државните вработувања во воената индустрија. Имено, намалувањето на воените расходи директно влијае на бројот на вработените во воено индустрискиот комплекс и најтешко ги погодува областите каде таквата индустрија е доминантна. Тоа значи дека разбирањето на ваквите ефекти може да им помогне на доносителите на одлуките да формулираат помош и да ги минимизираат краткорочните влијанија на намалувањето на воените расходи. Според Тејлор, во САД се

[103] Taylor.

намалува вработеноста за 0,03% во услови на намалување на набавките на воениот сектор од 1%. Авторот заклучува дека варијациите на сензитивноста на државите на намалувањето на воените расходи зависи од индустриската структура на државата.

Бисвас[104] емпириски ги истражувал ефектите на воените расходи врз работната сила, капиталот и бруто домашниот производ, кај 74 земји во развој, за период од 1981-1989 година. Тој заклучува дека воените расходи имаат позитивно влијание на економски раст.

Воените расходи кај земјите во развој обично се операционализираат преку увоз на оружје од развиените земји. Авторите Лони и Фредериксен[105] истражуваа дали "мировните дивиденди" како резултат на намалувањето на воените расходи во 62 земји во развој ќе влијаат позитивно на економскиот развој. Споменатите двајца автори истражуваа три хипотези: (1) дали воените расходи и увозот на оружје му пречи или му помага на економскиот развој, (2) дали воените расходи и увозот на оружје влијаат на промената на состојбата на надворешниот долг на земјата и (3) да ли воените расходи имаат еднаков ефект врз различни земји. Користејќи податоци за 62 земји за период од 1981-1989 година тие прават неколку анализи. За целиот примерок на разгледувани земји заклучуваат дека долгот и воените расходи придонесуваат на економскиот развој, додека увозот на вооружување нема значајно влијание. Од друга страна, ако земјите се поделат на земји со висока стапка на раст и земји со низок економски раст состојбата е поинаква. Кај земји со ниска стапка на раст ниту воените расходи ниту увозот на вооружување не претставуваат значајни фактори за детерминирање на економскиот раст. Кај земји со висока стапка на економски раст инвестициите, долгот и воените расходи имаат позитивно влијание на економскиот раст. Ваквите заклучоци сугерираат дека воените расходи имаат двојна улога во развојните процеси во

[104] Biswas
[105] Looney и Frederiksen.

поголемиот број на земји, односно претставуваат фактори и на економски развој.

Прикажаните анализи направени во овој дел, покажуваат дека постои теоретска основа за очекување на одредено влијание на воените расходи врз економскиот развој како во развиените, така и во земјите во развој. Додека врз економскиот раст може да се влијае и од страна на понудата и побарувачката, нето ефектот на воените расходи не е доволно јасен. Оттука, проценката на таквото влијание станува емпириско прашање.

Одредени анализи покажуваат дека влијанието на воените расходи врз економскиот развој на развиените земји е скромно. Во согласност со проценките, еден процент пораст на воените расходи во САД влијае на 0.03% зголемување на вработеноста. Всушност, воените расходи не влијаат значително врз останатите макроекономски варијабли како што се реалниот БНП, инфлација или каматна стапка. Само кај земјите во развој, според анализите од овој дел, постојат докази за значително влијание на воените расходи врз економскиот развој и тоа позитивно, освен кај увозот на вооружување, каде таквото влијание е негативно.

Така, согласно застапниците на таквите мислења, а во контекст на споменатите слаби врски помеѓу воените расходи и економскиот развој кај развиените земји, би можеле да заклучиме дека редукцијата на воените расходи не би влијаела значајно врз динамизацијата на економскиот развој. Согласно на застапниците на ваквото мислење, тие сугерираат дека ефектите од антиципираните намалувања на воените расходи имаат скромнен придонес за растот на бруто домашниот производ на земјата.

Додека намалувањето на издвојувањата за одбраната не влијаат значително врз економскиот просперитет, односно економското влијание на "мировните дивиденди" се пренагласува, трансферот на ресурсите од производството на воени средства кон производство на цивилни стоки се смета сепак за пожелен. Помалите воени расходи водат кон поголеми

инвестиции на приватниот сектор и поголема потрошувачка, што конечно резултира со повисоко ниво на животен стандард. Всушност, одредени студии тврдат дека намалувањето на воените расходи води кон значителни зголемувања на инвестициите во опрема.

Од друга страна, намалувањето на воените расходи може да има и значителни негативни импликации на регионално ниво. Тоа значи дека регионите или местата кај кои учеството на воениот сектор во економијата било доминантно, последиците можат да бидат тешки. Така, додека просечното влијание на намалувањето на воените расходи на национално ниво е умерено, одредени индустрии и региони се дваесет пати поосетливи на таквите промени од националниот просек. Оттука, постои потреба да се ублажи негативниот ефект од редукциите на воениот буџет на таквите индустрии и региони.

Промената на природата на потенцијалните конфликти ги одредуваат целите и задачите на воениот сектор, како и постигнатото намалување на воените расходи. Поголемата кооперативност помеѓу земјите во врска со разрешување на конфликтите станува реалност. Трката во вооружување полека се заменува со ривалитет на економски план. Можеби споменатите "мировни дивиденди" сеуште не резултираат со големи економски дивиденди, но тие сепак стануваат добра основа за економски просперитет, базиран на потрошувачката, а не на продукцијата на вооружување.

4.2.1. Концепциски врски помеѓу воените расходи економскиот развој

Во следната елаборација ќе презентираме некои од главните теоретски врски помеѓу воените расходи и економскиот раст и развој. Примарна цел е да се прикаже природата на таквите концептуални врски, при што дискусијата за емпириските врски е минимална. Всушност, анализата

претставува компилација од мислења сугерирани од повеќе теоретичари од оваа област. Станува збор за селективен пристап, така што нема да бидат земени во предвид сите погледи. Имено, две основни категории на врски помеѓу воените расходи и економскиот развој ќе бидат предмет на анализата. Тие се врските на страната на агрегатната понуда и врските во однос на агрегатната побарувачка.

Повеќето од дискусиите во литературата од ова област ја обработуваат страната на понудата, што типично значи обработка на воените расходи во смисла на "опортунитени трошоци" или жртвување на драгоцени ресурси кои можат да бидат насочени за алтернативни цели. Иако повеќето аргументи сугерираат негативен ефект на одбраната врз економскиот развој, постојат и одредени позитивни врски.

Можеби еден од најчесто споменуваните аргументи е тврдењето дека со воените расходи се одземаат средства кои можат продуктивно да се користат. Традиционалната парадигма за односот помеѓу "путерот и оружјето" индицира дека ако се произведува повеќе оружје, како консеквенца се јавува помало производство на "путер". Сите сфери од општествениот живот и процесот на репродукција имаат потреба од финансиски средства, кои се користат во воениот сектор. Значителни се економските, социјалните и политичките последици од насочувањето на огромните средства за економски непродуктивни цели. Така, еден од повеќето директни ефекти е трошење и намалување на средствата од буџетот, за други обврски на владата кон општеството.

Според одредени автори во современата литература, ваквото гледање на работите изгледа премногу воопштено и неиздиференцирано. Иако, тврдењето дека одбраната ги "одзема" ресурсите што би можеле да се искористат за други намени претставува дефинитивна вистина, сепак не е очигледно како таа влијае врз економскиот раст и животниот стандард. Вообичаена претпоставка за ваквото пренасочување на средствата е дека

маргиналниот придонес на воените расходи кон социјалната благосотојба е нула или дека таа е пониска од маргиналниот придонес на останатите видови на јавни расходи. Се наметнува како неопходно да се изврши споредување на таквите придонеси пред да се донесе заклучок како пренасочување на ресурсите кон одбранбениот сектор влијае на социјалната и економската благосостојба.

Имено, целокупниот износ на воените расходи не е насочен кон такви производи како што се бомби, пушки, проектили, тенкови и сл., односно значаен дел оди за потребите на потрошувачката на ангажираниот персонал во одбраната и нивните фамилии, за изградба на различни видови на инфраструктура и сл. Тоа значи дека иако одбранбениот сектор влијае на намалување на износот на цивилните инвестиции, тој во исто време генерира одредено ниво на инвестиции и значителен износ на потрошувачка.

При анализата треба исто така, да бидат земени во предвид и други аргументи. Така, не постојат докази дека висината на приходите на државата не се во врска со големината на воените расходи. Иако насоката на причинските врски помеѓу приходите и расходите на државата не е одредена, разумно е да се очекува дека проектираните воени расходи се земаат во предвид кога се таргетираат приходите и се утврдува нивото на даноците. Оттука, ако воените расходи се помали, не мора да значи дека вкупните државни приходи и расходи ќе останат непроменети, односно може да се зголемат расходите на некој друг јавен сервис (образование, здравство, култура и сл.). Од друга страна, можно е намалените воени расходи да влијаат на намалување на даноците и други видови на приходи на државата, а можно е истото да влијае на намалување на понудата на пари. Иако приходите се третираат како релативно независни од воените расходи, тешко е да се каже кои категории од јавните расходи ќе се зголемат.

Генерално земено, може да се рече дека иако општествено оптимално ниво на воени расходи е "нула", не може за сите облици на воени расходи да

се каже дека се безкорисни. Исто така, може да се констатира дека не се сите останати видови на јавни расходи задолжително корисни. Оттука, се наметнува потребата од разгледување други ефекти од воените расходи врз економскиот раст, развој и благосостојба во националната економија.

Редукции во приватната потрошувачка се резултат од делувањето на воените расходи. Имено, воените расходи ги пренасочуваат ограничените ресурси од нивна употреба за други цели, што резултира со редукции во приватната (цивилна) потрошувачка и го намалува нивото на благосостојба во општеството. Ваквотот тврдење е точно, но има две забелешки. Првата забелешка се должи на фактот дека приватната (цивилната) потрошувачка нема да биде намалена за полниот износ на воените расходи, туку само за оној дел од воените расходи кој е наменет за продукција на такви средства како што се тенкови, бомби и сл. Втора забелешка се однесува на фактот дека воената продукција сепак има одредена општествена вредност, така што редукцијата на благосостојбата на општеството е помала од социјалната вредност на "пренасочените " средства во воениот сектор.

Редукциите во приватни и јавни заштеди и инвестиции се должат на тоа што употребата на средства за одбраната влијае на намалување на средствата за други намени, па помеѓу останатото и на приватни и јавни заштеди и инвестиции. Заштедите и инвестициите се многу важни извори на економскиот растеж, така што негативното влијание врз економскиот раст претставува логична последица на поголемиот износ на воените расходи. На ваквиот став има повеќе забелешки во современата литература. Првата забелешка се однесува на фактот дека целокупниот износ на воените расходи нема влијание врз инвестициите и заштедите, туку само одреден дел. Втора забелешка се однесува на тоа што дел од воените расходи влијае на капитал формацијата во инфраструктурата и сл. Третата забелешка сугерира дека последиците врз економскиот раст можат да бидат компензирани со аутпутот на воената продукција. Дегер потенцира како воените расходи влијаат на

заштедите и инвестициите. Неговата дискусија покажува дека односите не се така едноставни и магнитудата на влијанието на воените расходи зависи од:

1) тоа дали ограничувањата влијаат врз агрегатната понуда или побарувачка,
2) дали станува збор за краткорочни или долгорочни ефекти,
3) износот од воените расходи кој се покрива со инфлаторно финансирање и сл.

Според него, постои разлика во влијанието на воените расходи во развиени земји и земји во развој. Кај развиените земји експанзијата на воени расходи не значи и еквивалентно намалување на инвестициите, додека кај земјите во развој се приметува значајно зголемување на инвестициите ако воените буџети се редуцираат.

Пренасочување на јавните расходи од сферите на образование и здравството претставува еден од негативните ефекти на воените расходи врз економски раст. Неоспорен е фактот дека формацијата на човечкиот капитал преку образование и здравство е главен извор на економски раст, особено во земјите во развој. Воените расходи го намалуваат економскиот раст преку влијанието врз редукцијата на јавните расходи насочени кон формирањето на човечкиот капитал. По разгледувањето на финансирањето на јавните расходи преку оданочување, задолжување во земјата, создавање на примарни пари и задолжување кај Централната банка, задолжување во странство и слично, Дегер истакнува дека кај земјите во развој, особено кај руралните земји, со неразвиени финансиски институции, не постои доволна флексибилност на ниското ниво на буџетски приходи, да го зголемат и пополнат буџетот брзо. Сосема е спротивна состојбата во развиените земји, каде стабилните и издашни приходи на државата овозможуваат буџетот лесно да порасне и да се наполни. Ваквата состојба во земјите во развој резултира со неможноста да се сопрат редукциите во расходите за човечкиот капитал. Тоа значи дека воените расходи директно влијаат на намалување на расходите за

образование и здравство, со што, конечно влијаат на намалување на економскиот раст. Проценката на ваквото делување на воените расходи претставува емпириско прашање, односно влијанието може да биде различно во повеќе разгледувани земји.

Од друга страна, треба да се истакне дека воените расходи имаат свој придонес во формацијата на човечкиот капитал преку едукација и здравство, заради тоа што воениот персонал се обучува за специфични специјалности, како и заради фактот што армијата се грижи за здравствената состојба на своите припадници.

Редукции во приватната потрошувачка. Овој аргумент е сличен на оние според кои воените расходи ја намалуваат приватната потрошувачка, со што се влијае негативно врз економскиот развој на државата.

Редукции во издвојувањата за научно-истражувачка работа. Јавниот сектор значајно влијае врз функционирањето на научно-истражувачката дејност, особено во земјите во развој. Зголемување на воените расходи влијае на намалување на издвојувањата за научно-истражувачка работа во јавниот сектор кои се вршат за потребите на цивилното производство, што значи дека има негативно влијание врз технолошкиот, односно во крајна линија на економскиот развој. Овој став не ги зема во предвид издвојувањата за научно-истражувачка работа кои се прават во воениот сектор, кои се многукратно поголеми од издвојувањата за цивилни цели. Во услови кога постојат потешкотии да се зголемат државните приходи кои ќе ги финансираат зголемените воени расходи преку дефицитно финансирање или задолжувања од странство, се случува намалување на издвојувањата за научно-истражувачка работа, со негативен ефект врз економскиот развој. Проценката на ваквото делување на воените расходи, исто така, претставува емпириско прашање, односно влијанието може да биде различно во повеќе разгледувани земји. Од друга страна, постојат тврдења дека дел од

иновациите направени во воениот сектор можат да се искористат и за цивилното производство.

Негативен ефект врз билансот на плаќања. Поради економската состојбата, земјите во развој, најчесто не можат да ги исполнат во потполност своите одбранбени потреби. Земјите во развој ги користат своите ограничени девизни средства за потребите на својот воен сектор, што негативно влијае на состојбата на билансот на плаќањата и влијае врз редукциите на увозот на важни индустриски и капитални стоки, со што се загрозува економскиот раст на земјата. Во врска со ова тврдење треба да се земат во предвид неколку факти. Имено, станува збор за значителни износи на девизни средства кои се трошат за потребите на одбраната. Порад ваквиот увоз се намалува увозот на неопходни стоки за процесот на репродукција, како и увозот на капитални добра неопходни за проширена репродукција. Постои можност увозот на воена техника да биде покриен со асистенција од странство, но при тоа треба да се анализираат политичките импликации на таквата помош, кои исто така, можат негативно да влијаат на развојот. Негативното влијание на секторт на одбраната врз билансот на плаќањата може да биде резултат на увозот на воена техника и технологија или заради пренасочување на домашните производи за воени потреби кои би можеле да бидат извезени и од кои можат да се остварат значителни девизни средства.

Воениот сектор зема голем број квалификувана работна сила, од цивилниот сектор за свои потреби. Имено, функционирањето на современа воена техника не може да се замисли без високо образован кадар, што претставува често и ограничен ресурс во неразвиените земји. Нараснатата технолошка софистицираност на модерната војна, а со тоа и наметнатите потреби од учество на високо квалификувана жива сила во современите армии го потенцира споменатиот проблем. Но и покрај евидентните факти кои го докажуваат ваквиот тренд, некои автори сметаат дека нема доволно аргументи дека таквиот дел од работната сила е превземен од цивилниот

сектор и дека тој сектор е загрозен заради тоа од воениот сектор. Според нив, повеќето од луѓето добиваат дополнително образование во армијата. Но секако, неоспорен е фактот дека со соодветно образование, многу поголем би бил нивниот допринос во цивилното производство, а со тоа и за економски раст на националната економија.

Покрај директните влијанија на одбранбениот сектор на економскиот раст и благосостојба на населението, во литературата се споменуваат и повеќе индиректни позитивни и негативни ефекти на воените расходи.

Како прв од повеќето индиректни негативни влијанија на воените расходи се наведува негативното влијание врз околината, како резултат на нуклеарните проби и други експериментални експлозии, употреба на токсични средства, како и од користење на широк спектар на необновливи ресурси (енергенси и рудни богатства).

Втор ефект е јакнењето на воено-индустрискиот комплекс, кој влијае врз јавната политика на начин што може негативно да се одрази на економскиот развој и нивото на животен стандард на населението. Нараснатото значење на воено-индустрискиот комплекс може да резултира со милитаризација на општеството, да иницира воени интервенции или агресија на друга земја, односно да се превземаат дејствија кои се бенефитни за тој сектор, но се разбира, за сметка на општеството. Иако е можно одредени интересни групи и од цивилниот сектор да влијаат на такви дејствија, сепак се верува дека воените расходи водат кон реализација на поголеми и поопасни интереси.

Како трет ефект се споменува фактот дека високи воени расходи кореспондираат со репресивни режими, кој доминира како поддршка или е подржан од воениот естаблишмент. Милитаризацијата најчесто е придружувана со социјални тензии. Како средство на домашна репресија, милитаризацијата не е карактеристична само за земји со значителни социјални разлики и екстремна експлоатација на населението.од страна на

поголеми компании. Според марксистичката или нео-марксистичката школа, воениот естаблишмент е средство за експлоатација како дома така и на меѓународен план. Милитаризацијата е инструмент кого капитализмот го користи за воспоставување и обновување на бројните механизми за експлоатација.

Четвртиот ефект се јавува поради тоа што во услови на ограничени буџетски средства, воените расходи можат да го охрабруваат инфлаторното финансирање, што води кон сериозни економски пореметувања. Галопирачката инфлација и пореметувањата на монетарниот систем најчесто асоцираат на војна и рапидно зголемување на воените расходи. Теоријата и расположливите податоци не овозможуваат квантитативно детерминирање на влијанието на воените расходи врз стимулирањето на инфлацијата, но сепак, земајќи ги во предвид различните начини на кој е можно нивното влијание, тоа воопшто не е спорно.

Петтиот ефект се однесува на фактот што набавките за потребите на одбраната, како и системот за управување со овој сектор, често генерираат големи загуби, неефикасност и неекономичност на трошењето на расположливите ресурси. Оттука, покрај пренасочувањето на средствата, негативниот ефект на економскиот раст се должи и на неефикасноста во менаџментот на средствата за одбраната. Постојат бројни примери на злоупотреби направени при склучување на договори за набавка за системот на одбрана, со цени кои биле неколку пати поголеми од реалните пазарни цени.

Шестиот ефект се должи на фактот што заради зголемување на воените расходи во развиените земји, се намалуваат средствата кои можат да бидат наменети за помош на земјите во развој.

Исто така, трката во вооружување се истакнува како негативен индиректен ефект на воените расходи. Имено, зголемување на воените расходи во една земја ја прави многу понесигурна соседната земја и генерира

уште поголеми издвојувања за одбраната кај неа (безбедносна дилема), што претставува општа карактеристика на трката во вооружување.

Како можно се истакнува и негативното влијание на воените расходи врз билансот на плаќањата на земјите во развој, како резултат на увозот за потребите на одбраната. Меѓутоа, овој ефект е многу посоодветно да се класифицира во групата на директни ефекти.

И покрај тоа што повеќето споменати индиректни ефекти сугерираат негативно влијание на воените расходи на економскиот развој, и неколку позитивни ефекти се анализирани во литературата.

Како еден од често истакнуваните позитивните ефекти се истакнуваат бенифициите од истражувањата и развојот направени за потребите на одбраната на остатокот на економијата. Имено, според ваквите тврдења, новата технологија произведена во воениот сектор влијае позитивно и на цивилната продуктивност, како на пример, воените иновации во авио-транспортот, употребата на нуклеарна енергија, употребата на радарите, вселенска технологија и други области, во кои се прифатени значајни ефекти на воените расходи. Додека можностите од такви ефекти се евидентни, нивно квантитативно значење, сепак, не може да се утврди.

Втора област во која се истакнува значајно влијание на воените расходи врз остатокот на економијата се огледа во формирањето на човечкиот капитал. Имено, воениот сектор превзема повеќе начини за формирање на човечкиот капитал и нивно користење во цивилната економија. Така, школуван и обучен кадар за потребите на армијата може подоцна да се користи за цивилни цели. Пример, пилоти обучени за потребите на военото воздухопловство можат да се користат и за цивилни летови по напуштањето на воената служба или пак техничарите кои ги опслужуваат воздухопловите. Постојат несомнено голем број на воени специјалности кои можат да се користат во цивилниот живот. Тука особено се истакнуваат логистичките специјалности (готвачи, возачи, болничари,

медицински техничари, механичари, ветеринари), како и персонал обучуван за родот врски (телеграфисти,телепринтеристи) и многу други. Воената едукација и обука позитивно влијае на човечка капитал формација заради градење на чувство на дисциплина и одржување на физичка кондиција на воениот персонал, кој подоцна, по напуштањето на воената служба може позитивно да влијае на развој на општеството.

Многу патишта, мостови, комуникациски мрежи, аеродроми, водоводи и сл. се изградени од страна на армијата за нејзини потреби, но се користат и од цивилната популација и можат да претставуваат значаен надворешен бенефит за остатокот на економијата. Влијанието врз инфраструктурата е секако многу значаен позитивен индиректен ефект врз националната економија.

Ефект на вработување. Имено, во услови на голема невработеност, карактеристична за повеќето од земјите во развој, армијата ангажира дел од неангажираната работна сила. Овој ефект се споменува како позитивен, во смисла на ублажување на проблемот на невработеност.

Безбедносен ефект. Системот за одбрана треба да генерира безбедно социјално и економско окружување. Така, преку одржување на внатрешната безбедност, како и заштита на меѓународните закони и поредок и промоцијата на слободни пазари, одбраната има значајно позитивно влијание врз економскиот развој. Брз економски развој е невозможен во услови на закани од внатрешни или надворешни агресии, односно одбраната генерира безбедно и продуктивно окружување.

Директна употреба на армијата за цивилни цели. Постојат неколку ситуации кога воениот сектор директно врши одредени услуги за цивилната популација, како што е помош на армијата во услови на природни катастрофи (земјотреси, поплави, пожари и сл.), интервенција на армијата во стабилизирање на внатрешни или меѓународни конфликти или кога цивилите ги користат воените училишта или болници и сл.

Воените активности можат да креираат и силни национални чувства, единство на нацијата и чувство на жртвување и мобилност. Тоа може да ја олесни мобилизацијата на ресурсите како за воени така и за цивилни цели.

Зголемување на агрегатната побарувачка. Во контекст на дефицит на побарувачка, воениот сектор може да ја зголеми агрегатната побарувачка и да ги стимулира реалните активности и економски раст.

Воениот сектор технолошки е многу понапреден од остатокот на економијата. Токму заради тоа, воениот сектор може да функционира како модерен сектор и да влијае на олеснување на економскиот развој. Ако продуктивноста на воениот сектор е повисока од продуктивноста на остатокот од економијата, експанзијата на воените расходи може да ја зголеми стапката на економски раст, затоа што военото производство претставува составен дел од БДП. Емпириската проценка на присуството и магнитудата на таквите ефекти не даваат јасна слика и конкретни квантифицирани показатели за таквото делување на воениот сектор врз економскиот раст.

Претходната елаборација нуди елементи за донесување на одредени заклучоци. Меѓутоа и покрај можноста за генерализација на одредени директни и индиректни ефекти на воените расходи врз економскиот раст, сепак, значајот на таквите влијанија тешко се детерминира и значително варира од земја во земја. Разликите во влијанијата на воените расходи се евидентни помеѓу развиените и земјите во развој. Дури и кај самите земји во развој постојат разлики кај земји со ниско и земји со средно ниво на национален доход[106]. Така, во ист контекст и Дегер ја истакнува можноста дека релацијата помеѓу воените расходи и растот не е линеарна, односно земји со високо и ниско ниво на доход можат да апсорбираат одредени користи од воените расходи, додека земји со средно ниво на доход трпат

[106] Frederiksen и Looney, Biswas и Ram.

негативни консеквенци од делувањето на воените расходи. Емпириски докази за значењето на ваквите дистинкции и класификации, сепак нема во толкав обем, да можеме заклучоците да ги сметаме за релевантни и општо прифатливи.

4.2.2. Агрегатна побарувачка како концептуална врска помеѓу одбраната и економскиот раст

Основни аргументи за концептуални врски помеѓу одбраната и економскиот раст врз основа на агрегатната побарувачка произлегуваат од Кејнзовото учење. Општото сценарио покажува недоволна вработеност на основните ресурси (трудот и капиталот), како и недоволна и ограничена агрегатната побарувачка. Во таква ситуација, воените трошења можат да ја зголемат агрегатната побарувачка и благодарение на мултиплицирачки ефекти може да се зголеми реалното производство. Ваквите тврдења тргнуваат од верување дека во националната економија има неангажирани ресурси. Воените расходи можат да предизвикаат ангажирање на таквите ресурси и експанзија на реалниот производ. Оттука, согласно застапниците на агрегатната побарувачка како концептуалната врска помеѓу одбраната и развојот, воените трошења водат кон зголемено производство и економски раст.

Големината на влијанието на воените расходи врз производството и растот зависи од структурни параметри. Во пост-Кејнзовиот модел, Де Хан[107] покажува дека влијанието на воените расходи на растот зависи од ефектите на таквите трошења врз четири параметри: стапка на штедење, буџетска стапка, стапка на тековна сметка и капитален коефициент. Неговиот конечен заклучок е дека ефектот на воените расходи на економскиот раст аналитички е неодреден.

[107] de Haan.

Концептуалната валидност и емпириското значење на воените расходи врз агрегатната побарувачка зависат од повеќе фактори. Така, за повеќето развиени земји, аргументите имаат одредена валидност, особено во периоди на рецесија, на краток рок. Рам [108]тврди дека таквото значење на воените расходи е сомнително и несигурно на подолг временски период, дури и кај развиените земји. Според истиот автор, кај повеќето земји во развој, реалните ограничувања се на страна на понудата, односно последиците од пренасочување на средствата изгледа дека имаат поголемо значење, отколку зголемување на побарувачката преку зголемување на воените расходи.

Неспорно е дека воените расходи можат да се користат како една од мерките за зголемување на агрегатната побарувачка, особено кај развиените земји, односно да претставуваат стабилизирачко средство. Меѓутоа, поради фактот што воените трошења немаат доволна флексибилност неопходна за стабилизациони мерки, нивна улога како средство на дискрециона анти-циклична политика е ограничено.

Во претходната елаборација е направен обид да се претстави синоптичка перспектива на концептуалните врски помеѓу воените расходи и економскиот раст. Од перспектива на понудата, карактеристично беше пренасочување на ресурсите, како и можното постоење на бројни директни и индиректни ефекти. Од друга страна беше претставена кратка презентација на потенцијалната улога на воените трошења на стимулирање на побарувачката, особено во услови на недоволна вработеност на ресурсите.

Очигледно е тешко да се даде проценка на целокупното влијание, кое варира помеѓу земјите. Исто така, поголем број на автори не се осмелува дури и да извлече генерални заклучоци за правецот на вкупното влијание. Како кратко резиме на различните ефекти, посебно треба да се истакнат три значајни работи. Прва, размислувањата за влијанието врз агрегатната побарувачка се од краткорочен аспект и не изгледаат значајни во дискусиите

[108] Rati Ram

за економскиот раст на среден или долг рок. Кај земјите во развој тешко може да стане збор за неискористени ресурси, освен можеби во краткорочен цикличен контекст или во врска со не квалификувана работна сила. Второ, постојат неколку позитивни индиректни влијанија, но, од друга страна и одредни негативни ефекти. Билансот може да биде позитивен во многу земји, но неговото значење е прашање на емпириска проценка. Трето, нето влијанието на воените расходи врз економскиот раст и развој зависи од балансот помеѓу социјалната корисност на националната безбедност и реалните опортунитетни трошоци на материјалните и човечките ресурси наменети за одбраната. Покрај едноставноста на концептот на "опортунитетни трошоци", квантификацијата на влијанието и ефектите од воените трошења е тешка, пред се, заради тоа што е просто невозможно квантитативно да се претстави социјалната корист на националната одбрана. Според тоа, научната проценка на нето економските ефекти на воените расходи останува рискантна како теоретски така и емпириски. Иако повеќето од воени расходи се непродуктивни, во услови на надворешна загрозеност на земјата таквата констатација повеќе не е точна. Од друга страна и во услови на мир потребно е постоење на одредено ниво на воени расходи. Проблемот се наоѓа во проценката на оптималното ниво на воени расходи за една земја. Одговорот мора да се бара во комбинација на концептуалните теоретски прашања и емпириска анализа на сите релевантни фактори во една национална економија.

Петти дел

5. ТРАНЗИЦИЈА КОН НОВА ЕРА БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ

5.1. Теоретски разгледувања на односите во меѓународниот систем

Ниту една дискусија за базичните концепти и приоди не би биле комплетни без обработката на двете основни групи на претпоставки за однесување во меѓународниот систем. Меѓутоа, иако застапниците на овие две учења најчесто ги елаборираат своите видувања како фактичка состојба, значајно е да се истакне дека станува збор за претпоставки. Тие врз основа на претпоставки за однесување на нациите во меѓународниот систем извлекуваат заклучоци кои ги дефинираат како учења. Во теоријата се доминантни реализмот и идеализмот, чии претпоставки ќе се обидеме да ги споредиме и спротивставиме, на ниво на стратегиски анализи.

Реализмот, најчесто се идентификува со учењето на Моргентај, Кисинџер и Валц[1], ја истакнува анархијата како примарна карактеристика на меѓународниот систем. Имено, не постои централен авторитет на ниво на меѓународната заедница да ги разреши споровите помеѓу земјите, како што е тоа случај на внатрешен план во земјите. Без таков авторитет, државите се натпреваруваат една со друга, водејќи сметка само за сопствените интереси. Основно средство за промовирање на своите национални интереси е силата и од тука државите се преокупирани со развивање на своите капацитети и пратење на можностите на другите земји. Реалистите го гледаат светот единствено од аспект на конкуренција и конфликти, како борба за моќ и владеење.

[1] Hans Morgenthau, Henry Kissinger и Kenneth Waltz.

Објаснувајќи зошто силата и конфликтите се централна карактеристика на однесувањето на државите, реалистите се делат во две групи. Едната група, можеби најдобро претставена од Моргентај, тврди дека човечката природа е таа која ја генерира желбата за моќ и сила. Конфликтите кои настануваат помеѓу луѓето се неизбежни како резултат на желбата на човекот бескрајно да ја зголемува својата моќ, богатство и слично. Поради фактот што се државите само збир на индивидуи, а државниците се лидери на таквите групи, државите се однесуваат како и луѓето и согласно човечката природа конфликтите се неизбежни.

Втората група на реалисти, најчесто асоцирани со учењето на Валц, ги наоѓаат објаснувањата во структурата на меѓународниот систем. Таквото гледање, наречено структурен реализам или неореализам е суштинско. Основна карактеристика на меѓународниот систем е анархијата, одсуство на централен авторитет да ги направи и со сила спроведе правилата, да ги разреши споровите и генерално да ги регулира и контролира конфликтите кои се неизбежни во системот на индивидуални, суверени држави. Сите земји поседуваат одредено ниво на воена моќ и конечно секоја држава има опција на закана на употреба на таа сила. Од друга страна, секоја земја е загрижиена од можностите на другите земји да ги употребат своите воени капацитети. Тоа води до состојба кога секоја земја, до извесен степен е загрижена и недоверлива спрема другите земји. Колку повеќе една земја ги зголемува своите капацитети, толку повеќе е понесигурна другата земја. Ова доведува до тнр. "безбедносна дилема": дејствијата превземани од една држава да ја зголеми својата безбедност, како што е зголемување на воените капацитети, води до контра реакција превземена од друга земја и до парадоксална состојба, во која фактички сите земји ќе бидат помалку безбедни. Втората школа го отфрла објаснувањето за човечката природа и го подвлекува значењето на силата во меѓународните односи. Значаен факт до кој дошле реалистите е дека дистрибуцијата на силата е најважна варијабла за објаснување на однесувањето на државите, а како најважен начин на

одржување и спречување на конфликтите е балансот на силите. Балансот на силите претпоставува дека единствен ефикасен начин да се спречи војната е подготовка за војната.

Идеалистите ги имаат корените во учењето на Вудроу Вилсон[2], иако како и реализмот првите корени се далеку во историјата. Идеалистите ја гледаат човечката природа како позитивна сила. Според идеалистите, постои природна хармонија на интересите помеѓу државите, засновано на желбата на повеќето луѓе да живеат во мир со другите луѓе. Само во случаеви кога се појавуваат корумпирани влијанија на политиката на големите сили, идеологијата, национализмот и злобните лидери со своја интервенција во меѓународниот систем, меѓународната политика се дегенерира во конфликт или војна. Согласно на тоа, основна задача е да се попречи појавата и контролата на таквите негативни влијанија. Ова е можно преку прво, развивање на демократијата, како форма на владеење која максимално ги изразува желбите на луѓето, второ, развојот на меѓународните институции, со цел да се креираат форуми во кои државите би можела да дискутираат за своите недоразбирања на начин со кој повеќе би се потенцирала кооперативноста одошто конкуренцијата помеѓу нациите. Така идеалистите гледаат голема перспектива не само во институциите како што се ООН, туку и со натамошно развивање на меѓународните спогодби и конвенции, како и на заедничка пракса како основа на меѓународното право. Таквите институции би ја зајакнале соработката помеѓу земјите во светот. Некои идеалисти одат во крајност со верувањето дека креирање на светска влада претставува одговор на сите проблеми. Имено, според нив, единствено е потребно да се креира меѓународен еквивалент на домашните влади за да го регулира и води однесувањето на актерите во овој систем.

Идеалистите често звучат и се претставуваат како утописти. Од друга страна, реализмот се третира како "либерален институционализам", со што

де факто се споредува улогата на државата со интересите на поединците во 19 век (либерализмот од економската теорија на Адам Смит).

Поради фактот што виртуелно е невозможно да се провери исправоста на овие противречни претпоставки на двете концепции, расправиите помеѓу реалистите и идеалистите ќе продолжат, особено во времето на огромните промени во меѓународниот систем, како во овој момент се објаснува периодот на транзиција од завршувањето на Студената војна. Природата на споменатите претпоставки како и импликациите кои истите ги имаат на односите помеѓу државите во меѓународниот систем се од особено значење за правилно детерминирање на состојбите во меѓународната заедница. Разликите се огледаат пред се во истакнувањето на значењето на меѓународните институции во разрешувањето на меѓудржавните конфликти (идеалисти) vis-à-vis мислењето на реалистите кои ги потенцираат интересите на државите. Согласно либералните институционалисти ваквите институции можат да доведат до состојба на повеќе "ред" и помалку конфликти во меѓународниот систем. За потребите на стратегиски размислувања и анализи кои ја обработуваат сегашната состојба, неопходно е фокусот да биде на интерактивните односи на сите нивоа, почнувајќи од човекот како единка, лидерите, ниво на држава и конечно на ниво на меѓународни институции за да се детерминираат најважните аспекти на меѓународната политика.

5.2. Промени во меѓународното безбедносно окружување

Анализата на промените кои настануваат во одбранбените активности на земјите во целиот свет, на површина ги откриваат промените настанати во безбедносното окружување. Тие промени се појавуваат паралелно со завршувањето на периодот на Студената војна и по својот карактер се

[2] поранешен претседател на САД, Woodrow Wilson

сложени, односно претставуваат "конгломерат" од повеќе активности. Тие се резултат на, пред се, динамичните промени на меѓународното безбедносно окружување, процесот на демократизација на "старите тоталитарни" општества, како и трансформацијата на централистичките плански економии кон пазарни стопанства.

Во современата литература сите автори го делат мислењето за настанатите промени во глобалното безбедносно окружување кое настанува со завршувањето на блоковската поделеност на светот како и долгогодишната трка во вооружување. Меѓутоа, крајот на Студената војна резултира со сосема нови облици на безбедносни ризици и има сосема поинакви импликации врз земјите во светот, што пред се, се должи на географската положба на земјата, националната структура на населението, степенот на економската развиеност, нивото на демократија во земјата и низ други состојби.

Можеме да констатираме дека стариот биполарен свет претставува минато, како и заканите за голем конвенционален или нуклеарен судир помеѓу ривалските страни. Наместо таквите ризици по светската безбедност се појавуваат релативно нови облици на загрозување на мирот и безбедноста, како хипернационализмот, етницизмот, тероризмот, религискиот фундаментализам, организираниот криминал, бегалски кризи и многу други. Многу новоформирани земји, настанати по распаѓањето на големите социјалистички земји, како приоритет во врска со националната безбедност ја сметаат заштитата на границите. Од друга страна, развиените западни демократии ги фокусираат новите безбедносни предизвици во тероризмот, етничкото чистење, одржувањето на мирот,[3] како и во хуманитарните кризи.

Основно прашање во контекст на безбедноста за земјите од Источна Европа, од оние лоцирани на Балтичкото море, преку Балканот, па се до Украина и Грузија, претставува прашањето и приоритетот за економска

стабилност на истите. На економската безбедност се надоврзуваат како еднакво значајни, прашањата на територијалниот интегритет и етничкиот национализам, кој де факто претставува "атомска енергија" за повеќето конфликти. Развојот на националните економии е круцијално прашање од кое директно е детерминиран опстанокот на секоја земја. Состојбата во националната економија мора да биде "број еден" национален безбедносен приоритет за секоја сериозна демократски избрана влада. Економската безбедност дури некои ја истакнуваат и пред воената безбедност на земјата. Тоа значи дека огромен дел од напорите на земјите кои навлегоа во долготрајниот процес на трансформација на своите национални економии мора да бидат насочени кон разрешување на економските проблеми.

Одредени автори ги делат сите безбедносни ризици на повеќето од Европските земји во две групи. Во првата влегуваат ризици кои, како што веќе истакнавме се однесуваат на состојбите во економијата (состојба со сировините, енергетска база, воведување на пазарот, приватизација, ниво на животен стандард и др.). Во втората група спаѓаат ризиците кои се во врска со културни, религиозни, политички, историски или националистички причини. Перцепциите на различни земји за безбедноста се директно профилирани со влијанието на споменатите фактори. Така, во одредени земји, етничката нетолерантност и националистичките манифестации, беа или се директна причина за појава на војни, и тоа оние од најтежок вид-внатрешни војни.

Со ова доаѓаме до констатацијата дека новата безбедносна клима ги редуцира опасностите од појава на војни помеѓу суверени земји, но од друга страна, се продлабочуваат противречностите и се зголемуваат опасностите од избувнување на внатрешни конфликти, кои во крајна линија можат да доведат до конфликти со меѓународен карактер.

---

[3] "peacekeeping".

Новите земји формирани по распадот на поранешниот Советски Сојуз, СФРЈ, Чехословачка, како и земји кои останаа без "блоковска" заштита настојуваат да се грижат за својот територијален интегритет преку развивање на сопствените воени потенцијали како и преку одржување на "пријателски" врски со НАТО, како единствен гарант за безбедноста во светски рамки, со надеж за можно целосно зачленување во колективниот систем за одбрана. Од друга страна перцепциите на Русија во врска со безбедноста се разликуваат. Кај Русите се осеќа загриженост за трендот на проширувањето на НАТО, како и негово доближување кон Руските граници. На ова се надоврзува и констатацијата дека дури 85% од светските воени расходи отпаѓаат на воените расходи на земјите членки на алијансата, што наведува на констатација од постоење на униполарен светски поредок. Тоа значи дека светот се соочува со противречност: од една страна улогата на НАТО како извозник на стабилноста, а од друга перцепциите на Русија, Кина и останатите земји за изолација, односно постоењето на униполаритетот овозможува доминација на САД и на НАТО во безбедносното окружување. Тоа пак од своја страна води кон унилатерални интервенции на алијансата, како што беше случај на Косово, што влијае на загрозување на интергитетот на малите земји.

Војните од типот на оние водени во поранешна Југославија, на Косово, на просторот на поранешен Советски Сојуз, Чеченија и други, се резултат на континуираното загрозување на мирот и регионалната стабилност, како резултат на етнички конфликти, со зголемен потенцијал за потенцијално надворешно ширење на конфликтот.

Прашањето на промената во безбедносното окружување треба да се разгледува во контекст на прашањето за меѓународниот систем за безбедност, кој се потпираше на национална употреба на воената сила како краен гарант на безбедноста на државата како и врз заканата за нејзината употреба како база на тој систем. Со тек на време стана наполно јасно дека

таквиот систем не е единствен и перфектен. Како резултат на тоа се јави идеата за колективна безбедност како неопходен напор на земјите да стигнат до заеднички посакуваната цел.

Процесот на изградба на нов безбедносен систем, започна во раните 1990-ти, на повеќе различни правци. Важни конститутивни елементи на таквиот процес се процесите на контрола на оружјето, ограничувањата, редукциите и разоружувањето, од една страна, како и намалување на значењето на воениот фактор, од друга страна. Приоритет беше ставен на превенција на воените конфликти, кризен менаџмент, мирно разрешување на проблемите и донесување на конфликт резолуции. Светската заедница беше ангажирана во голем број на мировни операции, а различни активности беа превземени од регионални и субрегионални организации.

Крајот на Студената војна влијаеше на политичка маргинализација на нуклеарното оружје, што резултираше со значително намалување на нуклеарните потенцијали. На ова секако се надоврзаа и ограничувањето и редукциите на бројот на конвенционалните оружја во светот.

Меѓутоа, иако ваквите ограничувања и редукции се дел од новиот безбедносен систем, кој се гради, тие не можат и да се поистоветуваат со него. Новиот безбедносен систем е можен само на ниво на меѓународната заедница, врз основа на изградени заеднички институции за обезбедување на заеднички интереси, како и преку насочувањето на националната политика во правец на поголема меѓузависност помеѓу државите. Со други зборови, во барањето на нов безбедносен систем, државите ќе бидат вовлечени во интегративни процеси и ќе ги согледаат предностите од мултилатералните институции кои ќе ја водат меѓународната меѓузависност.

Од тоа произлегува дека првата задача на идната безбедносна агенда мора да биде заштита, рационализација и јакнење на меѓународни и мултилатерални рамки кои се градат повеќе од педесет години. Неопходно е динамичко усогласување на безбедносниот процес и меѓународните

институции. Постоечките безбедносни институции како што се ООН или НАТО и ЗЕУ мораат да се реформираат соодветно на промените кои се случија во безбедносната околина. Трансформираните и адаптираните мултилатерални институции мораат да одговорат на новите барања, новите облици на безбедносни ризици, новите компетенции и нови инструменти и процедури на донесување на одлуки. Трансформацијата е неопходна заради тоа што мандатот на овие институции се базира на искуствата од минатото и фактот што дојде до промена на основните безбедносни ризици. Тука е вредно да се разгледа и тоа, како различни земји во светот ги гледаат основните извори на закана денес што директно влијае и на проекцијата на меѓународните безбедносни структури.

Станува збор за стратегиски проценки. Имено, ситуацијата за време на Студената војна се карактеризираше со висока стабилност и со висока воена закана, додека сегашната состојба на светските односи се одликува со ниско ниво на воена закана и ниско ниво на стабилност. Основна карактеристика на сегашното стратегиско окружување често се идентификува како неодреденост и променливост.

Во теоријата се среќаваме со враќање кон концептите на геополитиката и гео-стратегијата. Тоа е општо позната вистина дека географската локација преставува еден од факторите за безбедност на земјата. Како и да е, физичката географија е непроменлив фактор, додека политичката и економската географија доживуваат фундаментални промени. Така на пример, во Европа по распадот на Советскиот Сојуз и Југославија, поделбата на Чехословачка и унификацијата на Германија, се појавија повеќе од 20 нови држави. Паралелно со процесот на деколонизација, бројот на држави субјекти на меѓународното право се зголеми за три пати во последните половина век. Многу поважна работа од географијата е системот на вредности кој ги води државите, односно да ли истиот има тоталитарен, авторитарен или демократски карактер.

Од особено значење за една длабока анализа помеѓу останатото е и разбирањето на стратегиските гледишта на трите главни учесници во глобалниот систем за безбедност: САД, Русија и Кина. Гледиштето на САД ги вклучува следните елементи: прво, главните сили сеуште соработуваат и покрај зголемената тензија помеѓу нив; второ, САД се светски лидер во информатичката технологија што влијае на националната моќ, односно и на економските и воените потенцијали на државата; САД ги подобрија економските перформанси во однос на сите главни сили како и тоа дека САД се доминантна воена сила во светот. САД дефинираат нови видови на безбедносни ризици: масовни хуманитарни катастрофи како резултат на етнички судири, обид за формирање на алијанси од поранешни комунистички земји или како да се вклучат истите во новите безбедносни структури, организираниот меѓународен криминал, тероризам, нукларна трговија и др.

Кинеската проценка на сегашната глобална стратегиска ситуација поаѓа од претпоставките за мултиполаризацијата како неизбежен светски процес, како и од тоа дека САД останаа единствена супер сила по завршувањето на Студената војна, кои секогаш сакаат да го кажат "последниот збор" за важните глобални прашања. Кинезите сметаат како и експертите во САД дека светски војни не се можни, а интензитетот на локалните војни и регионалните судири ќе се намалува. Она што ги загрижува Кинезите е фактот што во западните земји останале ставови кои влечат длабоки корења од Студената војна, а се манифестираат преку експанзијата на НАТО.

Руските проценки се многу слични на Кинеските. Тие ги перцепираат САД како центар на гравитацијата во глобални димензии. Русите посебно го истакнуваат воениот аспект на безбедноста и особено на стабилизирачкиот ефект на нуклеарните потенцијали. Меѓународната безбедност се гледа претежно како реализација на воената политика на САД. Зголемувањето на НАТО кон исток се гледа како на директна воена закана на Русија. Кај

Русите е присутна и носталгијата за изгубената империја, чувство на изолација и поставување на периферија од светската политика. Ваквата состојба влијае на состојбата на воениот и политички хардвер, што се гледа преку: наследство на менталитетот на супер-сила, обид на воено-индустрискиот комплекс за докажување и само-репродуцирање и обид на моќните интересни групи за конфронтација и протекционизам, отфрлајќи ја кооперацијата и отворањето кон светот.

Неделивоста на меѓународната безбедност не смее да се идентификува како еднаква безбедност. Декларираниот принцип на еднаквост во безбедноста не постои во пракса. Големите сили имаат поголема моќ независно да ја осигурат нивната безбедност, за разлика од малите и земји со средна големина. Ваквите земји го гледаат својот прием во мултилатералните структури како "sui generis" безбедносна политика против најлошите сценарија кои ја загрозуваат безбедноста на државата. Безбедносните интереси на таквите земји мора да се земат во предвид до одреден степен како и почитување на ставот на Русија. Идната безбедносна агенда на Европа се базира на три основни вредности: прво, секоја земја мора да се грижи за својата безбедност, дури и ако е во алијанса; второ, безбедносните проблеми мораат да се решаваат на база на помош на регионално и субрегионално ниво и трето, мора да постои солидарност помеѓу земјите за безбедносните прашања.

Кооперативното зголемување на НАТО претставува значаен дел, но секако не преставува замена за целиот процес на преструктуирање на регионалната безбедност во Европа. Тој процес го покрива зголемувањето на практично сите постоечки мултилатерални организации во Европа. Европска Унија, ЗЕУ, ОБСЕ, Советот на Европа, ОЕЦД и многу други субрегионални структури. Европската безбедност е неделива и само така мора да се разгледува. Зголемувањето на НАТО и безбедносните структури на Европската Унија мораат да ги надминат историските тенденции за

Централна Европа како регион каде почнуваат воружените конфликти и место на колизија помеѓу истокот и западот. Останува обврската за развивање на соработка помеѓу сите безбедносни структури и институции. Неопходна е практична хармонизација на глобализмот и регионализмот, односно ангажманот на Европските држави на решавање на проблемите и во најблиското соседство (Северна Африка, Среден Исток и Централна Азија).

Како заклучок на изнесеното би можеле да истакнеме дека кај меѓународниот безбедносен систем се појавија три нови фактори. Прво, не постои закана од војна на глобално ниво, но од друга страна се зголеми бројот на внатрешни судири. Второ, се намалува значењето на воената димензија, а се зголемува економската улога на државите во барањето на нов безбедносен систем на глобално и регионално ниво. Трето, значењето на транснационалните структури се зајакнува. Ова од своја страна води до следни заклучоци. Имено, институционалните форми и инструменти на соработка во областа на безбедноста мора да биде соодветна кон новите ралности на плуралистичкиот мулти-поларен, мулти-културен и мулти-цивилизациски свет. Постоечките безбедносни структури се формирани како одговор на заканите кои денес веќе се надминати. Неопходна е нивна реформа да се спречи појавата на превенција на внатрешни судири, решавање на кризни ситуации, правење на мирот и развивање на новиот концепт на пост-конфликтно градење на мирот.

Градењето на новиот безбедносен систем, глобално и регионално е дел од поширок историски процес, во кој ниту силите нити безбедносните организации немаат ексклузивни права. Современиот безбедносен систем не смее да се базира на хегемонијата на неколку сили. Тој мора да дава израз на меѓузависноста на земјите, каде заемните односи се водат од општо прифатените принципи на меѓународното право.

Ваквите политички констелации имаат извонредно големо влијание врз обликувањето и димензионирањето на воениот сектор што претставува и

фокус на нашето истражување. За целосно расветлување на проблематиката на конверзијата на воените расходи беше неопходно да се изврши анализа на политичките претпоставки за операционализација на намалувањето на издвојувањата за буџетите за одбрана и пренасочување на "ослободените" средства во развој на човекот и давање "нова" слика на светот како глобално хумано општество.

5.3. Развојни опасности во дваесет и првиот век

Светот во последните неколку децении се соочува со нови безбедносни предизвици, кои ја загрозуваат глобалната безбедност. Сите сме сведоци на појава на организиран криминал и тероризам во досега невидени размери и сила, појава на внатрешни конфликти, нестабилности на земјите кои тргнале во процес на модернизација и демократизација на своите општества и сл.

Анализирајќи ја појавата на новите видови на безбедносни ризици, како логично се наметнува прашањето за причините кои доведуваат до нивно појавување. Можеби звучи неверојатно, но во основата на проблемот, односно на сите промени, се наоѓа развојот, пред се економскиот развој. Тоа значи дека сиромаштијата не е таа која ги иницира промените во општествата, туку се работи за економскиот развој, кој генерира драматични промени во современите општества. На прв поглед изгледа дека тешкиот живот ги тера луѓето да се конфронтираат. Тоа е точно, но потребни се и некои други предуслови, за да може да дојде до појава на такви "конфликтни сценарија". Економскиот развој е тој, кој влијае врз промените на уредувањето на општествата, односно влијае на премин од автократско кон демократско уредување на земјите. Економскиот развој и модернизацијата на општеството влијае на тоа се поголем и поголем дел од популацијата да станува политизирана или да "влегува" во политиката преку работнички или

политички движења. Од друга страна, и покрај динамичните промени и развојот на државите, најчесто институциите на државата не се доволно развиени да одговорат на барањата на општествата кои рапидно се развиваат. Станува збор за стари, не современи државни институции, кои одговарале на потребите на претходниот систем и ниво на развој. Институциите не кореспондираат со динамичните промени кои се случуваат во општеството, со што се создаваат "поволни" услови за појава на конфликти и кризи.

Прашањето од насловот може да се подели на две одделни прашања. Имено, постојат две основни работи, за кои луѓето можат да мислат како на добри или лоши, иако тие работи не се ниту добри ниту лоши, тие едноставно зависат од околностите во кои се применуваат. Тие две "добра" се демократија и технолошкиот развој. Демократијата и технолошкиот развој не се ниту добри ниту пак се нешто лошо. Тие се едноставно неутрални. Тие можат да делуваат лошо или добро на одредена ситуација, во зависност од ситуацијата од која се применуваат. Овие два фактора се основни причинители на појава на конфликти и загрозување на безбедноста во светот.

Покрај споменатите фактори, постојат и други фактори кои влијаат на дезинтеграцијата на поголеми држави и појава на конфликти. Еден од тие фактори е порастот на популацијата. Имено, постои одредена конфузија околу популационата теорија. Според одредени тврдења стапка на пораст на населението во светот е во опаѓање, така што светската популација за педесет години ќе биде многу постара и помалубројна. Од друга страна постојат триесетина држави и одредени народи во светот, кај кои стапката на пораст на населението е во рапиден пораст. Зошто овој феномен е значаен, односно претставува причина за појава на нови закани по безбедноста?

Имено, кога ги анализираме насилствата кои се случуваат насекаде во светот, пример, Западен брег, Индонезија, Косово и сл., можеме да приметиме некои сличности (заеднички елементи). Сите политички насилства се направени од млади луѓе, обично помеѓу петнаесет и дваесетидевет години

старост. Земји кои се најнестабилни имаат високи стапки на пораст на машко население, со тоа што таквиот тренд најверојатно ќе продолжи во следните петнаесетина години. Ова се случува во земји како што се Западниот брег, Газа, Пакистан, Индонезија, Кенија, Замбија, како и во државите од Балканот каде живеат Албанците, за кои е карактеристична неверојатно висока стапка на демографски раст. Во поголемиот дел од таквите земји нема доволно работни места или можности за школување, со што таквата популација би гледала шанса за решавање на својата иднина. Според претходно изнесеното можеме да заклучиме дека популацијата претставува сериозен фактор кој влијае врз безбедносните движења во светот. Ако ја анализираме состојбата на Палестинците, кои се ограничени да живеат на релативно мал простор, станува јасно дека тука лежи причината за појава на конфликт.

Друг фактор кој води кон нестабилност во многу држави во светот е процесот на урбанизација. Урбаните општества потешко можат да се управуваат од руралните. Урбаните општества бараат комплексна инфраструктура за живот и работа, доволни количини на вода за пиење, електрична енергија, полиција, улично осветлување итн. Во урбаните средини луѓето не можат сами да одгледуваат храна, односно луѓето зависат од порастот или паѓањето на цените на стоките. Светот станува се повеќе урбанизиран, што влијае врз влошување на безбедносната состојба. Наспроти тоа, во руралните средини луѓето можат да работат на производство на храна (земјоделие), кое ангажира и поголем дел од работно неангажираното население, со што се намалуваат и егзистенцијалните проблеми и се добива социјален мир.

Како следен фактор може да се истакне намалувањето на расположливите количини на вода за пиење, што претставува голем проблем за светската популација. Ова е посебно тежок проблем кај урбаните средини.

Сепак, сите претходно споменати фактори се наоѓаат во заднина на вистинските проблеми. Тие не создаваат политички тензии, тие само дополнително ги усложнуваат постоечките политички тензии и ги прават уште потешки за решавање.

"Главен" проблем претставува појавата на демократијата. Појава на демократијата влијае на сите видови на политички и социјални промени во општеството. Само во општествата каде повеќето од луѓето знаат да читаат, каде постои веќе оформена средна класа која плаќа даноци и изградени институции на државата, кои се водени од страна на образовани бирократи, држави каде луѓето не се грижат дека ќе бидат нападнати или убиени на улица, односно каде постои воспоставен правен поредок, демократијата може да придонесува кон развојот на општествата. Само во изградени држави демократијата може да води кон поголема транспарентност, чесност и повисоки стапки на стопански развој.

Демократијата е присутна насекаде. Поголем број на држави во светот прокламираат демократија, така што изгледа дека процесот на демократизација не може да се сопре. Таа е присутна дури и во Судан, каде само 11% од жените знаат да читаат. Парадоксален е фактот што демократијата најбрзо се шири во држави со слаби институции, земји со висока стапка на невработеност и инфлација.

Ваквиот развој на настаните е поврзан со големи проблеми. Така на пример, во Судан, во 1985 години беа одржани слободни и фер избори, први демократски избори во историјата на земјата, со што државата прогласи успех на демократијата. Проблемот беше во тоа што само мал број на луѓето знаеја да читаат, не постоеја изградени стабилни државни институции, а во земјата беснееше граѓанска војна. Демократијата придонесе за појава на неефикасна влада, на појава на правен вакум и недоволна сила за справување со кризата во општеството, што на крајот резултираше со суспендирање на демократијата и воведување на воена диктатура. Слична беше и состобата во

Азербеџан, каде кон крајот на војната со Ерменија дојде до суспендирање на демократијата и воведување на автократско владеење. Демократзиацијата беше дел од процесите кои доведоа до геноцидот во Руанда. Политичките партии кои се формираа во таа земја беа дел од процесот на демократизацијата на земјата, со што дојде само до зголемување на веќе постоечките етнички тензии. Во општество како Руанда, каде речиси сите се сиромашни, луѓето немаа друг легитимен начин да ја искажат својата политичка лојалност, освен според етничката припадност или територијата. Ваквите поделби доведоа до невидени етнички судири и невиден геноцид.

Во поразвиените држави, постојат класи на богати, средна класа и класа на сиромашни луѓе, така што и луѓето се разликуваат според членството во различни работнички здруженија, синдикати, каде се борат за различни политички и економски интереси. Сепак ваквите поделби не предизвикуваат смртоносни (екстремни) непријателства, како што се случува кај поделби според раса, етнички поделби или поделби според територијата на припаѓање. Во основа демократијата значи "поделба", а поделбите водат до "борби" и различни конфликти. Тоа значи дека најчесто постои консензус за тоа каква влада треба да има секоја земја, но за се останато потребно е да се водат "борби". Од друга страна, за да може една држава да се развива во општество треба да постои стабилност, во смисла на постоење на институции, за да може демократијата да се развива. Кога сите припаѓаат кон една иста група (пример, сиромашни во едно општество, политичките партии претставуваат маска за одредени етнички групи (како што беше примерот со Руанда).

Ако ги анализираме примерите на Венецуела и Чиле, може да се дојде до парадоксални сознанија. Во Венецуела постои демократија од 1959 година, со тоа што истата не дала некои значајни резултати на економски и социјален план. Наспроти ова, во Чиле се појави воена диктатура од 1970 година, но

сепак режимот обезбеди институционална основа за економски развој на државата, која стана "единствен економски тигар" надвор од Азија.

Ова не се аргументи против демократијата, но сепак наведуваат на заклучок дека и покрај демократизацијата светот нема да стане постабилен. Спротивно, светот станува се понестабилен како резултат на демократизацијата.

Во последните неколку декади економскиот и технолошкиот развој предизвикаа огромни промени ширум светот. Земји во кои населението предоминантно живееше по селата станаа урбанизирани, со појава на средна класа, но во политичка смисла таквиот развој не се пресликa и на полето на политиката. Така, повеќето од овие нови урбани земји сеуште останаа да бидат водени од еден човек, како и пред педесетина години. Тоа значи дека секогаш политичкиот развој доцни зад социолошкиот и економскиот развој. Колку е тоа доцнење поголемо, толку се поголеми подоцна проблемите кои се јавуваат во општествата. Сепак новите генерации на луѓе и младината не ги прифаќа од порано воспоставените стандарди, односно се јавува потребата од политички промени, до кои доаѓа најчесто со примена на сила. Новите генерации бараат поголеми слободи, што кореспондира со потребата од институционален развој и постабилно демократско владеење.

Моментално светот е соочен со една иронија. Најголемите светски сили промовираат демократија, но сепак се потпираат на аутократите со цел да се дојде до мирот во светот. Процесот на демократизација само го усложнува проблемот. Имено, многу е полесно да се преговара за мирот со еден човек, отколку со цела дузина на луѓе, кои се вклучуваат во процесот на донесување на одлуките, како резултат на појавата на демократијата. Тоа значи дека демократијата го отежнува процесот за разрешување на кризите, посебно кога тие се резултат на внатрешни политички конфликти. Имено, се појавува проблем во смисла кој има авторитет да го разреши конфликтот. Ова е карактеристично за повеќето светски конфликти, кои се случуваат

последните неколку години (пример и на нашата земја, каде не се знае кој треба и кој има моќ да го разреши проблемот). Едноставно странските "олеснувачи" не знаат на кого да се обратат да го реши проблемот. Тука станува збор за прашање кој ја има легитимноста и моќта да ги направи неопходните проблеми кои ќе доведат до отклонување на причините кои доведуваат до појава на кризата.

Сепак, ако демократијата претставува проблем, диктатурата е уште поголем проблем и води кон уште полоши сценарија. Она со што се соочува светот е појава на хибридни режими, кои функционираат како мешавина на старите и нови политички уредувања, кои во себе содржат и демократија и автократија, секој во своја "оригинална верзија". Повеќето држави тврдат дека се демократии иако всушност станува збор за микс режими. Така на пример Турција е микс режим, официјално е демократија, но војската има големи овластувања врз Советот за национална безбедност. Бугарија е микс режим во негативна смисла, каде криминалната олигархија има значително влијание врз демократски избраниот парламентт. Слична е состојбата и со Република Македонија. Од друга страна е примерот на Кина, земја која се развива многу брзо, баш како резултат на тоа што во земјата нема демократија. Кина остана земја со еднопартиски систем, која прво започна да ја развива и отвора својата економија. Не смееме да заборавиме дека демократијата сепак е последен збор на хуманиот политички развој.

Како што порано истакнавме, втор фактор кој влијае на појавата на нови безбедносни предизвици за мирот во светот е технолошкиот развој. Како технолошкиот развој се повеќе стануваше креатор на движењата и промените во современите општества, така се појавуваа и различни идеологии. Појавата на индустриската револуција предизвика појава на масовни утописки движења (комунизам и фашизам). Хитлер, Сталин или Мао не би се јавиле доколку не дошло до индустриска револуција. Всушност, инструментите од индустриската револуција предизвикале да дојде до

кршење на основните човечки права и појава на насилие кон сопствените нации. Индустриската револуција се поврзува со "големината", односно таа е поврзана со појава на големи носачи на авиони, големи тенкови, големи фабрики. Таквите "големини" бараат големи географски простори, за да се искористат можностите кои индустриската револуција го нуди (масовно и сериско производство и сл.). На индустриската револуција и беше потребно постоење на цврсти централни влади, што овозможи и појава на "лоши" влади и нехумани владеења. Без индустриската револуција немаше шанси да дојде до појава на нацизмот и комунизмот, односно истите ќе немаа никакво значење за светската историја.

Сепак, пост-индустриската револуција е поинаква. Тоа ќе биде револуција на "мали нешта", како што се лаптоп компјутери, компјутерски чипови или телефонски модеми, мали пластични експлозиви и сл. Тоа значи дека мали групи на луѓе, дури не и држави, можат да ги искористат предностите на пост-индустриската фаза да влијаат политички врз народот. Во пракса, релативно мали терористички групи се во можност да предизвикуваат големи безбедносни и политички проблеми во светот.

Светот станува се покомплексен. Бројот на потенцијални непријатели и стратегиски предизвици станува се поголем, поради фактот што пост-индустриската револуција ја зголемува силата на малите групи. Поради тоа се зголемуваат опасностите за безбедноста, како резултат на делувањето на организираниот криминал и терористичките групи.

На ова се надоврзува и прашањето да ли е можно на глобално ниво воспоставување на праведен поредок и мир во светот. Тука пред се, се мисли за силата и позицијата на Обединетите Нации која ја има ова организација за глобалното светско општество. Мислам дека треба да се препознае стварноста дека центарот на моќта не е во Обединетите Нации, туку во центрите на финансиска моќ, кои можат да наградат одредени земји (влади) или да го попречат финансирањето на одредени режими во земјите во развој.

со што ефективно ја детерминираат домашната економска политика. Сепак лидерите на земјите во развој треба да ги направат своите земји атрактивни за бизнис капиталот, затоа што само тоа е начинот да се привлечат инвестициите, кои ќе резултираат со изградба на фабрики и други капацитети, со што ќе се редуцира невработеноста, која претставува основна причина за нестабилноста на државата. И покрај ваквите заложби, од огромно значење за секоја земја во развој е поддршката од развиените, односно "големи" сили.

Обединетите Нации не можат да го направат тоа. Тие се моќни единствено во слаби земји. Тие се формирани од победниците во Втората светска војна и не соодвествуваат на глобализацијата на човечкото општество. ООН трена да се менуваат радикално во следните декади или ќе останат само инструмент на големите сили. Тие треба да имаат соодветна сила да ги наметнуваат своите решенија врз одредени народи и држави. Во овој момент таквата сила на ООН е минимална и тешко е да се очекува дека во иднина ќе расте.

Сепак тешко може да се каже дека новиот свет е многу поразличен од светот порано низ историјата. Тој е единствено покомплексен. Сепак, комплексноста со себе носи поголеми проблеми. Така, иако стабилните демократски институции се најдобар вид на институции, нивниот развој, односно самата демократизација е процес кој води кон дестабилизирачки процеси. Таквите транзиционални процеси водат кон најголемите трагедии-војни и внатрешни конфликти. Попрецизно кажано, како резултат на економскиот развој во последните дванаесетина години, каде голем број на земји во развој, со милиони луѓе кои живеат во нив, го напуштаат фаталистичкото живеење по селата и мигрираат во градовите, во урбани средини, каде работат за ниски наемнини. Додека од економска гледна точка таквите места претставуваат одреден успех, тие од безбедносен аспект се наоѓаат во најнестабилната фаза во својата историја.

Во креирањето на политиката на една земја може да се тргне од гледна точка на оптимизам или песимизам. Сериозните држави ја градат својата политика врз основа на песимистички сценарија, со тоа што одговорните влади треба да ги насочуваат своите активности кон позитивно разрешување на сите евентуални конфликти и проблеми. Тие ги земаат во предвид потенцијалните проблеми, се подготвуваат за нивно евентуално разрешување, со што најчесто се постигнува целта никогаш да не дојде до нив. Наспроти тоа, Француските револуционери беа оптимисти. Тие веруваа во силата на интелектуалците, но сепак ја создадоа гилотината и Наполеоновата диктатура. Тоа не наведува на заклучок дека подготовките за најлошите сценарија и реална проценка на можностите и на работите кои можат да тргнат наопаку, најчесто резултираат со тоа ништо да не тргне наопаку. Ваквиот однос треба да биде основа за креирање на стратегијата на секоја земја за однесување во еден глобален светски нестабилен поредок, во каков живееме денес.

5.4. Демократизација, политичка нестабилност и војна

Демократиите не војуваат помеѓу себе. Современите истражувања и теоријата ги потврдуваат тврдењата кои разгледувани од аспект на безбедноста, влијаат на промовирање на демократијата. Додека демократијата кореспондира со стабилноста во земјата и безбедноста во меѓународната заедница, тоа не е случај и со процесот на демократизација. Разбирањето на причините поради кои демократизацијата асоцира на нестабилност, наметнува потреба за истражување на детерминантите на домашното колективно политичко насилство, како и испитување на причините за војна.

Сегашниот таканаречен трет бран на демократизација е резултат на развојот на технологијата. Дури и најцврсто утврдените и затворени граници попуштија под влијанието на радиото, телевизијата, факсовите и појавата на електронската пошта. [4]

Движењето кон демократијата, иако суштински исправно, профилира импликации за регионална безбедност. Кога еднаш се постигне демократијата, таа кореспондира со домашната и меѓународната стабилност. Како и да е, процесот на демократизација го зголемува ризикот на нестабилност на краток рок.

5.4.1. Демократија versus војна

Од историјата на човекот па се до денешен ден егзистира прашањето дали има решение за војните? Сите понудени решенија изгледаат како желби на идеалистите. Реалистите, од друга страна, тврдат дека насилието и војните се во "крвта" на човекот и оттука, илузорно е да се бараат решенија за проблемите во меѓународната заедница.

Современите меѓународни односи потврдуваат дека сепак реалистите не се во право, во однос на војните и намалувањето на меѓународното насилство. Постои едно решение за разрешување на ваквите конфликтни состојби, а тоа е јакнењето на демократските слободи и демократизација на силите на принуда. [5]

Така, во пракса, се потврдува решението содржано во класичниот либерален однос кон владеењето. Имено, според таквото гледање, владата

---

[4] Talbott Strobe. "Democracy and the National Interest" *Foreign Affairs*, Vol. 75, No. 6, November December 1996, стр. 62

[5] Rummel Rudolph J. "Introduction" in *Power Kills: Democracy as a method of Nonviolence*. New Brunswick, London: Transaction Publishers, 1997, стр. 20

која најмалку владее, владее најдобро, што значи дека, слободата го промовира мирот и благосостојбата. Но, сепак, практичарите се сомневаат во ваквите тврдења на идеалистите, истакнувајќи примери на употреба на сила од страна на демократски земји спрема други земји, надополнувајќи го тврдењето со парадигмата за насилието, како иманентна карактеристика на капитализмот.

Во современата теорија се отфрла идеолошкиот багаж и се разгледуваат сите случаеви на насилие, преку анализа на односите сила версус демократија. Современата теорија исфрла на површина низ квалитетни сознанија кои го детерминираат и однесувањето на меѓународниот систем. Она што може да се констатира, како прво, е дека нема војни меѓу вистински демократски земји. Станува збор за добро поставените демократии, зрели демократски земји кои многу помалку користат насилство една наспроти друга. Второ, колку нациите се подемократски, помали се шансите да има насилство помеѓу нив. Кај нациите обременети со тоталиризам, најголеми се изгледите не само за насилство внатре во нацијата, туку и со друга таква нација. Сознанијата покажуваат дека демократијата не е само дихотомија, демократија наспроти не демократија, туку претставува континуитет на развој. Трето, колку е нацијата подемократска, толку се помали изгледите за појава на домашно насилство и толку се поголеми изгледите за надминување на насилството во окружувањето на демократската земја. Конечно, демократијата во земјата ги спречува демоцидите (геноциди и масовни убиства).

Сумирајќи ги теоретските заклучоци, произлегува дека демократијата е метод за спречување на насилството. Демократијата претставува решение за спречување на насилството заради фактот што, демократските слободи создаваат спонтано општество, чија култура промовира преговори и компромиси и чии социјални, економски, политички и културни разлики го спречуваат насилството. Демократијата претставува практично решение за

појава на војните и сите останати видови на колективно насилие. Јасно е дека демократијата не може да ги искорени сите облици на насилство, но помеѓу сите видови на режими, демократијата го минимизира насилството. [6]

Ова се должи на обврската на демократски избраните влади да ја почитуваат волјата на народот, што де факто претставува ограничување за влегување во конфликти. Јавноста во една демократска земја не сака да учествува во војна ниту пак да ги плаќа трошоците на војната. Ваквото објаснување, се разбира е само површинско елаборирање на проблематиката на демократијата. Подлабоко објаснување во фокусот има два основни фактори: вкрстен притисок и демократската култура. Првиот, се однесува на развиената демократска структура, развиени институции за демократско владеење, развиена контрола за употреба на силата и диверзификација на политичките и социјалните интереси на населението. Вака организираната демократска инфраструктура ги држи под постојан притисок на јавноста доносителите на одлуките во државата.

Развојот на демократска култура е аргументот што ја дефинира демократијата како "зрела", која влијае на домашните и меѓународните состојби, промовирајќи го ставот на толеранција, помирување и компромис.

Демократијата претставува метод на инплементација на политиката на ненасилство, како резултат на дисперзијата на власта и оттука, на моќта и силата, што резултира со минимизирање на употребата на насилството, за разлика од апсолутната концентрација на моќта, силата и одлучувањето, карактеристични за тоталитарните режими.

Ширењето на демократијата се јавува и како резултат на определбата на државите да ги модернизираат своите економии, да ги ублажат социјалните состојби и да се интегрираат со светот. Репрезентативниот начин

[6] Исто, стр. 22

на владеење ги "тера" водачите на државата да водат повеќе сметка за својот народ.

Импликациите на демократијата се очигледни. Ако демократијата е метод на ненасилство, ако таа претставува решение за војните, домашното колективно насилство и демоцидот, произлегува потребата за јакнење на демократските слободи. Јакнењето на демократските слободи станува светски процес. Тоа, секако, не значи дека демократијата треба да се шири со сила или да се наметнува на луѓето без да се земат во предвид културата и религијата на луѓето. Некои луѓе преферираат повеќе, на пример, авторитарна влада и државна религија како Ислам, одошто демократија, дури и во случај кога тоа значи повеќе насилство. Овој процес не смее да биде прашање за кое одлучуваат националните елити, туку за тоа треба да одлучува народот на плебисцит, референдум или демократски избори, кои се основа за утврдување на фактот дали народот демократски се води.

"Зрелите" демократии не војуваат меѓу себе. Демократски избори, демократски институции и неограниченото право на говор и изразување на луѓето ќе ја зголемат стабилноста на светот и ќе го редуцираат ризикот од појава на војни. Меѓутоа, додека за ваквите тврдења постојат релативно силни аргументи, кои ни даваат за право да ја прифатиме ваквата парадигма, од друга страна потребно е да се биде претпазлив кога се спомнува демократизација, односно транзиција на одредени држави кон демократијата.

5.4.2. Демократизација на државите и зголемените ризици

Реалистите имаат поинакво разбирање за демократијата и мирот. Тие ги отфрлаат поставките дека националните карактеристики, како што се домашниот систем на владеење, фундаментално го определува однесувањето на државата во меѓународните односи. Ова резултираше со појава на нови

мислења и теории во современата политичка наука, кои не ја прифаќаа идеата дека, промовирањето на демократијата низ светот, ќе креира помирен свет. Застапниците на идеата за демократизација едноставно го игнорираа прашањето на транзицијата кон демократија, а новите истражувања укажуваат на фактот за полесно вовлекување во конфликти, на земјите во фаза на демократизација. Тоа значи дека, ширењето на демократијата во светот претставува причина за зголемување, а не за редукција на меѓународните судири и конфронтации. [7]

Истражувањата на судирите во последните 200 години покажуваат, дека, една просечна држава, има шанса од еден према шест, да биде вовлечена во судир во една декада, додека, кај земјите кои се демократизираат, тој однос е еден спрема четири. Од друга страна, земјите со автократски режими, како поранешните комунистички земји, кои сега се трансформираат, имаат шанса од еден према три да бидат вовлечени во сукоби. Оттука, ова претставува причина за загриженост за иднината на стабилноста и мирот во светот. Гледајќи назад во историјата, искуствата само ги потврдуваат таквите сомнежи (пример пост-револуционарна Франција, Британија од XIX век, Германија по Втората Светска војна).

Реалистите истакнуваат два аргументи со кои ја бранат својата теза. Првиот аргумент дава објаснување дека поради слабоста и ранливоста, државите кои се демократизираат, се мета на другите земји. Меѓутоа, емпириски ваквото тврдење не "стои". Имено, земјите кои се во фаза на демократизација се обично иницијатор на агресијата. Владаечката елита ја користи војната против други земји како метод да ја задржи својата водечка позиција во општеството. Вториот аргумент, го објаснува ставот на реалистите дека просечниот гласач ја подржува воената кампања, како резултат на фактот што насилството е иманентно на човековата природа.

[7] Snyder Jack and Stephen Van Evera. "*Democracy and War*". Massachusetts Institute of Technology Center for International Studies. 1998. стр. 54

Ваквите аргументи наметнуваат потреба од подлабоки истражувања. Така, не може да се прифати вториот аргумент без да се претстави реалната состојба. Имено, владаечката елита, користејќи силна пропагандна машинерија, успева да влијае на јавното мислење и да го насочи интересот на народот кон војна.

Авторитарните владеачки елити се најзагрозени од процесот на демократизација. Во таквите групи спаѓаат воените бирократи, економски интересни групи како и фрактурирани делови од "старата" држава. Во процесот на демократизација, таквата елита се бори за масовна подршка со цел да го задржи својот социјален и политички статус и позиција. Таквите групи располагаат со значителни парични средства, со широк спектар на информации и со изградена организациона инфраструктура насекаде во општеството, што им овозможува да ги наметнуваат своите тесни интереси како општи интереси на целата заедница. Медиумите се под силно, а некаде и исклучиво влијание и доминација на партиските монополи, кои ги користат да промовираат национализам, кој од своја страна им овозможува на елитите да се оделат од масите, да станат популарни и да ја задржат позицијата во општеството. Во пракса се случува старите елити и новите политички опозициони партии да се натпреваруваат која ќе биде повеќе националистичка.

Современата теорија нуди решенија за споменатиот проблем и истакнува три услови од критично значење за мирна транзиција кон демократијата: прв услов за "мирна" демократизацијата е на старата елита да им се дадат таканаречени "златни падобрани", т.е. сигурни места кои ќе ги прават физички и економски сигурни, но политички слаби. [8] Емпириските анализи не покажуваат доволно успешни примери, кои би потврдиле дека владаечките елити прифаќаат такво решение. Повеќето примери покажуваат дека, желбата за неограничена моќ во донесувањето на одлуките, е поважна

[8] Исто, стр. 55

дури и од економскиот интерес на елитата. Тие се свесни дека политичката моќ обезбедува неограничени економски ефекти, што претставува причина да не се прифатат "златните падобрани".

Вториот услов ја потенцира неопходноста од потполно разбивање на монополот над информациите и медиумите и нивно демократско регулирање, што во пракса не треба да се поистоветува и со потполна слобода на говорот, барем не на почетокот на демократизацијата. Слобода на говорот и слободната размена на идеи е значајна за вистинските демократии. Всушност, не постои алтернатива на овој фактор. Слободните медиуми се еден од најважните системи за контрола во општеството, како средство за изразување на различните политички опции. Неопходно е и воспоставување на редот и правото, како основни услови за однесување и владеење, отфрлајќи ги привилегиите и субјективизмот.

Трет услов за мирна демократска транзиција, претставува подршката од меѓународниот фактор. Стабилно меѓународно окружување, како и конструктивна улога на меѓународните организации (ООН, ЕУ, ОБСЕ), на меѓународните финансиски организации (ММФ, Светска Банка и др.), на системите за колективна безбедност (НАТО, ЗЕУ), се од суштинско значење за мирно транзитирање кон демократијата. Сите институции треба да дејствуваат во своите зони на одговорност, со цел да се олеснат условите за транзиција. Тие можат да обезбедат политичка и економска помош, како и да ја гарантираат безбедноста на земјата во транзиција. Нивен стратегиски интерес мора да биде поддршката на процесот на транзиција кон демократијата.

Покрај врската помеѓу демократизацијата и меѓународните војни постои тесна корелативна врска помеѓу демократизацијата и ризикот од

граѓанска војна. Демократизацијата, комбинирана со национализмот е рецепт за војна, особено во мулти-етнички држави. [9]

Национализмот претставува основа на современата меѓународна политика. Многу опасно е потценување на силата на национализмот. Критично е да се разбере фактот дека комбинацијата на демократизацијата и национализмот водат кон појава на конфликти, заради сеуште незавршените транзициони процеси во мултиетничките земји на Третиот свет.

Демократизацијата на мултиетничките, авторитарни заедници, предизвикува појава на насилство, како резултат на следните фактори: прво, демократизацијата води кон тиранија на мнозинството (пример Шри Ланка и Северна Ирска), што предизвикува цивилен конфликт; второ, старите елити се плашат дека ќе станат малцинство (пр. Бурунди), како што се плашат од фактот, дека новата елита нема да почитува демократски правила (пр. Алжир); трето, демократизацијата отвора простор за конфликти помеѓу групите кои не сакаат да ја делат моќта (пр. Чеченците сакаат нивна сопствена држава, а не договор за поделба на власта со Русите). [10]

Историски, постојат многу малку успешни примери на мулти-етнички држави, кои по мирен пат транзитирале кон демократијата, додека се бројни примери на спротивното (Пакистан и Бангладеш во 1971, Југославија во 1991, Конго Бразавил 1993, Руанда 1994 и др.).

Иднината не изгледа ни најмалку розово, ако се разгледа фактот дека повеќето недемократски земји во светот се мултиетнички авторитарни држави. Според некои броења во светот постојат 589 етнички групи, додека има само околу 180 држави. Само една четвртина на државите во светот се сметаат за етнички хомогени, што значи дека една етничка група претставува 95% од популацијата на државата. Тоа сугерира дека голем процент од

---

[9] Исто, стр. 56

[10] Jack S. Levy, "*The Causes of War:*" A review of Theories and Evidence" Oxford University Press, стр. 270

државите кои се или ќе транзитираат кон демократија се мулти-етнички и во истите постојат услови за појава на граѓански војни.

Постојат различни мислења во современата теорија за разрешување на овој проблем. Некои аналитичари го предлагаат моделот на мултиетничка толеранција и асимилација на САД како можно решение за таквите случаеви. Меѓутоа, особено е значајно да се направи дистинкција помеѓу емигрантски (пр. САД) и неемигрантски земји (пр. Македонија). Во неемигрантски земји етничките конфликти се подолги и често се обновуваат. Тоа не е случај со емигрантските општества, каде емигрантите влегуваат во новото општество со различен морален став. Емигрантите кои влегуваат во нови држави знаат дека се избрани да живеат во тоа општество и дека ќе бидат различни од групите кои веќе живеат таму. Ставот кај жителите од неемигрантски земји е дека луѓето од други етнички групи се гости во таа земја и конечно, правата на тие се со преференцијален статус во однос на емигрантските групи.

Погрешно е правење аналогија на успешни национални интеграции во САД со остатокот на светот, или на пр. Швајцарија или Белгија со Босна и др. Инплементација на концептот на мултиетничка толеранција во неемигрантски земји, претставува долг и многу тежок процес, во кој, мора да бидат надминати сите меѓуетнички бариери, каде покачување на нивото на едукација, културата и животниот стандард, ќе влијаат на етничка, културна и верска толеранција. Каде е тоа можно, треба да се поддржува Швајцарскиот модел на поделба на власта, а во сите случаеви, владите треба да ги почитуваат правата на малцинствата.

Процесот на демократизација е долг и тежок, особено во земјите каде политичкиот прогрес е заложник на економските проблеми. Сиромаштијата, неразвиеноста, невработеноста и стагнацијата, не се алиби за тиранијата, но де факто се пречка за слободата. Во многу земји јазот помеѓу сиромаштијата

и богатството се шири, како државата спроведува транзиција, од авторитарна кон демократска политика и од централизирана кон пазарна економија.

Таквите проблеми можат да доведат до владеење различно од демократијата, иако, ниту една влада тоа нема да го признае. Зборот "демократија" е многу популарен во политичкиот речник. Политичари со различни ставови и убедувања, своите акции во пракса се обидуваат да ги прикажат како демократски. Всушност, соочувајќи се со проблемите во општеството, некои влади ги напуштаат принципите на демократијата и имплементираат одредени автократски тенденции и обичаи. Мое мислење е дека тоа води до појава на систем на "квази" демократија, или би го нарекол "демократура". Иако, таквите влади тврдат, дека ги почитуваат принципите на демократија и тежнеат да станат зрели демократии, нивното практично владеење покажува нешто сосема спротивно. Всушност, тие делуваат како апологети на авторитарните режими, кои тврдат дека демократијата е економски неефикасна и дека во услови на сиромашни нации, лесен авторитаризам, претставува поефикасно средство за генерирање на економски развој. Ова се операционализира во пракса, преку директното мешање на извршната власт во економијата, во обем како што тоа беше случај во време на планската економија,во педесетите години. Импликациите на таквата политика се губењето на транспарентноста во владеењето, корупцијата и економскиот волунтаризам, како и делумното напуштање на принципите на пазарната економија. Како резултат на фактот, што ваквото практицирање на власта ќе биде остро критикувано од опозицијата, владаечката елита се обидува да оствари доминација и монопол врз медиумите, со цел да го профилира јавното мислење, како и да ги контролира сите три нивоа на власта (законодавната, извршната и судската). Тоа претставува влегување во "зачараните кругови" на автократијата и елиминирање на основните принципи на демократијата. Конечно, тоа резултира со нефер избори и суспендирање на демократијата.

Најпопуларна дефиниција на демократијата се регуларни избори, фер организирани и чесно изброени. Таквите избори се најдобар систем за контрола на власта. Изборите, впрочем, се еден од факторите кои ја обезбедуваат демократијата. Х. Л. Менцкен коментира дека "лек за лошите работи на демократијата, е повеќе демократија". Повеќе демократија, всушност значи овозможување на луѓето често и регуларно гласање. [11]

Општо прифатениот став за отсуство на војни помеѓу демократски земји, не значи дека таквите земји имаат мирољубиви односи со други режими. Демократијата има пацифистички ефекти на односите помеѓу државите заради нивната домашна легитимност, системската контрола, транспарентноста во владеењето и релативната сензитивност на човечките и материјалните трошоци на војната.[12] И покрај тенденцијата на демократизираните земји да бидат настроени кон војна, убеден сум дека јакнењето на демократијата и имплементацијата на основните принципи на демократијата во домашната и надворешната политика, води кон помирен свет.

Друга современа анализа ја потврдува констатацијата дека земјите кои се во процесот на демократизација, полесно влегуваат во оружен судир од стабилните демократски режими, при тоа, истакнувајќи ја констатацијата дека, државите кои транзитираат кон автократија се далеку "највоинствени". Истата анализа истакнува дека демократизираните режими кои се вовлечени во конфликти, обично не се стигнати далеку во правецот на демократијата. Со други зборови, тие се сеуште автократски. Ова теорија заклучува дека, транзицијата кон автократија, повеќе асоцира на конфликти, одошто транзицијата кон демократијата. Анализата оди понатаму и открива дека, транзицијата кон демократија е опасна само во рамките на еден утврден контекст, односно, во случај кога земјата која ги практицира таквите

[11] Talbott Strobe. "Democracy and the National Interest" *Foreign Affairs*, Vol. 75, No. 6, November December 1996, стр. . 63

промени е окружена или има важни односи со автократски држави. Заклучокот на ова и на другите теории е дека "политичката дистанца" (или разликата во видот на режимот) е суштествена детерминанта на конфликтите помеѓу државите. Ако транзицијата кон демократијата ги зголемува политичките дистанци или разлики vis-à-vis соседните земји, тогаш таквата транзиција претставува причина за конфликт. [13]

Очигледно е дека подршката на демократијата во еден цел регион е од суштинско значење. Регионот на Југоисточна Европа е доказ колку е опасно да се остават нови демократски земји во окружување со автократски земји.

Основната идеа, дека демократијата има важно пацифистичко влијание на односите помеѓу државите, всушност, ни нуди решение за мир во регионот, и покрај споменатите проблеми, кои се придружен ефект на процесот на демократизација, не постои друга алтернатива за мирот и просперитетот на Југоисточна Европа, освен "вистинска" демократија.

5.5. Транзиција на економиите како вид на закана за безбедноста

Паралелно со појавата на новото безбедносно окружување и процесот на демократизација се реализира и економска трансформација на земјите од Источна Европа, во смисла на замена на економскиот систем, односно премин од систем на централна планска економија кон систем на пазарна економија или пак кон комбиниран систем како преодна варијанта кон потполно преструктуирање на националната економија, во систем на пазарна економија.

---

[12] Ray James Lee. "The Democratic Path to Peace. "*Journal of Democracy*" April 1997, стр. 45.

[13] Etel Solingen. "Democracy, Economic Reform, and Regional Cooperation. " *Journal of Theoretical Politics* 8, (January 1996), p. 82

За комплексно согледување на проблематиката на економската трансформација од еден во друг стопански систем, како нужност се наметнува потребата од куса презентација на карактеристиките на централизираниот стопански систем. Централизираниот (административно-централистички, државно-централистички) стопански систем е изграден прво во Советскиот сојуз, па од таму е пренесен во другите земји кои воведоа социјалистичко општествено уредување. Во современата литература кога се зборува за централизиран стопански систем не се додава епитетот социјалистички, зашто системите се поретко се означуваат со идеолошки предзнак. Аргумент за ова е ефикасноста која е најважна за распознавање на системите. Користењето на зборот социјалистички е во контекст на опишување на продукционите односи кои ја одредуваат рамката на економскиот систем.

За централизираниот стопански систем иманентни се неколку основни карактеристики.

Како прва е државната сопственост на средствата за производство. Таа ја детерминира целосната поставеност на стопанскиот и општествениот систем. Средствата се сопственост на државата, претпријатијата само ги ползуваат се додека органите на државата не решат поинаку. За овој систем карактеристично е административното управување со претпријатијата. Пазарните законитости се суспендирани од овој систем во целост или се во најголем дел задушени. Државата се јавува во улога на арбитар на сите стопански движења и тоа најчесто како неуспешен актер. Банките се исто така државни и работат по директива на државните органи, без да водат сметка за профитот како единствен мотив на кредитните односи.

Во централизираниот стопански систем раководењето со стопанството се одвива од еден центар. Целокупната акумулација се слева по разни канали и се концентрира во рацете на државниот апарат, кој ја дистрибуира според одреден план најчесто како неповратни средства, при што банкарскиот апарат има улога на финансиско-технички сервис на државата.

Четврта карактеристика на овој систем е строгата контрола на пазарните манифестации. Имено, карактеристично за овој систем е ограничувањето на пазарните манифестации за сметка на планското регулирање на сите стопански текови. Планот е основа за водење на севкупната општествена репродукција. Во економската теорија на овој систем присутно е мислењето за инкомпатибилноста на планот и пазарот, па со оглед на определбите за планско стопанство, пазарот со сите свои позитивни карактеристики се наоѓа на маргините на економиите на земјите со вакво уредување.

Државата врши мобилизација на сите парични средства и останати ресурси од стопанството и населението и ги насочува кон планираните приоритети, но најчесто врз основа на волунтаризам и субјективизам. Преку контрола на сите ресурси, државата одлучува и колку од тие средства ќе бидат насочени кон одбраната. Претпријатијата кои работат во воената индустрија не работат на профитни основи, туку само го реализираат планот на државата.

Со оглед на тоа што нема почитување на економските законитости во овие системи, како логичен епилог се јавува неефикасноста на стопанските субјекти, поради што ваквиот систем се напушта како неефикасен.

Во современата економска теорија познати се два модалитета на децентрализираниот стопански систем: децентрализиран стопански систем со формален пазар и децентрализиран стопански систем со вистински пазар.

Првиот систем има непазарни карактеристики, во кој државата низ разни појавни облици и самоуправувањето како продукционен однос се обидуваат да го усовршат или заменат пазарот во вистинската смисла на зборот. Таков децентрализиран стопански систем со постоење формален пазар постоеше во некогашната СФРЈ. Во натамошната елаборација ќе ги изнесеме основните карактеристики на децентрализиран стопански систем со

целосно почитување на пазарните законитости како основа за студиозна анализа на движењето на воените расходи во пазарно стопанство.

Структурата на стопанскиот систем со пазарни карактеристики многу не се разликува од структурата на децентрализираниот стопански систем со формален пазар. За ваквиот систем карактеристично е почитување на законите на пазарот (понудата и побарувачката) и пазарните вреднувања на работната сила, капиталот и стоките, како основните економски категории. Стопанскиот систем со пазарни карактеристики располага со богата финансиска структура и финансиски инструменти со различен квалитет и ликвидност, кои многу успешно ги задоволуваат различните преференции на стопанските субјекти.

Стопанските субјекти во децентрализираниот стопански систем се целосно слободни во вршењето на својата дејност и нивна основна цел е постигнување на што подобар финансиски резултат, а не остварување на планските предвидувања. Претпријатијата во таквиот систем работат на принципот на самофинансирање и потребните кредитни средства ги добиваат од системот на деловни банки. Во системот карактеристичен за некогашната СФРЈ фундаменталните економски законитости беа суспендирани за сметка на доминацијата на политичките, етничките и регионалните над економските интереси, а државните органи имаа одлучувачко влијание врз обемот, динамиката и движењата во економијата.

Во овој стопански систем посебно место завзема покрај пазарот на стоки и услуги, пазарот на капитал и останатите видови на пазари на финансиски средства и берзите, како специфични места на кои се среќаваат понудата и побарувачката на стоки, пари и капитал.

Имено, стопанскиот систем со пазарни карактеристики, под ова име го земаме условно, бидејќи пазарот е релативна категорија и тој познава многу модификации, од целосно задушување на пазарните манифестации, до "laiser-faire" економијата. Предмет на нашата анализа се пазарните економии од

западен тип. Економската успешност на пазарните економии претставуваше причина за определбата за напуштање на планската економија и трансформација на националните економии кон пазарот, процес познат како "транзиција".

Во согласност со економската точка на гледање транзицијата пред се ги опфаќа промените на сопственоста, односно воведување на плурализам на сопственоста, со доминантна улога на приватната сопственост. Детерминирањето на титуларот на сопственоста е клучен елемент на транзицијата. Тоа всушност значи фундаментални промени на карактеристиките на економскиот систем кој се операционализира преку приватизација на општествените и државните претпријатија. Главна промена претставува афирмацијата и развојот на пазарната економија.

Како резултат на транзицијата стапката на раст на БДП опаѓа, како и самиот БДП во апсолутен износ. Ова предизвикува најчесто намалување и редуцирање на воените расходи, дури и во случај кога учеството на воените расходи како процент од БДП останува исто. Но обично транзицијата предизвикува намалување на учеството на воените расходи во БДП. Економската криза во националните економии во транзиција неовозможуваат одржување на нивото на воените расходи, така да констатираме паралелни редукции во БДП и воените расходи. Заштедите во воените расходи повеќе или помалку се сметаат како слободни средства и се стават на располагање за други потреби во буџетот.

Одредени земји, особено тие со долга историја во тоталитарна државна контрола, преферираат да се движат полека во трансформацијата на националните економии, продолжувајќи со контролата врз претпријатијата како што е својствено за претпријатијата во државна сопственост. Таквата бавна трансформација "доби на важност" како резултат на неуспесите на дел од приватизираната индустрија, без оглед да ли тоа се должеше на неадекватниот менаџмент, ограниченото капитал на фирмите или друго.

Други земји, со традиција на пазарно стопанисување уште пред Втората светска војна, со голема динамика и флексибилност ја приватизираа националната индустрија, вклучувајќи ја помеѓу другите и воената индустрија. Резултат на различните национални позиции за прашањето: приватизација версус државната сопственост, претставува комбинација на разни видови на сопственост во воената индустрија. Државите кои успеале да приватизираат поголем дел од своите воено-индустриски капацитети, успеале подобро да одговорат на барањата на пазарот, побрзо да ги усвојат комерцијалните технологии како и да ги надминат социјалните проблеми карактеристични за државните претпријатија.

5.6. Влијанието на различните видови на безбедносни ризици врз одбраната

Промените во безбедносното окружување, формите на владеење, односно процесот на демократизација и економската трансформација, за резултат имаа појава на голем број последици во политичката, економската и социјалната сфера. Некои од нив имаат директно и многу значајно влијание врз секторот на одбраната. Тука, пред се, се мисли на намалувањето на воените расходи, зголемување на овластувањата на парламентот во креирањето на буџетот за одбрана, како и новите опции за воената индустрија.

Промената на состојбата на планот на глобалната безбедност, настаната со крајот на Студената војна, резултираше со радикална редукција на буџетите за одбрана, со основна цел, користење на "мировните дивиденди". Така, воените расходи на Русија и земјите членки на Заедницата на Независни Држави се намалија за дваесет пати во периодот од 1988 до 1998 година, кај земјите од Западна и Источна Европа опаѓањето беше за 128%, додека кај САД тие опаднаа за 41%.

Потрагата за "мировните дивиденди" заврши во оној момент кога, настана разочарување од употребата на заштедите направени со намалувањето на расходите за одбраната, за покривање на дефицитите во буџетите и финансирање на други домашни приоритети. Од друга страна, овие промени имаа големо влијание врз секторот на одбраната.

Намалувањето на издвојувањето за одбраната, значеше помалку средства за овој сектор, што влијаеше на потребата од нова организација на секторот на одбраната, избирање на програми кои ќе бидат финансирани, како и откажување на дел од порано подржуваните активности. Така, овој сектор мораше итно да одлучи кои програми ќе бидат откажани, а кои ќе продолжат со работа, земајќи ги во предвид важноста на истите, политичката, безбедносната и социјалната компонента итн. Повеќето од земјите одлучија дека е најлесно да се намалат набавките во однос на персоналот и операциите. Така, тие избраа да направат непропорционално поголеми намалувања на набавките на вооружување и опрема. Определбата беше да се сочува структурата на силите и луѓето, како и да се користи постојното вооружување и техника, за сметка на продолжување на програмите за модернизација на силите, што создаде условно кажано "вишок на капацитети" во воената индустрија, односно нејзино неискористување. Ова водеше кон масовно отпуштање на работниците од секторот на воената индустрија, што особено беше карактеристично за земјите од поранешниот Варшавски договор. Тоа значеше дека така претходно димензионираните капацитети на воената индустрија во светот, не одговараа на новонастанатата ситуација на полето на мирот и безбедноста.

Таквите иницијални "мировни дивиденди", односно редукции на воените расходи, не беа универзални за сите земји. Имено, со распаѓањето на Советскиот Сојуз, Југославија, Чехословачка и креирање на голем број нови самостојни држави, се јави потребата кај новонастанатите држави за организирање на свои системи за одбрана и безбедност. Тоа значеше дека кај

некои земји, каде што порано непостоеја, се формираа нови сили за одбрана. Така кај Балтичките земји, земјите од Балканот и други, може да се констатира зголемување на релативно малите буџети за одбрана. Тоа зголемување на издвојувањата за одбраната во тие земји се јавува како резултат на потребата за создавање на инфраструктура, основање и опремување на единици на армијата, центри за обука, обезбедување на "нормален" квалитет на животот на војниците, создавање и осовременување на комуникациските системи, обезбедување на медицинска заштита итн., но не и за развој на воената индустрија. Кај повеќето други земји од Источна Европа, "дното"- најниското ниво на воените расходи е постиганато во раните деведесети години од дваесетиот век, додека во сегашниот миг тие бележат умерен раст.

Најчесто, како проблем за вооружените сили на тие земји се јавува неусогласеност, односно намалувањето на средствата не е придружувано со редефинирање на задачите во согласност со можностите. Таквите можности мораат да бидат во согласност со можностите на силите да одговорат на заканите кои произлегуваат од новото меѓународно безбедносно окружување. Тоа во пракса значеше, потреба повеќето земји од Источна Европа да се насочат кон членството во НАТО, за да можат да ја гарантираат безбедноста на својата земјата, да учествуваат во мировни и хуманитарни мисии.

Процесот на демократизација на општествата на поранешните социјалистички земји, директно влијаеше и на позицијата и работата на нивните сектори за одбрана. Како последица на демократизацијата се јавува нова улога за националните парламенти во контекст на одбраната, а се реализира преку контролата врз буџетот за одбрана, повеќепартиска дебата при негова изработка и донесување, транспарентноста и можноста од јавност во неговото трошење. Обемот на легислативната или парламентарната контрола врз буџетите за одбрана, варира од земја до земја и зависи од

нивото на демократијата во земјата. Така, таа е најголема кај земјите со коректно избрана влада на фер и демократски повеќепартиски парламентарни избори, а најмала кај земјите со мали искуства во имплементација на демократските процеси. Кај развиените западни демократии, таквата парламентарна контрола врз буџетот за одбрана се операционализацира преку модел на детален менаџмент на ставките на буџетот. На ова се надоврзуваат и средствата кои му стојат на располагање на парламентот за контрола на воениот буџет, како правото да одобрува префрлување на средства од една ставка кон друга во буџетот за одбрана, право на промена на функционери кои не ја следат политиката во извршувањето на буџетот и право да решаваат за назначувања и поставувања на високи воени раководители.

Вклучување на парламентот во планирањето на одбраната нуди голем број на предности и претставува афирмација на принципите на либералната демократија. Тоа е изразено преку промовирањето на идеите во јавноста, давањето легитимност на одбрамбените програми и одобрувања за одредени мисии и операции итн. Процесот на донесување на одлуки преку парламентот нуди можност за компарација и спротивставување на ставови на позицијата и опозицијата и ја елиминира можноста од донесување на одлуки во мали групи на претставници на власта. Таквиот начин на донесување на одлуки влијае и на имплементацијата на долгорочното планирање на ресурсите за одбраната. Покрај ова, на овој начин се остварува подобра врска помеѓу воените програми и националната безбедносна стратегија. Законодавната контрола врз воените програми во себе ја овозможува реализацијата на целите и интересите на националната безбедност. Одбраната, од друга страна, може да се усогласува и со стратегијата за економски развој на земјата. Тоа значи дека на овој начин се овозможува остварување на врска помеѓу националните цели и воените капацитети кои се од критично значење за националната безбедност. Меѓутоа од суштинско значење за системот за одбрана е насочување на фокусот кон можностите на системот за одбрана, а во втор

план ставање на расходите. Во спротивно, се доведува во прашање успешното функционирање на одбраната.

Парламентарната контрола врз одбраната овозможува поголема транспарентност во трошењето на средствата, контрола на законитоста во работењето со финансиските средства, заштита против користење на средствата за други намени од оние кои се одредени во буџетот, попречување на корупцијата итн. Од друга страна, таквиот начин на донесување на одлуки во парламентот е многу комплексен и долготраен, а можни се и блокади на парламентот од страна на одредени парламентарни групи по одредени прашања кои се од интерес за одбраната. Во некои парламентарни состави, постои и непознавање на одбранбената проблематика кај членовите на парламентите што дополнително го комплицира и му пречи на конечното донесување на решенијата. На ова како проблем за одбранбениот сектор се надоврзува и ширењето на идеите за развој на нови видови вооружувања и специјални воени програми на поголем број на субјекти. Често се случува неуспех, членовите на парламентот да ги усогласат одбрамбените програми со безбедносните интереси на земјата, а можни се и лобирања во парламентот за одредени економски интереси кои ја зголемуваат неефикасноста на парламентот и имаат потенцијал за појава на корупција.

Меѓутоа, покрај некои слабости, принципот на буџетската транспарентност и парламентарната контрола врз одбраната немаат алтернатива. Потребно е само доследно спроведување на овие демократски придобивки во пракса, преку развивање на законската регулатива, со што би се елиминирал субјективизмот во одлучувањето и би се попречиле евентуалните девијации.

Процесот на економската трансформација има значително влијание врз националните стратегии за реформа на одбрамбените индустрии и повторно вработување на отпуштените работници. Одредени земји кои задржаа повеќе елементи од системот на централно планирање и државната

сопственост над средствата за производство, се фокусираат на политички средства за одржување на важни воени програми или од социјален аспект неопходни одбрамбени претпријатија. Во такви средства спаѓаат државното купување на ваучери, национално одредени и финансирани истражувања и развој ни програми, дефицитно финансирање на набавката на вооружување, гаранции на националната банки за кредитите или директни парични помошти.

Од друга страна, претпријатијата од воената индустрија во земјите кои во поголем дел се трансформираа во пазарни економии, со доминантно учество на приватната сопственост на сите претпријатија, имаат исти можности како останатите претпријатија на пазарот. Тие можат да се насочат кон развој на производството, создавање на работни места, маркетингот и финансиите. Можна е консолидација на претпријатијата од воената индустрија и преку нивно купување од претпријатија со блиски производствени програми, преку внатрешна конверзија и врзување со различни претпријатија или преку затворање на фирмите, со стечај или продажба на постоечките средства. Без оглед на нивото на трансформација, останува грижата на државата за работниците кои ја изгубиле работата и истата се операционализира преку социјална помош, преквалификација, бесплатана здравствена заштита и сл.

Можеме да констатираме дека постои директна врска помеѓу обемот на државната економска трансформација и степенот на приватизација на одбранбената индустрија. Така на пример, Русија, Украина, Грузија, Словачка и Албанија задржаа многу елементи од централното планирање во нивните системи за економски менаџмент и се движат полека кон приватизацијата на мали делови од претпријатијата од воената индустрија, најчесто нудејќи за откуп 49% од капиталот на претпријатието. Други земји од Источна Европа се движат многу побрзо во правец на пазарна економија како и кон приватизација на главните индустриски капацитети. Процесот на

трансформација се покажа како исклучително тежок за вработените и тој се уште не е довршен. Како и да е, процесот на приватизација нуди повеќе можности за отворање на овој сектор кон можностите на економскиот развој, односно, креирање на комерцијално прилагодливи компании за флексибилна поддршка на вооружените сили, додека во исто време се прави растеретување на државата од учеството во воената индустрија.

Шести дел

6. КОНВЕРЗИЈА НА ВОЕНИТЕ РАСХОДИ

6.1.Поимно дефинирање на конверзијата

Процесот на разоружување и намалување на воените расходи неизбежно води кон редуцирање на побарувачката на воениот сектор. На војската и треба помалку персонал за нејзините вооружени сили, доаѓа до затворање на дел од воените бази и армиски објекти (пример, комуникациски центри, складови и сл.). Тоа директно влијае на намалување на набавките на воена опрема од воената индустрија, што од своја страна, генерира редукции во воено-индустриската база, односно, намалување на бројот на научници, технолози, инжинери и работници вработени во овој сектор, како и затворање на дел од производствените и истражувачките капацитети. Во такви услови, за сите општества и економии, основен предизвик претставува реализацијата на неодложен и успешен трансфер на ресурси од воениот кон цивилниот сектор. При тоа се можни два генерални правци на делување:

- Прво, ослободените ресурси да се пренасочат кон други фирми или региони на економијата.
- Второ, да се направат напори за користење на постоечките воени капацитети и средства, директно за цивилни цели, така да не дојде до драстично намалување на работните места и затворање на производните капацитети. На тој начин, работниците и фабриките едноставно би направиле конверзија на нивното производство, на пример, од производство на тенкови кон производство на трактори, на постоечката локација. Таквата конверзија е атрактивна затоа што се избегнува дислокација и пореметувања предизвикани од затворање на капацитетите

и се обезбедува можност за користење на валидни хумани и физички ресурси, кои би можеле да бидат изгубени со затворање на фабриките.

Меѓутоа, проблемот на конверзија и покрај очигледните предности кои ги нуди, сепак мора да биде предмет на критична економска проценка.

Предлозите за директна конверзија често ги игнорираат трошоците неопходни за откривање и влез на нови цивилни пазари. На ова се надоврзува и фактот што ресурсите кои се вредни за воениот сектор, не гарантираат нивна применливост и пазарна успешност во други сектори на економијата.

За потребите на една сеопфатна анализа неопходно е да се даде историски приказ кој ја дефинира конверзијата и ги проценува потешкотиите за нејзина имплементација во пракса, да се развие аналитичка рамка и да се оценат практичните примери и предложат можни политички опции за нејзина примена. Фокусот е врз микроекономскиот аспект на конверзијата, иако во анализата ќе се користат и други приоди како инпут-аутпут анализа, генерални еквилибристички методи и макроекономска анализа која ќе послужи за предвидување на влијанието на конверзијата.

6.1.1. Историски концепт на конверзијата

Конверзијата не е нов феномен. Таа се појавува по завршувањето на двете Светски војни, кога економиите се прилагодуваа на промените во побарувачката, од воени кон мирновремени потреби. Крајот на војните влијаеше на појава на голема побарувачка на стоки и услуги за широка потрошувачка, како и на можности за цивилна примена на воената технологија. Така на пример, во 1918 година, на крајот на Првата Светска војна, компанијата за производство на авиони "Sopwith"[124] од Велика

[124] "Sopwith".

Британија се соочи со проблеми во своето работење. Одеднаш никој веќе не купуваше авиони, а пазарот беше заситен од голем број на вишок на воени авиони. Компанијата се обидуваше да се преорентира кон ново производство со цел да може да продолжи со своето постоење. Така, претпријатието започна со лиценцно производство на моторцикли и кујнски елементи, покрај производство на авиони, но сепак отиде во ликвидација во 1920 година. Други фирми за производство на авиони се обидоа да го диверзифицираат своето производство со производство на моторни возила и машинско производство, а некои се обидоа со одгледување на печурки и отворање на сточарски фарми.[125]

Наспроти тоа, во 1945 година макро и микро условите беа поволни за конверзија. Голем дел од владите ја применуваа Кејнзовата политика за агрегатна побарувачка и политиката на полна вработеност, односно државниот интервенционизам во економијата. Во такви услови постоеше голема побарувачка за стоки за широка потрошувачка и за инвестициона потрошувачка, постоеше потреба за поправка на воените штети, така што владите ги користеа своите финансии за алоцирање на ресурсите во националната економија. Така на пример, Британската влада ја подржуваше конверзијата преку финансирање на поранешните фирми од воената индустрија, во производство на монтажни куќи или на фабриките за производство на борбени авиони за производство на коли. Всушност, за Велика Британија и САД по Втората Светска војна, конверзијата за многу компании значеше враќање на состојбата пред војна (реконверзија). Таквите фирми имаа деловна култура и искуство во бизнисот, во превземање на ризици и освојување на нови пазари. Технолошките иновации создадени за време на војната, создадоа нови пазари како што беа електро и електронскиот сектор, авио-индустријата и сл. Како резултат на таквите макро и микроекономски фактори, во земјите како Велика Британија и САД,

[125] Ethan Barnaby Kapstein, *The Political Economy of*..... McGraw-Hill, Inc, стр.77

условите беа поволни за конверзијата, што резултираше со успех во нејзината имплементација. Кај земјите во кои постоеше посериозно разурнување како Германија и Јапонија, разурнатата воена индустрија исто така, ја олеснуваше конверзијата.[126]

Меѓутоа, сите конверзии по 1945 година не беа успешни. Класичен пример за неуспешна конверзија, често цитирана во литературата е обид на компанијата "Викерс"[127] да изврши конверзија на дел од своето производство на тенкови за производство на трактори. По војната, компаниите "Викерс", "Ролс-Ројс" и "Олдингс",[128] се согласија за заедничко вложување, за влез на светскиот пазар на трактори, каде доминираа Американските производители. Производството започна во 1952 година, но тракторите не се покажаа како добри. Компанијата вложи напори за модификација и усовршување на производството, врз основа на искуството што го имаше со тенковите, каде трошоците беа од секундарно значење. Поддршката на владата од периодот на развој на производот беше повлечена во маркетинг-фазата, а како дополнителен проблем се јавуваше доминацијата на фирмите од САД на пазарот. "Викерс" го напушти пазарот но ја научи лекцијата за контрола на трошоците, анализа на пазарот и конкуренцијата на меѓународниот комерцијален пазар.

Во периодот на студената војна од 1948-1990, специјализираните сектори од воената индустрија се одржуваа, често заштитувани и подржувани од владината политика (пример, електроника, авио-индустрија). Споредувано со масивниот обем на конверзијата по Втората светска војна, воената индустрија по 1948 година беше релативно мала и високо специјализирана. За време на Студената војна, голем број на компании од воениот сектор го диверзифицираа своето производство преку политиката на јавни набавки.

---

[126] Исто, стр. 78

[127] Vickers.

[128] Vickers, Rolls-Royce и Oldings.

Така на пример компанијата "British Aerospace" разви производство на автомобили, трговија со недвижнини и сл. Како пример на неуспешна конверзија се зима Американот "Боинг-Вертол" кој беше специјализиран за воени транспортни хеликоптери. Со крајот на војната во Виетнам, компанијата се обиде да влезе на пазарот на шински возила за урбан масовен транспорт. Сите веруваа дека докажаниот инжинерски и менаџерски тим на "Боинг"[129] во авионската индустрија, заедно со државната поддршка ќе обезбеди успех. Меѓутоа, се појавија сериозни технички проблеми кои компанијата не успеа да ги разреши, што влијаеше Американот оператор на крај, да се ориентира кон увоз од странство, што значеше и испаѓање на домашната компанија од пазарот, со загуба поголема од 40 милиони долари. Она што е карактеристично во овој пример е што високо успешна фирма во производство на воени и цивилни воздухоплови ги има потценето техничките барања и преценето своите капацитети. Таквите лекции се од исклучително значење во услови кога со крајот на Студената војна, доаѓа до редукција на големината и структурата на воената индустрија во земјите на НАТО и поранешниот Варшавски Договор.

6.1.2. Дефинирање на поимот конверзија

Конверзијата треба да се разгледува во поширок контекст. Таа не е карактеристична само за воениот сектор. Фирмите во цивилната економија треба постојано да се прилагодуваат кон промените во побарувачката и новите барања на пазарот (пример, облекување, мода, автомобили) и промените на пазарните услови. На страната на понудата на пазарот, државите имаат различни компаративни предности и различен пристап кон новите технологии. Дел од фирмите, кои се прилагодуваа на таквите

[129] Boeing-Vertol.

промени, успеваа да опстанат на пазарот, додека оние кои не успеваат излегуваат од меѓународниот пазар, со негативни импликации за домашните економии. Региони кои се високо зависни од една фирма или индустрија, а кои не успеваат да се прилагодат, се многу ранливи (пример, рудници на јаглен, бродоградилишта, металуршки капацитети и сл.). Во такви услови, неуспехот на конверзијата има последици врз индустријата, вработеноста, односно крупни социјални и регионални импликации. За капацитетите од воената индустрија, кои веќе не се потребни на вооружените сили и Министерствата за одбрана, конверзијата претставува прашање на опстанок.

Прашање кое се поставува пред фирмите од воено-индустрискиот комплекс, чие производство веќе не е потребно на вооружените сили, е алтернативната употреба на трудот и капиталните ресурси. Се разбира дека постои побарувачка за голем број стоки за широка потрошувачка во едно општество, но во пазарните економии фирмите бараат профитабилен бизнис. Во услови на неодреденост и несигурност, кои владеат во пазарните економии, не постои гарантиран профит. Во тој контекст, фирмите од воената индустрија, како останатите фирми од економијата, се соочуваат со осцилациите на пазарот. Прашање кое се поставува е да ли државата треба да интервенира за корекција на пазарните осцилации?

Застапниците на идеата за конверзија одат подалеку и ја истакнуваат потребата од државна интервенција и поддршка на капацитетите од воената индустрија, во конверзија кон производство на цивилни стоки, за кои постои побарувачка на пазарот.

Како почетна точка за проценка на ваквите тврдења, потребно е да се дефинира терминот конверзија. Во литературата се среќаваат различни дефиниции. Така според Линч[130] конверзијата опфаќа алтернативна употреба на работната сила и капацитети тековно ангажирани за воено производство,

[130] Lynch.

кои заради промена на политиката, можат да бидат затворени или да им се намали обемот на работа. Според истиот автор, конверзија значи производство на нови производи во поранешни воени фабрики.

Вос[131] ја дефинира конверзијата како "конверзија на воените во цивилни капацитети". Тоа всушност значи дека, компанијата престанува да произведува воена опрема и преоѓа на производство за цивилна употреба. Луѓе кои работеле на воените проекти сега се занимаваат со цивилно производство.

Според Боулдинг, под економска конверзија се подразбира проблем како да се прилагоди структурата на производството во економијата, односно комбинацијата на вкупното производство кон промените во јавната и приватната побарувачка.[132]

Реконверзија значи процес со кој одредени индустрии, фирми и капацитети се враќаат кон цивилните активности по привремено производство на воена опрема за време на војна или други видови на кризи.

Конверзијата често се поистоветува и со поимот диверзификација, што всушност означува влез на фирмите во различни бизниси, при што тие не го напуштаат првичниот оргинален бизнис. Во случај на воена фирма, тоа значи проширување на базата на активностите, односно производство на воена опрема и стоки за широка потрошувачка, во исто време.

Најчесто поимот конверзија има две интерпретации. Така, под конверзија во потесна смисла на зборот се подразбира претворање на капацитетите на воената индустрија директно во цивилни капацитети за производство на цивилни стоки, како и обратно (конверзија на цивилна фабрика во капацитет за производство на воена опрема). Ваквата интерпретација значи супституција на военото со цивилно производство во

---

[131] Voss.

[132] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 286

истите капацитети и со истата работна сила (пример, од тенкови во трактори) или на воените објекти и средства во цивилни. Ова не е можно доколку капацитетите останат во рамките на вооружените сили. Со промената на сопственоста, постојат можности за супституција за дел од воените објекти, кои би можеле да се користат за цивилни намени. Така воени авио-бази можат да се користат како цивилни аеродроми или складови и сл. Слично на тоа, воена опрема како што се транспортните авиони или камиони имаат цивилна употреба.

Второ, пошироко толкување на конверзијата се фокусира на процесите на прераспределување на ресурсите ослободени од вооружените сили или од воената индустрија во други сектори или региони на економијата. Таквите процеси на прераспределба се случуваат постојано во една динамичка економија, а нејзиниот успех е детерминиран од функционирањето на пазарот како и од состојбата на националната економија (да ли е рецесија или просперитет).

Конверзијата треба да се разгледува во контекст на редукција на воените расходи. Намалување на воените расходи предизвикува директни економски последици кај вооружените сили од една страна и воената индустрија, воени истражувачки агенции и индустрии кои ги снабдуваа вооружените сили, од друга страна. Како последица на таквите тенденции, во вооружените сили се јавува потребата од намалување на бројот на војници (по број и по специјалности), намалување на ангажирани цивили и затворање на дел од базите. Кај индустријата се јавува загуба на голем дел од работните места и доаѓа до затворање на дел од фабриките. Ваквата состојба има негативни ефекти врз цела мрежа на снабдување, односно се пореметува еден воспоставен синџир на индустриска соработка и конечно доаѓа до појава на конверзија и диверзификација на производството. Станува збор за ефекти кои најчесто ги надминуваат локалните и регионалните граници.Тоа значи

дека намалување на издатоците за одбраната има директни и индиректни влијанија врз националната економија, од кои некои можат да имаат сериозни последици на локално па дури и национално ниво.

На ова се надоврзува прашањето колку брзо и колку успешно можат пазарот и централното планирање или транзиционите економии да ги амортизираат негативните последици од намалување на воените издатоци. Одговор на овие прашања ја потенцира дилемата за државната интервенција, односно да ли истата да биде насочена кон прераспределување на ресурсите од воената индустрија кон другите сектори на економијата или да се поддржи воената индустрија во конверзија во цивилно производство. Истакнатите проблеми и дилеми не се нови, односно цивилната индустрија врши постојани промени и прилагодувања. Исто така, намалувања на воените расходи се случувале и порано, особено по завршувањето на војните, така што постојат одредени искуства. Меѓутоа, поранешните искуства можеби и не се во доволна мерка корисни за сегашната состојба. Намалување на воените расходи во сегашниот миг се јавува во состојба на мир, без нагласена побарувачка за стоки за цивилна потрошувачка, што е спротивно на состојбите по Втората Светска војна. Како дополнителен проблем се истакнува високата специјализираност на технологијата и производството на компаниите од воената индустрија, заради што се помалку прилагодливи на барањата на цивилното производство.

Неопходно е да се идентификуваат останатите релевантни прашања во врска со прилагодувањето и транзиционите аспекти на разоружувањето и намалувањето на воените расходи. Треба да се лоцираат индустрии, региони и локалитети кои се особено осетливи на намалување на воените нарачки. Намалувањето ќе ги погоди фирмите и индустриите, како и нивните добавувачи, кои зависат од пазарот на воена опрема, ќе предизвика затворање на воените бази, со негативен ефект врз куповната сила и побарувачката во тие региони.

Неопходно е да се утврди бројот и квалификационата структура на работната сила која останува без работа во вооружените сили, воената индустрија и индустрии кои соработуваат со споменатите два сектори, како и да се предложат локации за нивно вработување. Тука се појавуваат проблеми, односно пазарот не може да ги апсорбира сите профили на работна сила, особено не оние кои извршуваа строго воени должности во вооружените сили (пример, тенкисти, артилерци и сл.). Исто така, одредени производни капацитети можат да бидат строго специјализирани за производство на воена опрема, така што конверзијата или е многу тешка или е премногу скапа. Постојат и спротивни примери, како конверзија на воени аеродроми или фабрики за воени авиони во цивилни аеродроми или фабрики за цивилни воздухоплови.

Претходните искуства на индустриски развиените земји сугерираат дека малку воени фабрики можат да направат промени во смисла да произведуваат во основа ист производ, за цивилен пазар. Некои од фирмите ќе се обидат да користат технологија, ресурси и знаења развиени за военото производство за цивилни намени. Таквите напори ќе се соочат со четири главни потешкотии:[133]

- Прво, повеќето воени претпријатија немаат искуство за работа на цивилен пазар. Нивната истражувачка технологија, менаџментот, организација, маркетингот и деловната култура се високо специјализирани за одбраната. Процесот на добивање работа, исполнување на договорите, процедура на договарање, стандардите и сите аспекти на бизнисот се разликуваат помеѓу воениот и цивилниот пазар.
- Второ, потреба да се пронајдат цивилните пазари и потребните производи, каде би можеле да се искористат капацитетите и знаењата на воената индустрија.

[133] Исто. стр.288

- Трето, потреба да се идентификуваат профитабилни цивилни пазари. Тука се поставува прашањето ако постојат профитабилни пазари, зошто постоечките фирми до сега не ги освоиле? При настапот на нови пазари треба да се вкалкулираат и влезните трошоците (за преквалификација и преобука на работниците и за нови средства за работа).
- Четврто, проблем за операционализација на конверзијата во услови на рецесија. Така, во случај фирмите да се способни да ги пренасочат своите капацитети и работната сила од воено кон цивилно производство, тие можат да бидат попречени од рецесијата во цивилниот сектор на економијата.

За потребите на анализата неопходно е развивање на аналитичка рамка, со цел да се проценат можностите за конверзија на индустриските капацитети од воено за цивилно производство. При ова се важни две карактеристики:

- Првата, на страна на побарувачката, фирмата зависи од продажба на воена опрема, односно се потпира на само еден купувач, без постоење на кокурентски односи, каде државата ги помага истражувачките и развојните активности, во услови на заштитен пазар, гарантирани профити и преферирање на културата на зависност повеќе одошто бизнис односот.
- Второ, на страна на понудата, специјализацијата на факторите за производство (труд, капитал и средства за работа) и нивната евентуална применливост за цивилна продукција. Одредени воени технологии имаат широка примена за цивилни цели (пример, радари, авиони и сл.), додека другите имаат помалку (пример, нуклеарно оружје, оклопни возила и сл.).

Претпријатијата кои малку зависат од воените набавки и каде нема голема специјализација на факторите за производство, конверзијата е најлесна. Наспроти тоа, фирмите кои се високо зависни од снабдувањето на

вооружените сили и чие производство е високо специјализирано, можностите за конверзија се многу мали. Процесот на разоружување може да предизвика "шок ефект" за фирмите од воената индустрија, кога истите ќе се соочат со предизвиците на конкуренцијата. Кај специјализираните воени фирми кои потполно се зависни од воениот бизнис, директна конверзија е технички многу тешко изводлива, скапа и веројатно без ефекти. Кај таквите фирми капацитетите, опремата и работната сила се високо специјализирани и не постои можност на ниво на разумни трошоци да се трансформираат за цивилно производство. Во такви услови, веројатно најефикасно е затворање на такви капацитети, а ако постои заинтересиран купувач развивање на нов бизнис.

Фирмите кои се одлучиле за конверзија најчесто ги потенцираат следните проблеми:

- прво, високи трошоци неопходни за преквалификација и преобука на менаџерите, научниците и работниците, како и за конверзија на опремата;
- второ, високи трошоци за влез на цивилни пазари и
- трето, профитабилноста, која претставува клучно прашање, во смисла на покривање на сите влезни и трошоци на конверзијата.

Ако во економијата постојат можности, односно профитабилни бизниси, фирмите од воената индустрија можат да се употребат за цивилно производство. Со други зборови, компаниите ќе бидат купени од фирми кои веруваат дека ќе можат да остварат профитабилно користење на факторите за производство. Работниците можат да имаат преобука или да се вработат во други сектори на економијата (во зависност од тоа колку добро работи локалната берза на трудот).

Кога се анализира конверзијата треба да биде јасно дека таа не може да се реализира веднаш и без трошоци, дека зависи од можностите на цивилниот пазар и дека е потребен најчесто период на прилагодување на

фирмите до пет години. За големите снабдувачи на вооружените сили најчесто нема големи проблеми за реализација на директна конверзија, затоа што станува збор за фирми каде воената индустрија претставува само дел од нивниот бизнис (пример, само дел од производството на "Даимлер-Краислер"[134] е за воениот сектор). Кај дел од компаниите можна е директна конверзија и производство во основа, на ист производ за цивилни цели. Авионската индустрија е класичен пример. Слично на тоа, бродоградилиштата можат да се пренасочат на производство на трговски наместо воени бродови. Фирмите се обидуваат да ги користуваат своите воени технологии за развивање на нов цивилен бизнис, но сепак дел од нив не постигнува и успех во тоа (пример "Викерс"). Компаниите од воената индустрија во обид за директна конверзија мораат да ги идентификуваат профитабилните пазари кои се соодветни на нивните ресурси.

Покрај потребата од прилагодување на факторите за производство (капацитети, средства за работа, капитал, менаџментот и работната сила), неопходна е и промена во деловната култура на претпријатијата. Барањата на цивилниот пазар се сосема поинакви од пазарот на воена опрема, во смисла на квалитет на производите, поинакви стандарди, цени и сл. Во фирмите од воениот сектор доминира јавната администрација (владите) и ја детерминира културата на однесување, односно фирмата станува зависна од владата, што повеќе и одговара одошто да се бори на конкурентски цивилен пазар, во согласност со пазарната деловна култура. Таквата непазарна култура влијае на високи трошоци во работење, ескалација на трошоците, доцнења, незадоволувачки перформанси на произведената опрема, високи профити и сл., карактеристични за фирмите од воено-индустрискиот комплекс.[135]

Конверзијата во централизирани плански економии ги опфаќа истите активности за прераспределба на ресурсите од воени кон цивилни

[134] Daimler-Kraisler

[135] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр.288

активности. Меѓутоа, алокативните механизми се поинакви заради фактот што за пазарните економии е карактеристична приватната сопственост на средствата за производство, конкуренцијата, борбата за профити и влијанието на цените на пазарот. Во централизираните плански економии, алокативните одлуки одредуваат што и како да се произведува, што се прави од страна на државната агенција за планирање (пример, поранешниот Советски Сојуз по Втората Светска војна). Во сегашниот момент земјите од поранешниот Советски Сојуз се наоѓаат во транзиционен период, движејќи се од планска кон пазарна економија, што предизвикува уште поголеми проблеми за конверзијата и прилагодувања кон разоружувањето. Сите поставени задачи за создавање на приватни претпријатија, пазарна економија или конверзија на воено-индустриските капацитети се исклучително сложени. Превземање на такви задачи во исто време претставува предизвик пред кој се наоѓаат земјите од Источна Европа.

Операционализација на конверзијата во земјите во развој покажува одредени сличности со земјите со пазарна, централно планска или транзициона економија. Постојат и одредени разлики, во смисла на поголем број ангажирани луѓе во вооружените сили, така што проблемот на конверзија, кај земјите во развој, всушност се изразува преку ослободување на воениот персонал од службата во вооружените сили и нивна појава на пазарот на труд, со што се зголемува невработеноста. Земји во развој со централна планска економија можеби можат да ја намалат невработеноста со пренасочување на поранешните воени лица кон други работни места во економијата. Наспроти тоа, земји во развој со пазарни економии можат да имаат поголеми проблеми со конверзијата, ако се потпираат единствено на ограничените пазари на труд, кои географски се ограничени и не успеваат да обезбедат информации за алтернативно ангажирање на работната сила.

Одредени земји во развој имаат респективна воено-индустриска база, особено Кина, Индија, Египет и Бразил. Во тие земји, каде функционираат специјализирани компании од воената индустрија, без производство за цивилен пазар, конверзијата е многу тешка. Во поранешниот Советски Сојуз, конверзија на воена индустрија значи "затворање" на цели градови или региони, потполно зависни од военото производство (пример, Челјабинск). Постои и друга димензија на проблемот за земјите во развој со развиена воено-индустриска база, од кои дел се големи светски извозници на оружје. За такви земји губење на извозот има директно влијание врз обезбедување на девизни средства за националната економија и влијае негативно врз започнатите процеси на економски развој. Иако постојат одредени алтернативни патишта за промовирање на високата технологија во цивилниот сектор, кај земјите во развој, сепак мора да се истакне дека тие се малубројни и ограничени (пример, развој на цивилна авио-индустрија или копродукција со меѓународни компании и сл.).

Во сите типови на економии неопходна е државна политика за поддршка на конверзијата во потесна или поширока смисла на зборот. Без соодветна компензација, интересните групи од воено-индустрискиот комплекс ќе се спротивставуваат на конверзијата. Прераспределба на ресурсите од воениот кон цивилниот сектор е неопходна за добивање на "мировните дивиденди". Тоа го потенцира прашањето за државната асистенција на процесот на конверзија, односно потребата од евентуална компензација на загубите во воениот сектор.

Постојат голем број алтернативни политички опции, кои можат да бидат прифатени од меѓународните агенции (пример, ООН, ММФ, Светска Банка и др.), како и одделните држави. Постојат разлики во перцепциите на владите за формите и обликите на државната интервенција во економијата, од препуштање на "се" на пазарните сили и комерцијалните одлуки на профитните претпријатија, до формирање на специјализирани агенции кои ќе

даваат поддршка на процесот на конверзија. Потребна е координирана и планска политика која ќе може да ги искористи предностите на конверзијата и да обезбеди вработување на лицата кои останале без работа (од вооружените сили и воената индустрија), алтернативна употреба на капацитетите и прераспределба на ресурсите во националните економии.

6.1.3. Елементи на конверзијата

Брзината и континуитетот на промените кои се појавија со завршувањето на студената војна го актуелизираа прашањето за успешен менаџмент на намалувањето на обемот на буџетите за одбрана, вооружените сили и воената индустрија и за практична реалокација на физичкиот, финансискиот и човечкиот капитал. Иницијалните обиди за конверзија се среќаваат со разни технички и финансиски проблеми како и со политички и психолошки бариери. Анализирајќи го ова прашање се среќаваме со контрадикторноста присутна во современите односи – експанзија на вооружените сили како потреба од одговор на новите видови на безбедносните ризици или фокусирање на напорите на конверзијата. Целта на анализата на конверзијата е фокусирањето на прагматичните апликации на расположливите ресурси и нивна интеграција во безбедносна, економска и социјална димензија. Анализата се ориентира на прашањата на индустриското преструктуирање, реалокација на финансиските ресурси, преориентацијата на военото истражување и развојот, демобилизација и реинтеграција на персоналот (воениот и цивилниот) вработен во вооружените сили или во воената индустрија, пренамена на воените бази, касарни и инсталации и алтернативната употреба на условно кажано вишокот на вооружување.

Веќе се чини во современата теорија и практика не постои сомневање од оправданоста од демилитаризацијата на националните економии и воените инфраструктури. Крајот на студената војна влијаеше на намалување на националните буџети за одбрана, на извозот на оружјето како резултат на редуцираната побарувачка за одбрамбени продукти, на демобилизација на милиони војници, затворање на поголем број на воени капацитети и бази и вишок на воениот хардвер. Големината на опсегот како и рапидноста на ваквите промени во меѓународниот систем го прави сигурен и стабилен фокусот на конверзијата. Конверзијата ја дефинираме како оперативен процес на демилитаризација и практичен менаџмент на разоружувањето. Актуелноста на прашањето добива таква димензија што завзема едно од поважните места во современа теорија и практика која ги анализира економските и безбедносни прашања, со цел да се разрешат критичните прашања на конверзијата.

Прашањето за актуелноста на оваа активност ја поврзуваме со нестанувањето на интернационалниот систем за безбедност, кој беше базиран на две идеолошки спротивставени супер сили, трка во вооружување и систем на алијанси со свои перцепции за опасностите и ризиците. Со елиминацијата на едната супер сила, САД остануваат со далеку најголем буџет за одбрана и обем на извоз на вооружување. Со завршувањето на студената војна, конверзијата и демилитаризацијата на националните економии и воените инфраструктури се движи брзу од теоријата кон реалноста и практичната операционализација. Сепак, мораме да забележиме дека процесот сеуште не е доволно организиран и не се реализира ефективно и согласно со рационалните трендови. Всушност, се наметнуваат две основни констатации:

- Прво, конверзијата не функционира согласно прокламираното и посакуваното. И покрај многуте случаи на успешна конверзија присутни се неуспешни обиди за конверзија на големите индустриски комплекси

кон цивилното производство. Ова влијае на песимистички гледања и приоди дека конверзијата воопшто може да успее. Најчесто редукцијата на воените активности се имплементира без соодветна консидерација на економските и социјалните консеквенци. Така често се цитира примерот на неуспехот на конверзијата на капацитетот за производство на проектили, во фабрика за кујнски ножеви, со што истата се доведува во финансиски проблеми, без да се истакне несоодветната политика и недостаток на системски реформи во општеството.

- Второ, трендот на намалување на воените активности секогаш се разгледува како краткорочен тренд. Со други зборови, кога проблемите ќе бидат надминати, конверзијата ќе биде разгледувана како вредна и како основа за реализирање на дивидендите од мирот. Сеуште популарните идеи дека конверзијата не функционира или е непотребна не можат да бидат дефинитивен одговор на проблемите кои ќе стојат пред современите држави во наредните декади. Сигурно е дека трансформацијата на високо контаминираните воени погледи со цел тие да станат алтернативно употребливи ќе трае со декади за да се имплементираат во пракса. Како и да е, сметаме дека е навистина безпредметно да се убедува во вредностите на конверзијата. Истата мора организирано да се операционализира согласно интелигентно применливиот програм и да не се дозволи по инерција да се движат редукциите со сите социјални, политички, финансиски и еколошки консеквенци.

Суштината на успехот на процесот на конверзија лежи во реализацијата и реалокација на ресурсите кои сега се трошат на воените прашања во цивилната сфера од страна на државата. За ова цел неопходен е интегриран приод кој адресира четири главни елементи на процесот на конверзија:

- Прво, иако многу земји во светот и многу различни сектори во економиите се погодени, не постои сомневање дека широката агенда на прашања за конверзијата опфаќа реалокација на финансиите, преориентација на истражувањата и развојот, преструктуирање на индустријата, реинтеграција на персоналот, алтернативна употреба на базите и инфраструктурата, како и употребата и располагањето со условно, кажано вишокот на опружје. Овие шест димензии на проблемот се критична маса во генерирањето на нивото на вниманието и неопходните ресурси за истите да се решат, на долг рок.
- Второ, производите и активностите кои се во фокусот на напорите за конверзија-воените бази, буџетот за одбрана и др., се продукт на националните и интернационалните решенија насочени кон безбедноста. Согласно на тоа, напорите за конверзија се неделиви од грижите на државите за безбедноста. Промените во меѓународните безбедносни односи се неделиви од напорите за конверзија на национално ниво. Како примери можеме да ги користиме делумното распаѓање на Руското воено-индустриски комплекс, прашањето за контрола врз нуклеарното вооружување во државите на просторот на поранешен Советски Сојуз како и демобилизацијата на стотици илјади војници, без системска реинтеграција во економиите на земјите во развој. Тие се par excellence примери на предизвиците на конверзијата и се резултат во промената на меѓународниот безбедносен систем. Меѓународните безбедносни односи се причина, но трпат и повратно влијание, заради фактот што овие прашања доведуваат и до тензии внатре во државите и можат спротивно да влијаат на глобалниот процес за намалување на воените активности. На краток или среден рок, конверзијата се случува во рамките на националните граници, на локално, регионално или нивото на државата. Но, на долг рок, конверзијата е неопходно да се поврзе со перцепцијата за ризиците за националната безбедност и глобалните безбедносни прашања.

- Трето, сите шест димензии на конверзијата се во критична поврзаност со економијата. На краток рок економската димензија на конверзијата може да биде чисто локална или национална грижа. Тоа би било во случај кога државата донесува одлука да ги редуцира воените трошења и да ги намали воените активности, примарно како резултат од грижите за состојбата со буџетот. Евидентно е дека денес министрите за финансии имаат позначајно влијание отколку министрите за одбрана врз структурата на воената сила. Можноста за унапредувањето на националната економија води кон конверзијата. За да успее, истата мора да се гледа како инвестиција за иден развој. Заедно со безбедноста, економијата е критичен елемент во процесот на конверзија и мора да биде движечки елемент на процесот.
- Четврто, постои потреба за поголемо функционално и институционално поврзување на економските, социјалните и безбедносните аспекти во процесот на конверзијата особено помеѓу државите и во развојот на меѓународниот безбедносен и економски систем. Само со координација на наведените елементи можеме да очекуваме успех во реализацијата на зададеното прашање.[136]

Овие четири елементи покажуваат дека ширината на конверзијата опфаќа далеку повеќе области одошто конверзијата на военото во цивилно производство. Меѓутоа влијанието на воениот систем е длабоко во корените на економскиот систем, така да процесот на прилагодување бара подолг временски период. Конверзијата како системски и мултидимензионален програм е во зародишна фаза скоро во сите земји, но е процес кој не може да сопре и да се отфрли. Во следната елаборација ќе се фокусираме на споменатите шест димензии кои служат како основа за планирање, развој и имплементација на системските програми за конверзија кои се реалистични и го максимизираат потенцијалот за успех на истата.

6.1.3.1. Реалокација на финансиските ресурси

Долгорочниот тренд на пораст на воените трошења е сопрен и во едни сосема поинакви меѓународни димензии и окружување, буџетите за одбрана се враќаат кон нормални граници. Паѓањето започна во 1988 година и од тогаш продолжува непречено, континуирано, а во 1993 година и се забрзува во одделни земји. Светските воени трошења се проценува дека се редуцирани на околу 3.8 % годишно, од апсолутен износ од приближно 1.000 милијарди долари во 1987 година на приближно 750 милијарди долари во 2000 година.

Учество во светските воени расходи.1998



Земјите членки на НАТО иако ги имаат намалено набавките сепак ги имаат потрошено скоро истите средства на воена опрема во 1992, како и една декада пред тоа за време на студената војна. Нивните буџети се намалуваат постепено. Тие изнесуваат грубо 60% или околу 490 милијарди долари, од светските трошења во 1992 година. Само три земји од алијансата (Белгија, Канада и Голема Британија) всушност го редуцираа својот воен буџет (во номинален износ, без да се прилагоди со нивото на инфлацијата). Во реална смисла воените трошења на НАТО земјите останаа стабилни на нивото од

[136] BICC- Bonn International Center for Converssion, Публикации, 1997-2000

1991 година, но значителни намалувања веќе започнаа (пример СР Германија најавува дури 50 % намалување на воениот буџет). Искуствата на западните земји од последние пет години покажуваат дека заштедите направени во воените буџети се користат пред се за намалување на дефицитното финансирање на буџетот, одколку да се користат за развој. Тоа де факто значи дека тие пари не се применуваат за развојните програми како и за програми од областа на конверзијата кои имаат економска перспектива.

Во индустриски развиените земји, кои не се членки на НАТО, трендот на воените расходи покажува големо варирање. Земјите од Централна и Источна Европа како и земјите членки на ЗНД мораа да преземат драматични мерки кон редукција на истите и нивно ослободување од воениот сектор. Отворените дупки во финансирањето на општествената репродукција и буџетските потреби се покажаа како императив и причина на ваквиот тренд. Од друга страна, други земји, како Австралија, Кина, Јапонија ги зголемија воените издатоци. Проценка е дека првата група ги намали агрегатните воени расходи за околу 15% или во апсолутен износ тие изнесуваат околу 200 млрд. долари. Мора да се истакне дека станува збор за груби проценки, пред се поради фактот што е особено тешко да се примени компарацијата во долари, но овие земји потрошија околу 300 млрд. долари во 1987 година. Заштедените финансиски средства од буџетите за одбрана на овие земји беа изгубени во хаотичната економска ситуација и хиперинфлацијата на тие земји и перманентната девалвација и евапорација на вредностите на националните валути. Сепак во земјите во развој бележиме значителни флуктуации во трендот на воените расходи и нивно постепено редуцирање, што не е случај сеуште во развиените земји. Од друга страна земјите од Блискиот Исток (пред се како последица на Ирачката интервенција во Кувајт) и некои земји од АСЕАН (Тајван и др.) ги зголемија воените издатоци. Во сумата на целокупните светски расходи за одбрана, воените расходи на земјите во развој учествуваат со 15%. Сумирајќи ги показателите, порастот на воените расходи во некои од Азиските земји, како

и нивното стабилно ниво во земјите членки на НАТО, заклучуваме ниско ниво на трендот на редукција во последните неколку години - од 855 млрд. долари во 1991 година на 815 млрд. долари во 1998 година или околу 4,7 %. [137]

Конверзијата може да придонесе за забрзување на процесот на разоружување и зајакнување на политичката волја да се реалоцираат финансиските средства кон цивилна употреба. Буџетите за одбрана се главниот извор за мобилизација на средствата и мировна дивиденда од околу 1,300 млрд долари, која би можела да се реализира, претпоставувајќи скромна 5%-на годишна редукција на воените расходи, во еден десет годишен период. Ако процесот на разоружување продолжи во иднина, постои значителен потенцијал за заштеди во воените расходи, особено кај богатите земји членки на НАТО и Европската заедница, и тоа приближно 750 млрд. долари кај НАТО земјите и околу 250 млрд. долари кај земјите од Европската Унија во споментиот временски период. Меѓутоа, вистинските мировни дивиденди не се едноставно заштедените средства од воените буџети, кои ќе се прелеат од еден џеп во друг, туку е можноста да се реалоцираат кон останатите производни активности и развојот на националните економии.

6.1.3.2. Преориентација на воените истражувањата и технолошкиот развој

Воените истражувања и развојот се во средиштето на технолошката трка во вооружувањето помеѓу Западот и Истокот и сеуште играат значителна улога во модернизација на вооружувањето. Точни податоци за компарација на овие расходи нема во светската литература и не се јавно достапни, но неспорно е дека военото истражување ангажира најголем број на научен и технички персонал. Од шифрата 5-7 милиони лица вработени во

[137] Исто.

светот во истражување и развој, приближно 1.5 милиони работат во воениот сектор. Средствата ангажирани за ова намена во воениот сектор се проценуваат на околу 12% од вкупните воени издатоци, или во апсолутен износ од околу 110 млрд. долари. Со крајот на Студената војна и колапсот на Советскиот Сојуз доаѓа до драстична редукција на Советските расходи за истражување и развој за потребите на одбраната.

Голем број на Западни земји, исто така ги редуцираа ваквите издатоци. Промените на воените буџети на земјите членки на ОЕЦД можат да се видат на табелите:

Тренд на светски воени расходи, 1986-1994 *Табела бр. 22*

	1986	**1994**	**% на промена**
1.Свет	1297	840.3	-35,2
2. ОЕЦД	622,6	540.9	-13,1
3.Свет без ОЕЦД	674,4	299.4	-55,6
4. НАТО	562,6	469.3	-16,6
5. Свет без НАТО	734,4	371	-49,5
6. Свет без НАТО и ОЕЦД	60	71.6	19,3
7. САД	365,3	288.1	-21

Табела бр.23

Учество во светските воени расходи на САД и селектирани групи на земји, 1986-1994

	1986	**1994**
1. Свет	100	100
2. САД	28,2	34,3
3. Свет без САД	71,8	65,7
4. Свет без НАТО	56,6	44,2
5. Свет без ОЕЦД	52	44,2

Во однос на редукциите направени кај производството на вооружување, намалувањата во ова област се многу по скромни. Ваквиот тренд е резултат на политиката за одржување на чекорот на воениот сектор со современите технолошки иновации и нивна имплементација во модерните одбрамбени системи. Иако е тешко да се генерализира, новите светски трендови покажуваат дека инвестирањето во воените истражувања и развој не е многу ефикасен метод за промоција на цивилните технологии. Цивилниот сектор е тој, кој најчесто се разгледува како средство за динамизација на економскиот развој и имплементација на технолошките иновации.

Атрактивноста на военото истражување и развојот за научниците и инжинерите во минатото лежеше во техничките предизвици и неограниченоста на расположливите ресурси за таа намена. При потполна вработеност во една национална економија, присутна е отворена конкуренција помеѓу воениот и цивилниот сектор во научно-истражувачката област од аспект на ангажирање на кадарот. Со новиот опаѓачки тренд се појавува шанса за преструктуирање и алокација на научниот кадар, подалеку од употребата за воени цели.

Воените истражувања во многу земји претставуваат најстрого чувана тајна. Информациите се недостапни за јавноста, додека за научниците и инжинерите од останати сектори се контролирани или сосема недостапни. Таквата тајност на податоците, како и грижата за националната безбедност ги лимитираат можните позитивни релации помеѓу воениот и цивилниот сектор. Исто така, високо-специјализираната природа на воените истражувања често ја лимитира употребата на иновациите во цивилни цели, иако се познати и случаеви кога тоа и намерно се прави. Имено, се поставуваат безброј бариери кои ја замаглуваат ориентацијата и употребата на новитетот за други цели. Од друга страна, постојат и спротивни случаеви кога научните знаења и техничките know-how се заштитуваат од воениот

сектор. На овој план треба да се искористат можностите знаењето и креативноста да се направат достапни за цивилна употреба.

Постојат четири основни варијанти за преориентирање на воените истражувачки капацитети, секоја со различни консеквенци:

1) продолжување на финансирањето на истите со цел за нивно постепено трансформирање за цивилни цели, иако сеуште постои можност дека таквите капацитети ќе се вратат кон воените работи;
2) давање на целосно цивилни задачи на таквите капацитети, т.е. систематска и комплетна конверзија;
3) затворање на таквите капацитети без оглед на последиците врз вработувањето и економските ефекти и
4) одржување на капацитетите и персоналот на исто ниво со основна мисија развој на нови видови вооружување.

Програмите за преориентација на истражувањата за воени потреби можат да дадат огромен придонес на различни полиња, вклучувајќи и два глобални предизвици, како што се решавањето на проблемот на неразвиеноста и загадувањето на околината.

6.1.3.3. Конверзија на индустријата

Во последните неколку години, како резултат на намалената побарувачка, воената индустрија се соочува со перманентниот тренд на опаѓање на производството и ситуација на радикално редуцирање на капацитетите. Воената индустрија го има достигнато својот зенит во времето на Студената војна, а новите политички струи и економски констелации сериозно го лимитираат нејзиниот натамошен опстанок. Редуцираното производство и предимензионираните капацитети се последица на резовите

во буџетите за одбрана. Ваквата состојба како императив ја наметнува потребата од конверзија на краток и среден рок. Се чини нереално очекувањето на циклично зголемување на побарувачката во ова сфера, како во минатото, што наметнува потреба за студиозна програма за конверзија на индустријата.

Ова станува уште по ургентно кога ќе се анализира состојбата со вработените во ова област. Бројот на вработените во ова гранка флуктуира насекаде во светот, од 15 милиони во 1980-тите години, кога е и достигнато највисоко ниво (16 милиони во 1985 година), до денешната состојба кога околу 6 милиони работни места се загубени. Отпуштањата започнаа во САД, за да продолжат и во Западна Европа. Уште полоша е состојбата на просторите на поранешниот Советски Сојуз каде се изгубени помеѓу 3-4 милиони работни места од военото производство.

При анализата мора да се направи разлика помеѓу губењето на работата и невработеноста. Губењето работа претставува привремена дислокација, која обично трае неколку месеци, но не претставува проблем заради фактот што во економијата постојат слободни работни места. Од друга страна, невработеноста е сериозен проблем. Така губењето на работните места во воената индустрија претставува за повеќето земји голем макроекономски, па дури и регионален проблем.

Особено тешко ваквите редукции ги погодија земјите во транзиција (поранешните Советски републики), каде беа дел од политичкиот и економски хаос, што оневозможи успешна конверзија на военото во цивилно производство. Со ограничените можности за цивилно производство, многу од воено-индустриските капацитети се наоѓаат во длабока економска криза, иако глобално гледано секој не произведен тенк и сл., е добивка за економската благосостојба на националната економија.

Кризата во воената индустрија на САД започнува во 1986 година, со кастрењето на издатоците за истражување и отпуштање на вработените,

Сепак, извозот на вооружување од САД не забележува поголемо намалување. На ниво на влада се води конфликт околу плановите за намалување на набавките и издатоците за истражување и развој и плановите да се одржи високата конкурентска способност на овој витален дел од индустријата на САД.

Кинеските искуства се сосема поинакви. Кинеската влада испраќаше контрадикторни сигнали кон меѓународната заедница за производството на вооружувањето. Воените расходи беа во пораст, а во исто време владата го објави успехот на индустриската конверзија. Според нивните видувања конверзијата претставува квантитативна редукција и модернизација на вооружувањето и индустријата во исто време.

Процесот се одвива со одредено задоцнување во однос на САД и во Западноевропските земји. Економската клима во тие земји е далеку по благопријатна одошто во Русија или Источноевропските земји. Но сепак, и покрај бројните кооперативни договори за производство на вооружување, производството на вооружувањето како и индустриската политика во Западна Европа останува пред се на национално ниво, со сите консеквенци за неефикасно производство и дуплирање на капацитетите.

Процесот на индустриската конверзија како и ефектите од неа значително вариираат во светот. Додека во одреден број на земји се преземаат големи редукции во производството, кај други процесот е во зародишна форма, а кај некои развојот на настаните има спротивен правец. Имено, Австралија, Кина, Јапонија, Јужна Кореа, Тајван и Турција одлучија да ја задржат на исто рамниште или и да ја зголемат индустриската база на своите воено-индустриски комплекси.

Вредноста на извозот на конвенционалното вооружување опаѓа од 1987 година континуирано и достигнува најниско ниво во 1993 година. Како резултат на договорите за контрола на вооружувањето и разоружувањето во Европа, некои влади се обидоа да се ослободат од вишокот на вооружување,

што резултираше со заситување на пазарот. Така компаниите производители на вооружувањето се во директна конкурентска борба со одвишокот на оружје на светскиот пазар.

Од друга страна, воените и политички амбиции придонесуваат за постојан ток на технологии, пролиферација на софтверот за производство на модерните оружја, што влијае на проблемите за контрола и ограничување на овој сектор.

Анализирајќи ја состојбата на микро-ниво може да се види широката лепеза на стратегии кои компаниите ги применуваат во изменетото окружување. Некои ги продаваат производствените капацитети и целосно го напуштаат бизнисот. Другите одат кон диверзификација на производството, со цел да ја избегнат зависноста од производството на оружје и отпуштањето на вработените. Поголемите компании ги купуваат конкурентските фирми за да ја намалат конкуренцијата или пак го насочуваат производствениот програм кон такви производи врз кои не влијаат резовите во буџетите за одбрана. Намалената домашна побарувачка производителите се обидуваат да ја компензираат со зголемениот извоз. Меѓутоа ваквиот обид не може во целост да ја олесни состојбата на воената индустрија во целост, заради фактот што меѓународниот пазар на оружје нема капацитет за пласман на ист износ на оружје.

Процесите на трансформацијата на воената индустрија имаат повеќе димензии. Една од нив е и зголемената интернационализација во воено-индустрискиот комплекс. Претходно, компаниите главно работеа на национално ниво. Транснационалните компании во ова бранша беа вистинска реткост, за разлика од другите гранки каде се доминантен облик. Промена на економската и политичката клима го потенцираа процесот на интернационализација. Ваквите процеси имаат повратно дејство и го комплицираат процесот на редукција на трансферот на оружјето.

Домашните макро-економски политики се исто така особено значајни, особено кога овозможуваат алтернативни работни места. Јасно е исто така, дека и процесот на конверзијата добива меѓународни димензии. Предизвикот на конверзијата е особено голем и добива на значај кога јавното мислење во националната економија дава подршка на проектот.

6.1.3.4. Реинтеграција на воениот и цивилниот персонал вработен во вооружените сили

Во претходната елаборација се осврнавме на проблемот на работната сила вработена во воено-индустрискиот комплекс. Меѓутоа, присутни се уште две области на влијанија врз работната сила: воениот персонал како и цивилите вработени во вооружените сили. Промената на политичките состојби од аспект на меѓународната безбедност влијае на појавата на потребата за редукција на живата сила.

Голем процент од околу 27 милиони војници и офицери во вооружените сили ширум светот се демобилизирани. Редукцијата од приближно 2.2 милиони беше направена во период од три години, од 1990-1992 година. До 2000 година интенциите се за намалување уште за околу 2,3 милиони. Станува збор навистина за преседан во светската историја кога една петина од живата сила во армиите се редуцира. Повеќето од намалувањата се операционализираат во развиените земји.

Процесот на демобилизација е посебно тежок за имплементација во

земјите во развој. Околу една третина од намалувањата на воениот персонал се случи во земјите во развој (околу 700.000) до 1992 година, а се очекува да се продолжи со исто темпо и во периодот до 2000 година. Процесот во овие земји е често попречуван од разгорувањето на кризните жаришта и појава на конфликти во нивните земји или региони.

Демобилизацијата креира можности за човечкиот развој, но станува збор за долгорочен проект за користење на применливи знаења и вештини од персоналот претходно вработен во вооружените сили. Не постои дилема околу фактот дека природата на воениот тренинг не дава доволно корисни знаења за цивилната работа. Рамките на таквата обука не се соодветни со потребните знаења за цивилниот сектор.

Покрај воените и милиони цивилни лица вработени во вооружените сили ќе го загубат работното место. Во САД на пример, донесен е планот да се редуцира цивилниот персонал за околу 900.000 лица до 2000 година.

Како логична се наметнува итна едукација, преобука и реинтеграциона програма за да се олесни транзицијата кон приватниот или кон јавниот сектор. Доцнењето во демобилизацијата и недостаток во фондовите за реинтеграционо програми ја зголемува опаноста од криминалното

однесување на делот од демобилизираните војници. Финансиите неопходни за таквата намена се неспоредливо помали од издатоците кои се прават за одбраната и не би смееле да бидат пречка на процесот.

Краткорочните и среднорочните социјални дестабилизирања не се невообичаена појава за време на периодот на демобилизација. Искуствата покажуваат дека тие во повеќе земји се причина за доцнењето при имплементацијата на демобилизацијата. Како особено корисно искуство е процесот на преобука да започне во рамките на вооружените сили или во демобилизациски кампови или преку привремено ангажирање на луѓето во работи како што се поправка на ратни оштетувања или изградба на јавна инфраструктура и други јавни работи, што од своја страна го засилува процесот на реинтеграција и нуди потенцијал за лесна транзиција.

Процесот на демобилизација бара неколку фази за својата апликација во општествената пракса:

1) физибилити студија и планирање;
2) подготовка и преобука во рамките на вооружените сили;
3) разоружување и отпуштање од вооружените сили;
4) актуелна демобилизација, сместување и помош (станови, облека, храна, бесплатни медицински услуги, покривање на трошоците за образување итн.); и
5) долгорочна реинтеграција со тренинг, едукација, социјални услуги итн.

6.1.3.5. Дислокација на воените бази и инсталации

Во теоријата не постои јасна дефиниција што во целост претставуваат и опфаќаат воените бази, базни права или воени инсталации (пример-аеродроми, поморски бази, копнени бази, лансирни рампи, васпонски

простор, опрема, разузнавање, истражувачки капацитети, полигони работилници, логистички бази и центри итн). Процесот на конвезија ги опфаќа земјиштето, објектите и фиксните инсталации. Во контекст на преалокација на сопствеността дури и објектите за сместување стануваат проблем. Од тука, не може генерално да се прифаќаат критериуми за детерминирање на алтернативната употреба на воените бази.

Бројот на воените бази кој е или ќе биде затворен не е познат. Најголемиот од нив ќе биде на просторот на Европа, како резултат на повлекување на Советските и Американските сили. Така на пример на просторот на Германија повеќе од 1.000 различни објекти или бази беа напуштени. Околу 8% од државата Бранденбург во Германија беше под Советска окупација. Голем број на бази и инсталации на САД ширум светот исто така се затворени. Во некои од нив работеа илјадници луѓе додека во некои само по неколку специјалисти.

Ваквиот процес како последица има четири типови на економски ефекти:

1) редукција на популацијата во тамошната заедница или регион што влијае на смалување на приходот на областа;
2) намалена локална агрегатна побарувачка поради редуцираните потреби за инпут на воените бази;
3) губиток на работни места на локалното население претходно ангажирано во воените капацитети; и
4) мултиплицирани економски ефекти врз поширокота заедница или регион.

Во пракса често резултатите од ваквите затворања на базите или капацитетите беа полоши од предвидувањата правени пред започнување на процесот. Можностите за повторно вработување најчесто беа минимални, а интересот за користење на капацитетите слаб. Успехот на конверзијата на воените инсталации зависи од генералната состојба на локалната економија,

степенот на зависноста на локалната заедница од воената база и флексибилноста на социјалните и економските институции. Познати се различни пренамени на објектите, но најчесто се користат за образовни цели, рекреација, производство, трговија, транспорт или како магацини. Но најважна придобивка, секако е промената на сопственоста која преминува од воени во цивилни раце.

Неспорен е фактот дека таквите објекти можат да се прилагодат кон цивилна употреба. Меѓутоа, поради некомпатибилноста на интересите помеѓу воената ефективност и економската рационалност, најчесто објектите кои се скоро веднаш употребливи остануваат во армиски раце. Воените инсталации најчесто ја наметнуваат потребата од интензивни и скапи операции за расчистување, деконтаминација и отстранување на можните опасности за животната околина. Станува најчесто збор за големи инвестиции кои мора да бидат превземени пред да се изврши пренамена на базите и земјата за други цели.

6.1.3.6.Алтернативно користење на вишокот вооружување

Големо количество на конвенционално, како и на оружје за масовно уништување се редуцирани, а некои од нив и тотално елиминирани како резултат на унилатерални редукции или придобивки од договорите за намалување на вооружувањето. Хемиското оружје треба да биде потполно забрането, отстрането и тотално уништено. Бројни категории на конвенционалното оружје според договорот ЦФЕ треба да се редуцира. Констатиран е вишок на десетици илјади парчиња конвенционално оружје - претежно оклопни возила и авиони. Проблемот на мините е исто така загрижувачки. Проценките се движата на околу 100 милиони расеани мини

насекаде по светот, кои се бариера за нормалниот живот особено во земјоделските региони, уште долго по окончувањето на конфликтите.

Постојат различни методи за решавање на прашањето на вишокот на оружје:

1) Складирање на оружјето е наједноставен метод, иако тој најчесто преставува само заштита од кражба со можност истите повторно да се употребат. Најчесто ова е и прв избор за вооружените сили кои не се сигурни за можната идна употреба на вооружувањето.

2) Извоз на оружјето претставува најефтин но често и контра-продуктивен начин да се ослободат земјите од вишок на оружје. Овој метод беше користен во минатото од поголем број на земји и сеуште големи количества од оружјето се на распродажба. Гледано од економски аспект, понудата далеку ја надминува побарувачката, креирајќи особено ниски цени. Таквата состојба лесно може да биде искористена од разни парамилитарни организации кои лесно и ефтино доаѓаат до вооружувањето.

3) Да се оди на варијанта оружјето да застари и да стане практички неупотребливо, што најчесто и се случува како резултат на технички и економски проблеми на земјата, а не како резултат на една дефинирана политика. Ова може да има еколошки консеквенции, што влијае на актуелизирање на извозот како подобра варијанта.

4) Уништување или онеспособување на оружјето е технички изводливо, но секако е поврзано со потреба од дополнителени финансиски средства и може да предизвика несакани еколошки последици. Онеспособувањето на вооружувањето така да истото стане неупотребливо за употреба е можно, брзо изводливо и со лимитирани трошоци. Она што тука е проблематично е располагањето со компонентите, што може да бара дополнителни, најчесто големи финансиски средства.

5) Конверзијата на оружјето или на другата воена опрема за цивилна употреба е најконструктивен метод . но е лимитиран во обемот на одреден број на воена опрема (пример-радари. сателити. хеликоптери. камиони и сл.). Можна е употребата на вооружувањето за други воени намени. како на пример симулатори. цели при гаѓањата или експонати.[138]

Можеме да заклучиме дека конверзијата е најдобриот метод но сепак ограничен во обемот или бара дополнителни финансиски средства за привлекување на економски атрактивни програми кои би ги користеле суровините или адаптирале средствата за практична употреба во цивилниот живот.

6.1.4. Економика на конверзијата

Димензиите на конверзијата која сега се реализира се преседан во модерната историја. Од кога конверзијата е вистинско глобално прашање. државите мораат да ги координираат нивните политики ако се сака таквите инвестиции да дадат плод. Главно прашање кое при ова се наметнува колку всушност се големи добивките и трошоците на конверзијата.

Во првите години по завршувањето на Студената војна. се јавија големи надежи за "мировните дивиденди". Правени се многу претпоставки за искористувањето на ресурсите ослободени преку разоружувањето. Првите проценки за големината на потенцијалните заштеди во воените расходи во светски рамки се движеа во износ од 500 млрд. долари за периодот од 1987-1992 година и во износ од 1.300 млрд. долари во периодот од 1993-2000 година.

Заштедите направени во воениот сектор користени се за цивилни цели. На пример, во Германија трошоците настанати со унификацијата изнесуваат

[138] Исто.

повеќе од 100 млрд. долари годишно и практично ги проголтаа заштедите во буџетот за одбраната. Во САД редукцијата на воените расходи се случи во време на нападот врз буџетскиот дефицит на државата и се искористи за таа цел. Во други земји, заштедите се илузорни. На пример, БДП на Русија опадна драматично во периодот од 1986-1994 година. Не е возможно за Русија да го задржи нивото на воени расходи од 1986 година повеќе години. И во други земји среќаваме паралелни редукции во воените издатоци (во апсолутен износ) и како процент од БДП. При ова треба да се прави разлика помеѓу буџетското и макро-економското гледање на субјектите. Заштедите во воените расходите значат и загуба на приходот на луѓето претходно вработени во армијата и воената индустрија. Од буџетска точка на гледање, ослободените ресурси се слободни за друга употреба, на пример за трансфери во земјите во развој. Од макро-економска точка на гледање, заштедите во воените расходи мораат да се пресликаат во останатите видови на побарувачка, ако нивото на приходот останува стабилен.

Глобалното учество на воените расходи во светскиот БДП опаѓа во периодот од 1986 до 1992 година. Наместо 5% од глобалниот БДП во 1987, само 3.7% од глобалниот БДП е користен за воени цели во 1992 година. Станува збор за 1,35% од светскиот БДП кој станал расположлив за други намени во овој период, а се очекуваше до 2000 година да се ослободат дополнителни 1,5%.

Потенцијално, долгорочните ефекти од разоружувањето и конверзијата се далеку поголеми од краткорочните. Всушност, ова е и основниот аргумент на класичните економисти од времето на Адам Смит, кои тврдат дека воените расходи се непродуктивни. Свртувањето на ресурсите кон цивилна употреба како ефект има зголемување на инвестициите во продуктивни економски активности, инвестиции во луѓе (преквалификација на демобилизираните војници и офицери) кои го подобруваат нивото на едукација на работната сила, користење на поранешните воени бази и инфраструктура за цивилни и продуктивни намени, користење на воениот-истражувачки кадар за цивилни истражувања и конечно, со една општа редукција на тензиите која влијае на покачувањето на стапките на штедење и намалување на каматните стапки што е основата за брз економски развој.

Разоружувањето и конверзијата водат кон заштеди во буџетот и стимулираат пораст на приходите, но од друга страна продуцираат и дополнителни трошоци:

- договорите за разоружување (пример за хемиското оружје), бараат скапа верификација за деструкција на оружјето;
- демобилизираните војници треба да бидат пензионирани или да им се платат трошоците за преквалификација, социјални, здравствени и други надоместоци;
- чистење на животната средина каде егзистирале воените бази и инсталации (пример, САД планираа трошок од околу 8 млрд. долари за чистење на базите кои се затворени до 2000 година);
- помош на воено-индустрискиот комплекс во конверзијата на производството, како и на вработените во нив во смисла на надоместоци за невработени.

Некои од овие трошоци, како на пример помош на воено-индустрискиот комплекс во транзиција, резултира со економски растеж. Од друга страна, трошоците за предвремено пензионирање се потрошувачка.

Билансот на трошоците и користа од различните аспекти на конверзијата зависи од квалитетот на менаџментот на овој процес. Добриот менаџмент ги зголемува користите од конверзијата и ги намалува трошоците. Тој мора да биде координиран на локално и регионално ниво и да ги почитува пазарните законитости за да има влијание на глобалниот човечки развој.

Трошоците на конверзијата се големи кај земјите со големи воени сектори и на краток рок кај нив доминираат трошоците во однос на користа. Од друга страна, на среден рок, користите од конверзијата се пропорционални во земјите со компаративно помал воен сектор (Леонтиеф и Духин, 1983)[139]. Таквите земји се пофлексибилни кон барањата за профитабилно цивилно производство. Намалувањето на каматните стапки како резултат на намалувањето на воените расходи им користат на

[139] Leontieff и Duchin, 1983

компаниите кои се вклучени во цивилното производство. Компаниите кои се длабоко зависни од воените нарачки бараат време и пари за преструктуирање и конверзија. Конверзијата може да има и контрапродуктивни последици ако постои дебаланс во дистрибуцујата на трошоците и користа. Во услови кога конверзијата се спроведува без државна интервенција, значи преку автоматизмот на пазарот и пазарните законитости, таа има тенденција да ја доведе националната економија до депресија.

Меѓутоа, не сите земји, со високи трошоци за конверзија, имаат проблеми со нивно покривање. Високо индустријализираните земји со високи стапки на раст на економиите и добар регионален менаџмент на конверзијата имаат помалку проблеми, компаративно со земји кои ги немаат споменатите атрибути. Пример за добар регионален менаџмент покажуваат земјите од Европската Унија.

На крајот би можеле да сумираме дека моменталните заштеди во буџетите како резултат на намалувањето на воените расходи vis-à-vis трошоците за конверзија се еден приод на проблемот, кој не смее да се гледа изолирано, туку, неопходно е да се согледаат среднорочните и долгорочни ефекти од истата.

Второ, користите и трошоците од конверзијата не се еднакво дистрибуирани, што наметнува потреба од меѓународен трансфер на ресурси за да се олесни имплементацијата и операционализацијата на конверзијата во случаевите каде и покрај високите трошоци таа е оправдана.

6.1.4.1. Редистрибуција на ресурсите преку конверзијата

Во меѓународната теорија и пракса егзистира мислењето дека "мировните дивиденди" постојат. Ресурсите кои претходно се користеа за воени потреби можат да дадат значителен придонес во правец на побрз развој

на човештвото во еден посигурен свет. Светските воени расходи во 1992 година се движеа на нивото од 810 млрд. долари. Во истото време, помошта на земјите во развој од програмата ОДА[140] во рамките на ОЕЦД, изнесуваше 55 млрд. долари. На конференцијата во Хаг, во ноември 1991 година, препорачано е да се започне со намалувањето на воените расходи за најмалку 3% како кај развиените, така и кај земјите во развој. Ослободените средства се од големо значење за развојот на националните економии. Конференцијата "Агенда 21", одржана во Рио во 1992 година, преставува најголем договор по тоа прашање. И покрај препораките кои доаѓаа од највисоко ниво, земјите во развој досега немале финансиски користи од крајот на студената војна. Ослободените средства сеуште не се канализирани во еколошкото чистење на животната средина, ниту пак за развојни активности во споменатите групи на земји. Имено, потребата да се оди во правец на намалување на расходите за одбрана и употребата на средствата за забрзување на стопанскиот развој на земјите во развој, произлегува и од фактот што меѓународните организации се помалку успеваат да обезбедат средства за таа намена. Присутен е тренд на редукција на такви средства, пример на ОДА за 8% годишно.

Препорачани се повеќе механизми во минатото за употреба на ресурсите ослободени со процесот на демилитаризација, за социјален развој. Уште во раните годините од средината на овој век, во резолуцијата на Генералното Собрание на ООН е истакната потребата од рестрикции во користењето на ограничените човечки и економски ресурси за воени цели од страна на земјите членки и потребата од инвестиции во развој на земјите во развој. Во 1974 година беше истакната сугестијата за редукција на воените издатоци на перманентните земји членки на Советот за безбедност во износ од 10% со цел да се насочат како помош за развој на неразвиените земји. Ваквите настојувања кулминираа во 1978 година со предлогот на

[140] Official Development Assistance.

Француската влада на Специјалната сесија на Генералното Собрание на ООН да се креира меѓународен фонд за развој од разоружувањето.[141] Францускиот предлог не наиде на ентузијазам кај другите членки, со објаснување дека ќе се креира нова бирократија на сметка на редистрибуцијата на средствата.

Слична иницијатива беше актуелизирана во 1990 година од работната група предводена од Танзанискиот председател Џулиус Њерере во 1990 година. Француската идеа беше проширена и се предлагаше формирање на Фонд за мир и развој[142]. Фондот би содржел значително количество на средства ослободени со редукциите на воените буџети во развиените земји, кои би се користеле за разни програми за едукација на луѓето од земјите во развој. Постојат и предлози за оданочување на трансферите на вооружување. Проблем кај овој предлог, пред се лежи на неможноста да се добијат доверливи и точни податоци за извршените трансфери, а со воведување на ваквиот данок податоците би станале уште понеточни. Од друга страна, со врзувањето на прибирањето на средства за развој со продажбата на оружјето, се создава неприродна врска која нема никакви етички основи. Најдоброто решение се паралелните редукции во извозот на оружјето и ограничувањето на воените издатоци кај земјите купувачи.

Ваквите иницијативи продолжуваат во светот, со цел да се насочат средствата кои во овој момент се наменети за уништување на човекот во средства за благосостојба на човечката раса. Особено беше конструктивен предлогот на лауреатот на Нобеловата награда, поранешниот председател на Костарика Оскар Аријас. Тој предлагаше 3% намалување на воените расходи на светско ниво во наредните пет години, од кои развиените земји една

[141] тнр. International Disarmament Fund for Development.
[142] Peace and Development Fund.

петина би уплатувале во Глобалниот фонд за разоружување[143], а земјите во развој една десетина.

Од предлозите се гледа дека добивките од мирот се интересни и го привлекуваат интересот на индивидуите и на институциите. Но, се чини работата останува само на интересот и декларативното прифаќање. Ниту една од идеите за институционализиран трансфер на "ослободените" средства за развој нема заживеано во пракса. Сеуште поголем број на нерешени прашања од концепциска и практична природа стојат отворени. Едно од прашањата е како да се третираат земјите со многу низок БДП per capita. Тие најдобро би било да станат примачи на средства од фондот. Државите со перманентно опаѓање на БДП, како на пример Русија не би имале капацитет за учество во фондот. Опцијата за задолжително издвојување на дел од средствата остварени со реализација и продажба на вооружување истакнавме, бараат значајно подобрување на транспарентноста и доверливоста на воените податоци. Алтернативата на таа опција – доброволно учество, не се разликува од досегашната пракса од асистенција на развојот и трансферите на средства во правец Север – Југ. Се чини како најдобра варијантата на таргетирање на одреден процент од остварената намалување во буџетите за одбрана и нивно насочување во заедничкиот фонд за развој. Од големината на таквиот фонд ќе зависи и ширината на активностите кои би се преземале. Ширината на активностите може да се разгледува и како автономно прашање. Прашањата на демобилизација, индустриска конверзија, уништување на оружјето и други мора да бидат меѓусебно избалансирани со јасно детерминирани приоритети. Во случај на ограничени средства во фондовите, демобилизацијата и реинтеграцијата на поранешните војници треба да биде на прво место. Ако активноста се води успешно ќе се ослободат финансиските и хуманите ресурси за производни активности што имплицитно ќе влијае на подобрување на животниот стандард на населението. Паралелно

[143] Global Demobilization Fund.

со ова мора да се оди и кон контролата на лесното вооружување и другите оружја. Дополнителни средства би требале да се планираат и за разрешување на прашањата од конфликтните резолуции, превенцијата и мировните операции. Во ова се интегрираат и прашањата на пост-воената реконструкција, хуманитарна помош и развојните активности во земјите во развој. Ова е само дел од широката лепеза на прашања во кои спаѓаат и еколошките прашања и суштествени развојни програми. Можеме слободно да заклучиме дека проблемот на конверзијата е дел од развојните проблеми, но има логика да се сконцентрираме на конверзијата како појдовна точка во користењето на ограничените средства за таа намена.

Важно прашање се и критериумите за алокација на средствата. Еден од критериумите е сиромашните земји да добиваат повеќе средства по жител од богатите. Критериумите во себе мораат да имаат и стимулативна компонента за намалување на воените расходи и да ги запазат безбедносните интереси на земјите. Утврдувањето на критериумите за алокација на ресурсите ќе се соочат со дилемата дека земји со најголеми предизвици на конверзијата во овој момент се земјите од поранешниот Советски Сојуз и Источна Европа. Во тие земји најголем број на луѓе се погодени од конверзијата и тоа прашање е неодминлив дел од генералната економска политика. Како и да е, тоа не значи дека автоматски тие и ќе добијат најголем дел од расположливите ресурси и подршка. Посиромашните земји во развој имаат помали потреби на тој план но имаат и далеку помали можности за нивно решавање.

Располагањето и дистрибуцијата на средствата мора да биде поставено во соодветна институционална рамка. Најголема бариера во тој поглед беше стравот од создавање на нова бирократска структура. Како и да е, потребата од посебна институција која ќе раководи со трансферите на ресурсите е очигледна. Во случај кога значителни финансиски ресурси стануваат расположливи за развој на земјите во развој, земјите кои ги обезбедуваат средствата би сакале да имаат контрола и да одлучуваат за канализирањето

на средствата. Ова прашање најдобро би се разрешило преку користење на постоечки организации како Развојната агенција на ООН, Меѓународната Развојна Агенција[144] на Светската банка и тоа преку нивните билатерални програми или преку невладини организации. Повеќето од организациите веќе имаат значајно искуство во поддршката на развојните активности. Некои од нив веќе стартуваа со програми на поддршка на демобилизацијата и реинтеграцијата на поранешните борци. Ова не значи дека не постои потреба да се подигне нивото на одговорност и ефикасност на овие организации. Напротив, алокацијата на средствата треба да биде координирана и базирана на договорените критериуми.

Како еден од заклучоците по ова прашање е фактот што и покрај многуте валидни концепциски и практични пречки идеата за фонд за демобилизација, конверзија и мир, во основа е добра идеа. Ова е вистина за двете страни како за давателите така и за примателите на средствата. Фондот би ја потенцирал моралната одговорност на богатите развиени земји да одвојат дел од користите од конверзијата за земјите во развој, а кај корисниците на средствата би ја потенцирал потребата од ефикасна и наменска употреба од средствата. Втор заколучок е таквиот фонд да биде на доброволна основа, да има политички консензус и волја кај развиените земји да се искористат "мировните дивиденди" за помош на развојот на земјите во развој.

Како неопходно се наметнува и објаснувањето дека аргументите во полза на демилитаризацијата и конверзијата не се со цел да го минимизираат постоењето на безбедносните проблеми кои егзистираат во многу делови од светот. Средствата кои се користат за одбраната и безбедноста треба да бидат насочени во поголем обем према превенцијата на конфликтите и градењето на мирот. Ова е главна поента во сите напори за решавање на проблемот на глобалната светска безбедност. Далеку е помал износот на

[144] International Development Association – IDA.

неопходни средства за превенција на судирите одошто износот неопходен за насилно смирување на судирите. Најдобра инвестиција во светскиот развој и мир е таа која делува ex-ante, која ги решава дубиозите од недоволниот економски развој пред истите да генерираат отворени конфронтации и насилства. Настојувањето за превенција на конфликтите треба да биде императив на глобалната светска мировна и економска политика.

Конечно, горната елаборација не претендира да го упростува фактот дека придобивките од мирот за социјалниот развој опфаќаат многу повеќе од канализирањето на средства преку одредени централни механизми и развојни проекти. Пред се мирот извонредно ги зголемува облиците и начините луѓето да се развиваат и слободно да се изразуваат. Второ, довербата во стабилноста е клучен фактор за инвестирање и зголемување на вработеноста. Трето, сите заштеди од буџетите за одбрана, па дури и средствата кои експлицитно не се трансферираат за социјални намени или кон земјите во развој дефинитивно попродуктивно ќе бидат употребени одошто порано.

6.1.5. Конверзија во контекст на меѓународната безбедност

Процесот на конверзија на краток рок се базира на национални или можеби локални интереси, додека гледано од стратегиско ниво за конверзијата можеме да кажеме дека е глобално светско прашање. Долгорочно гледано, резултатите од конверзијата ќе зависат од меѓународниот безбедносен систем и економскиот фактор.

Во минатото меѓународните безбедносни фактори беа одговорни за неуспехот на логиката на конверзијата. Промените во светскиот поредок ги даваат основите и окружувањето за реализација на процесот на конверзија. Сите теоретски консидерации во предвид ги земаат промените кои во потполност ја подржуваат конверзијата. Климата во меѓународните односи

креира можности за мирно решавање на сите горливи регионални прашања, што имплицитно позитивно влијае на глобалниот процес на конверзија.

Анализирајќи го овој аспект на конверзијата како логичен континуитет се наметнува прашањето за меѓународните институции кои треба да го олеснат овој процес. Станува збор за развој на владини и не-владини меѓународни организации, кои можат да одговорат на мулти-димензионалниот аспект на конверзијата. Практично тоа значи дека планирањето и имплементацијата на програмот е од различни дисциплини и полиња на експертиза. Исто така, тоа значи дека луѓе од различни нивоа на државната администрација (локално, регионално, национално и интернационално) ќе работат на прашањето. Тука се наметнува прашањето дали таков диверзифициран состав може да биде ефикасен.

Основно е екпертите од факултетите, не-владините организации , владините институции и меѓународните институции да воспостават врски по сите шест димензии на проблемот земајќи ги во предвид меѓународните безбедносни и економски фактори. Неопходно е донесувачите на одлуките, кои ги дефинираат државните интереси и ја формулираат политиката да ги следат советите на "мрежата на искуства и знаења"-како би го дефинирале мултидисциплинарниот тим на експерти кои се ангажирани на проблемот. Таквиот приод овозможува на државите да го идентификуваат својот интерес, да се постават рамките за колективна дебата, да се предложи специфична политика и да се постават основите за преговори. Контролата врз науката и информациите е важна димензија на моќта, а дифузијата на нови идеи и податоци може да води кон нови урнеци на однесување и да биде важна детерминанта во меѓународната политика. Таквата интеграција на напорите може да води кон мулти-дисциплинарната транспарентност на знаењата што е критичен елемент за успехот на конверзијата. Приоритет е воспоставување и развој на интеракцијата помеѓу воените експерти и специјалистите за конверзија. Секој од споменатите учесници во проектот

треба да изготват свои модели, со сопствени анализи за можните импликации од програмата и потоа тие модели да се интегрираат и усогласат. При тоа треба да се имаат во предвид компаративните студии кои содржат искуства за (не)успешни примери на конверзија ширум светот.

Глобалниот успех на процесот на конверзија зависи и од нејзиното поставување на ниво на меѓународни институции. Имено, не е воопшто реална претпоставката дека императивот на конверзијата станал толку очигледен и неопходен за националните влади за да се ангажираат по тоа прашање по сопствена иницијатива. Пред се конверзијата чини пари, кои повеќето земји на кои конверзијата им е неопходна ги немаат. Од ова произлегува потребата од инволвирање на меѓународните финансиски институции.

Вториот предуслов за успешна конверзија - меѓународната безбедност, најдобро се контролира на интернационално ниво. Во пракса се познати и некои случаи каде прашањето добива регионални рамки, каде економските и безбедносните аспекти се решаваат на ниво на еден регион (пример-Европска Заедница). Како неопходна се наметнува улогата на ООН во развојот на процесот на конверзијата, а во дел од неа истата треба да одигра клучна улога и да има примарна одговорност за конверзијата. Големото влијание на организацијата е суштествено за успехот на процесот, пред се заради огромното влијание на меѓународните фактори на меѓународната безбедност. Како резултат на таквата позиција ООН во 1993 година ја прифаќа примарната координативна улога за конверзијата на конференцијата на УНКТАД во Женева. Интенцијата на организацијата е да се обезбеди политичка, техничка и економска подршка на земјите членки на ООН за успешна пренамена на производството и научно-истражувачките и развојни капацитети, како и полесен премин на воениот и техничкиот персонал во цивилниот живот. За повеќето од државите од светот, неопходно е вклучувањето на ООН во прашањата на конверзијата. Имено, анализирајќи

ги сите шест димензии на проблемот станува јасно дека во основата на секоја лежи прашањето на меѓународната безбедност (секако во конверзијата на воената индустрија-доминантен е економскиот фактор). Ова прашање е критично за успехот на конверзијата и ООН мораат да ја одиграат својата улога. Додека за исполнување на економските услови можат да кандидираат и други организации, кај прашањето на безбедноста состојбата е јасна. Она што преставува недостаток на ова решение е сеуште недефинираната улога на организацијата, која поради воспоставениот систем на донесување на одлуките многу тешко може да донесува брзи и општо-прифатливи решенија. Неопходна е поголема автономија на организацијата, како и пренесување на дел од суверенитетот на државите врз неа, за да се добие еден меѓународен признат авторитет со кредибилитет да донесува прифатливи решенија. Дел од органите на ООН се искомпромитирани од времето на Студената војна и го носат бремето на донесување на несоодветни и некомпетентни решенија. Една од организациите која би можела да одигра важна задача е УНЦДА (Центар за прашањата за разоружување), кој беше задолжен да го одржува регистарот на конвенционалните оружја, кооперативна безбедносна мерка која ги обврзува државите да поднесуваат извештаи и податоци за увозот и извозот на вооружувањето. Организацијата развии инфраструктура и квалитетен модел за следење на состојбите кој треба да се користи и за конверзијата и за следење на движењето на воените издатоци. Ова би имало и повратно ефикасно влијание врз меѓународната безбедност. Интегрирањето на меѓународните напори за конверзија во една меѓународна безбедносна агенда, преку организација како УНЦДА, би ги зголемиле шансите на конверзијата за успех на глобално ниво како и намалување на стравот и инертноста на државите да ги преземат таквите програми.

6.1.6. Безбедносниот аспект на конверзијата

Современиот концепт на конверзијата, со цел да може да го процени влијанието и потенцијалот на конверзијата врз општественият развој, ја анализира релацијата со националната безбедност. Значењето на врската со безбедноста можеме да ја илустрираме преку следните практични примери.

Демобилизираните војници ако не се реинтегрираат во општеството, можат да ги насочат нивните пушки дома или во странство. Ако оружјето стане "вишок" по мировниот договор, истото треба да се одземе или во најмала мерка да се контролира со цел да се спречи неговиот трансфер во сеуште отворените конфликти во регионот или пошироко. Особено значајно прашање е контролата врз нуклеарното вооружување кое станува отфрлено и "вишок", како резултат на договорите за ограничување на оружјето. Извозот на оружје секогаш се наоѓа во центарот на интересирањето од "интересните групи" кои настојуваат да генерираат хипер-продукција на производство на вооружување, оправдувајќи се со загубата на работните места во гранката. Од друга страна и невработените нуклеарни научници можат да ја олеснат пролиферацијата на нуклеарното вооружување.

Сите примери, всушност ги прикажуваат предизвиците на конверзијата. Елементот на меѓународната безбедност во овие и многу други примери е значаен заради фактот што ги зголемува тензиите во рамките на државите реално или пак може да влијае неповолно на активностите за намалување на воената активност. На краток и среден рок, конверзијата се реализира на ниво на државите, во рамките на државните граници, врз основа на приватните компании и локални, регионални и национални влади, согласно нивните интереси. На подолг рок, конверзијата е врзана со перцепцијата на заканите за националната безбедност. Безбедносните консидерации мораат да бидат интегрирани во заложбите за конверзија.

Еден добар пример за концентриран напор за да се поврзе конверзијата и безбедноста би било паралелно намалување на извозот на оружјето и на воените расходи на земјите увозници. Ресурсите кои сега се користат за воени цели би се ослободиле без страв од редукциите во воената безбедност. Земјите извознички на оружје, намалувајќи ја продажбата не би биле казнети како во случај на пораст на извозот од страна на други земји. Сите можат да искористат од зголемената побарувачка и продажба на стоки за широка потрошувачка. Од исто така големо значење е да се ограничи извозот на оружје кое останало како "вишок" од разоружувањето. Ако тоа не се направи, плодовите од разоружувањето можат да станат "семе" за нови трки во вооружување, само сега на други локации.

Принципиелна причина за континуирано високо ниво на воените издатоци и оклевањето да се прифати сета итност на конверзијата е спороста на реформите во безбедносните политики во повеќето земји и воени сојузи. И покрај промените во светската политичка клима која повикува за креирање на нови структури и механизми за мир и безбедност, само малку од таквите иницијативи се реализирани. При анализата можеме да констатираме три фактора кои придонесуваат за успорувањето на процесот на промените: прво, "парохиски интереси", вооружените сили се спори во прилагодувањето заради стравот од губење на привилегиите. На споменатите две причини се надоврзува и постоењето на тесни економски интереси во рамките на воената индустрија и истражувачките лаборатории и одржување на одбрамбените капацитети. Два вида на влијанија имаат ефект на одржување на одбранбените капацитети: првиот, опасноста од нови конфликти (особено етнички и територијални конфликти во Европа) кои ги истакнуваат новите безбедносни ризици и потребата за мировни операции под водство на ООН постојано ја генерираат потребата од одржување на високо ниво на одбранбени капацитети; второ, загриженоста кај главните земји производители на оружје, кои сметаат дека редукцијата на развојот на оружјето и продукцијата ќе води кон загубата на базичната одбрамбено-

индустриска база; трето, континуирана конфузија и инерција во безбедносната политика. Иако многу влади почнаа да ја преформулираат безбедносната политика, таквиот процес има лимитирани ефекти на структурата на силите и планирањето на ограничувањето на пласманот на оружјето.

Процесот на конверзија сигурно би профитирал од зголемената јасност и транспарентност на концептот на безбедност. Безбедноста и конверзијата можат меѓусебно да се зајакнуваат. Релацијата помеѓу конверзијата и безбедноста може да се разгледува преку два приода:

Прв, подобрена безбедност и перцепција за безбедност овозможува поголемо разоружување, која врз основа на тоа и овозможува на конверзијата да ги направи достапни тие ресурси за цивилна употреба.

Второ, конверзијата, ако се води добро, ги канализира ресурсите кон продуктивни активности, води кон зголемување на вработеноста, социјална правда и ги намалува социјалните тензии. Контролата на "вишоците на оружје" ја зголемува безбедноста и ја подобрува безбедносната ситуација директно, преку превенцијата од нивно евентуално распоредување во "погрешни раце".

Во светот веќе се присутни реформи по прашање на безбедноста на земјите, во смисла замена на постулатот за обезбедување на безбедноста на земјата со воени средства со безбедност на луѓето преку превенцијата од конфликти и од други закани. Ова се должи на крајот на конфликтите на релација Исток – Запад, промената во економски и воен баланс на силите, зголемената свесност за екологијата и зголеменото сознание дека луѓето треба да искористат од безбедносните и развојни политики во смисла на квалитетот на нивниот живот.

Традиционално, концептот на безбедноста кореспондира со заштитата на суверени држави (национална безбедност). Овој концепт силно ја истакнува заштитата на земјата со воени средства (воена безбедност). На ова

се надоврзува концептот на заедничка безбедност и колективна безбедност кој се разви и се користи. Терминот заедничка безбедност го користеше Комисијата на Улоф Палме, во 1982 година, во време на взаемна опасност од меѓусебно уништување помеѓу НАТО и земјите од Варшавскиот договор. Овој концепт е развиен само да ги адресира големите закани и ризици во еден биполарен свет.

Во концептот на колективна безбедност, владите на сите земји ја прифаќаат грижата за безбедноста на една земја како обврска за сите и тие се сложуваат по прашањето за колективен одговор на агресијата. И текстот на Повелбата на ООН тежнее да постави систем базиран на истиот концепт. Ако мирниот обид неуспее да ги елиминира заканите за мирот, Советот за Безбедност на ООН е овластен да ги употреби сите средства за таа намена (Глава 7 од Повелбата на ООН). Вистинскиот систем на колективна безбедност би имал значаен ефект врз конверзијата и би овозможил и значително разоружување. Како и да е, во пракса концептот на колективната сигурност не и користеше на конверзијата.

Новиот развиен концепт на кооперативната безбедност своите цели ги има во замена на безбедносниот систем базиран на застрашување према друг систем базиран на осигурување. Тој ја истакнува неопходноста од процес на неопходни промени во безбедноста базирана на воени средства. Концептот има повеќе фази, во кој градењето на довербата и редукцијата на ризиците оди паралелно со разоружувањето и реструктуирање на одбрамбените капацитети. Концептот ги опфаќа процесите на соработка, транспарентноста, постепено разоружување, индустриска конверзија, демобилизација, демилитаризација и хуманитарни асистенции. Истиот овозможува постепени реформи, промени во значењето на воените активности и го истакнува светот во кој повеќе воената сила нема да игра водечка улога. На овој концепт се надоврзува и концептот на безбедноста на животната средина, кој истакнува дека националната безбедност мора да се

редефинира за да се вклучат сите закани кои доаѓаат од промените во животната средина, како што се зголемување на популацискиот притисок, генетска ерозија, деградација на земјиштето и климатските промени. Во пракса сме сведоци дека станува збор за сериозен фактор кој веќе предизвика неколку конфликти во светот.

Националната безбедност, базирана на воени средства, беше водечки принцип за периодот на студената војна. Комбинација на концептите на кооперативна и човекова безбедност го насочуваат правецот на развојот на концептот на национална безбедност во периодот по студената војна. Таквиот поширок концепт за безбедност копреспондира со современиот концепт на конверзијата. Барањата за безбедност ја профилираат конверзијата и ја насочуваат во одредени правци. Ваквите нови безбедносни концепти овозможуваат да се покаже врската помеѓу конверзијата, општествениот развој и безбедноста. Конверзијата е дел од безбедносната политика, таа придонесува за градењето на доверба и овозможува ресурсите да се наменат за попродуктивни цели, креира нови вработувања, ги насочува научни истражувања кон нови продуктивни технологии, се грижи за чистењето на животната средина итн. Таа придонесува во откривањето на корените на конфликтите и го промовира нивното отклонување, настојувајќи да се замени концептот на застрашувањето на агресијата. Така безбедносната политика, базирана на еден поширок концепт, може да биде водич и за конверзија.

6.2. Глобално разоружување, демилитаризација и демобилизација

Она што може веднаш да се заклучи кога се покренуваат прашања од ова област е успорување, но сепак континуитет на процесот на разоружување и процесот на конверзија.

Последниот век од овој милениум започна со големи надежи за "мировни дивиденди". Ова се должеше на фактот што периодот на Студената војна заврши и светската економија можеше да смета на значително количество ослободени ресурси од воениот сектор . Меѓутоа, од друга страна овие претпоставки беа прифатени со резерва и песимизам на одредени делови на планетата-во смисла дека воените арсенали во најмала мерка ќе стагнираат и дека конверзијата нема да биде успешна.

Ваквите размислувања се должеа на два главни фактора. Првиот, перцепциите од процесот на "правење на мирот"[145], разоружувањето и конверзијата. И покрај многуте успеси постигнати на полето на превенција на конфликти, пројавените неуспеси и грешки допринесоа за појавата на песимистичкото гледање на оваа проблематика. Вториот, воопшто реалноста на конфликтите, разоружувањето и конверзијата. Сведоци сме на голем број сурови конфликти кои се одвиваат на многу места на планетата, а од друга страна и разоружувањето се наоѓа пред сериозни предизвици и конверзијата е "далеку" од посакуваниот тренд на движење. Се чини дека проценките од раните 1990-ти години ги потценија новите облици на безбедносните ризици, кои се појавуваат како бариери на рапидното разоружување, како и техничките и финансиски трошоци потребни за организација на процесот на реалокација на воените ресурси кон невоени цели.

Сепак, иако состојбата во одредени региони на светот дури и се влошува по ова прашање, глобално можеме да констатираме дека Билансот на состојба за деведесетите години од дваесетиот век е позитивен за разоружувањето и конверзијата. Тие продолжуваат и во последните години од дваесетиот и дваесет и првиот век, иако мораме да признаеме со еден успорен тренд. Кај имплементацијата на разоружувањето очигледни се одредени проблеми, додека кај конверзијата веќе се реализирани бројни проекти. Сепак достигнувањата во разоружувањето стануваат сосема

очигледни ако се компарира големината на воениот сектор (инпутот на финансиски, материјални и хумани ресурси) од крајот на осумдесетите години со сегашната состојба. Очигледна е огромната редукција и формирање на циклуси на провоцирани разоружувања и конверзии. Една рунда на разоружувања предизвикува нови намалувања, пример во бројот на нуклеарните боеви глави најчесто резултира во унилатерални редукции на придружни средства. Станува збор за интерна динамика, која ќе продолжи и во иднина.

Она што загрижува е изменетата слика на меѓународното безбедносно окружување. Антагонизмите не само што не се намалија туку станаа и покомплексни и покомплицирани одошто од оние од периодот на биполаритетот на светот. Пред нас сега е замаглена слика за непријателите, кои често не се јасни во регионалните и најчесто внатрешни конфликти. Стравувањата од нуклеарен судир се заменети со длабоката загриженост од појавата и ширењето на споменатите конфликти. Дозата на споменатиот оптимизам се намалува, пред се како резултат на неуспехот во превенцијата на конфликтите како и имплементацијата на мирот (како мирно така и со сила) од страна на меѓународните организации како што се ОБСЕ, ООН и др., особено по неуспесите во Босна, Сомалија, Ангола, Косово итн. Ова резултираше со појава на потребата за воени интервенции за превенција на војните. Како последица доаѓа трансформацијата и модернизација на вооружените сили со цел да се одговори на новопоставените цели (особено карактеристично за земјите членки на НАТО алијансата). Меѓутоа, најчесто употребата на воената сила не претставува решение за проблемите кои се причината за конфликтите. Иако не е воопшто едноставна и лесна одлуката да се започне воената интервенција, сепак сеуште е многу полесно за да се започне одошто да се заврши воената интервенција. [146]

---

[145] peace making.

[146] BICC- Bonn International Center for Converssion. Публикации, 1997-2000

Сегашниот миг на површина исфрла голем број на нови конфликти кои само се надоврзуваат на веќе старите традиционални жаришта (Среден Исток, Јужна и Југоисточна Азија). Крајот на Студената војна всушност претставуваше и крај на доминацијата на супер силите врз регионалните конфликти и влијаеше на намалување на тензиите, меѓутоа не значеше и решавање на отворените проблеми на чиј континуитет на постоење сме сведоци и денес. Новите безбедносни ризици се исто така и постоењето на слаби држави на граница на колапсот, дезинтегрирани армии без контрола на употреба и користење на оружјето, а се помалку отворени судири и борби помеѓу добро организирани и тешко вооружени армии. Ваквите состојби влијаат и го загрозуваат вкупниот светски развој. Воените интервенции, особено интернационалните, пример САД и Голема Британија во Ирак 1998, НАТО на Косово 1999 година, САД и НАТО во Авганистан во 2002 година се повеќе исклучок одошто правило. Но како и да е, тие, како и тестовите на нуклеарните оружја на Индија и Пакистан во 1998 година, се најрегресивниот настан од аспект на разоружувањето и конверзијата. Состојбата дополнително се влошува после 11 септември 2001 година и терористичките напади врз САД. Овој настан секако ќе има долгорочни негативни влијанија и ефекти пред се на полето на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување.

Сето ова влијае на забавување на процесот на разоружување и конверзијата. Ситуацијата во светот се карактеризира со контрадикторни трендови. Од една страна сме сведоци на отварања на нови кризни жаришта, тлеење на постојните-примери на Северна Ирска, поранешна Југославија, насилијата во Африка, поранешните Советски Републики итн., што де факто не оди во прилог на разоружувањето. Повеќето земји од друга страна продолжуваат да ги редуцираат нивните финансиски инпути во воените арсенали како и преалокација на средствата кон невоените цели. Но, сепак во исто време регистрираме крупни инвестиции во воени програми особено во

региони со тензии. Исто така, главните светски сили САД и Кина ги зголемуваат буџетите за одбрана.

Покрај ваквите, бележиме и позитивни иницијативи, како на пример заклучоците од Отава-Конвенцијата за забрана на против-пешадиските мини. Ако ваквите иницијативи радуваат, од друга страна состојбата на неконтролирана продажба и дистрибуција на малите оружја во многуте конфликтни области, сериозно се заканува на светскиот мир и процесот на разоружување. Кога сме кај конвенционалното оружје мораме да го истакнеме трендот на неговото намалување. Меѓутоа квантитативното разоружување не значи и намалување на воената моќ. Напротив, модернизацијата на воените системи преку инволвирање и интеграција на високата технологија ја зголемува огнената моќ, пример кој го среќаваме во армиите на развиените земји.

Нуклеарното разоружување преку редукцијата на нуклеарните боеви глави е во противречност со нуклеарните амбиции во Јужна Азија и техничките и финансиски проблеми со контролата на нуклеарните арсенали во Русија. Зголемениот број на земји кои располагаат со ваков вид на оружје, пред се како резултат на распаѓањето на поранешниот Советски Сојуз, само дополнително го потенцира проблемот и го зголемува ризикот на употребата на нуклеарното оружје.

Во анализата на светските антагонизми ќе ја споменеме и состојбата во воената индустрија. Консолидацијата на нивоа на компании постигнува забележителен прогрес, производните капацитети, се разбира каде е можно, работат за потребите на цивилниот пазар, развиваат нови програми за цивилна употреба. Додека повеќето од компаниите успешно се прилагодуваат на состојбите во воената сфера, состојбата со работната сила во овој сектор не е толку розова. Имено, работниците засега се единствени губитници, поради појавеното отпуштање на дури 50 % на вработените од секторот на

воената индустрија. Скоро секое второ работно место во ова бранша беше затворено во последната декада.

Како последен проблем кој е присутен во ова сфера е затворањето на воените бази и нивна пренамена. Овој проект е врзан за огромни инвестициони вложувања кои се неопходни за адаптација на поранешните воени бази за цивилна употреба. Ова ќе биде долг и скап процес кој за некои земји сепак ќе значи креирање на нов економски потенцијал и особено можност за нови вработувања.

Сето претходно изнесено не наведува на заклучокот дека крајот на Студената војна не значи и истовремено редукција на воените потенцијали, конверзија на огромните ресурси како и уживањето во плодовите на мировните дивиденди. Како и да е, овој процес бележи позитивен биланс, но во исто време се покажува како скап и долготраен. Секако, не можеме да заклучиме дека разоружувањето и конверзијата не се можни. Спротивно, тие се многу исплатлива инвестиција, политички амбициозен, социјално и економски оправдан процес кој бара креативност, упорност и расположливост на ресурсите.

Во теоретските анализи на проблематиката на разоружувањето и конверзијата акцентот се става на воените трошоци, воените арсенали, воениот персонал како и вработувањето во воената индустрија. Најзабележливи се резултатите постигнати на полето на намалување на воените потенцијали, дури 29 индексни поени во периодот од една деценија, додека трендот на рапидно намалување на воените издатоци е запрен во 1997 година и добива нагорна линија.

Редукцијата на глобалните воени издатоци, која беше особено забележителна во првата половина од овој век бележи запирање со нова тенденција на натамошно нивно зголемување во иднината. Во апсолутни износи, воените издатоци паднаа од сума поголема од 1.030 млрд. долари во 1987 година до 683 млрд. долари во 1996 година (изразено според цените во

1993 година). Веќе во 1997 година забележано е нивното зголемување на 680 млрд. долари.[147] Слична е и состојбата со воените трансфери кои во втората половина од веков се во пораст. Додека за некои земји од Северна Европа, Јужна и Источна Азија може со сигурност да се рече дека не отстапуваат од правецот на глобалното разоружување, кај земјите од Блискиот Исток тој процес не само што не е започнат туку и има сосема спротивна тенденција. Кај САД и некои Западно Европски земји приметен е чекорот назад кон започнатиот тренд, што се очитува во зголемување на воените издатоци. Со континуираното намалување на воените издатоци во одредени земји или региони се јавуваат шанси истите да ги уживаат благодетите на мировните дивиденди. Сепак основните причини за ваквите редукции лежат во економските потешкотии на националните економии (пример Источна Азија). На глобално ниво, изгледите за реалокација на заштедите направени со намалувањето на воените издатоци - во развој на економиите, сеуште не се извесни и еднакво третирани.

На полето на преориентацијата на воените истражувања и развојот кон цивилните потреби и нивно апсолутно намалување, се забележува повратен тренд и нивно зголемување. Модернизирањето на вооружувањето останува еден од најважните приоритети во одредени земји. Останува интенцијата на владите армиите и нивното вооружување да одат во чекор со модерниот технолошки развој. И покрај фактот што најголемиот број од технолошките иновации не служат за потребите на воената индустрија, политиката на приоритети за воените потреби се уште е на сила. Судејќи според издатоците за воени истражувања и развој, САД како и до сега најголемиот потрошувач за ова намена, покажува знаци на повторно зголемување на овој вид на издатоци и е на курсот на повторно вооружување.

Конверзијата на воената индустрија е забавена од фактот што на светскиот пазар доаѓа до зголемување на агрегатната побарувачка за

[147] Исто.

вооружувањето. Тоа од своја страна ги зголемува економските перспективи на компаниите што се занимаваат со производство на вооружување и го става на страна започнатиот процес на преструктуирање и консолидација. Меѓутоа, иако доаѓа до пораст на бизнисот, компаниите продолжуваат да го редуцираат вработувањето. Проблемот на предимензионираност на капацитетите за потребите на воениот сектор сеуште е присатен, особено во Русија и во Кина. Конверзијата останува императив што ќе води кон експанзијата на цивилните бизниси за да се компензираат загубите во нарачките од воениот сектор.

Демобилизацијата и реинтеграцијата на воениот персонал покажува стабилен тренд на намалување во последните години. По завршувањето на Студената војна забележано е намалување на бројот на војниците од 28,8 милиони на 22 милиони луѓе во 1997 година. Најголеми намалувања се забележени во Кина и Источно Европските земји. Имплементацијата на мирот во светски рамки широко ги отвора вратите за континуитет на овој процес. Заради решавање на ова социјално многу осетливо прашање, потребен е студиозен мултидисциплинарен пристап, за да се избегнат евентуалните судири, како на пример во Ангола во 1998 година. [148]

Затворањето на воените бази како и нивна трансформација и употреба на воената инфраструктура за цивилните потреби заостанува зад редукциите направени кај вооружувањето. Како и да е ова прашање останува како едно од најважните и економски многу перспективно во целокупниот процес на конверзијата. Разгледувано низ призмата на огромните финансиски издатоци неопходни за нивно преструктуирање, сеуште ова прашање не станало доволно акутно и актуелно како и што заслужува да биде. Таквиот приод ги замаглува ефектите кои со сигурност би можеле да се очекуваат.

---

[148] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 290

Квантитативното намалување на огромните суфицити во воена техника и вооружување како и ограничувањето на нивното користење е еден од најдинамичните елементи на процесот на разоружувањето. Ова е особено значајно политичко прашање, со јасни импликации на глобалниот светски поредок и мир. Ваквите иницијативи резултираа со Конвенцијата за забрана на хемиското вооружување и редукцијата на конвенционалното вооружување во износ од повеќе од 5 % . Станува збор за преку 435.000 парчиња на големи конвенционални оружја, а на ова се надоврзува и иницијативата за контрола, намалување и рестрикции во достапноста на пешадиското вооружување. На жалост ова од своја страна го засили делувањето на црниот пазар каде профитите од нелегалната трговија со оружјето секојдневно се зголемуваат.

Претходната елаборација кореспондира со констатацијата за промените кои се случуваат во областа на разоружувањето и конверзијата. Тие се различни на крајот на деведесетите години од состојбите пред една деценија. Шок терапијата во процесот на разоружување полека се заменува со еден постепен приод. Некои од земјите кои имаа најголеми редуцирања во воените арсенали започнуваат полека да ги доградуваат воените сектори или конечно да градат поефикасни вооружени сили на редефинирани и постабилни финансиски фундаменти. Воените доктрини се редефинираат и започнува реформата, рационализација и модернизација на вооружените сили и воените арсенали. Од ова произлегува дека паралелно се одвиваат инвестирањето и деинвестирањето во воениот сектор. Дигресијата на започнатите процеси станува евидентна. Конверзијата во многу земји станува долгорочно прашање насочено кон полето на пренамена на базите, намалување на капацитетите на воено-индустрискиот комплекс и реформите во вооружените сили и расположливоста на оружјето. Ова прашање останува сеуште болна точка за повеќето земји, како на пример Русија, Украина. Цивилните алтернативи не се така едноставни и лесно применливи за отпуштениот персонал и военото производство, во општества обременети со бројни економски и социјални проблеми.

Пречките за имплементацијата на конверзијата се многубројни и комплексни, особено во земјите во транзиција и пост-конфликтните општества. Завршувањето на конфликтите како и економските проблеми продолжуваат да бидат движечка сила за редукција на воениот сектор. Конверзијата е поврзана со големи инвестициони вложувања што претставува огромен проблем во услови на ограничени буџетски фондови и економски кризи. Меѓутоа, инвестирањето во конверзијата е согласно на искуствата од последната декада многу вредна инвестиција која ветува сигурни и вредни резултати.

Патот до мировните дивиденди е трнлив и бара многу практична работа, земајќи ги во предвид стекнатите искуства. Научените лекции се солидна основа за одговор на предизвиците на сегашното и идно разоружување и конверзија. Спектакуларни резултати не смеат веднаш да се очекуваат, како огромните намалувања во буџетите за одбрана, кои од своја страна би ослободиле значителни суми на свежи пари за економски развој. Како и да е главните предизвици се пред нас, а искуствата од минатото кажуваат дека на тој пат треба да се истрае.

6.2.1. Глобално намалување на воениот персонал

Вкупната бројна состојба на вооружените сили во светот опаѓа постојано во последната декада и тоа од 29 милиони во 198[illegible] година на 24,1 милион во 1994 година. Најголемите редукции на трупите се случија на Европскиот и Американскиот континент. Во апсолутен износ, најголеми намалувања се направени во Кина, Етиопија, Ирак, Русија, Виетнам и САД. Во релативен износ и други земји имаа значителна демобилизација – на пример, Ел Салвадор, Еритреја, Намибија, Никарагва и Мозамбик демобилизираа повеќе од половина од своите вооружени сили.

Покрај намалувањето на бројната состојба на воениот персонал, на "удар" се најдоа и цивилни вработени во воружените сили, кои во значителен обем ги загубија своите работни места а се очекува трендот да продолжи и во наредните години. Така на пример, во САД бројот на цивилниот персонал кој работи за воружените сили беше редуциран за 196.000 помеѓу 1987 и 1993 година. Слична е состојбата и во воружените сили на Германија каде е забележано намалување на бројот на вработените за 28.000 во периодот од 1990 до 1994 година, со дополнително отпуштени 13.000 цивили до 1997 година.

Вкупната големина на воружените сили на земјите наследнички на поранешниот Советски Сојуз моментално имаат големина на силите од околу 2,8 милиони луѓе. Во средина на осумдесетите години, силата на Советските воружени сили беше во износ од околу 3,9 милиони, а во моментот на распаѓањето на сојузот во 1991 година, околу 3,5 милиони.

Од моментот на официјалното формирање на воружените сили на Русија, во мај 1992 година, направени се значителни редукции во бројот на трупите и тоа околу 200.000 во 1992, 300.000 во 1993, 183.000 во 1994 година а тој тренд продолжува и во наредните години но не со толкав интензитет. Меѓутоа, паралелно со редукциите на регуларната армија, некои единици се предпочинети од Министерството за Одбрана на Министерството за Внатрешни Работи (пример, во пролета 1995 година ,повеќето од регуларните единици на Министерството за одбрана кои се бореа во Чеченија се заменети со специјални сили на МВР).

Украина наследи околу 726.000 воен персонал од Советскиот Сојуз во 1992 година. За изминатите неколку години направени се повеќе намалувања на бројот на трупите, така да нивниот број во 1994 година падна на 517.000 војници. Во тек е имплементацијата на програмата со која воружените сили на Украина ќе се доведат на бројка од околу 350.000 луѓе. Слична е состојбата и во Белорусија која наследи значителни сили по распаѓањето на Советскиот

Сојуз. Како дел од општите реформи на воружените сили, нивната големина се намали од 165.000 во почетокот на 1992 година на 96.000 во 1995 година.

Сите поранешни сојузници на Советскиот Сојуз направија драстични намалувања на своите воружени сили во изминатата декада и тоа за половина. Она што преставува глобален тренд во пракса се имплементира во овие земји кои продолжуваат со континуирано намалување на големината на трупите.

Кина демобилизираше околу 1.000.000 војници од 1985 година или околу една четвртина од претходната бројна состојба, така да бројот на воениот персонал падна од 4,1 милион на 3,1 милион во 1994 година. Повеќе од половина милион војници се демобилизирани од 1986 до 1988 година. Намалување на големината на Кинеската армија продолжува и во изминатите неколку години. Дел од поранешните војници најдоа ангажман во полицијата, но сепак поголемиот дел беше ангажиран во повеќе економски активности како производство на храна, индустрија и градежништво.

Земјите членки на Северно Атлантската Алијанса (НАТО) постојано го редуцираат бројот на војниците. Така од големина од 6,3 милиони во 1987 година, вкупната големина на НАТО силите се намали на 4,75 милиони во 1994 година. САД ги намалија своите воружени сили за 464.000, на ниво од 1,73 милиони војници. Дополнително намалување на ниво од 1,43 милиони војници е направено до 1999 година. За време на унификацијата на Германија, воруженитe сили на претходната СР Германија ги апсорбираа трупите на поранешната ДР Германија. Во исто време таа ја редуцираше својата големина од 495.000 во 1985 година на 358.000 во 1994 година. Во тек е имплементацијата на новата редукција со која бројот на трупите би бил околу 340.000. Шпанија ги намали своите воружени сили за една третина на ниво од 204.000 војници. Единствени земји членки на НАТО кои го зголемија бројот на војници во нивните воружени сили се Грција и Норвешка.

Редукциите во воружените сили значеа демобилизација на персоналот во голем број на региони. Не само што се случи значително намалување на големината на националните армии на одреден број на земји, туку дојде и до промена на климата во меѓународните безбедносни односи. Имено, процесот на демобилизација не придонесува автоматски да се одржува мирот и човечкиот развој, но секако, може да преставува темел на таквите процеси. Потенцијалот на идните позитивни придобивки се многу значајни, обезбедувајќи во пракса овој процес на конверзија да привлекува соодветно внимание од политичарите и правилно да се организира и води. Едноставна редукција на бројот на трупите може да значи и нешто сосема спротивно од процес на правење и имплементација на мирот во една земја но и пошироко на ниво на региони па и гледано глобално. Суштествен е аспектот на реинтеграција на поранешните војници во цивилен живот, што е критичен фактор за успех на конверзијата.

6.2.1.1. Демобилизација после конфликти

Повеќето од демобилизациите во Африка и Централна Америка се случија после завршувањето на граѓанските војни. Во Африка најголеми редукции во бројот на трупите се случија во Еритреја, Етиопија, Намибија, Мозамбик и Уганда. Демобилизацијата е во тек во Ангола, Либерија и Јужна Африка. Во Централна Америка, Ел Салвадор и Никарагва имплементираа пост-конфликтна демобилизација.

Пост-конфликтаната демобилизација привлекува особено внимание поради своите значителни ефекти врз националните економии, нејзиниот потенцијален придонес врз развојот како и промоцијата на климата на мир и безбедност во сиромашните земји. Таквиот тип на демобилизација е многу комплексна и сензитивна логистичка задача. Борците треба да се разоружаат

на одредени точки, таму треба да им се пружи здравствена заштита, кратки курсеви за обука, културни активности како и советувања за полесно вклопување во цивилниот начин на живеење и работа. Во време на демобилизирањето неопходно е луѓето да се помогнат и со пари, да им се даде помош во сместување, облека, храна, покуќнина, градежен материјал, семенски материјал за земјоделците како и други агротехнички средства. На ова е корисно да се надоврзе и помош за школување на децата на воените ветерани.

Праксата покажува дека за успех на демобилизацијата е неопходно да се прекине со непријателствата, да постои политичка волја и полна подршка на сите релевантни политички партии. Во одреден број на случаи, мировните договори експлицитно предвидуваа и овозможуваа политичка и институционалан рамка за реализација на демобилизацијата. Обидот да се изврши демобилизацијата во Уганда во 1992 година пропадна делумно заради тоа што процесот не беше добро испланиран. Обезбедувањето на основните потреби, како што се вода, спроведување на здравствени мерки, обезбедување на засолништа и храна за луѓето, често преставува проблем и предизвикува фрустрации. Програмите за сместување на луѓето и нивна реинтеграција се најефективни ако се операционализираат набргу по завршувањето на конфликтот. Во спротивен случај армиите можат да се дезинтегрираат пред формалната демобилизација, што во пракса значи екс-борците да си го задржат оружјето што може да преставува закана за можностите кои ги нуди мирното живеење и работа.

Разоружувањето е многу комплексна операција, од суштествено значење за успех на демобилизација. Имено, во пракса се случува војниците да имаат повеќе од едно оружје, така да враќањето на едно оружје може да значи и дека на друго место има скриени арсенали на оружје. Транспарентноста и прецизноста при собирањето на оружјето и нивно складирање е особено значајно. Ризикот од можноста оружјето да го "снема"

или да биде префрлено во зоните на конфликтот мора да се елиминира, со што бројот на неконтролирано оружје би се минимизирал.

Вистинскиот предизвик за конверзијата, т.е. пост-конфликтната демобилизација, лежи во реинтеграцијата на поранешните борци и на нивните фамилии во цивилен живот. Тие мораат да основаат нови живеалишта, што преставува проблем после долгиот период поминат во конфликтот. Друг проблем е невработеноста која често е многу висока во таквите земји. Војниците кои се демобилизирани најчесто имаат најлоша перспектива за реинтеграција заради стручната подготовка или заради нивната здравствена состојба. Во повеќето случаеви тие остануваат невработени подолг временски период. Реинтеграцијата е особено тешка за жени- поранешни борци како и за жените на екс-борците. Жените обично добиваат нови улоги за време на војната, а од нив се очекува да се вратат кон нивната традиционална улога по завршувањето на конфликтот.

Психолошката адаптација, исто така, преставува проблем, во смисла поранешните борци да го усогласат својот однос vis-a vis очекувањата што ги имале и ветувањата што ги добивале пред вклучувањето во конфликтот. Тие се присилени повторно да ги редефинираат нивните амбиции и можности. Покрај ова, голем број од нив патат од психо-социјални проблеми кои се должат на трауматски стресови.[149]

Демобилизацијата во пост-конфликтните ситуации влијае на појава на повеќе безбедносни ризици. Слабо водената демобилизација за резултат има појава на поголем број на оружја кај народот. Зголемениот број на невработени, само со воени вештини и без друга квалификација и наобразба , исто така, ја намалува безбедноста.

---

[149] BICC- Bonn International Center for Converssion. Публикации. 1997-2000

Напорите за реинтеграција на поранешните војници-борци треба да бидат плански и добро имплементирани. Подршката треба да биде флексибилна и во согласност со традиционалните културни вредности.

Трошоците за подршка на реинтеграцијата се високи, но долгорочно гледано, трошоците можат да бидат поголеми за едно општество ако демобилизираните луѓе не бидат соодветно реинтегрирани во цивилниот живот, во смисла на нивно удомување и вработување. Со мала помош, поранешниот воен персонал може да се здобие со вработување, каде вештините и знаењето добиени во војската можат да бидат корисни. Посебно е битен фактот што повеќето од демобилисаните војници се релативно млади луѓе кои можат да најдат продуктивен ангажман. Така на пример, во Кина 78% од 32.000 офицери, демобилисани во 1992 година беа под 40 години старост, а 46% од нив имаа најмалку три години средно образование.

Состојбата во Русија со реинтеграцијата на поранешните војници наидува на сериозни пречки пред се кај сместувањето (становите) и помошта (главно финансиска) од локалните буџети. Реинтеграцијата на војниците кои се враќија од Источна Европа беше подржана од поранешните опоненти од времето на Студената војна. Така, Германија плати 14 милијарди германски марки за повлекување на трупите, од кои 8 беа за изградба на домови за поранешните војници. Подршка добија и голем број на програми кои го олеснуваа вработувањето на демобилисаните војници со нивно курсирање и учење на нови менаџерски вештини.

На Афричкиот континент, владите и невладини организации користат различни инструменти за подршка на реинтеграцијата. Покрај демобилизациониот пакет-помош за војниците кои требаа да ја олеснат првата фаза на сместувањето на луѓето, давани се и совети а вршен е технички и менаџерски тренинг на луѓето. Покрај тоа вршено е и обезбедување на алати, давани се кредитни олеснувања и вршени се подобрувања на општествената инфраструктура и создавани се нови работни

места. Привремено вработување беше обезбедувано во програмите за обнова на инфраструктурата на земјите.

Во поголем број на земји кои ја имплементираат демобилизацијата и ги спроведуваат реинтеграционите програми, економските услови се такви да активностите не можат да бидат реализирани со финансирање од националните ресурси. Ваквите програми се од поширок интерес и за меѓународната заедница, така да привлекуваат и меѓународно внимание. Тоа влијае на мултилатерална, билатерална како и подршка од невладини организации на демобилизацијата. Меѓународната заедница или пак одредени агенции или пак одредени земји можат да одиграат критична улога во ваквите програми обезбедувајќи финансиска и техничка помош.

Успехот на демобилизационите програми во многу земји а некаде и исклучиво зависи од надворешната подршка на земјата. Имено, таквиот облик на подршка се реализира преку меѓународните агенции за развој како една можност за подршка на разоружувањето и развојот на националната економија и воопшто човечкиот развој.[150] Предизвикот за подршка и успешно реализирање на овие процеси стои пред меѓународната заедница и е критична за глобалниот процес на градење на мирот.

6.2.1.2. Хуманата страна на трансформацијата: Балансирање на понудата и побарувачката за работна сила

Промената на мисијата за вооружените сили, демократизација на процесите на одбрамбениот менаџмент, како и воспоставување на пазарната ориентација во економијата, влијаеше врз понудата и побарувачката на воен персонал. Веројатноста од војна од висок интензитет е релативно ниска, но од друга страна веројатноста од конфликти со низок интензитет е голема. Природата на таквите потенцијални конфликти варира од земја до земја. Кај

одредени земји, особено од Источна Европа, заканите по безбедноста се лоцирани во регионални конфликти и нарушување на територијалниот интегритет. Кај други земји основни закани по безбедноста се терористички акции, организираниот криминал, шверц со дрога итн. Во повеќето случаеви, националната безбедносна стратегија во согласност со новото безбедносно окружување ја потенцира потребата од создавање на лесни мобилни сили како дополна или замена на големите стоечки сили и да учествува во колективни мировни операции. За земји кои имаат изградена инфраструктура од периодот на Студената војна, тоа значи демобилизација на голем дел од вработените (воени и цивилни лица) од сите структури на одбраната.

Демократизацијата на власта го наметнува прашањето за избор помеѓу регрути или професионален состав на армијата. Во теоријата постојат голем број теории за тоа кој модел е подобар. Така, според едни, класичниот систем на одбрана кој се базира на регрутен состав влијае младината да се здобие со етика за служење на државата, пружа разноликост на вооружените сили и обезбедува голема мобилизациска база. Според другата група, воената обврска треба да биде слободен избор и војниците би требале да добиваат плата како и вработените во цивилните структури на државата.

Економска трансформација и изградба на силна национална економија овозможува мобилност на работната сила и ги присилува припадниците на армијата кои вршат регрутација да се натпреваруваат со цивилните претпријатија кои нудат вработувања или училиштата за високо квалитетни воени регрути. Така кај системите со професионални војници, појавата на слободниот конкурентски пазар на работна сила бара од воениот сектор да биде конкурентен со цивилниот сектор, во смисла на плати, услови за живот и работа или други бенефиции. Ова особено претставува проблем кај земји со силно развиена економија каде понудата на работни места во цивилниот

[150] Исто.

сектор е многу голема како и можностите кои тој сектор ги нуди. Кај тие земји воениот сектор вложува огромни напори да привлече млади и стручни луѓе за воена служба, преку политиката на плати и други бенефиции (станови, здравствена заштита, пензии и сл.).

Кај високо развиените земји како на пр. САД, Холандија, присутно е опаѓање на интересот за воена служба кај младите, а од друга страна се зголемуваат потребите на вооружените сили за квалификуван персонал. Поради тоа, таквите земји се фокусираат на регрутните активности, кои ги организираат на квалитетна маркетиншка основа, во согласност на принципите на пазарно работење, каде ги презентираат најдобрите аспекти на војничката служба: авантура, патувања, служење на повисоки каузи итн. Во Холандија регрутирањето се врши преку специјализирани "јоб схооп" каде се користат најсовремени марекетиншки методи за привлекување на младите во воена служба. Во САД се обрнува зголемено внимание за надминување на ефектите од чести промени на места на распоредување на воениот персонал преку нудење голем број бенефиции и сл.

Како резултат на таквите проблеми или намалување на буџетите за одбрана се оди на економизирање на воениот персонал и изградба на мали, мобилни сили кои можат брзу да се пренесуваат во области со проблеми. Некои земји се обидуваат да ја подобрат ефикасноста на своите вооружени сили преку редукција на силите и нивна консолидација. Така одредени земји, соседи, се одлучуваат да организираат заеднички единици (пример, тренинг центри), со што заштедуваат значителни средства. Заштеди во воениот сектор се прават и преку комерцијализација на одредени служби за поддршка на вооружените сили.

6.3. Глобално разоружување, консолидација на воената индустрија и конверзија

6.3.1. Намалување на побарувачката за оружје

Крајот на Студената војна го потикна разоружувањето како што беше случај и после "вистинските војни" водени во светот. Во дваесетиот век единствено после Првата и Втората светска војна редукциите на воените расходи беа поголеми од тие направени на крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години. Масивното разоружување генерираше огромни вишоци на средства во одбранбениот сектор и ја потенцираше неопходноста од конверзија и преструктуирање. Големи производствени капацитети наменети за производство на воена техника станаа вишок. Како приоритетен проблем се појави грижата за губењето на работните места во воениот сектор. Само во воената индустрија 8,3 милиони работни места беа изгубени во периодот помеѓу 1987 и 1996 година, што претставува 47% од вкупниот број на вработени во тој сектор (17,5 милиони).

Воената индустрија, насекаде во светот се соочи со намалената побарувачка за воени средства. "Сечењето" на воените расходи и намалените набавки и извоз на оружје, предизвика таква состојба, во која воената индустрија стана "жртва на мирот". На ваквата состојба се надоврзува и зголемената ефикасност во продукцијата на вооружување, која, исто така, од своја страна предизвика појава на вишок на капацитети. Оттука, со сета сериозност се наметна потребата од конверзија и алтернативна употреба на ресурсите на воената индустрија за цивилна продукција. Обидите за конверзија се соочија со големи пречки како што се глобална конкуренција, високи бариери за влез на пазари на висока технологија и слаби национални економии. Ситуацијата беше и сеуште е потешка во Источна Европа, каде се вршат промени во целата политичка и економска структура на општеството.

Сегашната состојба на овој сектор е детерминирана од голем број на фактори, како што се континуираните редукции (сепак, сега со помал интензитет), концентрација на Западните производители (со доминантна улога на Американските производители во новосоздадените индустриски конгломерати), виртуален колапс на многу производители од поранешниот Советски Сојуз, зголемена продуктивност во преостанатите компании, како и нивна повисока профитабилност.

Индустриската конверзија доби на значај кога разоружувањето стана реалност, особено во земјите од Источна Европа. Конверзијата беше и сеуште претставува доминантен концепт, со повремени успеси и падови. Почетните очекувања од процесот на индустриска конверзија беа многу високи, особено во социјалистичките земји. Имено, сите очекуваа дека таа ќе генерира побрз стопански развој, додека на Запад очекувањата беа дека истата ќе донесе голем број бенефиции во останатите сектори на општествената база и надградба. Делумно, како одговор на таквите очекувања и неуспехот истите да бидат реализирани во деведесетите години од дваесетиот век, се појавија сомневањата и поинакви перцепции за конверзијата.

Воената индустрија и производството на оружје, во последните години, беа под влијание на три основни фактори:

- промени во безбедносното окружување;
- технолошки промени (со акцент на воведување на висока технологија во производството на вооружување), и
- економски промени во глобални рамки, со комерцијализација и глобализација на производството во цивилниот сектор.

Таквите промени влијаеа на де факто промена на рамката на дејствување на воената индустрија, главно заради глобализацијата на производството и потребата од конверзија.

Неопходноста од консолидација и конверзија на воената индустрија се јавува под притисок на промените во безбедносното окружување, како и технолошките иновации кои влијаеа врз производствените капацитети на воениот сектор. Со крајот на Студената војна, голем дел од таквите капацитети исчезна. Земајќи ги во предвид бројот на вработени во воената индустрија, генералниот тренд на глобалните воени расходи, големината на набавките и меѓународната трговија со конвенционално вооружување, како основни елементи кои го детерминираат бизнисот на воената индустрија, јасно се воочува падот во продукцијата на вооружување. Глобалните воени расходи опаѓаат од преку 1000 милијарди долари во средината на осумдесетите на приближно 688 милијарди долари во 1996 година (по цените од 1993), односно редукцијата е за околу една третина. Потребата од консолидација или конверзија на воената индустрија се комплицира поради фактот што земјите од Азиско-Пацифичкиот регион инвестираа во домашната воена индустрија и ги зголемија постоечките капацитети. Состојбите дополнително се усложнуваат заради тоа што зголемената продуктивност во овој сектор, исто така, генерира потреба од редукција на капацитетите.

Новото безбедносно окружување силно влијае на натамошни адаптации на воената индустрија. Иако е многу тешко да се направи предвидување на идните трендови со високо ниво на прецизност, сепак, јасно е дека воената индустрија треба да изврши дополнителни прилагодувања. Меѓународниот пазар на оружје и домашните набавки на вооружување, нема да се опорават до нивото кое постоеше во време на Студената војна, освен во некои одделни случаеви. Наспроти тоа, перманентните ограничувања на јавните финансии и економските проблеми во многу земји сугерираат дополнителни редукции на производствените капацитети. Тоа значи обврска за воената индустрија да продолжи со обидите за диверзификација и конверзија на производството, како и обврска за националните влади да ги подржат таквите активности.

Технолошките промени вршат дополнителен притисок за преструктуирање, но во исто време нудат и нови можности за консолидација на воените компании. Во тој контекст се јавуваат два тренда во технолошка еволуција кои влијаат врз военото планирање и развој на вооружувањето.

Како прв е дуалната употреба, односно користење на технологијата за потребите на воениот и цивилниот сектор, односно концепти на тнр. "спин-офф" на воените технологии за комерцијална употреба и "спин-ин" или "спин-он" на комерцијално развиените технологии за воени цели. Таквите "спин-офф" аргументи имаат значајно влијание на конверзијата. Користење на воената технологија за комерцијално производство овозможува лесна транзиција на капацитетите за цивилно производство или им овозможува на компаниите да го диверзифицираат производството. Во пракса, воената индустрија не беше во можност масовно да направи тнр. "спин-офф" кон толку комерцијални технологии, колку застапниците на овој приод се надеваа. Воената технологија, еднаш сметана како лидер во технолошкиот развој, заостануваше зад цивилниот сектор во повеќе области.

Втор тренд е развој на нови и револуционерни технологии, кои водат кон зголемување на капитални вложувања во вооружените сили и редукција на живата сила. Технолошкиот развој има извонредно влијание врз развојот на нови оружја и висината на набавките. Така, во САД беа понудени голем број на нови технологии за нова генерација на оружје и воени операции. Развој и примена на напредни технологии, како на пример, лесни материјали, опрема за извидување, сензори, информативна технологија, прецизно наведување, "стелт" (невидлив) дизајн и материјал и сл., привлекуваат голем интерес кај армиите во светот. Тоа значи дека модерната технологија и нејзината интеграција во борбените системи, најчесто резултира со алтернативна (зголемена) побарувачка за нови борбени средства. Промената во побарувачката од традиционалните борбени системи кон електрониката и други модерни технологии, влијае позитивно на одредени сектори и компании

од воената индустрија. Од друга страна, ваквата состојба влијае на појава на два различни вида на вооружени сили, односно вооружени сили со висока технологија (пр. САД и НАТО земји) и вооружени сили опремени со поефтино, помалку современо вооружување. Нема сомнение дека ваква поделба од секогаш постоела, но сепак можеме да заклучиме дека огромната цена на новите оружја дополнително го потенцира таквиот тренд.

Можеме да констатираме дека дуалната употреба на технологијата претставува потенцијална корист за конверзијата и диверзификацијата на производството, ако се поврзе со комерцијализацијата и ако не се води единствено од интересите на одбраната. Потребно е дополнително "отворање" на воената индустрија која е релативно изолирана од развојот на комерцијалната технологија. Континуирана заштита на воената индустрија од конкуренција од странство може да даде и спротивни ефекти од очекуваните.

Нема сомнение дека е потребно економско отворање на националните економии, како услов за нивен хармоничен и динамичен стопански развој. Наспроти, би можеле да кажеме, консензусот кој владее по ова прашање за цивилниот дел на економијата, кај воената индустрија присутна е "национална" ориентација, односно строго контролирање на воената продукција во националните граници. Таквата состојба во воениот сектор беше подржувана од националните влади преку заштита на домашното производство и домашниот пазар. Меѓутоа, денес, национално ориентираните безбедносни политики се соочуваат со трендовите на глобализацијата, така што и воената индустрија се најде под истото влијание, што влијаеше на нејзино преструктуирање и конверзија. Воената индустрија се трансформираше во последните години, сепак без глобализацијата на нејзината база, како што беше случај кај останатите индустриски гранки.

Актуелните трендови сепак се контрадикторни. Трендот на интернационализација на воените индустрии е "попречен" од три главно неповрзани фактори, кои не се нови феномени, но во последните години го

интензивираат своето влијание. Станува збор за: прво, лиценцното производство и други кооперативни аранжмани; второ, мешовити претпријатија и трето, зголемени трошоци за технологија и интеграција со цивилните технологии. Податоците за трговијата, како еден типичен индикатор на интернационализацијата, не ја поддржуваат хипотезата за растечка интернационализација на глобалниот пазар на оружје. Трговијата со оружје генерално опаѓа или стагнира, додека во исто време трговијата со цивилни стоки и услуги расте. Меѓутоа, опаѓањето на извозот на оружје може да се разбере и како развивање на директни форми на соработка помеѓу повеќе држави во областа на продукција на вооружување или има промени кај трговијата, каде започнуваат да доминираат компонентите за сметка на готовите системи.

На долг рок, воената индустрија веројатно нема друг избор од следење на генералниот тренд на глобализацијата на голем број индустриски гранки. Притисоците за интернационализација на воената индустрија се видливи. Националните влади треба повторно да ги разгледаат своите политики во фаворизирање на "националните шампиони" во воената продукција и наместо тоа да ја поддржат комерцијализацијата и овозможат дополнителна интернационализација на воената индустрија, со одржување на стриктна контрола врз критичните технологии.

Во натамошната елаборација посебно ќе се осврнеме врз факторите кои влијаат врз (не)успехот на конверзијата. Имено, сите очекувања од индустриската конверзија беа таа да постигне поголем број на цели како што се зачувување на работните места, одржување на приходите и профитите на претпријатијата, олеснување на развојот на технологијата, промоција на разоружувањето, пренасочување на ресурсите кон цивилна употреба и сл. Случувањата во воената индустрија во последната декада водеа кон повторна проценка на тоа што може да се постигне преку конверзијата. Невозможно е сите цели да бидат реализирани во исто време, така што приходите,

профитите, бројот на вработени, мораа посебно да се потенцираат и да добијат на значај. Конверзијата, конечно, треба да овозможи поефикасна употреба на ограничените ресурси и поефикасен воен сектор.

Во операционализација на процесот на конверзија учествуваат различни актери, како менаџментот на компаниите, работнички совети, национални влади, регионални авторитети, меѓународни тела, секој со бројни опции за делување, кои би можеле да се рангираат од политика на "дигнати раце" до полно учество на државата во програмите за конверзија. Крајната одлука во повеќето случаеви останува на сопствениците на компаниите и менаџментот, кои требаа да се одлучат помеѓу повеќе можни стратегии:

- повлекување од пазарот со оружје (затворање и продажба на производните капацитети),
- ширење на компанијата и освојување на поголем дел од пазарот за оружје,
- зголемување на цивилното производство.

Која од можните стратегии менаџментот на компанијата ќе ја одбере зависи од специфичните услови во кои се наоѓа компанијата, нејзината позиција на пазарот и економската и политичката рамка во која таа функционира.

Националните влади продолжуваат да ја носат одговорноста за тоа што се случува во воената индустрија. Тие имаат интерес да ја обликуваат воената индустрија како важен дел на нивните безбедносни политики. Политиката на конверзија се поистоветува со поддршката на воената индустрија со цел нејзина консолидација и постигнување нејзина поголема конкурентност. Владите имаат на располагање различни инструменти за асистирање во процесот на консолидација, преструктуирање и конверзија на воената индустрија. Некои од искуствата со конверзијата, како тие по Втората светска војна, ги истакнуваат мерките на владите за влијание во областа на побарувачката.

Политиката на супституција на побарувачката за поддршка на конверзијата може да има различни облици: директна микроекономска поддршка (насочена кон персоналот) или индиректни микроекономски мерки (како програми за трансфер на технологија, институционални реформи, комерцијализација и приватизација, регионални програми и сл.). Директната поддршка продуцира брзи ефекти, но резултира со зафаќања од буџетот, додека во индиректните програми, поддршката на конверзијата повеќе или помалку е спореден ефект, постигнат во обидот за реализација на други цели.

Ниту еден приод кон конверзијата не се покажа како доминантен во периодот по Студената војна, односно ниту државните планови за интервенција во конверзијата развиени во социјалистичките земји, ниту Кејнзијанскиот тип на супституција на побарувачката и специфични инструменти за микроекономска поддршка. Како што истакнавме, владината поддршка може да има различни облици, од макроекономска супституција на побарувачката до индиректна микроеконмска поддршка. Меѓутоа, за да истата успее, политиката на конверзија мора да биде интегрален дел на генералната економска политика и да има соодветно значење.

Практичните искуства покажаа дека прашањата за преструктуирање и конверзија на воената индустрија не се само национална грижа или стриктно на индивидуалните компании, туку имаат големо регионално значење. Имено, воените индустрии имаат тенденција да бидат регионално концентрирани. Заради тоа неопходно е да се изврши диверзификација на регионалните економии за производство на различни стоки и услуги (воени и комерцијални), развивање на различни квалификации и оспособување на работната сила, што е исклучително значајно за успех во амортизација на шокот кој настанува при намалување на набавките за потребите на одбраната.

Различните услови на специфичните региони, развиеноста на институциите како и регионалната иницијатива и креативност се значајни

детерминанти за успех на конверзијата. Не е важна само природата на прилагодувањата туку и "тајмингот" (времето) кога истото се врши vis-à-vis останатите региони. Во одредени случаеви успех имаат само региони кои навреме или први започнале со таквиот процес.

Иако разликите помеѓу регионите не овозможуваат лесен трансфер на научените лекции од еден регион кон друг, сепак одредени искуства овозможуваат одредени генерализации. Така високата зависност на регионот од одбранбениот сектор, сама по себе, не значи транзициони проблеми. Економската состојба на регионот, неговата можност да ја задржи и ангажира квалификуваната работна сила и иницијативата на локалните авторитети се од исклучителна важност за успех на конверзијата. Од исклучително значење е флексибилноста на пазарот на работна сила и можноста за превземање на отпуштените работници од воената индустрија во останатите индустриски гранки. За значењето на "тајмингот" не постојат никакви сомневања, односно за потребата да се започне што е можно порано со прилагодувањата. На ова се надоврзува и комбинирањето на различни ресурси, односно ангажирање не само на локални иницијативи туки и средства и мерки на централната власт. Неопходно е локалните власти да имаат доволен авторитет и кредибилитет за реализација на планираните програми, меѓутоа, сепак надворешната поддршка најчесто е решавачка за успех на конверзијата во региони со економски потешкотии.

Потенцијалот на регионалните или локални иницијативи како инструмент за реакција на намалувањето на воените набавки, во дебатите по прашањето на конверзијата, генерално се потценува. Како одговор на намалувањата направени во воените активности, регионалните или локалните иницијативи имаат две потенцијални предности пред централната владина политика или индивидуалната стратегија на компанијата. Прво, во формулирање на одговорот, локалните актери имаат предност поради тоа што најдобро ја познаваат состојбата и условите во регионот и се најзагрижени за судбината на засегнатите работници. Второ, регионалниот

или локалниот приод вклучува голем број на засегнати актери, со што се стимулира голем број идеи, кои конечно можат да дадат решение за постоечките проблеми.

Секогаш при анализата на проблематиката на конверзија мора да се има во предвид целосниот контекст на конверзијата. Имено, конверзијата на воената индустрија не може да се спроведе успешно како изолиран концепт. Секторот за производство на вооружување обично е поврзан со целата економија, со многу актери на различни нивоа (локални, регионални, национални и интернационални), и сите влијаат и дури го одредуваат успехот или неуспехот на конверзијата. Општо земено мораат да се земат во предвид неколку фактори:

- Цивилно-воена комбинација. Компаниите кои веќе имале искуство на цивилниот пазар имаат помалку проблеми од оние кои единствено работат за потребите на одбраната. Компаниите со диверзифицирано производство полесно се пробиваат на цивилните пазари, преку развој на соодветни вештини на полето на маркетингот, комуникација со потрошувачите и внатрешната организација.
- Големината на компанијата. Помалите компании имаат голем број на предности во однос на поголемите, во обидите за влез на цивилните пазари. Нивните производи најчесто не се апсолутно наменети за одбраната, фирмите се пофлексибилни, но од друга страна тие почесто имаат поголеми финансиски проблеми.
- Индустриски сектор. Во одредени индустриски сектори, бариерите за влез во цивилното производство се помали отколку кај другите. Така на пример, индустријата за муниција е многу далеку од електронската индустрија и има ограничени можности за цивилна примена на нејзините производи или технологија.

- Генерално економско окружување. Многу е полесно да се почне нов цивилен бизнис во економија која е во експанзија одошто во рецесија и криза. Во транзиционите економии е отежнато реализирањето на процесоот на конверзија.
- Актери. Интересите на сопствениците, менаџментот, работниците, синдикатите и др. да го превземат ризикот е основен фактор. Конверзијата налага да се извршат промени кај сите актери на националната економска сцена.
- Административна регулатива. Претпријатијата кои се под стриктна владина контрола потешко се прилагодуваат на условите на цивилниот пазар од компаниите кои функционирале во услови на конкуренција. Исто така, сопственоста, приватна или државна, влијае на успехот на конверзијата на воено-индустриските капацитети.
- Менаџмент концепти. Компетентноста или некомпетентноста на менаџментот може да доведе до успех или пропаѓање на една компанија. Како можни стратегии можат да се истакнат концептот на диверзификација, со акцент на користење на расположливи технологии и знаења, стратегии за опстанок, на база на продажба или спојување со други компании, намалувања или концентрација на капацитетите и сл.
- Конкуренција. Глобализацијата во смисла на зголемена меѓународна трговија, слободно движење на капиталните трансакции преку границите и географски неограничената набавка на суровините, движење и ангажирање на персонал и сл., има значајно влијание врз конверзијата. Имено, во такви услови конкуренцијата е особено силна и многу е отежнато влегување на компаниите од воениот сектор на цивилните пазари.
- Финансирање. Конверзијата бара и време и пари, односно финансирањето на овој процес е од суштинско значење. Поради значењето на

финансирањето банките и финансиските пазари се значајни актери во процесот на конверзија.

Имено, не постои "рецепт" за конверзија. Таа зависи од многу фактори и услови кои мораат да бидат земени во предвид за имплементација на преструктуирањето на индустријата. Лоша перцепција или проценка на еден или повеќе фактори можат да придонесат за неуспех на конверзијата.

6.3.2. Реформи во воената индустрија

Промените во безбедносното, политичкото и економско окружување на земјите, влијаеа на појава на голем број на промени во одбранбениот сектор, а особено го потенцираа прашањето за големината и целите на постоечките капацитети на воената индустрија, како и за потребата од нивно формирање во новонастанатите држави.

Секоја од земјите од Источна Европа која има развиено воена индустрија за времето на Студената војна, се соочува со неусогласеност помеѓу капацитетите на претпријатијата и потребите на вооружените сили или за извоз на вооружување. Магнитудите и композицијата на овие неусогласувања вариираат помеѓу земјите. Така на пример, Албанија има преголеми капацитети за производство на пешадиско вооружување. Украина има предимензионирани капацитети за производство на бродови и авиони. Полска и Словачка имаат вишок капацитети за производство на тенкови итн.

Ваквата состојба претставува предизвик за националните влади да ја дефинираат идната стратегија на воениот индустриски сектор во економијата. Како основни карактеристики на состојбите во ова индустрија би можеле да ги истакнеме намалувањето на државните нарачки, недефинираност на сопственоста, во смисла на детерминирање на оптимален баланс помеѓу приватната и државната сопственост во овој сектор, разлики

помеѓу желбите за национална независност и потребите од меѓународна соработка, како и нарушување на набавната мрежа, настаната како резултат од крајот на Студената војна. На ова се надоврзуваат и други пречки како големи долгови на претпријатијата од ова област, социјални проблеми кои ја наметнуваат потребата да се одржуваат непрофитабилни капацитети на воената индустрија преку непотребни нарачки, отпишување на долговите и др.

Всушност, можеме да лоцираме два основни проблеми со кои се соочуваат националните влади: конверзијата на воената индустрија и процес на приватизација. Политичката акција е неопходна да се разреши неефикасното и скапо дотирање на воениот сектор од државните фондови или буџетот. Овие средства го одложуваат "болното" решавање на проблемите во оваа област и продуктивно насочување на средствата во економијата, во изградба на национална инфраструктура, создавање на база за извоз на стоки и услуги и сл. Многу земји всушност се парализирани од краткорочните неповолни социјални ефекти кои произлегуваат од радикалната трансформација на индустријата која некогаш била националната гордост. Со тоа се блокираат економски рационални одлуки, кои би овозможиле подобар развој и достигнување сакано ниво на конкурентност на домашната индустрија на светскиот пазар.

Изборот на опциите за преструктуирање на воената индустрија со цел да се одговори на економските и безбедносни критериуми е едноставен, но нивната имплементација во пракса не е. Изборот се сведува на следните можности: прво, да се напушти секторот; второ, да се направи диверзификација; трето, да се изврши концентрација и четврто, да се најде пазар за продажба на вооружување. Првата опција, напуштање на секторот значи или да се оди кон затворање на фирмата (преку стечај, продажба на средства и сл.) или комплетна конверзија во друго производство. Диверзификација значи воведување на нови производни линии или

конверзија на постоечкото производство кон нови производи. Концентрација или консолидација значи прилагодување кон состојбите на пазарот со намалување на капацитетите, додека четвртата опција води кон тоа фирмата да стане специјализиран произведувач или кооперант на фирми кои имаат водечко место на светскиот пазар на воена техника.

Заеднички предизвик за сите опции за ново производство или сопственост е изборот да се затворат непотребните производствени капацитети или да се направи конверзија за алтернативна употреба. Меѓутоа, едноставно да се затворат непродуктивните капацитети е многу тешко, но политички изводливо, во силни национални економии, каде отпуштените работници можат самостојно да најдат алтернативно вработување, а земјата и производствените објекти да се продадат или пренаменат. Ова се гледа на примерот на фирмите од воената индустија на Германија, каде истите покрај военото производство работеа и за потребите на цивилниот пазар. Копродукцијата на цивилни стоки беше од големо значење и не постоеше потреба од интервенција на владата за помош на таа индустрија. Индустријата развиваше сопствена независна стратегија во согласност со условите на пазарот и сопствените производствени можности.

Од друга страна, едноставно затворање на одбранбено-индустриски капацитети не е политички поволна опција за земји чија економија била високо милитаризирана (пример, Украина каде воено-индустрискиот сектор учествува со над 30% во економијата). Во одредени градови, претпријатијата од областа на одбраната се единствени капацитети или главен создавач на доход, од кој се финансираат и останатите сфери на општествените услуги (здравство, образование, социјални услуги и сл.), без алтернативни можности за вработување и конкурентна побарувачка за земјата или објектите на тој сектор за друга употреба. Во таков случај решението е во диверзификацијата на производството, еволуцијата (step-by-step конверзија и приватизација) или

супституција, односно државата ги покрива трошоците за воведување на нови производствени линии или нарачува стоки за цивилна употреба.

Нема сомнение дека конверзијата на индустријата кон алтернативно комерцијално производство е многу подобра опција од затворањето на капацитетите. Врз основа на ова определба можат да се преземат неколку правци на делување. Прва опција е имплементација на приватизацијата и отворање кон странските пазари, со што воената индустрија би ги перцепирала потребите во таа област било на домашниот или меѓународниот пазар и би можела да ги ефектуира компаративните предности (ниско платена квалификувана работна сила) или да најде стратешки инвеститори, кои би ги насочиле таквите транзициони претпријатија кон веќе освоените производни програми и пазари. Втора препорака би била да се направи еластична споредба меѓу можностите на компаниите и барањата на пазарот. При ова мора да се земат во предвид можностите кои ги дава глобализацијата на индустријата преку промоција на заеднички вложувања, продажба на делови од компаниите и насочување на истражувачката и развојната компонента кон технолошки развој и специјализација во производството на само одредени делови. Со тоа се избегнува борбата на веќе поделениот пазар на готови производи, на кој сепак доминира комерцијалниот сектор. На тој начин претпријатијата од одбранбениот сектор можат да користат напредни технологии на цивилниот сектор. Една анализа на искуствата на земјите од поранешниот "социјалистички" блок, покажува разлики во третманот на воената индустрија. Кај повеќето земји приватизацијата на овој сектор е ограничена на 49% (51% останува сеуште во рацете на државата). Од друга страна дел од земјите како Полска, Чешка имаат сосема поинаков пристап и применуваат техника на тнр. "длабока вода", односно претпријатијата од воениот сектор се препуштени на пазарот да "пливаат" или да се "удават".

Полскиот пристап кон процесот на конверзија на воената индустрија покажува дека Полската влада применува пазарна стратегија на

преструктуирање. Таквата стратегија го нагласува "активното учење" на претпријатијата од овој сектор за пазарот, преку проби и грешки. Улогата на владата се операционализира преку спроведување на одреден низ на мерки, кои имаат за цел да ја овозможат трансформацијата. Владата има задача: прво, да ја дефинира законската рамка за организирање и работа на приватните претпријатија; второ, во доменот на социјалната политика да пружи минимални, временски ограничени помошти за невработените; трето, да прифати странска помош за реализација на различните опции на преструктуирање на индустријата, но не смее да ги попречува пазарните сили кои одредуваат што треба да се произведува; четврто, да ги намали/ отпише долговите на воениот сектор кај државата; петто, да организира слободни економски зони за странски инвестиции; шесто, да ја отвори економијата кон надворешната конкуренција и седмо, да ги "фрли компаниите во длабока вода", односно да ги присили компаниите да се борат со домашната и странска конкуренција самостојно.

Резултат на ваквите мерки претставува: прво, комплетен трансфер на сите компании кои биле водени од државата или биле во државна сопственост во акционерски друштва кои се под приватна контрола; второ, намалување на опаѓањето на извозот на воената индустрија (од 49% на 6% во вкупниот извоз); трето, доброволен егзодус на многу работници од одбранбената индустрија кон подобро платените работни места во другите сектори на економијата; четврто, значајна редукција на бројот на претпријатија од воената индустрија, како и учеството на овој сектор во вкупното индустриско производство.

Чешка како и Полска се одлучи за напуштање на системот на централистичко планирање и раководење на економијата и воведување на пазарна економија. Паралелно со тоа одеше и процес на брза приватизација на воената индустрија. Чешките искуства покажуваат дека најголеми проблеми во тој процес претставувало создавање предуслови за

приватизација. Се работи за голема "борба" за донесување на голем број системски закони за регулирање на економијата, изградба на сосема нов судски систем и создавање на централна банка. На ова се надоврзува проблемот на развивање на комплетно нов, на пазарни принципи изграден банкарски систем. Деловните банки се соочуваат со големи долгови од претпријатијата создадени во периодот на централистичко раководење. Решавањето на долговите претставува огромен проблем кој мора да го амортизира и државата. Друг проблем беше неискуството на менаџерските тимови на претпријатијата да се прифатат принципите на пазарното работење, така што истите правеа многу грешки и губеа значајни можности. Делумно овој проблем е резултат на образовниот систем кој не одговараше на креативното мислење неопходно за функционирање на "западниот" тип на бизнис. После создавањето на предусловите за приватизација, воената индустрија беше целосно приватизирана, освен неколку работилнички капацитети за одржување на средствата. Повеќето од претпријатијата од воениот сектор воведоа дуално производство, односно паралелно со военото развија производство на комерцијални стоки. Развојните и истражувачките активности, кои претставуваа два проценти од воените расходи беа фокусирани на проекти важни за Чешката Република, кои даваа можности за остварување на компаративни предности на глобалниот пазар, како што се нуклеарно, хемиска и биолошка детекција и заштита, медицинска поддршка, пасивни радио локаторски системи и сл.

Во Источна Германија е забележена висока стапка на "смртност" кај воената индустрија, односно само три проценти од вработените и околу десет проценти од претпријатијата, првенствено во оптиката, продолжија со работа после унификацијата на Германија. Меѓутоа, големината и силата на Германската економија, како и националната определба да се прифатат отпуштените работници, резултираа со успех на тој план.

Меѓутоа, во процесот на реформа на воената индустрија се забележани и одредени неуспеси. Неуспесите би можеле да ги систематизираме во три главни групи. Како прво, генерално земено изгубено е многу време пред да се почне со приватизација и конверзија на овој сектор; второ, државните раководства се одлучувале да ги финансираат застарените индустрии повеќе одколку директно да ги плаќаат социјалните трошоци на преструктурирањето; трето, правени се обиди за пенетрација на странски пазари со стари производи и производствени програми, а не со искористувањеи развивање на компаративните предности.

Во Чешка и покрај прогресот во создавањето на инфраструктурата за комерцијализација на воената индустрија, овој сектор останал предимензиониран, неосовремен и неефикасен. Нарачките, а со тоа и приходот на овој сектор опаѓаат, што резултира со тоа дел од работниците и менаџерите да го напуштаат овој сектор во потрага за подобро платена работа. Менаџерската структура на овие претпријатија продолжува да работи по "стар терк", без осет за ризик и без финансиски и маркетиншки искуства. Повеќето од фирмите се на работ од стечај, а тие што работат се многу зависни од државните нарачки. Проблемите кои се посочени делумно произлегуваат од грешките на државата во имплементацијата на стратегијата на дефицитно финансирање. Поголем дел од фирмите од воениот сектор се презадолжени, а со тоа и неатрактивни за странските инвеститори. Од друга страна и повеќе од една третина од капацитетите и средствата се едноставно напуштени. Паричните помошти од страна на државата на овој сектор го пролонгираат постоењето на многу предимензионирани и застарени капацитети.

Ваквата состојба може да се надмине само преку:

- зголемување на ефикасноста во работењето преку подобар менаџмент и технолошки промени;

- промовирање на организациска интеграција и консолидација на капацитетите;
- продолжување на процесот на приватизација на капацитетите и
- насочување на военото истражување и развојот во најпропулзивни области за развој на компаративните предности за воени и цивилни производи.

Анализата на искуствата на Албанија покажуваат дека таа земја тргнала во реализација на програмата за трансформација на својата воена индустрија како резултат на намалување на воениот буџет. За таа цел биле планирани приватизација и комерцијализација на воената индустрија, конверзија на производството кон производство на алтернативни производи, или производство на муниција и воена техника во согласност со НАТО стандардите, со обврска да се задржи истиот број на вработени. Десет години потоа, многу малку е направено за остварување на тие цели. Повеќето од капацитетите се распродадени или се затворени. Квалитетот и цените на производите за извоз не беше конкурентен на светскиот пазар, а многу работници останаа без работа. Причините за таквата состојба, според Албанските експерти, се лоцираат во: прво, несоодветната примена на Полскиот стил, односно, политиката на "шок терапија" кон индустриите кои требале да бидат подржани; второ, неуспехот на владата да инвестира во иновации во секторот; трето, недостаток на иницијатива за промовирање на извозот и четврто, недостаток на странска помош за реализација на реформите. Од друга страна како предлози за надминување на состојбите ги истакнуваат: подобро поврзување помеѓу цивилнуиот и воениот дел на економијата; постојано продолжување на процесот на приватизација; стимулирање на цивилната побарувачка на која можат да одговорат и фирмите од воениот сектор; подобро организирање и финансирање на воената индустрија; освојување на нови пазари во странство, особено кај земјите членки на "Партнерството за мир".

Анализата на состојбата во Русија, покажува дека сегашниот "излез" (аутпут) на воената индустрија изнесува само пет проценти од нивото од 1990 година. Финансирањето на истражувањата и развојот се намалени за четиринаесет пати, платите на работниците во овој сектор се на ниво од 60% од претходниот период. Овие проблеми се должат на следните фактори: прво, производството беше дисперзирано низ целата Русија, што предизвика потешкотии за негова консолидација и воспоставување на мрежа на снабдување; второ, извори на суровини, добавувачи и производство на одделни компоненти како и пристапот на одредени пазари беа изгубени со нестанувањето на Советскиот Сојуз; трето, вишокот на капацитети не можеше да се претвори во слободен капитал; четврто, социјалниот аспект на воената индустрија, односно истата се јавува некаде како единствена шанса за вработување и финансирање на образованието, здравството и сл., како и немобилната работна сила, го прават ликвидирањето на таквите капацитети многу тешко; петто, недостаток од капитални вложувања во тој сектор. Руските експерти предлагаат неколку мерки како решение за проблемот: прво, основање на големи претпријатија кои би ја воделе конверзијата, кои би биле регулирани и подржани од владата; второ, даночни ослободувања и кредити со поволни услови за претпријатија кои започнале со конверзијата; трето, охрабрување на цивилните компании да соработуваат со воените фирми; четврто, редукција на бројот на воените претпријатија преку консолидација; петто, интеграција на одредени агенции и бироа со производни капацитети, кои најчесто работеле одделно; шесто, продажба на делови од компаниите на пазар; седмо, модернизција на одредени производства на современи воени системи, воведување на иновации и подобрување на научната и техничката база на индустријата; осмо, промовирање на соработката со други земји од ЗНД, преку формирање на транснационални корпорации за истражување и развој.

Од друга страна, елаборацијата на проблемот на трансформацијата на воената индустрија не би била комплетна ако не биде земена во предвид

анализа на состојбата кај земјите каде не постои воен индустриски сектор. Како логично се наметнува прашањето, да ли во тие земји треба да се гради нова воена индустрија? Светските искуства и теоретски сознанија од ова област сугерираат да ако земјите немаат воена индустрија, истата да не ја развиваат. Многу е поефтино да се купат некои готови резултати одошто да се вложува во истражувања и производство. Можни се само одредени видови на учества и кооперации во производство на воената техника помеѓу таквите земји и земји со развиена воена индустрија, производство на дел од средства од доменот на логистичкото обезбедување (храна, униформи и сл.) или мало пешадиско вооружување. Постои консензус во научната литература по ова прашање, односно дека "офанзивните оружја се само за големите момци", додека малите земји треба да се насочат кон одбранбениот хардвер и неговото евентуално производство.

Земјите кои се одлучуваат да развиваат нова воена индустрија, би можеле да го користат моделот на Германија, кој се операционализира преку четири фази:

- изградба и одржување на одреден број на компании кои ги снабдуваат вооружените сили,
- промоција на кооперацијата со странство, како средство за добивање на нова технологија,
- промоција на регионалниот развој во самата земја, и
- одржување на минимално ниво на вработување во главните стручни области.

Како резултат на ова Германија започна со лиценцно производство на опрема, (пример F-104 Starfighter), а подоцна Германските фирми станаа

партнери со странските фирми и повеќето од нивните проекти се реализираат во соработка со истите.[151]

Следно прашање кое се наметнува со својата важност е можноста за користење на воената индустрија како потенцијал за економски развој. Воената индустрија претставува стратегиски сектор кој ги води и развива сите останати клучни сектори на индустријата во националната економија. Освен улогата на "локомотива" на домашната индустрија, воената индустрија може да остварува и значајни приходи од извоз, односно од продажбите на воените средства во странство. Ваквите констатации се особено присутни во марксистичката теорија, која го опишува воено-индустрискиот комплекс на капиталистичките земји, како водечки во една национална економија, како на пример во економијата на САД. Така, бројот на компаните во САД кои директно или индиректно соработуваат со воениот сектор е огромен (над 52.000) и претставуваат дел од воено индустрискиот сектор. Од друга страна и во поранешните социјалистички земји, воената индустрија служеше како "замаец" на стопанскиот развој, односно истата овозможуваше развивање на стратегиски сектори на националната економија (електроника, машинска индустрија, информативна и вселенска технологија). Преку таргетирање на военото истражување, развој и инвестирање во индустрискиот сектор, истиот стануваше конкурентен на домашниот и странскиот пазар, односно воената индустрија претставуваше основа на прогресот и целокупниот економски раст.

Извозот на вооружување нуди повеќекратни користи, како подобрување на националниот трговски биланс, намалување на цената на единица производ како резултат на економијата на масовното производство, отворање на работа за воената индустрија, освојување на пазари за други стоки, добивање на можност за политичко влијание врз трговските партнери

[151] Sandler&Hartley, *The Economics of Defense*, стр. 293

и слично. Наспроти користите се и неколку недостатоци од извозот на вооружување како опортунитетни трошоци на работната сила и капиталот користен за производство на вооружувањето за извоз, користење на дотации на државата за поддршка на производството, како и политичката цена од извозот на воената техника вклучувајќи го учеството во регионални трки во вооружување и проблеми асоцирани од употребата на увезеното вооружување во евентуални конфликти. Секако дека користа од извозот е многу поголема, но сепак таквите привилегии се ексклузивно право на "големите сили" и индустриски високо развиените земји.

Производството на вооружување сега е глобален феномен и главните производители се консолидираат, здружуваат и специјализираат не меѓународно ниво, со основен мотив зголемување на профитабилноста. Со тоа се елиминира политичката димензија која често се пренагласува при анализата на состојбите во воената индустрија. Генерално земено, големите производители одбираат претпријатија со кои соработуваат, кои изработуваат одредени делови или склопови, користејќи ги своите компаративни предности. На овој начин се развива производството и се врши трансфер на технологијата. Тоа значи дека помалите земји се обидуваат да влезат на пазарот како кооперанти, произведувачи на компоненти или како дел од поголеми здружени компании.

6.4. Светски искуства со конверзијата

6.4.1.Конверзија во Русија и земјите од Централна и Источна Европа

Политиката на конверзија на одбранбениот сектор во Русија се соочува со општите проблеми на економска трансформација. Како

карактеристика на Руската одбранбена транзициона политика можеме да ги истакнеме нереалистичните планови и ад хок мерки на економската политика. Се до средината на 1997 година, државата повеќе се обидуваше да одржува status quo отколку да ја менува политичката рамка во рамките во која функционираше военото производство. До тогаш, како главна, беше политиката на заштита на постоечката структура на "одбранбениот комплекс". Звучи парадоксално, но сепак таквата политика, која ја обележи конверзијата во период од 1992-1997 година, се покажа како деструктивна за интересите на воениот сектор и неговата конверзија.[152] Имено, таквата политика не успеа да им помогне на претпријатијата да изнајдат алтернативно производство и ангажман за слободните капацитети од воениот сектор и да ја зголемат продажбата на цивилните пазари.

Кога се анализира политиката на конверзија во Русија, потребно е да се истакнат три федерални програми: првиот, во доцните осумдесети години од дваесетиот век, сеуште во рамките на Советската планска економија и другите две во нова Русија. Сите три не успееја да ги реализираат своите цели заради различни причини. Првиот програм беше неуспешен заради падот на целокупната Советска економија. На вториот програм, кој се операционализираше во 1993 и 1994 година, целта му беше да го максимизира бројот на проекти и бројот на учесниците. Главен инструмент за имплементација на конверзијата беа федералните финансиски трансфери, односно распределба на "грантови" на претпријатијата од воениот сектор, со цел да се извршат планираните преструктурирања на индустриските капацитети. Програмата не успеа заради недостаток на средства во фондовите наменети за таа цел. За време на третата програма за конверзија од 1995-1997 година, идентификацијата на приоритетните сектори беше многу поселективна, каде авионската индустрија имаше апсолутен приоритет. Заради финансиски ограничувања сите планирани цели не беа реализирани.

---

[152] Bonn International Center for Conversion, публикации

Конверзијата и преструктуирањето на воената индустрија во Русија беа хаотични и контрадикторни. Како и да е, не постојат докази дека под такви околности во земјата, каде се реализираат широки реформи, воениот комплекс ќе успее да постигнува подобри резултати. Меѓутоа, Рускиот пример јасно демонстрира висока релевантност на конверзијата и преструктуирањето на воената индустрија.

Руската воена индустрија се соочува со драстичен "вишок" на капацитети за производство на оружје. Руските воени набавки претставуваат сега само дел од обемот на поранешните набавки. Дури и во услови кога извозот на оружје расте, сепак останува истата констатацијата за неискористеност на капацитетите. Државата сепак не "дигна раце" од овој сектор и одредени акции се превземени во склоп на позначајните политички реформи во 1997 година. Како една од превземените мерки беше елиминацијата на Министерството за воена индустрија. Примарна цел на новата политика претставува смалување на индустријата и создавање на помал воено-индустриски комплекс, кој би се состоел од поголеми, диверзифицирани компании, кои би работеле во повеќе сектори и би биле способни да конкурираат на домашниот и што е уште поважно, меѓународниот пазар на оружје. Како последица на таквата политика, многу претпријатија мораат да го остваруваат приходот самостојно, без државна поддршка. Планирано е да се изврши концентрација на воените набавки и да се направат договори со 300 претпријатија, кои би требале да остваруваат 50% од своите приходи на цивилните пазари. Бројот на работни места во воената индустрија треба да се редуцира од 2,7 милиони на 900.000. Иако таквите радикалните чекори направени на полето на конверзија и преструктуирање имаат повеќе реализам одколку поранешните обиди, сепак останува времето да покаже да ли сегашниот програм ќе биде успешен.

Спротивно на поранешните верувања, компаниите од воената индустрија во Русија немаа иницијални предности над останатите

претпријатија во конверзијата на капацитетите. Согласно на тешките економски услови, конверзијата се операционализираше само во одредени делови на компаниите и тоа со скромен успех. Треба да се истакне дека скромниот успех се должи на неуспехот да се обезбеди вработување за луѓето кои повеќе не беа потребни во воената индустрија.

Најважен фактор за опстанок на компаниите треба да биде изборот на стратегијата за диверзификација и решеноста истата да се спроведе во целост. Сите претпријатија од овој сектор превземаа одредени внатрешни реорганизации, но се покажа како тешко, движењето кон стратегиските внатрешни преструктуирања, врз база на принципите на пазарна економија. Конверзијата беше единствено успешна во такви случаеви каде менаџерите на компаниите беа подготвени и имаа успех во изградба на капацитети за цивилен бизнис, планирање и маркетинг. Може да се каже дека претпријатијата во Русија, како и во другите земји, треба да научат како да станат успешни комерцијални компании.

Руската влада треба да имплементира адекватна политика за воената индустрија, со цел да се регулираат односите помеѓу државата и индустријата согласно принципите на пазарна економија. Воената индустрија сеуште не е доволно намалена, согласно обемот на побарувачката. Превземените мерки за конверзија предизвикуваат отпор во воената индустрија и резултираат со социјални и економски проблеми. Иницијативите за модернизација на капацитетите и зголемување на менаџерската ефикасност мораат да се интензифицираат како предуслов за успех на конверзијата.

Како Русија, така и останатите земји од Централна и Источна Европа се најдоа под влијание на кризата и транзицијата на националните економии, во исто време, кога се обидуваа да реализираат програми на конверзија и преструктуирање на воено-индустрискиот комплекс. Иницијалните очекувања од конверзијата и тука беа многу високи. На воената индустрија се гледаше како на средство, со висока технологија, која може да ги раздвижи

останатите цивилни сектори на индустријата. Во реалноста, воената индустрија претставуваше товар за стопанството. Поради малите буџети, поддршката на конверзијата е мала и најчесто е во функција на пополна на финансиските "дупки", а не за поддршка кон експанзија и влез на воената индустрија на комерцијалните цивилни пазари. Приватизацијата претставува битен елемент на политиката на конверзија, но сепак, степенот на државната контрола врз воената индустрија, останува голем.

Без поддршка, конверзијата и преструктуирањето на воената индустрија во Централна и Источна Европа, остануваат ограничени. Поголем број на земји од тој регион кокурираат или станаа дел од НАТО, заради што се појавуваат западни компании, кои се заинтересирани за купување на капацитети од воената индустрија, како и за промоција на своите производи. Сепак, сеуште нивото на странски инвестиции во овој сектор останува ниско.

Како значаен фактор кој влијае на конверзијата во Источна Европа е ограниченоста на влијанието на локалните и регионални заедници vis-à-vis централните власти. Додека нивната улога во регионалниот економски развој расте, сеуште се потценуваат нивните можности на полето на конверзијата, како и улогата на невладини, граѓански здруженија и синдикати, кои се обидуваат да ги заштитуваат интересите на вработените во тој сектор.

Резултатите на конверзијата во Централна и Источна Европа можат да се оценат како различни. Капацитетите на воената индустрија сеуште се далеку над потребите на вооружените сили. Согласно економските и финансиски ограничувања, карактеристични за тој регион, нереалистично е да се очекува усогласување на воено-индустриските капацитети во иднина. Ова констатација важи и за земјите кои станаа дел од НАТО.

6.4.2. Конверзија во САД

Целокупното искуство на САД за намалување на воената индустрија покажува дека иницијативите на приватниот и јавниот сектор имаа силно влијание на движењето на луѓето, технологиите и капиталот кон не-воени активности. На страна на приватниот сектор ресурсите на компаниите и менаџментот се користени за олеснување на преструктуирањето и парцијална конверзија, додека обидите за зголемување на учеството на домашниот и меѓународниот пазар на оружје делуваа во спротивен правец. На страната на јавниот сектор, доминираа иницијативите за дуална употреба, реформи во набавките со цел да се обезбеди цивилно-воена интеграција и програми за прилагодување на фирмите, работниците и заедниците.

Клинтоновиот план за економска конверзија опфаќа поголем број на мерки. Разгледувани заедно, тие претставуваат најскапа програма за конверзија во ерата по Студената војна, во износ од приближно 20 милијарди долари. Иако апсолутниот износ е голем, сепак станува збор за мало издвојување ако се спореди со големината и експанзијата на САД економијата или со буџетот за одбрана. За разлика од претходните планови, фокусот на иницијативата е ставен врз промоцијата на дуалната употреба на технологиите, микро-мерки за помош на работниците и заедниците кои најмногу се погодени од преструктуирањата.

Поради критиките од Конгресот, како резултат на Републиканското мнозинство во 1994 година, се намали финансирањето на програмите за дуална употреба и средствата се насочија кон пропулзивните и еластични комерцијални технологии. Некои од директните програми кои беа наменети за помош на работниците и компаниите и нивно прилагодување, работеа добро. Меѓутоа, сепак работниците од воената индустрија не "поминаа" добро во овој процес, заради тоа што повеќето иницијативи на владата беа насочени кон компаниите, а не кон работниците. Исто така, може да се

констатира одредена разлика и по региони (сојузни држави). Региони кои имаа претходни искуства со структурни дислокации како Њу Јорк и Масачусетс[153], каде многу поефективно се подржувани напорите за конверзија отколку во други региони, како на пример, Калифорнија. Основна при регионалното планирање и имплементацијата на програмите за прилагодување, треба да биде иницијативата за создавање на работни места за отпуштените работници.

Како резултат на заложбите за редукции на буџетскиот дефицит на САД, не дојде до отворање на нови пазари, каде би можеле компаниите од воениот сектор да ги насочат своите активности. Тоа единствено се случи во областите на менаџментот на сообраќајот, технологии за зачувување на околината и сл., кон кои големите компании веднаш го насочија своето производство. Промените настанати во 1994 година влијаеа негативно на ваквите обиди за диверзификација, отфрлајќи ги програмите за конверзија и зголемувајќи го намалувањето на воените расходи.

Практичните искуства и показатели сугерираат дека многу од диверзифицираните компании работеле добро во првата половина од деведесетите, вклучувајќи ги и таквите кои подоцна беа дел од поголеми спојувања. Конверзијата влијаеше на појава на поголем број на нови мали претпријатија, кои ги користеа менаџерските тимови, квалификуваната работна сила, технологија и "празното место" на пазарот оставено од големите воени компании. Дел од таквите фирми користеа фондови наменети за таа цел, како и техничка помош добиена од јавниот сектор. Приватните компании кои беа силно решени да извршат итна диверзификација, брзо напредуваа и ги реинвестираа своите профити во потрага по нови пазари за постоечката технологија и развој на нови производи. Таквите фирми сеуште се соочуваат со значителни предизвици во областа на планирањето, организацијата и финансиите. Често, тие требаа да ја реорганизираат нивната

[153] New York и Massachusetts.

менаџерска структура, да развијат нов маркетинг карактеристичен за цивилните компании. Одреден број, особено помали фирми мораше да се потпре на државата и на неконвенционални извори на финансирање, за да го поминат патот на прилагодување.

Голем број на големи компании избраа да не одат по тој пат, туку ја концентрираа својата енергија на намалување на капацитетите без конверзија, на зголемување на извозот на оружјето и спојување со други големи компании од воено-индустрискиот комплекс. Таквите големи акции кулминираа во 1996 и 1997 година со неколку "мега-спојувања". Значајна либерализација на извозот на оружје и поголеми државни повластици за таквиот извоз ја "охрабруваше" ваквата стратегија на компаниите, така што Пентагон недвосмислено ги одобруваше и финансиски ги подржуваше ваквите интеграции.

Како резултат на ваквите противречни активности присутни се различни искуства на полето на конверзијата на воената индустрија. Повеќето од компаниите беа во можност да ги компензираат загубите во приходите остварени со намалување на продажбите за вооружените сили, со значаен пораст на цивилните приходи. Таквите компании кои ја избраа диверзификацијата како основна стратегија, работеа подобро, намалувајќи ја зависноста од воените набавки и минимизирајќи ја загубата на работни места, одошто компаниите кои одеа на интеграција. Се работи за фирми кои го инвестираа поголемиот дел од своите профити за истражување и развој, направија поголеми капитални вложувања, остварија високи стапки на враќање на средствата и сл. Од друга страна, создадените џиновски компании во областа на воената индустрија остваруваа високи профити, што може да ги засени постигнатите резултати. Крупните компании вршат притисок за зголемување на извозот на оружје, изградба на нови борбени системи и повисоки цени на оружјето. Таквите интеграции и процес на консолидација претставуваат неизбежен резултат на делувањето на пазарната логика. Три

елементи предоминантно го одредуваа преструктуирањето на воената индустрија на САД во деведесетите година од дваесетиот век. Тоа беа:

- промените во големината и композицијата на буџетот за одбрана,
- државната политика кон воено-индустриската база, и
- одлуките на менаџментите, кои беа под силно влијание на сигналите од финансиските пазари.

Можеме да заклучиме дека и покрај одредени успеси кои првата администрација на Клинтон ги имаше на полето на конверзија, а која се потпираше на дуалната употреба на технологијата, таквите иницијативи беа лесно ставени настрана, а нивната смисла сменета. Успешните искуства треба да се користат секаде каде тоа е можно, како помош на процесите на преструктуирање. Од друга страна, преструктуирањето, диверзификација на производите и конверзијата имаат ограничени шанси во услови на "мега интеграции", каде се изврши дополнителна специјализација за воени истражувања, маркетинг, производство и каде сите финансиски капацитети се насочени единствено кон освојување на нови пазари за продажба на високо софистицирани и скапи оружја.

6.4.3.Кинески искуства во конверзијата

Кинеската политика на конверзија се фокусира истовремено на преструктуирање и модернизација на воената индустрија. Целта на конверзијата во Кина е создавање на поефикасна воено-индустриска база и "ослободување" од непотребниот баласт предизвикан од вишокот и застареноста на капацитетите. Кинеската политика на конверзија треба да се разбере како стратегија за употреба на конверзијата за брза модернизација на воената индустрија и како стратегија за развој на националната економија.

Конверзијата претставува дел од владината стратегија да се прилагоди воениот сектор на севкупните економски реформи. Само 10-20% од сите индустрии во рамките на Кинескиот воено-индустриски комплекс беа ослободени од трансформацијата и диверзификацијата кон цивилно производство.

Амбициозноста на Кинеската политика на конверзија оди уште подалеку, односно конверзијата релизирана во мир мора да овозможува реконверзија кога државата е загрозена. Треба да се истакне дека претпријатијата кои остварile целосна конверзија и произведуваат само цивилни стоки, го задржуваат статусот на воени претпријатија. Цел на политиката на конверзија беше да се избегне невработеноста во процесот на преструктуирање на одбраната. Заедничките вложувања и увозот на нови технологии овозможи производство на производи за цивилниот и воениот пазар, во согласност со целите на воено-индустриските реформи. Директна државна поддршка се даваше само за премостување на специфични потешкотии со кои се соочуваа воените претпријатија при обидот за цивилно производство.

Конверзијата во Кина се операционализира како една организирана и осмислена политика, иако таа мораше да биде спроведена од страна на менаџерските тимови. Реформите и конверзијата на воениот сектор донесоа првенствено организациони промени во Кинеските претпријатија. Беше инсталирана нова хиерархиска структура со цел да послужи за идентификација на приоритетите во воената технологија и да ги насочува Кинеските напори за конверзија. Исто така, се изврши поделба по сектори и вертикална интеграција на воената индустрија, како и нејзино постепено смалување. Процесот на донесување на одлуките стана помалку бирократски и поголема одговорност беше дадена на менаџерите на компаниите, кои слободно одлучуваа во кој правец ќе функционираат нивните фирми. Компаниите од воената индустрија беа подобро интегрирани во поширокаta

рамка на националната економија и програмите за економски реформи. Како резултат на тоа, компаниите влегуваа во нови бизниси, користејќи ја опремата и луѓето претходно користени за воени цели. Така, за Кина е карактеристичен нов тренд во индустрискиот сектор со формирање на големи, диверзифицирани бизнис групи (тнр. јитуан). Тие функционираат како хоризонтално и вертикално високо диверзифицирани корпорации во различни индустриски сектори. Реформите гледано генерално и посебно политиката на конверзија го отворија Кинеското стопанство кон меѓународните пазари.

6.4.4. Искуства на конверзијата во Западна Европа

И покрај фактот што за политиката на конверзија се дискутира во сите земји на Западна Европа, вклучувајќи ги и тие со најголеми воени индустрии (Франција, Италија и Велика Британија), сеуште не постои цврста одлука и за нејзина имплементација. Многу од активностите на конверзијата се случија на локално ниво и со поддршка од Европската Унија, вклучувајќи ги тука специјалните програми, како на пр. "Конвер". Националните влади беа многу поактивни во обидите за промоција на сопствената воена индустрија, главно преку извозот, за да ја компензираат намалената домашната побарувачка. Земјите од овој регион начелно прифатија да ја преструктурираат воената индустрија на ниво на држави, како и на ниво на целата заедница. Меѓутоа, политиката која ја спроведуваат се покажува како контрадикторна и неефикасна.[154] Реакциите на компаниите, производители на оружје, на намалувањето на пазарите за пласман на нивните производи беа различни, од консолидација на производството до затворање и продажба на капацитетите,

[154] Bonn International Center for Conversion, публикации

додека имаше и многу успешни обиди за зголемување на учеството во цивилни бизниси.

Франција беше една од последните која се одлучи за преструктуирање и конверзија на воената индустрија и тоа дури после реформите во воениот сектор во 1996 година. Кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години од дваесетиот век, Германија беше еден од најсериозните кандидати за операционализација на експлицитната национална програма за конверзија. После обединувањето, приоритетите во политичките дискусии за конверзијата се пренасочија кон затворање на воените бази и проблемите на нивен повторен развој. Федералната влада водеше политика на 'дигнати раце" од конверзијата на воената индустрија, односно го застапуваше концептот на пазарно регулирање на односите (без државна интервенција). Меѓутоа, голем дел од од регионалните и локалните заедници учествуваа и даваа поддршка на компаниите од воениот сектор за надминување на проблемите. Во Италија, конверзијата доби на почеток безрезервна поддршка, како можен начин на справување со намалената побарувачка за воена техника. Сепак, на национално ниво, во почетокот на деведесетите, надвладеа идеата за зачувување на воено-индустрискиот комплекс на државата. Од почетокот на осумдесетите години на дваесетиот век, Британската влада има комерцијален пристап кон сопствената воена индустрија, така што немаше простор за политика на поддршка на конверзијата. Лабуристичката влада, која дојде на власт во 199" година, започна со реализација на ограничени програми на конверзија.

Компаниите за производство на оружје во западна Европа беа под слаб притисок за прилагодувања како и компаниите од САД. Меѓутоа, националните влади продолжија "љубоморно" да ги заштитуваат своите национални индустрии и покрај декларативната заложба за редукција на капацитетите. Во рамките на земјите од Западна Европа, воената индустрија е високо концентрирана. Со ретки исклучоци, во тие земји постојат

"национални шампиони", кои речиси и да немаат сериозна домашна конкуренција во производство на вооружување. Главните политички актери во Западна Европа се обединети во идеата дека производителите на оружје треба да се консолидираат, без оглед на националните граници. Меѓутоа, сеуште нема компании од воениот бизнис кои се вистински транснационални.

И покрај континуитетот и бројноста на предлозите за преструктуирање на Западноевропската воена индустрија, таквите заложби во пракса остануваат единствено, политичка реторика. Како главна пречка за кооперативен развој, производство и продажба, сега како и во минатото, останува желбата да се одржат високо развиените научни, технолошки и индустриски капацитети за целокупниот асортиман на конвенционални оружја на национално ниво и да се сочуваат работните места во воената индустрија.

Владите од овој регион не сакаат да ја согледаат контрадикторноста помеѓу концептот на одржување на минимум национални капацитети во речиси сите област на производство на конвенционално вооружување, а во исто време да постои фрагментираност на пазарот и дуплирање на проектите. Може да се заклучи дека кај Западноевропската безбедност и политика за воената индустрија недостасува еден обединет приод. Иако постојат одредени програми на ниво на Унијата, сепак преовладува националната заштита на воената индустрија. Промени во таа сфера и напуштање на фаворизирање на "националните шампиони" претставува предуслов за солидна воена и безбедносна политика.

Тешко е да се генерализира зошто некои обиди за диверзификација успееја, а другите пропаднаа. Меѓутоа, станува очигледно дека одредени фактори се релевантни за процесот на конверзија, во многу случаи ширум светот. Како најважни од нив би ги истакнале економскиот развој, воопшто, специфичните пазари кон кои конверзијата е насочена и инвентивноста и решеноста на вклучените актери, од сопствениците, менаџерите, па се до

работниците и локалните заедници. Во повеќето случаеви, конверзијата е парцијална. Тоа значи дека не се сите ресурси (персонал, објекти, машини и финансии) целосно насочени кон цивилните области. Емпириските показатели се логичен резултат на доминантниот однос кон конверзијата. Имено, менаџерите на компаниите не се изјаснуваат против конверзијата како апстрактна или идеолошка категорија, но се обидуваат да ја подобрат перспективата на своите компании. Парцијалната конверзија на воената индустрија често се нарекува "диверзификација". Ширењето на асортиманот на производите и бројот на пазарите на кои компанијата е ангажирана, како и пренамена на капацитетите првенствено наменети за производство на оружје претставува, во исто време и диверзификација и конверзија. Конверзијата ги опфаќа сите нивоа на употреба на ресурсите, од обичниот работник до целата држава, додека диверзификацијата е производно ориентирана.

Во повеќето случаеви нереалистично е да се очекува комплетна конверзија на воената индустрија во една земја или компанија. Заради тоа, програмите за конверзија и помош на претпријатијата треба да ја олеснуваат конверзијата, дури и во случај кога истата е парцијална. Сепак, мораме да истакнеме дека парцијалната конверзија е проблематична гледано од перспектива на разоружување, односно истата може лесно да добие спротивен правец.

Можеме да заклучиме дека и малите и големите компании имаа успех во пронаоѓање и освојување на нови, дополнителни цивилни бизниси. Сепарацијата на цивилните и воените активности е важна заради редукција на нараснатите трошоци и обезбедување на економичност во работењето. Исто така, технолошките можности на компаниите од воената индустрија им даваат понекогаш, одредена предност над останатите цивилни компании на цивилните пазари, но сепак тоа не е неопходен ниту доволен услов за успешна експанзија на цивилното производство.

Конверзијата на ниво на претпријатие не е лесна и бара упорност за да се постигне успех. Таквата заложба може да успее само во такво економско и политичко октужување, кое ја прифаќа конверзијата, односно таму каде што заложбите и можностите не се разгледуваат одвоено.

6.5. Превентивна конверзија

Концептот на конверзија има големо наследство како често застапуван и практициран пристап кон еден аспект на проблемот на контрола на вооружувањето и ефикасна реалокација на ресурсите од воени за други цели. Во современ контекст, конверзијата се дефинира пошироко преку нејзините шест елементи:

- реалокација на воените расходи;
- преориентација на истражувањето и развојот;
- преструктуирање на воената индустрија;
- реинтеграција на воениот персонал во цивилен живот;
- пренамена на воените бази и воената инфраструктура за други цели;
- разоружување и уништување на вишоци вооружување.

Ваквата дефиниција на конверзијата го опфаќа најголемиот дел од активностите на современите воени естаблишменти и служи како прифатлив урнек за широк спектар на практични и политички релевантни активности на конверзијата во светот. Во овие активности спаѓаат намалување на воената индустрија во Западна и Источна Европа, демобилизацијата и преобука во Африка, уништување на вооружувањето, индустриско преструктуирање како и пренамена на воените капацитети. Широкиот опфат на активностите покриен со сегашното разбирање на конверзијата, не треба да остава

впечаток за универзалната прифатливост или концептуалната кохерентност на конверзијата. Многу од споменатите активности не би се дефинирале како конверзија од луѓето кои се бават со практичната димензија на проблемот, а во теоријата тешко се диференцира конверзијата од сродните активности како што се диверзификација на производството, економско прилагодување или индустриско преструктуирање. Ова јасно покажува дека во современата теорија е присутна разликата во разбирањето на концептот на конверзија. Повеќето современи теоретичари на оваа проблематика, разликуваат три основни концепти на конверзијата: прв, конверзија во потесна смисла на зборот, со анализа на прашањата на воените расходи и на воено индустрискиот комплекс како и нивното влијание на вкупните економски движења; втор, конверзија во поширока смисла на зборот, концепт кој ги разработува погоре споменатите шест компоненти на конверзијата; трет, концепт, кој под конверзија ги подразбира сите видови на економски, културни, психолошки и политички промени, кои се случуваат во општествата каде се редуцира воениот комплекс. Нашата анализа ќе се обиде да го расветли третиот концепт на конверзијата и да ги анализира интеракциите помеѓу традиционалниот концепт и современиот поширок концепт на конверзијата.

Потесниот концепт на конверзија, кој ги обработува двете основни прашања, воените издатоци и воено индустрискиот комплекс, го подвлекува верувањето дека воено индустрискиот комплекс има негативно влијание на позитивната еволуција на контролата на вооружувањето, разоружувањето и процесот на "градење на безбедноста", особено во случај кога ваквото движење на настаните има непосредно влијание врз основните интереси на компаниите од воената индустрија, во смисла на намалување на набавките, намалување на вработувањето, заштита на високата технологија и слично. Во таков случај, компаниите од воено индустрискиот комплекс дури и директно ја "подгреваат трката во вооружување" Ваквиот став на компаниите од воениот сектор, според застапниците на потесниот концепт на конверзијата,

се менува само во случај, кога им се нудат алтернативни, но економски еднакво исплатливи, решенија. Тогаш има услови за реализација на конверзијата, односно со сигурност може да се тврди, дека редуцирањето на воените активности, всушност претставува преориентација на "ослободените" средства кон нивна употреба за цивилни цели.

Застапниците на новиот концепт, ваквата презентација на конверзијата ја оценуваат како историја на концептот на конверзија, заради фактот што не ги зема во предвид следните важни прашања: прво, дали има промени во глобалните воени активности по завршувањето на Студената војна; второ, дали потесниот или поширокиот концепт на конверзијата претставуваат соодветна концепциска рамка за развој и имплементација на практичните активности на разоружувањето; трето, дали постојните концепти се фокусираат на вистинските и "најгорливите" проблеми на конверзијата.

Современиот концепт на "превентивна конверзија" се базира на четири основни поставки:

1) Значителни промени во воено-стратегиското окружување по завршувањето на Студената војна и нивното влијание врз традиционалниот концепт на конверзијата;
2) Постоење на генерален консензус за мирот и безбедноста во светот како и за улогата на конверзијата;
3) Истражување на "слабостите" на потесниот и поширокиот концепт на конверзијата кои влијаат на појава на "превентивната" конверзија.
4) Разработка на идеата за превентивна конверзија, трошоците и користа од истата, користењето на таквиот концепт како основа на процесот на разоружување и основа на превентивната дипломатија или пост-конфликтно "градење на мирот".

Целта на овој, нов концепт, е да се имаат во предвид значајни прашања кои се јавуваат како резултат на изменетите практични и политички услови,

со што се одржува релевантноста и практичната актуелност на концептот на конверзија.

Отсуството на поширокатa анализа на трансформацискиот потенцијал или импликациите на конверзијата, го става во фокусот на истражувањето, концептот на превентивна конверзија. Пред нас стои прашањето: Што е превентивна конверзија, по што се разликува од другите концепти и дали е корисна? Современата дефиниција на "превентивната конверзија" бара разјаснување на основната логика на двата термини, како и испитување на практичната ориентација и активностите, кои во рамките на овој концепт се реализираат. Логиката на основниот концепт на конверзијата опфаќа три работи: прво, ставот за економската димензија на воените расходи и соодветните активности, второ, ориентираноста кон процесите на промени реализирани под влијание на политиките на конверзија и трето, фокусирање на потенцијалите на конверзионите процеси во трансформацијата на институциите на организираното насилство во социјален, политички и економски живот во државата, како и во односите помеѓу државите. Логиката на превенцијата опфаќа активности кои се превземаат за да се избегнат специфични и несакани последици.

Согласно на ваквата формулација превентивната конверзија претставува активен развој и временска имплементација на политиките на конверзијата за да се спречи ескалацијата на конфликтите во насилство, да се намали или избегне акумулирање на дестабилизирачки количества на вооружување или загубата на економски или човечки ресурси, како и да се редуцира милитаризацијата на социјалните, економските или политичките односи во општеството или помеѓу држави.

Тоа во пракса значи дека концептот на превентивна конверзија ги опфаќа споменатите активности на процесот на конверзијата (реалокација на воените расходи, преориентација на истражувањето и развојот, преструктуирање на воено-индустрискиот комплекс, реинтеграција на

воениот персонал во цивилен живот, развој на воените бази и инсталации за друга намена како и уништување на вишоците на вооружување), со тоа што се додаваат и некои други активности. Она што се менува е вметнување на активностите на конверзијата во "круговите на конфликтот", не само како техничко или менаџерско решение на проблемот на разоружување, креирано како резултат на промени во политички или безбедносни односи, туку како активно средство кое може да ја помогне трансформацијата на споменатите односи.

Концептот на превентивна конверзија е поширок од традиционалниот концептот на конверзија, заради додавањето на три елементи:

- фокусирањето на целокупниот синџир на конфликтот,
- мобилизирањето на новите учесници,
- користењето на одредени практични елементи од трансформацијата како активности на конверзијата.

Инкорпорирањето на секој од овие елементи во проектот на превентивна конверзија овозможува постигнување на повеќе користи, за кои сите треба да бидат свесни.

Првата корист од превентивната конверзија е реинтеграција на логиката на активностите на конверзијата во целокупниот циклус на конфликти и соработка помеѓу земјите. Конверзијата повеќе не се разгледува како една од повеќето активности кои треба да се преземат како последица на одлуките или активности за разоружување, ниту таа претставува само техничко решавање на пост-конфликтните проблеми. Таа станува активно средство кое може да помогне да се трансформираат конфликтните односи (конфликтна превенција) и да се асистира во процесот на градење и одржување на мирот, преку практични активности на различните стадиуми на конфликтот, вклучувајќи го стадиумот пред започнување на насилствата. Фокусот на конверзијата останува на ефикасната реалокација на ресурсите

од воени за цивилни цели, но таквата реалокација мора да биде планирана како имплементација на еден елемент од суштествено значење за поширокиот процес на градење на безбедноста, а не како едноставно разоружување.

Втората корист се огледа во можноста да се мобилизираат нови учесници во активностите на конверзијата. Традиционалниот фокус на економските активности во напредните индустриски земји, се заснива на две претпоставки за природата на државата и општеството: прва, да постои соодветен баланс на цивилно-воени односи во општеството, и втора, да цивилното општество и економските чинители во него, се доволно големи да ги апсорбираат активностите на конверзијата. Овие две претпоставки не се во можност да се реализираат подеднакво во сите развиени земји. Тоа значи дека претпријемачите мора да бидат вклучени во дискусиите за измена на цивилно-воените односи и поширокиte процеси на економските реформи.

Трета корист се состои во употребата на активните и трансформациски елементи на поширокиот концепт на конверзија сватена како "сите видови на економски, психолошки, културни и политички промени, кои се случуваат во општествата каде воените активности се редуцирани". Во конверзијата е содржан трансформативен потенцијал за разрешување на проблемите, кој, користејќи ги стечените искуства, мора да стане дел од поширокиte социјални и регионални напори за градење на мирот.

Од друга страна, овој концепт истакнува и одредени проблеми и потешкотии, кои мораат да бидат земени во предвид, при неговата имплементација. Имено, правејќи експлицитна врска помеѓу практичните проекти и активностите на градење на мирот, мора да се препознаат условите под кои не треба да се преземаат активности на коверзијата. Во случај кога конверзијата на воено-производствените објекти генерира појава на паразитизам и агресивен национализам, не се препорачува подршка на таквите проекти. Исто така, кога конверзијата е поврзана со огромни

опортунитетни трошоци (трошења на енергија, време и финансиски средства), а кога проектите не даваат соодветни ефекти, конверзијата не треба да се практицира.

Поширокиte цели на превентивната конверзија за редуцирање на милитаризацијата на социјалните, економските и политичките односи помеѓу и во рамките на земјите, наметнува потреба од истакнување на социо-културниот контекст на активностите, во смисла на нивно демистифицирање и истакнување на практичните бенифиции од истиот. Имено, конверзијата не треба да се разбере како нова Западна иновација, која се наметнува на остатокот од светот, туку како дел од поширока иницијатива за градење на мирот и безбедноста, каде комплетниот инструментариум за градење на довербата, мултилатералната дипломатија и меѓународниот развој се вклучени.

Концептот на превентивна конверзија овозможува вклучување на нови активности и нивно ставање под чадорот на конверзијата, како и поврзување на конверзијата со значајни аспекти на процесите на изградба на мирот и безбедноста.

6.5.1. Современи тенденции на конверзијата

Сегашното воено- стратегиско окружување е многу посигурно во однос на состојбата пред 15-20 години што може да се види од неколку конкретни индикатори. Прво, воените расходи паднаа од приближно 1360 милијарди долари во 198[illegible] година, на приближно 860 милијарди долари во 1996 година, што во процентуален износ преставува намалување од 36%. Ова намалување е уште поголемо ако се анализира во однос на учество на воениот сектор во глобалниот бруто национален производ. Имено, учеството на воениот сектор

во 1995 година беше 2,8% во однос на 5% колку изнесуваше во годините на Студената војна.

Анализата на овие позитивни индикатори покажува сепак значајни регионални разлики во процесот на демилитаризација. Најголеми намалувања на воените расходи се случија во Источна Европа (од 468 милијарди долари на 99 милијарди долари). Станува збор за 75% од намалување на воените расходи во светот. Преостанатото намалување во апсолутен износ од 160 милијарди долари, рамномерно беше застапено и во Западна Европа, Африка, Северна Америка и Средниот Исток. Во некои региони, како Јужна и Источна Азија, воените расходи се зголемуваа во реални износи, иако процентуално, учеството на воените расходи во бруто националниот производ опаѓаше, што се должи на фактот што споменатите економии бележат рапиден економски растеж. Во регионот на Јужна Америка, воените расходи останаа стабилни.

Бројот на војниците во униформи значително се намали во последните години. Така, од 28 милиони во 1987 година, денес во светот има околу 22 милиони војници, што преставува намалување од 20%. Како и во претходната анализа, показателите се позитивни на глобално ниво, но на ниво на региони и држави постојат големи разлики. Најголеми намалувања се забележани во Америка и Европа, додека само мали намалувања се забележани на останатите континенти. Сепак, мора да се истакне една негативна тенденција на зголемување на бројот на луѓе во полиција и во паравоени формации, кои се користат за одржување на режимите или се во функција на герилски движења. Емпириските истражувања покажуваат дека е сеуште многу голем бројот на луѓе под оружје.

Анализата покажува дека, исто така, опаѓаат набавките на вооружување и глобалниот извоз на оружје. Бројките кажуваат дека глобалното производство на вооружување изнесуваше помеѓу 260 и 290 милијарди долари, додека сега е забележано намалување помеѓу една

третина и една половина, или тоа е сега на ниво од 160 милијарди долари. Вредноста на глобалната трговија со оружје се намалува, и тоа од 84,3 милијарди долари, колку изнесувал вкупниот извоз на оружје во 1987 година, на ниво од 42,6 милијарди долари, што претставува намалување за една половина. Покрај споменатите показатели, забележано е намалување на издатоците за истражување и развој на воениот сектор, во износ од 50%, или во апсолутни износи од 110-130 милијарди долари годишно, колку изнесувале во осумдесетите години, на ниво од 58 милијарди долари во 1992 година.

Ваквите редукции во набавките, трансферите како и истражувањето и развојот, не значи и автоматско разоружување, поради фактот што глобалните залихи на вооружување се многу високи.

Покрај квантитативните промени, во воено-стратегиското окружување се случија и бројни квалитативни промени. Можеби една од најважните промени, во ова смисла, е намалување на интензитетот и обемот на судири меѓу државите. Намалување на заканите за појава на војни помеѓу државите претставува најзначајна промена во меѓународниот мир и безбедност во дваесетиот век.

Втора значајна квалитативна промена претставува масивното преструктуирање на воената индустрија во светот. Станува збор за затворање на капацитети, реорганизација, промена на производствените програми и преорнентација на дел од компаниите кон цивилното производство. Постојат значителни разлики во операционализацијата на овој процес помеѓу САД и земјите од Западна Европа. Во САД се создадоа неколку многу големи индустриски конгломерати, кои заедно контролираат висок процент од државните набавките, додека во Западна Европа, компаниите останаа помали, со слаба соработка помеѓу државите. Голем број на фирмите го намалија своето производство или целосно го напуштија овој бизнис.

Следна карактеристика е нестанувањето на некои позначителни "мировни дивиденди". Имено, со крајот на Студената војна, реално беше

очекувањето за усмерување на заштедите од воениот сектор во продуктивна социјална потрошувачка, во зголемени истражувања и развој за цивилни цели или во зголемување на помошта на неразвиените земји. Наместо тоа, ослободените средства, што се појавија како резултат на намалувањето на воените расходи, нестанаа во намалувањето на буџетските дефицити, иако на долгорочен план ова може да влијае позитивно на економскиот развој на државите.

Пред аналитичарите на оваа проблематика се постави прашањето за влијанието на овие промени врз современите активности на конверзијата. Проблемот на транзицијата, присутен во земјите од Источна и Централна Европа, покажа дека само внимателно планирање може да гарантира сигурна и ефикасна транзиција кон "цивилни економии". Неискуството и одсуството на кохерентна политика на конверзија, насочена кон таквите активности, како што се преобука на работниците, адаптација на воените објекти и инфраструктура, индустриско преструктуирање и други, се покажаа како причини за делумниот успех на конверзијата. САД потрошија повеќе од 3 милијарди долари во периодот 1993-1997 година на овие програми и можат да се сметаат како исклучок од споменатата констатација. Меѓутоа, неопходно е постоење на единствена стратегија за конверзија, базирана на најдобрата практика и искуства во светот, како и деталните анализи на извршените активности.

Врз основа на ова, се поставува прашањето дали процесот на конверзија во поголем дел е завршен. Ако се прифати констатацијата дека одреден степен на вооружување и на воени расходи е неопходен, во однос на постоечката констелација на политичките односи во светот, појавата на кооперативните безбедносни структури и слично, неопходно е да се прецизира колкав дел од процесот на разоружување останува да се изврши. Второ е прашањето за улогата на конверзијата во процесот на разоружување, со конкретна динамика на реализација на тој трансформационен потенцијал.

Согласно студијата на Обединетите Нации за релациите помеѓу разоружувањето и развојот, подготовките за конверзија треба да бидат едни од првите чекори на патот кон разоружувањето. [155] Ова значи дека процесот на конверзија е нешто повеќе од процес на "чистење", процес кој мора да ги следи трансформациите на политичко-безбедносните односи, процес кој може активно и да влијае на тие односи.

Паралелно со трансформациите во глобалното воено-стратегиско окружување, се случуваа и промени во областа на меѓународниот мир и безбедност. Имено, една од карактеристиките на овој период е појавата на поголем број на внатрешни кофликти. Ризикот од појавата на внатрешни конфликти е многу поголем од ризикот на појава на меѓудржавни судири, и оттука, претставува една од најголемите закани за глобалниот мир. Покрај споменатата, како една од основните карактеристики на анализираниот период е и промената на улогата на меѓународната заедница во разрешување и контрола на конфликтите, кои не се од стратегиско значење, особено во тнр. "земји во колапс". Фокусот на современата политика покрај споменатите карактеристики беше насочен и кон таквите прашања како што се улогата на оружјето за масовно уништување, уништувањето на пешадиските мини и на лесното вооружување.

Внатрешните конфликти не претставуваат новина во меѓународните односи, но таквите конфликти во овој период, завземаат централно место и во себе содржат потенцијал за проширување на судирите помеѓу држави. Големо мнозинство на конфликтите во светот денес, се внатрешни конфликти, како што и најголем број на мировни операции на ООН и на други организации, се вклучени во таквите судири (Косово, Сомалија, Ангола и др.). Улогата која конверзијата може да ја има во таквите конфликти, најчесто е во врска со пост-конфликтната демобилизација и

[155] Обединети Нации, 1982 година, стр. 545

преквалификација на војниците или разоружување и програми за уништување на вооружувањето.

Улогата на конверзијата во развојот на настаните кај оружјето за масовно уништување, се операционализира преку програмите за контрола на стратегиското вооружување и разрешување на главните проблеми, како што се располагањето со радиоактивните елементи на вооружувањето и отпуштањето на голем број на истражувачи од ова област во САД и Русија.

Влијанието на конверзијата врз останатите глобални прашања, како уништувањето на пешадиските мини и на лесното вооружување, не треба да се гледа единствено како задача на процесот на конверзија, туку како интегрален дел од напорите на меѓународната заедница за разрешување на внатрешните конфликти или за пост-конфликтно "градење на мирот".

Во светло на овие промени на меѓународните односи и глобалното воено-стратегиско окружување, се наметнува прашањето дали концептот на коверзија застарува или станува некорисен. Ова се наметнува како прашање ако конверзијата се разгледува како процес, единствено врзан за проблемите на Студената војна и проблемите на воено-индустрискиот комплекс и неправедно високото ниво на воените расходи. Опфаќањето на поширок круг на прашања во анализата на процесот на конверзијата сведочи за континуираната виталност на концептот на конверзијата и ги осветлува правците на модифицираното влијание на истата. Согласно на тоа може да се заклучи дека аспектите на конверзијата се фокусирани на најзначајните и политички најрелевантните прашања со кои се соочуваме денес.

Основниот концепт на конверзија се потпира на три основни столба. Првиот, претставува фокусирање на макро-индустрискиот аспект на воените расходи и особено на нивниот негативен ефект (опортунитетни трошоци, забавен растеж, нерамномерен развој итн.). Ваквиот концепт ги анализира макро-економските последици на воените расходи и претставува главно, економска анализа на конверзијата. Како основни средства за истражување,

овој приод, ги користи cost-benefit анализата, економетриските анализи и ги проучува конкретните искуства од процесот на конверзија во рамки на регионални економии.

Вториот столб се базира на верувањето дека процесот на преоѓање од воена кон цивилна економија, бара внимателно планирање и водење на претпазлива политика, со истакнување на неопходноста од државна интервенција во оваа област. Имено, функционирањето на воената индустрија се реализира на поинакви принципи во однос на концептот на чиста пазарна економија. Разликите се рефлектираат и на процесот на конверзија. Тоа значи, дека конкретните конверзиски преструктуирања на индустријата, имаат влијание на локално, регионално и национално ниво, односно имаат не само микро, туку и макро економски ефекти. Поради тоа, како и поради фактот што одбраната претставува национална грижа, неопходно е планирање на конверзијата на национално ниво. Воената индустрија е далеку од тнр. laissez-faire модел, така што, државниот интервенционизам во ова област е неопходен. Конечно, моќни и влијателни интереси се дел од функционирањето на воено-индустрискиот комплекс, заради што е неопходна интервенцијата на државата, во смисла на понуда на соодветни производствени програми на краток рок, за да се редуцира на долг рок негативното влијание на засегнатите високи интереси, врз процесите на разоружување и конверзија.

Третиот столб претставува идеата, дека конверзијата содржи трансформациски потенцијал, кој, може да има големо влијание во процесот на градење на мирот, како средство за редуцирање на конфликти и тензии помеѓу држави и региони. Важно е да се објасни што всушност претставува трансформацискиот потенцијал. Имено, не станува збор за идеалистичка или утопистичка визија за конверзијата, која води кон еден пацифистички свет, туку, станува збор за комплексна и интерактивна природа на заканите и безбедноста, како и можноста за промена на конфликтните состојби

операционализирани преку позитивните ефекти на конверзијата. Конверзијата е дел од кооперативните активности и влијае на намалување на тензиите и разрешување на конфликтите.

Во современата теорија од ова област, економските последици на конверзијата се повеќе истакнувани и во пракса операционализирани, vis-a-vis трансформацискиот потенцијал на конверзијата. Со тоа, фактички, проблемот на конверзија се фокусирал на најзначајните прашања од импресивниот обем на современите проблеми, како што се разоружувањето и демобилизацијата на воениот персонал и нивно вклучување во цивилниот живот, располагање со вишоци вооружување итн. Меѓутоа, промената на меѓународната безбедносна клима, ја наметна потребата од анализа на конверзијата, како збир на економски, политички, психолошки и културни промени, кои се случуваат во општествата, во кои воените капацитети се редуцираат.

6.6. Повторно вооружување на светот како нов тренд

На прашањето да ли светот поворно се вооружува можеме потврдно да одговориме и тоа не како тренд кој започнува после 11 септември. Ваквиот заклучок произлегува од анализата на податоците за висината на буџетите за одбрана на повеќето земји во светот. САД како најголема светска воена сила масивно ги зголемуваат воените расходи. Така одредени аналитичари доаѓаат до заклучок дека после периодот на разоружување присутен во деведесетите години од минатиот век и "мировните дивиденди" сега се наоѓаме во фаза на "дивиденди од тероризмот". Тоа во пракса значи дека конверзијата разбрана како пренасочувањето на ресурсите од воена кон цивилна употреба не може да биде имплементирана како реакција на војните туку мора да биде насочувана кон превенција на конфликти.

Повторното вооружување на светот станува актуелен тренд. Во 2002 година светот го достигнува нивото од 1992 година, во однос на големината на воените расходи. Ако ваквиот тренд продолжи, историски највисокото ниво на воените расходи од 1987 година, постигнато за време на Студената војна, ќе биде надминато во 2010 година. Ова станува јасно после анализа на следните податоци: помеѓу 1986 и 2000 година, последната година кога постојат проверени податоци, воените расходи растат насекаде во светот, прво само умерено, па се до 2% во 1999 година, а во 2000 година дополнителни 3%. Проценките се дека во 2001 година воените расходи пораснале за дополнителни 3-4%, а во 2002 година може да се очекува дополнителен пораст од 4-5%. Тоа значи дека, изразено според тековните цени, глобалните воени расходи изнесуваат грубо околу 900 милијарди долари или околу 960 милијарди евра.

Уште пред 11 септември 2001 година, нова рунда на вооружување започна во САД. Имено, уште како претседателски кандидат Џорџ Буш тврдеше дека буџетот за одбрана на САД е многу низок и дека вооружените сили на САД не се доволно опремени. Како претседател тој успеа во обидот да ги зголеми издвојувањата за потребите на одбраната. Така, воениот буџет на САД порасна од 310 милијарди долари во Фискалната година 2001 на 343 милијарди долари во Фискалната година 2002.

Тоа де факто значеше дека во однос на воените расходи, САД "го остава" далеку зад себе остатокот од светот. Настаните од 11 септември драстично го зајакнаа таквиот тренд. Повеќе од 10 милијарди долари беа дополнително одобрени на Пентагон за Фискалната година 2002, со шанси за натамошно зголемување на тој износ, како цена за "Војната против тероризмот". Така за Фискалната година 2003, владата на САД се одлучи во полза на натамошно зголемување на воените расходи. Тоа значи дека воениот буџет на САД треба да се зголеми до ниво од 396 милијарди долари. Среднорочниот петогодишен план на владата на САД предвидува во

периодот од 2003-2007 година воените расходи да изнесуваат вкупно 2,1 трилиони долари, додека износот планиран за одбраната во 2007 година треба да изнесува 469 милијарди долари.

Тоа значи дека во однос на големината на воените расходи и нивното планирано покачување, САД се многу понапред од остатокот на светот. Со износот од 353 милијарди долари издвоени за одбраната во 2002 година, САД ќе потроши осум пати повеќе од една Јапонија, која издвојува 45 милијарди долари, девет пати повеќе од Франција, Велика Британија и Кина, посебно, дванаесет пати повеќе од Германија, која издвојува 30 милијарди долари. Владата на САД врши "притисок" врз сојузниците да ги зголемуваат расходите за потребите на одбраната и да го намалуваат "јазот" кој постои помеѓу нив.

Пред 11 септември, САД се чувствуваа безбедни во поглед на можностите за агресија од надвор. Тероризмот сепак ја истакна ранливоста на најмоќната светска нација. Нападите врз Светскиот трговски центар и Пентагон претставуваат класичен пример на она што воените аналитичари го нарекуваат "асиметрична закана". Тоа значеше дека дури и земја со најголема воена сила неможе да ги заштити своите жители од далеку послаб непријател и тоа без оглед на фактот колку средства се издвојуваат за одбраната и колку пари се инвестираат за технологии за потребите на безбедноста. Потполно сигурни системи на одбрана се сепак само илузија, но реакцијата на администрацијата на САД се базира врз претпоставките дека ваквите ризици можат да се надминат, или да се редуцираат по пат на зголемување на воената сила. Така, САД и сојузниците влегуваат во фаза на поголеми воени трошења. Сепак, употребата на воени средства за справување со тероризмот не е адекватно, поради фактот што со воени средства не може да се влијае врз коренитe на тероризмот (неправдини, нерешени национални и регионални конфликти, неуспешна модернизација, репресивни режими и сл.). Зголемувањето на воената сила на земјите членки

на НАТО и нивните сојузници (НАТО земјите реализираат 70% од светските воени расходи), како и воените акции кои ги превземаат против земјите кои го поддржуваат тероризмот може да резултира дури и со спротивни ефекти и да испровоцира нови терористички акции.

Така, после една декада на намалувања на воените расходи, редукциите во производството на оружје, намалувањето на работните места во воената индустрија, намалување на залихите на оружје, на бројот на вработени во одбраната, како и затворањето на воените бази, индикаторите за разоружување и конверзија сега покажуваат знаци на стагнација. Таквите знаци стануваат се посилни во 2001 година, односно се поголем број на земји започнуваат да ги зголемуваат своите безбедносни капацитети.

Што ваквото сегашно вооружување значи за процесот на конверзија, разбрана како процес на пренасочување на воените ресурси кон нивна цивилна употреба, која беше иницирана со крајот на Студената војна?

Редукцијата на вооружувањето за време на деведесетите години од дваесетиот век и "декадата на разоружување" беше екстензивна и продуцира значителни "мировни дивиденди". Сепак, намалување на воените потенцијали беше многу помало од она што се очекуваше од крајот на Студената војна. Според одредени анализи воениот сектор во светот доживеа редукција од 30% во времето од крајот на Студената војна и 2000 година. Статистиката покажува дека трендот на намалување на воените потенцијали постепено се намалува и добива спротивен правец во новиот милениум. Имено, од 157 земји, чии податоци беа расположиви, 90 земји ги редуцираа своите воени сектори во споредба со состојбата за време на Студената војна, додека во 63 земји беше забележан раст на воените сектори. Така, вкупниот број на земји кои ги намалија своите воени потенцијали беше поголем од бројот на земји кои ги зголемија вооружените сили во истиот период. Сепак, квантитативните редукции не мора да значат и квалитативно разоружување и намалување на воените потенцијали.

Трендот на намалување на глобалните воени расходи значително се намали кон крајот на деведесетите години од дваесетиот век и започна нивна експанзија во 1999 и 2000 година. И покрај фактот што во 2000 година воените расходи на земјите во развој растеа побрзо од истите во развиените земји, последните остварија дури 75% од глобалните воени издатоци, а од тој износ, дури 40% отпаѓаат на САД. Овие показатели се базираат на податоците од годините 1985-2000 и не го опфаќаат влијанието на настаните кои започнуваат после терористичкиот напад на САД на 11 септември 2001 година, кои можат да влијаат на значително зголемување на воените расходи. Тоа веќе се случува на Средниот исток, со Израел, кој ги најави својот воен буџет за 2002 година во износ од 1 милијарда долари. Дури и пред започнување на "Војната против тероризмот", воените расходи на САД го достигнаа нивото од времето на Студената војна.

На планот на издвојување на средства за истражување и развој за потребите на вооружените сили може да се истакне потполната доминација на САД, која за овие потреби издвојува речиси две третини од вкупните средства или дури десет пати повеќе од Велика Британија, која се наоѓа на второ место на оваа листа. Глобалните расходи за воени истражувања и развој паѓаа во првата половина од деведесетите, а сега повторно растат и се на ниво од 60 милијарди долари. Ваквиот тренд се очекува да продолжи како одговор на "11 септември", но планерите се уште не се одлучиле за новите области каде ќе биде насочено военото истражување и развој. Зголемените трошења во оваа област продолжуваат да се насочуваат кон големи проекти како што се борбени авиони и сл.

Слични се тенденциите и во воената индустрија, каде сега се гледаат нови можности за бизнис, а прашањето на конверзијата сега веќе не е доминантно и актуелно и покрај глобалната предимензионираност на капацитетите. Примерот на Русија е исклучок, која започна сериозна програма за конверзија на својата воена индустрија во 2001 година.

Потребата од рационализација на состојбите во воената индустрија резултираше со намалување на бројот на вработени во воената индустрија, така што во тој сектор беа вработени 8 милиони работници во 2000 година, што претставува помалку од половина од бројот на вработени за време на Студената војна. Меѓутоа, како започнаа да се зголемуваат набавките после терористичките напади, може да се очекува повторно зголемување на бројот на вработени во воената индустрија. Покрај фактот што не е јасно како вооружените сили можат да се трансформираат за борба против тероризмот, дополнителните воени програми ќе ја сменат структурата на воената индустрија, односно големите компании снабдувачи со оружје сигурно ќе профитираат од "Војната против тероризмот". Така, акциите на најголемите светски производители на оружје како Локид Мартин, Нортроп Груман и Рејтон, како и на помалите компании производители на системи на мобилна комуникација, безпилотни летала и прецизно водени проектили, рапидно пораснаа на светската берза, што сепак не беше случај кај акциите на компаниите кои произведуваат конвенционални орадија (тенкови и сл.).

Четвртиот елемент кој беше разгледуван во анализата на процесот на конверзијата е бројот на војници во вооружените сили. Бројот на војници во регуларните армии насекаде во светот продолжува да се намалува во 2000 година, единаесетта година година за ред, иако стапката на намалување варира. Глобалната бројка на регуларни трупи се намали на 21.6 милиони од максималните 28.8 милиони за време на Студената војна (1987 година). Не постои регион во светот каде не се забележува редукцијата во односот помеу регуларниот персонал во вооружените сили и возрасната популација и покрај фактот што апсолутниот број се зголеми во одредени региони (Централна и Источна Африка, Јужна Азија и сл.). Европа (Источна и Западна) беше регион со најголеми намалувања. НАТО продолжува да го редуцира бројот на војници, и покрај веќе обемното намалување од 6.6 милиони војници во 1987 година на 4,5 милиони во 2000 година. Ваквите движења не се рефлектираат на намалување на воената моќ, туку претставуваат тренд

присутен кај богатите земји да создаваат помали армии со подобра опременост. Новата "Војна против тероризмот" може да влијае на промена на стратегијата и на запирање на ваквиот тренд, односно на повторно зголемување на бројот на војници. Сепак, во пост-конфликтите земји и региони продолжува процесот на демобилизација и реинтеграција на војниците во цивилното општество, како на примерот на некои Афрички земји, Косово и сл.

Петтиот елемент, прашањето на воените бази и нивното натамошно затворање продолжува и во 2001 година. Сепак, нивното затворање иако беше најавувано во врска со преструктуирањето на вооружените сили, треба да се разбере повеќе како желба за намалување на трошоците отколку како процес на разоружување на глобалните вооружени сили. Преструктуирањето беше причина за затворање на поголем дел од воените бази во Европа, додека плановите за затворање на базите во САД беа запрени како резултат на отпорот на тамошните заедници, каде беа сместени базите и како резултат на терористичките напади. Сепак, трендот на затворање на големи воени бази продолжува во светот, а САД претставува единствена земја која сеуште има глобална мрежа на воени бази. Политиката за воените бази после "11 септември" останува непроменета, односно САД и нејзините сојузници го задржуваат нивното присуство во регионите на Централна Азија и Источна Африка. Сепак, администрацијата на САД може да го забрза процесот на затворање на базите во останатите региони, со цел да се намалат инвестициите за одржување на воените бази со цел пренасочување на средствата во зголемена модернизација на вооружените сили. Дополнителен глобален тренд, кој е очигледен во 2001 година, е движењето кон приватизација на воените инсталации и нивното одржување.

Прашањето на располагање со вишокот на оружје, пред се држењето на конвенционално оружје (како тенкови, артилерија, борбени авиони) се намалува, како резултат на намалување на тензиите помеѓу Истокот и

западот. До 2000 година, забележано е намалување од 32% на конвенционалните воени потенцијали. Ако сакаме да го означиме почетокот и крајот на периодот на пост-Студената војна, деновите на падот на Берлинскиот ѕид (09.11.1989. година) и терористичките напади врз Њујорк и Вашингтон (11.09.2001. година) можат да се сметаат како најсоодветни. За периодот на пост-Студената војна беше карактеристичен процесот на екстензивно разоружување и конверзија на воените расходи, додека сега сме сведоци на започнување на повторно вооружување на глобално ниво во новиот милениум. Сепак, како и во периодот после Студената војна, ваквиот нов генерален тренд во себе содржи многу различни процеси во различни земји и региони. Паралелно се одвиваат процеси на вооружување и разоружување, пораст на безбедносните сили и крај на воените конфликти, со отварање на можности за намалување на воените капацитети на локално и регионално ниво. Шансите и предизвиците за конверзијата сеуште постојат. Се разбира, таквите локални и регионални процеси на демилитаризација не можат да продолжат изолирани едни од други или од глобалните трендови, односно сеуште постојат опасности конфликтите да се пренасочат во поинакви облици на тензии.

Опортунитетите за кооперативен нов светски поредок сеуште постојат. Но да ли тие ќе се реализираат? Можат ли лекциите од 11 септември да се научат и можат ли да се променат меѓународните агенди за надворешната и безбедносната политика, политиката на контрола на вооружувањето, економската политика, помоштите и мирот воопшто? Моментално во повеќето земји во светот се прават нови проценки и се преиспитуваат досегашните политики. Постојат надежи дека реакциите на терористичките напади врз САД можат да го обединат светот во прифаќањето на мултилатерализмот и кооперативноста. Во областа на разоружувањето, контрола на вооружувањето и конверзијата моменталните резултати се спротивни: повторно зголемување на силата и унилатерални акции.

Седми дел

7. ОДБРАНАТА ВО ТРАНЗИЦИЈА

7.1. Одбранбено осамостојување на Република Македонија

Република Македонија започна со изградба на сопствен безбедносен систем после осамостојувањето, за разлика од другите Југословенски Републики, кои вршеа подготовки и создаваа сопствени безбедносни сили, додека беа во заедничката Федерација, со цел истите да ги употребат за стекнување на сопствената независност. Сепак, за разлика од другите Републики, Македонија успеа на мирен начин да се здобие со самостојноста, но на планот на одбраната беше извршена комплетна демилитаризација, односно државата остана без воена техника и опрема, неопходна за организирање на квалитетен систем за одбрана, како дел од обврската од договорот за повлекување на ЈНА од Република Македонија.

Во Република Македонија концептот на безбедноста, поголемиот дел од јавноста ја изедначува со одбраната (традиционален концепт), односно само на јака и добро вооружена армија се гледа како на гарант на мирот и безбедноста на државата. АРМ започна да се гради врз искуствата од поранешната ЈНА, што беше сосема логично заради кадарот кој од таму потекнуваше. Во првиот период постоеше огромен ентузијазам кај старешинскиот кадар, кој и покрај лошите услови и минималната опременост, веруваше во решеноста на државата да создаде Армија, која како и поранешната ЈНА, би била гордост на народот и државата. Таквиот елан започна да "спласнува" кога стана јасно дека Армијата не се наоѓа на врвот на Владината агенда на најважните работи во државата и не се исполни посакуваната динамика на опремување и легислативно дефинирање на

АРМ.[156] Имено, власта не ги решаваше најгорливите проблеми на Армијата согласно "очекувањата" на армискиот состав (вооружување, социјална позиција на старешините, регрутните проблеми и сл.). Од друга страна, власта мотивирана од желбата за зачленување во НАТО, започна со трансформации на Армијата, согласно готовите "западните" концепти, кои доаѓаа "од надвор". Државата се одлучи за примена на готови концепти за реформи на безбедносниот систем, без при тоа, во доволна мера, да се земат во предвид сопствените интереси и потреби. Причините за ваквиот период можат да се лоцираат во немањето доволно искуство во раководењето со државата и водење на политика, како и немањето обичај за безбедносните прашања да се комуницира со сопствените граѓани. Ова се должи на недоволниот развој на цивилното општество, така што за прашањето на безбедноста на државата одлучуваа релативно мал број на луѓе, без вклучување на авторитети од научниот и практичниот живот на државата, невладини организации кои го следат секторот на безбедноста и др. Од друга страна, политичката елита, во недостаток од квалитетни стратегиски размислувања за иднината на развојот на државата, прифаќа веќе готови, понудени концепти од страна на "меѓународната заедница", верувајќи дека со тоа се решаваат проблемите за безбедноста на државата. Преовладуваше мислењето дека единствена цел на системот за одбрана е зачленувањето во НАТО, со што не се посветуваше доволно внимание на борбената готовост на Армијата и способноста да одговори на уставните задачи. Ваквата состојба кулминираше со појава на воената криза во нашата земја, во која "реформираниот" безбедносен систем ги покажа сите свои слабости.

Се чини дека реформите на Армијата се правеа без консултации со сопствениот научен потенцијал, стручноста и искуството на луѓето од безбедносната бранша. Надежите на државата беа дека со прифаќањето на

[156] Б. Ванковска, *Publci Image of Security, Defence and the Military in Macedonia: In a Broken Mirror*

странските ставови и концепти и создавањето на безбедносната политика по мерка на странците, државата полесно ќе влезе во кругот на земји членки на трансатлантската интеграција.

Направените реформи во безбедносниот систем повеќе беа козметички, со нагласување на демократската трансформација на Армијата, отколку што вистински придонесуваа за подобрување на борбената готовност и ефикасност на АРМ, додека во останатите сегменти на системот на безбедност едвај да беа започнати. Во државата беше создадена состојба во која политичкото раководство и граѓаните имаа и имаат сосема поинакви перцепции за безбедноста на државата. Политичките елити декларативно изјавуваа дека земјата е подготвена за членство во НАТО, додека граѓаните стравуваа за сопствената иднина. Со приемот на земјата во програмата "Партнерство за мир" се веруваше дека патот за полноправно членување во најмоќната воена и политичка организација е речиси изоден, односно дека земјата се наоѓа во чекалната на НАТО (што ПЗМ де факто не е). Како да се подзаборави на фактот дека безбедноста на секоја држава е обврска на секоја од земјите членки на НАТО.

Република Македонија, како млада држава немаше искуство во планирање на безбедносната политика, проценка на ризиците и изградба на одбраната, а немаше ни многу време и простор тоа да го научи. Државата постојано се наоѓаше под разни видови на притисоци од надвор и од внатре, а дополнителен проблем претставуваше сложената економска состојба во која се наоѓаше. Од друга страна, како остаток од поранешниот систем, на прашањето на одбраната и изградбата на безбедносните сили, се гледаше како на ексклузивно право на мала група на луѓе кои ги носат одлуките, затскривајќи се зад потребата од тајноста на таквите подготовки. Политичките елити го задржаа правото да одлучуваат и да ја проценуваат безбедноста, а конечно и да ја реализираат според своите видувања. Во таква состојба се создадоа услови за бројни злоупотреби на власта, која согласно

сопствените проценки и тесно партиски интереси вршеше реорганизации, вработувања и набавки, што конечно резултираше со ширење на корупцијата и субјективизмот во безбедносниот сектор. Поширокаta јавност воглавно беше многу тивка, под страв од војна која беснееше во сосетството и навиката на молчење од времето на комунистичкото владеење од минатото. Ваквата состојба беше подржувана од државно-контролираните медиуми и само ретко беше нарушувана од ставовите на опозицијата. Промената на власта во државата не донесе подобрување на состојбите, туку напротив продолжи обезличувањето, партизацијата и нестручното владеење со безбедносниот сектор, што конечно резултираше со неговата неподготвеност да одговори на заканите по безбедноста на државата во 2001 година.

Неопходно е премостувањето на јазот кој постои помеѓу државното раководство и воените лидери од една страна и граѓаните на земјата, што претставува придобивка на цивилното општество, кое сакаме да го градиме. За таа цел неопходно е активно учество на невладиниот сектор, медиумите, истражувачките и научните институции, со што "гласот" на домашната јавност и "домашните" перцепции за безбедноста би се инкорпорирале во безбедносната политика на државата. На ваков начин демократијата би влегла во сферата на безбедноста, со тоа што останува на власта да направи разумен баланс помеѓу заканите за безбедноста и потенцијалите на државата.

Имајќи ги во предвид безбедносните предизвици за Република Македонија, како и националните интереси, се јавува потребата од промена на мисијата за вооружените сили, што заедно со демократизацијата на процесите на одбрамбениот менаџмент, како и воспоставувањето на пазарната ориентација во економијата, влијае и врз моделирањето на одбраната.

За доносителите на одлуките на стратегиско ниво од исклучително значење е да ги знаат и карактеристиките на денешните војни. Основни карактеристики на повеќето конфликти од 21 век се (или ќе бидат): прво,

станува збор за судири помеѓу етнички или различни конфесионални групи, второ, најголем дел од нив ќе се реализира во рамките на границите на постојните држави (внатрешни конфликти), трето, генерално во нив нема да бидат инволвирани витални национални интереси на други држави, четврто, ќе се одвиваат во густо населени, урбани средини, но генерално неразвиени подрачја, петто, ќе бидат насилни, неконтролирани, децентрализирани, со употреба на терористичка тактика и сл.

Во контекст на споменатите карактеристики на современите конфликти произлегуваат и задачи за вооружените сили на секоја земја во 21 век. Таквите задачи можат да се групираат во четири основи категории: прво, учество во меѓународни воени операции, второ, поддршка на домашната цивилна власт, трето, хуманитарна помош и четврто, унилатерални воени операции.

Во првата група на задачи на учество во меѓународни воени операции влегуваат задачи како што се мировни операции (сите четири основни вида), поддршка на мировни договори и сл.

Во втората група влегуваат задачи на поддршка на домашната цивилна власт. Станува збор за повеќе задачи, како што се обезбедување на границите и спроведување на законите, спречување на шверцерски операции и сл., што се доминантни полициски задачи, а како најважна се истакнува борбата против тероризмот.

Во третата група на задачи влегуваат хуманитарни операции, како што се помошти при катастрофи, логистичка поддршка на меѓународни невладини организации, помош на бегалци и сл.

Под унилатерални воени операции се подразбираат задачи како демонстрација на сила, воени дејствија, превентивни операции, операции за евакуација на цивилно население и слично.

Новите карактеристики на потенцијалните конфликти, како и задачите за вооружените сили во 21 век, треба да претставуваат основа за

профилирање и изградба на системот за одбрана на една земја. Во изградба на безбедносниот систем грешките не се дозволени. Грешки направени на стратегиско ниво генерираат далекусежни негативни последици за националните интереси на една земја, односно конечно резултираат со човечки жртви, уништени семејства, домови, цели економии и слично.

Во процесот на изградба и развој на системот за одбрана не смее да се заборава фактот дека безбедносната агенда на Европа се базира на три основни вредности: прво, секоја земја мора да се грижи за својата безбедност, дури и ако е во алијанса; второ, безбедносните проблеми мораат да се решаваат на база на помош на регионално и субрегионално ниво и трето, мора да постои солидарност помеѓу земјите за безбедносните прашања.

7.2. Одбраната на крстопат

7.2.1. Одбраната во транзиција

По осамостојувањето, Република Македонија тргна во формирање на сопствен систем за безбедност. Согласно одредбите на договорот со поранешната ЈНА, беше договорено целокупното вооружување да се изнесе од Република Македонија. Со тој чин беше извршена речиси целосна демилитаризација на нашата земја.

Државата релативно брзо започна со изградба на својот безбедносен систем и тоа, пред се, преку промовирањето и создавање на АРМ. Наследената старешинска структура претставуваше основа на тој процес, како и процедурите и начинот на функционирање. Во изградбата се одеше постепено, како резултат на ограничените финансиски ресурси и проценките за потенцијалната загрозеност на државата. Јасно е дека и најбогатите земји мораат да прифатат такво оптоварување кое ќе биде пропорционално на нивните можности, доколку не сакаат да ги намалат или забават развојните

тенденции на националната економија. Сепак, издвојувањето за одбраната претставува всушност одговор на прашањето колку една влада се чувствува загрозена и колку безбедност таа може да обезбеди. Согласно изнесеното, претходните влади на Република Македонија детерминираа одредена динамика на изградба на Армијата, која во случајот на последната криза, која сеуште трае во нашата земја, се покажа како недоволна.

Таб.бр.24

Воени расходи, селектирани земји, 1991-2000 во мил. дол. (конст.цени 1998)

Земја	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999	2000
Грција	4499	4678	4564	4643	4742	5026	5357	5836	6111	6320
Унгарија	964	889	800	675	598	541	515	618	707	733
Полска	2754	2717	3011	2905	2923	3075	3239	3363	3343	3332
Чешка		/	1148	1075	1014	997	946	1040	1123	1141
Бугарија	810	548	447	364	379	293	272	312	351	337
Латвија		/	46.1	53.7	52	40.4	39.2	42	54.8	67.1
Литванија		/	73.1	39.5	41.1	48.3	79.3	134	106	154
Словенија		338	292	287	329	338	323	302	282	302
Романија	1755	1382	834	981	975	894	963	827	660	633
БиХ		/	/	164	237	129	152	216	227	
Македонија		/	/			97.5	77.4	79.7	89	83.3

Извор: СИПРИ

Таб.бр.25

Воени расходи како % од БДП, селектирани земји.

Земја	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	1999
Грција	4.3	4.5	4.4	4.4	4.3	4.5	4.6	4.8	4.8
Унгарија	2.2	2.1	1.9	1.6	1.4	1.3	1.1	1.3	1.4
Полска	2.3	2.3	2.6	2.3	2.1	2.1	2.1	2.1	2
Чешка	/	/	2.4	2.1	1.8	1.7	1.7	1.9	2
Бугарија	3.3	2.9	2.7	2.5	2.5	2.1	2.4	2.5	2.8
Латвија	/	/	0.8	0.9	1	0.7	0.7	0.7	0.9
Литванија		/	0.7	0.5	0.5	0.5	0.8	1.2	1
Словенија	/	2.4	1.9	1.8	1.9	1.9	1.7	1.5	1.4
Романија	3.6	3.3	2.1	2.4	2.1	1.8	2.1	2	1.6
БиХ		/		16.5	17.3	4.6	4.2	5.3	5
Македонија	/	/				3	2.3	2.3	2.5

Извор: СИПРИ

Компаративната анализа на издвојувањата за одбраната на Република Македонија и другите европски земји покажуваат дека Република Македонија се наоѓа некаде "во средина" според "вложувањата во одбраната", што првобитно би можело да се окфалификува како позитивно. Сепак, имајќи во предвид дека Македонија "стартуваше речиси од нула", издвојувањата за одбраната беа недоволни, што се потврди и во безбедносната криза во 2001 година.

Покрај веќе споменатите карактеристики на современите конфликти, во случајот на нашата земја како да беше заборавен фактот дека во земјата постои висок ризик од појава на внатрешен конфликт, што уште повеќе го потенцира проблемот на недоволно издвојување за безбедноста на државата.

Армијата се градеше врз "темелите" од поранешната ЈНА, односно АРМ прифати речиси истоветни организациско-формациски структури и процедури на работа. По дефинирањето на членството во НАТО како основен национален интерес и стратегиска цел, кон кое тежнее да се

приклучи Република Македонија, во Армијата започна да се реализира процес, кој требаше да обезбеди целосна замена на таквата поставеност на Армијата со нова, поинаква структура, компатибилна со системите на земјите членки на НАТО. При профилирањето на Армијата се одеше кон прифаќање на организациите и процедурите на НАТО, со одредена комбинација на стариот систем. Она што се добиваше со комбинација на тие два принципи е систем кој не ја зголеми борбената и оперативната способност на Армијата. Старата организациона структура на Армијата не кореспондира со новите видови на безбедносни ризици и воопшто, климата која владее во системот на меѓународна безбедност. Поставеноста на Армијата не одговара ниту на новите темели на општествено-економско уредување на земјата. За Армијата треба да претставува императив следењето на сите квалитативните промени во општеството на одговорен и ефикасен начин, со што се постигнува компатибилност помеѓу општеството и вооружените сили. Промените кои се правени со цел Армијата да се приближи кон новите норми прифатени во општеството, повеќе беа само од козметичка природа, одошто темелно преструктуирање и прифаќање на нормите на ефикасен менаџмент и професионално работење.

Во преструктуирањето на Армијата е неопходно воспоставување на нов авангарден високо професионален систем на работење, со почитување на сите принципи на современо работење, како и докажаните искуства на успешно раководење со големите системи. Акцентот требаше да биде на дефинирањето на основните долгорочни правци на идниот развој на Армијата, со што пред се би се избегнало ад хок одлучување и би се обезбедил континуитет во работењето. Неопходно е воведување на современ систем на донесување на одлуки со што би се избегнала тромоста и инертноста на системот и би се постигнало брзо и ефикасно одлучување. Процедурите мораат да се базираат на детерминантите на еден современ менаџмент и почитување на пазарните принципи на работење. Тоа де факто значи и почитување на основните категории на економско работење како

што се продуктивност, ефикасност и рентабилност, кои би се операционализирале преку ефикасно извршување на поставените задачи и економично располагање со ограничените финансиски потенцијали.

Како императив се наметнува потребата од "чистење" на Армиското ткиво од непрофесионализам, волунтаризам, субјективизам кои обременуваат добар дел од нејзиното работење. Неопходна е ефикасна рационализација на работната сила, нејзина максимална мобилност и оперативна способност. Армијата мора да се појави на слободниот конкурентски пазар на работна сила, што од една страна ќе овозможи обезбедување квалитетен кадар, но од друга страна бара од воениот сектор да биде конкурентен со цивилниот сектор, во смисла на плати, услови за живот и работа или други бенефиции. Неопходна е правилна валоризација на секој труд, која ќе биде втемелена на квалитетна проценка на должностите, одговорноста и ризиците во работењето. Ова претставува неопходен предуслов за успешно работење на сите припадници на Армијата. Воениот сектор треба да вложува напори да привлече млади и стручни луѓе за воена служба, преку адекватна политика на плати и други бенефиции, но од друга страна во никој случај не смее да претставува место каде би се реализирале партиските ветувања или намалувале социјалните тензии. Досегашните решенија во тој контекст не кореспондираат со реалноста, постојат доста парадокси, а дел од нив дури и претставуваат потенцијален извор на незадоволство.

Безбедносната криза во Република Македонија генерира потреба од максимално ангажирање на сите сегменти на одбраната, нејзино соодветно мобилизирање и брзо и ефикасно отклонување на сите видови на закани на мирот во државата. Република Македонија мора, во согласност со можностите да ги активира и соодветно развива своите елементи на воениот потенцијал. При тоа преку националната стратегија мора да се обезбеди целисходно, пропорционално и хармонично активирање на сите или поголем

дел од факторите или елементите на воениот потенцијал и нивно најдобро можно прилагодување заради остварување на целта.

Посебно внимание треба да се посвети на динамичниот развој на ефективите, како и да се овозможи стабилна поддршка на воениот и морално-политичкиот фактор кои се решавачки и ургентни фактори на воениот потенцијал на државата. Активирање и подобрување на овие два елементи на воениот потенцијал треба да претставува основна стратешка определба на раководството на една земја.

Кај воениот фактор акцентот треба да биде на мобилни, професионални и добро вооружени единици кои веднаш можат да се користат и да стапат во дејство, со врвна обученост за против-терористичката борба.

Потребни се промени во димензионирањето и обуката на резервниот состав на Армијата. Големината и обученоста на резервниот состав претставува втора важна компонента на оперативаната армија. Обуката на овој дел од вооружените сили мора да биде континуирана и квалитетна, со што би се добила бараната борбената способност на резервниот состав и нивна подготвеност за ракување со современи борбени системи.

Квалитетот и квантитетот на вооружувањето и техниката мора постојано да се следи и подобрува, за да не се "губи" чекорот со современите трендови. Република Македонија се одлучи за набавка на ново и современо оружје кое ја зголеми огнената моќ на нашите вооружени сили. Таквиот тренд мора да продолжи и во иднина, согласно економската моќ на земјата, заради фактот што безбедноста на државата и нејзините граѓани немаат алтернатива и претставуваат основен национален интерес.

На ова се надоврзува потребата од постојано усовршување на тактиката и вештината на војувањето на единиците. Потребни се промени во системите за обука и воено образование. Акцентот во воената едукација и обука треба да се стави на изучувањето на тактиката на антитеристичка борба. Тоа произлегува од фактот што воената идеологија, нивото на воената

наука и воена вештина, способноста на раководниот кадар на Армијата во совладување на искуствата на современите војни, можност за правилна оценка на карактерот и физиономијата на идните војни и др., се воени фактори на воениот потенцијал на земјата, кои најчесто решавачки влијаат на искористувањето на воениот фактор.

Паралелно со јакнењето на воениот фактор треба да се работи на подобрување на моралната компонента на одбраната. Факторот морал на живата сила се операционализира преку ентузијазмот на борците и раководните структури на земјата во борбата за одбрана на татковината и националните интереси. Станува збор за фактор кој генерира таква сила која најчесто решавачки влијае на исходот на борбата. Овој фактор може да ги засени сите останати фактори на воениот потенцијал и сите теории и пресметки за воениот потенцијал на противникот. Подготвеноста на народот и Армијата да ги поддржат сите мерки на државната власт и нивната способност во тек на подолг временски период да ги поднесат барањата на војната, имаат значително и решавачко влијание на исходот на војната. Евентуалното занемарување на морално-политичките фактори или нивно ставање во втор план, претставува сериозна грешка, заради фактот што можеби станува збор и за доминантен фактор на воениот потенцијал.

Свој придонес кон подобрување на моралот во Армијата ќе дадат соодветниот развој на воениот фактор, како и претходно споменатите елементи како што се "праведен" систем на плати и други бенефиции за вработените од одбраната. Но сепак, како критични се истакнуваат елиминацијата на корупцијата и истакнување на транспарентноста во сите сфери на работењето. Неопходно е да се обезбеди елиминирање на субјективизмот и нетранспарентноста во работењето на управните органи. Сето ова влијае врз одзивот на регрутниот и резервниот дел од армијата и борбениот морал на живата сила и има директни импликации врз безбедносниот систем на државата.

Со промените кои навистина се неопходни Армијата и воопшто Република Македонија има шанса да се приклучи кон групата на глобални победници и да ја избегне судбината на локалните губитници.

7.2.2. Правци на развој на вооружените сили на Република Македонија

Безбедносната криза која ја зафати Република Македонија однесе голем број, пред се, млади животи, како на цивили, така и од редовите на нашите безбедносни сили, предизвика сериозни разурнувања во дел од државата, како и масовни раселувања на луѓе и создаде "армија бегалци". Освен загубениот мир и слобода, кои се непроценливи и ненадоместливи, направени се и огромни економски штети во државата, кои и онака тешката економска состојба во земјата, дополнително ја влошија.

Војната, сама по себе, како и последиците од неа, провоцираат бројни прашања, на кои вистински одговор треба да се даде преку студиозни научни анализи, во повеќе области. Целта на анализите треба да биде интенцијата да се откријат корените на кризата, нејзините генератори, политичко-економски и социолошко-правни консеквенци. Се разбира, сознанијата до кои на тој начин ќе се дојде, треба да се искористат за отстранување на направените грешки, односно да послужат како превентива да нема повеќе појави на насилство и вооружени конфронтации, и конечно за успешно водење на борбените дејства, ако истите се неизбежни.

Искуствата од досегашните воени дејствија кои се одвиваа на просторот на Република Македонија, на површина исфрлија бројни слабости на нашите безбедносни сили. Пројавените слабости мораат да бидат сигнал за тревога и обврска нешто да се менува во поставеноста, организацијата и функционирањето на безбедносниот систем. Детална и стручна анализа на пројавените аномалии, треба да биде почетен чекор во настојувањето да се изгради нов, поефикасен безбедносен систем.

Станува сосема јасно дека акцентот треба да биде на изградба на мала, мобилна, високо професионална армија, поставена на сосема поинакви принципи, која конечно би била многу поефикасна. Сегашната поставеност на Армијата се карактеризира со неповолен сооднос помеѓу административните и извршните органи. Управните органи на Армијата се гломазни, троми и непродуктивни. Извршните органи и единиците се мали, недоволно пополнети, слабо обучени и недоволно опремени. Таквата состојба резултира со недоволна ефикасност и потешкотии во изведување на посериозни борбени задачи. Организациската поставеностата на Армијата не одговара на актуелните состојби во општеството, во кое доминира капитал односот и "трката за профити". За пазарната економија иманентна е професионализацијата на безбедносните структури. Пазарната економија признава само високо ефикасни и успешни организации, а на такви барања можат да одговорат само професионални, добро обучени и вооружени формации. Досегашната поставеност на одбрамбениот систем генерираше создавање на бирократски структури во одбранбениот сектор.

Последната криза потврди дека одбраната треба главно да се потпира на професионален кадар, помал дел на регрути, а во услови на посериозни кризи на употреба на резервен состав. Исто така, важно е правилно да се селектираат војниците во резервниот состав за да се постигне оперативна и тактичка ефикасност на вооружените сили. Тоа значи и диференцијација според старосна структура. Постарите обврзници треба да бидат дел од цивилната одбрана, додека помладите би биле ангажирани во стратегиските сили.

Во имплементацијата на оваа идеа за професионализација на Армијата се појавува една дилема. Прашањето за професионални војници е сензитивно прашање во едно мултиетничко општество. Имено, војниците би требале да бидат со различна етничка структура, затоа што е од исклучително значење Армијата да се признава како вооружена сила на сите националности кои живеат во државата. Согласно на тоа, селекцијата на војниците треба да

обезбеди пропорционална процентуална застапеност на националностите, како што тоа го овозможува регрутниот модел. Тоа е решението со кое би се избегнало мултиетничко конфронтирање и претставува мерка за градење на меѓуетничка доверба. Армијата е отворена за сите оние на кои мирот и стабилноста во државата им се во интерес, без оглед на националната припадност.

Случувањата во нашата земја како и сегашната состојба генерираат потреба од итно рекомпонирање на нашите вооружени сили, нивна максимална професионализација и осовременување, без оглед на постојните дилеми и ограничувања.

Мирновременот контигент на војската на ниту една држава во светот, без оглед на степенот на нејзиното национално богатство и големината на националниот доход, не може да превземе на себе самостојно водење на современа војна, кој бара максимално и тотално ангажирање на живата сила и на материјални средства. Заради тоа, големината и обученоста на резервниот состав претставува втора важна компонента на оперативаната армија. Меѓутоа, потпирањето на вооружените сили врз недоволно обучен резервен состав, со ниско ниво на дисциплина и без елементарни воени познавања, резултираа со неефикасност во борбените акции. Сето ова наведува на заклучок дека промените во безбедносниот систем се наметнуваат како императив, без алтернатива, ако Република Македонија сака адекватно да одговори на сите видови безбедносните предизвици и да се сочува територијалниот интегритет и суверенитет на државата.

Во обид да се постигне саканата цел, изградба на силни и респективни вооружени сили, треба да се тргне со реконструкција на основите и сите релевантни елементи на системот за одбрана. Треба да се решаваат сите "отворени" прашања, за да се состави мозаикот на ефикасниот систем за безбедност. Се разбира дека во решавањето на сите релевантни прашања треба да бидат вклучени стручни лица од сите области, од научниот и оперативниот дел на Армијата.

7.2.3. Кооперативна одбранбена политика на Република Македонија помеѓу плановите и буџетската реалност

Еден од предизвиците пред кој се наоѓа нашата држава на патот на стабилизација и асоцијација за приклучување кон Европската Унија, е обврската за соработка во областа на безбедноста и одбраната, со земјите од регионот и пошироко. Станува збор за услов без кој не е можно приклучување на земјата во евроатлантските интеграции.

Република Македонија е кандидат за членство во НАТО, која сеуште ја чека поканата за влез во најмоќната светска алијанса. Но исто така е јасно, како што истакна Лорд Робертсон дека: "Партнерството во голема мерка претставува една реална двонасочна улица.....", и фактот што "НАТО сака држави, кои можат да генерираат безбедност, а не земји, кои само ја консумираат". Системот за безбедност треба да биде така организиран и функционален за да може да ја остварува својата уставна функција.

Потребата од соработка и подобрување на неговата функционалност ја потенцира неопходноста од реформи во безбедносниот сектор. Денес веќе не би смеело да се поставува прашањето како реформата треба да се прави, туку како истата да се направи најбрзо и во рамките на расположливи буџетски ресурси.

Еден од првите елементи во анализата претставува потребата од согледување на економската суштина на безбедносните реформи. Имено, движечка сила на секоја општествена промена претставува стремежот за рационализација на мислењето и делувањето. Општествените движења имаат за цел постигнување на едно високопродуктивно општество, каде до израз доаѓа поголема специјализација и подобра соработка помеѓу сите субјекти во општеството. Нараснувањето на сложеноста на врските помеѓу демографијата, културата, политиката, економијата, технологијата и социологијата на општествените групи, под притисок на стеремежот за

физичкото унапредување на квалитетот на животот, претставува најголема пречка на развојот.

Клучна улога за успех во развојот на општеството како целина и на неговите сектори има балансот помеѓу современата технологија и квалитетната економската организација на конкретните дејности. Зголемената специјализација во користењето на продуктивната технологија, координирана со современ менаџмент, претставува пат кој води кон одржлив стопански развој.

Ваквите размислувања се аргументи за носителите на политиката, чија цел е имплементација и успешно спроведување на реформите во одбраната. Перспективите и курсот на таквите реформи треба да бидат: професионализација на персоналот, модернизација на вооружувањето и ефикасност на администрацијата во одбраната. Ваквите правци на промените не можат да се разгледуваат изолирано од тековната состојба на планот на регионалната безбедност, кои би можеле да ја забават или забрзаат соработката на полето на одбраната. Од тие причини е неопходно да се разгледаат споменатите насоки, да се анализираат потенцијалните можности и ризици, кои се создаваат после најновите случувања во регионот.

Поканата за членство на две земји од регионот Бугарија и Романија за членство во НАТО, на последниот самит на алијансата во Прага, претставува силен позитивен импулс за останатите земји од регионот да превземат решителни чекори на планот на безбедноста и за нивно приклучување кон НАТО. На ова се надоврзуваат и демократските промени во СР Југославија, стабилизирање на кризата во Македонија и усилбите за зголемување на соработката на нашата земја во областа на безбедноста со Албанија и Хрватска. Позитивен инпут претставува сеуште присутниот интерес на меѓународната заедница за стабилизација, мир и економски просперитет на регионот, изразен преку Иницијативите на Пактот за стабилност и помоштите на НАТО и Европската Унија. Подобрување на безбедносната

клима во регионот претставува добра основа за земјите од регионот за реализација на зацртаниот курс и реформите во безбедносниот сектор.

Сепак, јасно е дека и за најдобрите сценарија е неопходно да се мобилизираат националните напори и да се забрзаат реформите во одбраната. Спротивно однесување ќе значи испуштање на создадените можности за стабилизирање на безбедносната состојба во регионот.

Од друга страна, покрај добрите можности се појавуваат и нови, сериозни предизвици за земјите од регионот и меѓународната заедница. Како поважни прашања, кои ја обременуваат сеуште кревката безбедносна состојба во регионот би ги истакнале способноста на властите во Белград да изградат реално, демократско и интегрирано општество, намерите за стекување на независност на Косово, позицијата на Црна Гора во идната заедничка држава, готовноста на Југославија да се вклучи во процесите на евроатлантската и европска одбранбена интеграција, нереализираната определба на меѓународната заедница за економска помош на регионот, стабилизација на безбедносната и економската клима во Албанија и Македонија, корупцијата и организираниот криминал и др.

Тешко можеме да го предвидиме развојот на настаните во регионот, но сме сосема уверени, дека во услови на негативен развој на настаните, уште повеќе ќе се зголеми потребата за забрзување и целосно спроведување на реформите во безбедносниот сектор.

Прва обврска претставува професионализацијата на АРМ. Прашањето за професионализација на армијата се јавува во услови кога отсуствуваат директни закани за агресија од надвор, односно ризикот од меѓу-државен конфликт е речиси минимален, а се актуелизираат новите видови на безбедносни ризици (тероризам, организиран криминал и сл.). Во такви услови, се повеќе, се појавува потребата од напуштање на концептот на масовни армии базирани на регрутен систем и професионализација на армијата. Исто така, потребата за професионализација на армијата

дополнително се актуелизира од потребата за извршување на задачи и борбени дејства надвор од сопствената територија. Сосема е јасно дека извршување на задачите надвор од сопствените граници, како и остварување на својата уставна задача во услови на современи конфликти е можно само со професионален состав на Армијата. Имено, неопходноста од професионална армија се осознава тогаш, кога се напушта тесното (традиционалното) разбирање на безбедноста, каде на армијата се гледа како на основно (дури и единствено) средство за гарантирање на територијалната целокупност, суверенитетот и независноста, а се аплицира поширок концепт на безбедноста, каде армијата се јавува како еден сегмент од безбедносниот систем и гарант против загрозувањата на економските интереси и слободата на граѓаните. Прифаќањето на таквото стојалиште произлегува од коалицирањето на економските и политичките интереси, кое неизбежно се појавува како резултат на глобализацијата на општествениот живот. Неприфаќањето на таквиот концепт претставува одлука за самоизолација и е де факто во спротивност на националните интереси.

Можноста од превземање на ограничени безбедносни операции надвор од националната територија, а при тоа да не се зголемува финансиското оптоварување на сопствените граѓани и без задолжителна воена служба во армијата, логично води кон професионализација на армијата. Имено, таквата способност е неопходна за гарантирање на глобалната и регионалната безбедност и затоа се бара од сите земји членки и кандидати за членство во НАТО, како и од учесниците во развивањето на иницијативата за изградба на европскиот одбранбен идентитет.

Определбата на државата за постепена професионализација и намалување на времетраењето на служењето на воениот рок претставува вистински потег и исправен курс во реформите на безбедносниот сектор. Паралелно со овој потег во тек е спроведувањето на заложбите за намалување на бројот на високи офицери во Армијата и цивилни лица на

работа во Министерството за одбрана, која треба да биде поткрепена со соодветна социјална програма. Не треба да се гајат илузии дека дека ќе дојде до намалување на расходите за персонал, поради фактот што професионализацијата со себе носи зголемување на споменатата категорија на расходи. Сепак таквата активност ќе влијае на остварувањето на основниот елемент на реформите на одбраната. Имено, при конципирањето на Армијата треба да се примени тнр. "4М концепт", односно да се создава мала, млада, модерна и мобилна армија.

Операционализацијата на определбата за професионализација на одбраната треба да претставува планска активност, при што до израз треба да дојде компатибилноста на планирањето на човечките ресурси и расположливоста на финансиски средства. Станува збор за основниот елемент на системот за планирање и програмирање на буџетот (ППБС), каде менаџментот на човеките ресурси е извонредно значајна компонента. Во таа насока треба да се оди при развивањето на различните видови на сили и персонал (зголемување на подофицерскиот кадар, едукација и обука на офицерскиот кадар и сл.).

Втор елемент на реформите треба да биде модернизација на вооружувањето. Модернизацијата на вооружувањето, одбранбената техника и инфраструктура се тесно поврзани со квалитетот на одбраната. Јасно е дека софистицираните оружја не можат да бидат експлоатирани од непрофесионален персонал. Подлабока економска основа на таквиот однос може да се открие преку анализата на двете економски категории труд и капитал. Извесно е дека технологијата на одбраната во епохата на Студената војна се базираше на искористувањето на ефтино и масовно вооружување, од страна на масовни армии. Денешната реалност ги отфрла таквите армии како според бројот на персонал, така и по квалитетот и количеството на вооружувањето. Застареното вооружување и неефективна инфраструкура не соодвествува на потребите на општеството, а ослободувањето од него влијае

и на соодветното намалување на потребниот број на кадри, при што не треба да се намали борбената готовност и ефикасност на единиците. Тоа се постигнува со тоа што паралелно со намалување на застарениот капитал (вооружување), се вршат инвестиции во современо вооружување и техника. За реализација на ваквата определба, од економски аспект, неопходно е побрзо отпишување на капиталот (вооружувањето), односно негова забрзана амортизација. Во спротивно, не е можно квалитетно воспоставување на пропорцијата помеѓу трудот и капиталот (персоналот и вооружувањето) и ефикасен и економичен менаџмент на модернизацијата. Во практичниот живот тоа би значело соочување на армијата со огромен баласт на застарена техника, која врзува огромни трошоци за нејзино одржување (делови и работна сила). Во програмата за модернизација треба свое место да најдат и програмите за намалување на воената инфраструктура, развивање на С-4И системите и други програми со модернизационен карактер.

Трет елемент на реформите треба да биде зголемување на ефикасноста на администрацијата. Реформата на администрацијата во одбраната е основен инструмент за координација на организационите напори за остварување на поставените цели. Станува збор за политичка определба, од чие остварување ќе зависи и остварувањето на останатите програми. Со реализацијата на ова програма треба да се направат неопходните структурни промени и секторот на одбраната да добие соодветен, квалификуван и способен за управување менаџмент, кој ќе ги разбира потребите на Армијата, ќе работи како нејзин сервис, со единствена цел за зголемување на ефикасноста на одбраната и елиминирање на безбедносните закани за граѓаните на сопствената земја.Треба да се обезбеди програмско управување на одбранбените дејности, како и подобрување на квалитетот на административната технологија на работа. Нема сомнение дека основен предуслов за ефикасна администација е нејзината едукација и стручност, особено по прашањата на безбедноста, што би можело да се реализира преку

развивање на курсеви во рамките на постоечките образовни институции (Воена академија, Институт за одбранбени и мировни студии и сл.).

Сепак реформите треба да бидат ставени во контекст на буџетската реалност. Споменатите правци на реформите во секторот на одбраната ја наметнуваат потребата владата да ја напушти концепцијата на "мировни дивиденди", всушност трендот на намалување на воените расходи и да премине кон "инвестициите во одбраната". Имено, како дивиденди од појавата на тероризмот, во светот се јавува тренд на повторно зголемување на воените буџети и особено расходите за модернизација на вооружувањето. Во Република Македонија буџетот за одбрана беше во согласност со светските трендови и се одеше кон негово намалување, што не може да се оцени како позитивно, пред се, поради фактот што секторот на одбрана беше целосно демилитаризиран после повлекување на ЈНА од Републиката. Тоа ја наметнуваше потребата од негово зголемување, како би можел да се обезбеди "приклучок" кон останатите земји од регионот, по прашање на опременоста и капацитетот на системот на одбраната. Меѓутоа, во услови на продлабочување на економската криза во земјата и недостиг на средства за финансирање на развојот на националната економија, ваквата потреба беше занемарена. Остварувањето на определбите за преструктурирање на одбраната тешко би можеле да се реализираат во предвиденот процент на издвојување, доколку не дојде до зголемување на БДП (се предвидува зголемување од 6%), со што во апсолутни износи секторот на одбраната би добил повеќе средства. Ако се анализираат движењата на буџетите на земјите кои се поканети за членство во НАТО (Романија и Бугарија), кај истите се предвидува просечно номинално 14% (реално околу 8%, заради предвидената инфлација) зголемување на буџетите за одбрана, што може да се земе како аргумент за размислување и во случајот на Република Македонија. Анализата на трошењето на буџетот на државата покажува дека тој во просек изнесувал 40% од БДП, од кој поголемиот дел бил насочен кон социјалните прашања и не претставувал буџет типичен за либералните

економии. Во такви услови зголемувањето на издвојувањата за одбраната директно би влијаеле на намалување на социјалните помошти и другите општествени услуги, што би можело да се окфалификува како неповолно за остатокот на општеството. Во такви услови, излезот се гледа во поголема рационалност на трошењето на ресурсите, детерминирање на приоритети и пред се програмирање на расходите, со што се елиминира и субјективизмот во располагањето на ограничените ресурси за одбраната.

Можеме да заклучиме дека е неопходно процесот на реформите во одбраната да се забрза, без оглед дали евентуалните сценарија се поволни или неповолни за националната безбедност. Од тоа ќе зависи процесот на одбранбената соработка на државата, како и нејзиното идно европско економско интегрирање.

Ресурсите кои ги издвојува буџетот за спроведување на воената реформа се на граница од можностите и нивно натамошно зголемување може да влијае на зголемување на буџетскиот дефицит.

Перспективен правец на одбранбената политика треба да биде ослободување од застареното и вишокот на вооружување, техника и инфраструктура. Паралелно со тоа мора да се оди и на намалувањето на персоналот.

Големо значење за брзината на реформите има откажувањето од концептот на масовни регрутни армии и преминот кон професионална армија. Ова цел треба да се смета како водечки приоритет во реформите и основа на останатите реформи.

Инвестициите за модернизација на вооружувањето, техниката и одбранбената инфраструктура се клучен фактор за успешна изградба на партнерските одбранбени потенцијали. Неопходна е квалитетна проценка на можностите за одделни дополнителни средства за обновување и модернизација на одбранбениот капитал, во согласност со потребите кои произлегуваат од кооперативните задачи.

7.3. Компатибилност на економската и безбедносната компонента во Република Македонија

Како едно од основните прашања на кои треба да се одговори при димензионирањето и изградбата на вооружените сили е прашањето колку е неопходно да се издвојува за одбраната, за таа да биде ефикасна и да гарантира безбедност на своите граѓани, односно прашањето за фискалните ограничувања на буџетот за одбрана.

Одредување на оптимален буџет за одбрана претставува прашање кое е од исклучително значење за секоја држава. Од анализите правени по тоа прашање во современата воена и економска наука произлегува еден основен заклучок дека сите финансиски средства доделени на одбраната под минимумот или околу него, се јавуваат како облик на бесцелно трошење на пари, поради тоа што тие од воен аспект не се доволни да одговорат на сите видови на закани на националаната безбедност, а од економски аспект не влијаат позитивно врз функционирањето и параметрите на националната економија, кои би можеле да се очекуваат. На жалост Република Македонија и нејзиниот систем за одбрана претставуваат еклатантен пример за таквата констатација.

Во годините по осамостојувањето на државата, одбраната според обемот на издвојувањата не беше еден од главните приоритети во државата, односно, можеме да констатираме дека десет години по ред не се издвојуваа доволно средства за потребите на одбраната, средства кои би гарантирале успешно извршување на со уставот поставените задачи. Се разбира, дека средствата не можат да се сметаат како единствена причина за појавените слабости, но сепак, Армијата ја пречека војната недоволно опремена и подготвена. Покрај објективните причини во смисла на финансиски лимити, како што веќе истакнавме и голем број субјективни слабости влијаеа на таквата состојба, а кои се операционализираа преку одредување на погрешни приоритети во опремувањето на Армијата, нејзината несоодветна

организациска поставеност, недоволна опременост и пополнетост на единиците и сл.

Индекси на движење на воени расходи по земји *1998=индекс 100*
цени и курсеви од 1993

Таб.бр.26

	1988	1989	1990	1991	1992	1993	1994	1995	1996	1997	1998	Во мил.$	Промена во мил.$
Албанија	818	783	612	219	166	149	144	149	131	122	100	20	*100*
Австрија	104	98	103	101	97	96	97	98	99	100	100	1.800	
Белгија	142	139	137	135	110	105	105	102	101	100	100	3.700	
Б и Х.							142	192	83	113	100	120	
Бугарија	832	798	505	183	114	120	122	137	127	98	100	210	
Хрватска					126	120	156	173	121	98	100	1.150	
Кипар	36	45	54	61	54	62	65	60	80	88	100	400	
Чешка	314	275	140	85	81	104	96	92	93	91	100	820	
Данска	106	103	103	105	102	102	99	98	98	99	100	2.870	
Естонија					32	50	63	63	61	104	100	40	
Франција	112	113	112	113	110	108	109	103	101	102	100	39.590	
Герм.	180	186	144	133	126	114	107	104	103	100	100	34.090	
Грција	87	82	83	79	82	81	81	82	87	92	100	5.080	
Унгарија	469	415	125	119	127	113	109	105	96	91	100	580	
Израел	85	85	91	82	84	80	82	84	87	94	100	7.890	
Италија	117	118	114	112	113	112	111	100	101	100	100	17.950	
Латвија					114	114	134	131	103	131	100	20	*130*
Литванија					50	55	33	33	38	61	100	80	
Македонија						89	89	100	133	98	100	34.090	
Романија	641	605	325	303	222	129	131	140	120	119	100	590	
Русија	813	739	683	586	173	139	113	103	207	129	100	14.550	*30.000*
Словачка	365	320	163	99	94	88	84	95	99	101	100	360	
Словенија					169	95	91	103	97	92	100	220	
Швајцарија	116	122	125	119	117	107	109	107	103	100	100	3.380	
Турција	55	63	77	79	83	88	84	85	91	95	100	8.030	
Украина					144	182	147	119	112	105	100	1.430	
Г.Брит.	141	142	138	139	124	120	115	106	106	100	100	28.960	
САД	149	147	141	122	130	123	116	110	105	105	100	246.300	
Југославија	115	86	117	96					82	116	100	650	

Извор: БИЦЦ

Таквата состојба не овозможи изградба и заокружување на квалитетен систем на одбрана. Можеме слободно да констатираме дека Армијата влезе во војната недоволно пополнета и неподготвена да одговори на своите задачи.

Република Македонија се одлучи да ги почитува светските трендови во обемот на издвојувањата за одбраната и да не оди на зголемување на буџетот за одбрана, што се наметнуваше како потреба, со оглед на неповолното безбедносно окружување и постоење на услови за појава на внатрешен конфликт.

Од друга страна, од гледна точка на економијата, во Република Македонија штетите од воениот конфликт во 2001 година, директни и индиректни, изнесуваат повеќе од една милијарда долари. Тука би ги набројале разурнатите домови, инфраструктура и производствени капацитети, прекинатите производствени процеси и синџири на снабдување и дистрибуција, како и индиректните штети во смисла на изгубени деловни аранжмани, незапочнати или прекинати инвестиции итн. Поради споменатото можеме да констатираме дека "заштедите" направени со недоволните буџети за одбрана, во изминатите години, повеќекратно се изгубени како резултат на недоволно подготвениот и опремен систем за одбрана.

Јасно е дека сите земји мораат да прифатат такво оптоварување кое ќе биде пропорционално на нивните можности, доколку не сакаат да ги намалат или забават развојните тенденции на националната економија.

Сепак, и покрај фактот што современата воена и економска теорија немаат целосни сознанија за тоа колку е неопходно да се издвојува за одбраната, во барањето на одговорот на тоа прашање потребно е да се тргне од прашањето колку една влада се чувствува загрозена и колку безбедност таа може да обезбеди. Станува збор за основните елементи на безбедносната политика (која ги анализира ризиците) и на фискалната политика (која ги користи и распределува ресурсите на државата). Оттука, детерминантите за големината на воениот буџет произлегуваат од комбинацијата на елементите:

закани по националната безбедност и трошоците потребни да се направат за непречено функционирање на одбраната.

Одговорот на тоа прашање не може да се најде само со статистичко моделирање или прифаќање на готови проценти (искуства) од други земји. Потешкотиите кои се јавуваат при идентификацијата на вистинскиот процент, не се резултат на неможноста да се моделира безбедносната политика и да се прецизираат јавните расходи или барем воените расходи. Проблемот е лоциран во (не) можноста да се комбинираат релевантните аспекти на безбедноста и фискалната политика во единствена рамка за анализа. Анализата на големината на воените буџети треба да почне од гледна точка на перспективите на безбедносната политика, во смисла на анализа на "заканите" за безбедност на една држава. Од друга страна треба да се земат во предвид при анализата и фискалните или буџетските ставови за големината на воените расходи, односно да се води сметка воениот буџет да не стане преголем товар за националната економија. Имено, во современите држави е присутен голем број на организации кои имаат аспирации за зголемување на расходите за одбрана, така што можеме да заклучиме дека постојат големи разлики во одговорот на прашањето колку е доволно. Ова го прави моделот на детерминирање на големината на воените буџети многу сложен и зависен од претходната поставеност и значење на различните актери (органи, организации, политички субјекти итн.) во процесот на изготвување и донесување на буџетот.

Објаснувајќи ги детерминантите на воените буџети, а поради фактот што одлуката за висината на воените расходи се одредува годишно, моделирањето на факторите кои ги стимулираат или ограничуваат маргиналните промени во воените расходи можат систематски да бидат евалуирани низ време и на повеќе рамништа на извршната власт. Нивното одредување не треба да се анализира низ призмата на буџетски добитници или губитници, туку врз основа на конкуренцијата помеѓу потребите и

општествените ресурси. Така прашањето колку е доволно може да биде адресирано врз основа на проценките на годишните промени во безбедносната политика (да ли заканите по безбедноста се намалиле или се зголемиле?) како и фискалната политика (да ли расположливите ресурси овозможуваат повеќе или помалку да се троши?). Република Македонија се соочува со проблемот како категоријата "закани по безбедноста" директно да се измери. "Заканата" претставува перцепција за опасност или загуба на витални интереси и де факто претставува субјективна проценка. Постојат индиректни индикатори за заканите и опасностите, но тие не се лесно применливи пред се, внатре во една земја, помеѓу различните домашни политички актери. Различните политички актери во земјата не ги делат истите перцепции за заканите и истите ги користат во контекст на домашните политички дебати и политички интереси. Тргнувајќи од фактот дека фискалните ограничувања на одбранбената не мора да постојат станува јасно дека влијанието на економските индикатори на националната економија и безбедноста врз воените расходи, е минорно. Воените расходи, како и било кој друг облик на јавните расходи претставуваат резултат на политичко пазарење. Воопшто не е неопходно фискалните авторитети во државата да бидат селективни во однос на одбраната, односно истата да биде вклучена во широките буџетски ограничувања. Односот помеѓу економските фактори и воените расходи е повеќе емпириско прашање, одошто теоретско, како и повеќе политичко одошто економско. Во контекст на претходната елаборација, произлегува дека заканите по безбедноста на државата претставуваат главна детерминанта на висината на воените расходи.

Тргнувајќи од политичко-безбедносната состојба во Република Македонија, како и состојбата во нејзините вооружени сили, како неопходен се наметнува фактот за зголемување на издвојувањето за потребите на одбраната. Последните години Македонија издвојува просечно околу 2.5% (2,72% во 2002 година) од бруто домашниот производ за својата одбрана. Ваквиот процент претставува и светски тренд во поголем број на развиени

земји. но сепак. се до момоментот на потполно заокружување на системот за одбрана. треба да се оди на минимална стапка од 3% од бруто домашниот производ.

Финансиски расходи на МО во 2002 година (во долари) Табела бр. 27

Категорија на расходи	*2002*
Плати	56.721.864
Операции и одржување	29.226.231
Опрема и изградба	12.345.249
Истражување и развој	40.883
Други расходи	14.074.031
ВКУПНО	112.440.998

Финансиски расходи на МО за 2003 година (во долари) Табела бр.28

Категорија на расходи	*2003*
Плати	53.961.930
Операции и одржување	39.273.524
Опремување и изградба	12.171.251
Истражување и развој	181.521
Други расходи	10.519.706
ВКУПНО	116.107.931

Табела бр.29[157]

Финансиски расходи во МО за период 2003-2007 во долари

Категорија на расходи	*2003*	*2004*	*2005*	*2006*	*2007*
Плати	53.961.930	55.850.613	56.668.275	57.485.936	58.205.483
Операции и одржување	39.273.524	41.204.121	42.585.936	44.050.253	45.075.498
Опремување и изградба	12.171.251	12.001.881	11.165.020	10.302.404	10.223.418
Истражување и развој	181.521	252.935	284.873	334.244	350.956
Други расходи	10.519.706	10.837.449	11.247.212	11.668.618	11.691.955
Вкупно	116.107.931	120.146.999	121.951.316	123.841.455	125.547.310

[157] Извор: Годишна национална програма на Р.М. за членство во НАТО

Паралелно со зголемувањето на стапката за потребите на одбраната, треба енергично да се бараат и искористуваат сите внатрешни резерви, како и да се намалуваат расходите наменети за луксузни и неборбени материјално технички средства. Сите потенцијали, финансиски, кадровски и материјални треба да бидат насочени кон изградба на ефиксни вооружени сили. Сите останати активности треба да бидат ставени во втор план, а носителите на активностите треба да се стимулираат економично и рационално да располагаат со средствата. Имено, прашањето за издвојување за одбраната директно кореспондира со прашањето за ефикасно располагање со средствата од издвоениот буџет за одбрана, односно негово рационално, економично и наменско трошење. Станува збор за прашање од кое директно зависи целокупната ефикасност на Армијата. Постигнување на успех на тој план ќе претставува темел, врз кој ќе се изградат современи, модерни, високопрофесионализирани и пред се, ефикасни вооружени сили.

Согласно теоријата, националната безбедносна стратегија предоминантно го детерминира буџетот за одбрана. Објективна проценка на надворешната и внатрешната безбедност се прави од страна на одговорни јавни службеници со ангажирање на надлежни структури од секторот на одбраната на различни нивоа на одлучување, со предлог за најдобро искористување на расположливите ресурси за потребите на системот за одбрана. Заради тоа неопходно е Република Македонија прво да донесе Национална безбедносна стратегија, врз основа на која ќе се изработи стратегијата за одбрана, од која логично ќе произлезе буџетот за одбрана, како нивен недделив елемент. Националната безбедносна стратегија претставува темел врз кој се гради буџетот за одбрана.

Изготвување и донесување на буџетот за одбрана претставува политички процес. Тој во себе содржи предлог за најповолна алокација на ресурсите за одбраната. Прашањето на буџетот за одбрана е изразито комплексно прашање според бројот на лицата и структури вклучени во

негово донесување, обемот на средства за кој станува збор, а некогаш и поради дискретивноста во нивното користење.

Изработката на буџетот за одбрана секогаш се соочува со класичната дилема: "оружје наспроти путер" односно дилема, колкава да биде потрошувачката на секторот на одбраната и оттука производството на производи за одбраната vis-à-vis производство на стоки за широка потрошувачка или воопшто стоки за цивилна употреба. Предизвикот при донесување на буџетот за одбрана е да се најде оптимален износ, така да се овозможи максимизирање на економската активност на претпријатијата. Од друга страна, предизвикот за владата е да се оптимизира буџетот на државата да обезбеди најдобра комбинација на националната безбедност и социјалната благосостојба што ја пружа централната власт.

Буџетот за одбрана претставува витална врска помеѓу политиката за одбрана, од една страна и националната економија, од друга страна. Буџетот претставува всушност краен производ на еден процес кој во себе ги содржи следните активности: прво, идентификација на безбедносните интереси на државата; второ, проценка на ризиците по националната безбедност и безбедносните интереси; трето, формулација на одбрамбената политика како одговор на заканите врз безбедносните интереси на државата; четврто, одредување на оптимална комбинација на сили, средства и луѓе за реализација на одбрамбената политика и петто, предлагање на буџетот за одбрана за овозможување на реализацијата на предвидените програми.

Конечно, буџетот за одбрана мора да биде во функција на изградба на респектабилни вооружени сили, кои ќе создадат поволна безбедносна клима, што е неопходен услов за динамичен стопански развој и економски просперитет на државата.

Од друга страна се покажа дека прашањето на безбедноста и економскиот развој се меѓусебно целосно зависни. Заштедите кои се прават преку несоодветно издвојување за потребите на одбраната повеќеструко се

плаќаат преку уништувањето на стопанското ткиво, кое е карактеристично при појава на конфликти. Спротивно, силната економија најчесто генерира повеќе безбедност за своите граѓани. Врската помеѓу споменатите две категории секогаш мора да биде присутна кај креаторите на политиката на државата и доносителите на одлуките на стратегиско ниво.

Заклучок

Финасирањето на одбраната претставува извонредно значајна активност која директно го детерминира и профилира нивото на националната безбедност. Согласно теоријата, националната безбедносна стратегија произлегува од буџетот за одбрана. Треба да се истакне фактот дека националната безбедносна стратегија и буџетот за одбрана се неделиви. Националната безбедносна стратегија преставува темел врз кој мора да се гради буџетот за одбрана.

Буџетот за одбрана претставува витална врска помеѓу политиката за одбрана и националната економија. Создавањето на буџетот за одбрана, како и секој друг буџет, претставува политички процес. Тој преставува де факто краен производ од процесот на:

- прво, идентификација на националните интереси на една земја;
- второ, проценка на заканите на тие интереси;
- трето, формулирањето на одбранбената политика како одговор на тие закани;
- четврто, одредување на најефикасна комбинација на факторите-сили, средства, оружје, работна сила за да се реализира одбранбената политика;
- петто, предлагање на буџетот за одбрана кој треба да одговори на поставените барања.

Буџетот за одбрана претставува комплексна политичко-економска задача. Поради фактот што станува збор за највисока ставка во буџетот на државата, која содржи многу дискрециони точки и поради важноста на воените издатоци за многу субјекти во државата и надвор од неа, тоа е најмногу политизираната ставка во државниот буџет. Буџетот за одбрана може да се разгледува како рефлексија на односот на општеството према

одбраната или претставува производ од процесот на политичко пазарење помеѓу различни интересни групи и воено-индустрискиот комплекс.

Современата теорија сеуште има ограничени сознанија за тоа колку е неопходно да се издвојува за одбраната. Одговорот на тоа прашање е всушност одговор на прашањето колку една влада се чувствува загрозена и колку безбедност таа може да обезбеди. Прашањето – колку е доволно, претставува главна поента на безбедносната политика (која ги анализира ризиците) и на фискалната политика (која ги алоцира ресурсите на државата). Оттука, детерминантите за големината на воените расходи произлегуваат од комбинацијата на елементите: закани по националната безбедност и трошоците потребни да се направат за непречено функционирање на одбраната.

Економската анализа докажува дека фискалните ограничувања на воените расходи можат, но и не мораат да постојат. Постојат случаеви кога економските околности ја лимитираат големината на буџетот за одбрана, но таквата врска не е постојана и систематска. Воопшто не е неопходно фискалните авторитети во државата да бидат селективни во однос на одбраната, односно истата да биде вклучена во широките буџетски ограничувања. Искуствата покажуваат дека одбраната често беше изземена од владините мерки за штедење и рестрикции на буџетската потрошувачка. Тоа не наведува на заклучок дека воените расходи се повеќе политички одошто економски детерминирани и покрај фактот што истите се, пред се, економска категорија и активност. Улогата на расходите за одбраната во една економија е значајна, но промените во нивото на расходите не ги следат економските правила или теории. Наместо тоа, политичките дебати и одлуки кои се однесуваат на безбедносната политика и одбранбениот буџет, се од главно значење за детерминирање на нивото на воените расходи.

Изготвување и донесување на буџетот за одбрана претставува политички процес. Тој во себе содржи предлог за најповолна алокација на

ресурсите за одбраната. Прашањето на буџетот за одбрана е изразито комплексно прашање според бројот на лицата и структури вклучени во негово донесување, обемот на средства за кој станува збор, а некогаш и поради дискрецијата во нивното користење.

Од претставениот приод можат да се извлечат одредени заклучоци кои ги објаснуваат трите главни аспекти на одбраната: проблемот на местото на буџетот за одбрана во државниот буџет, природата и економска улога на воените расходи како инструменти на економската политика и одбранбената концепција од аспект на националната структура.

Преку анализа на првиот елемент се доаѓа до констатација дека постои оптимален буџет. Сите финансиски средства доделени на одбраната под минимумот или околу него, се јавуваат како облик на бесцелно трошење на пари, поради тоа што тие од воен аспект не се доволни да одговорат на сите видови на закани на националаната безбедност, а од економски аспект не влијаат позитивно врз функционирањето и параметрите на националната економија, кои би можеле да се очекуваат.

За дефинирање на оптималниот износ на буџетот за одбрана, кој се добива преку истражување на максимални влијанија на воените расходи врз економијата, неопходно е да се утврди не само износот на буџетот, туку и структурата на трошоците кои треба да бидат покриени од буџетот.

Следна последица на таквиот приод е во врска со буџетот за одбрана како можен инструмент на економска политика на државата. Организацијата на одбраната, како ни нејзиното финансирање не смеат да бидат детерминирани од конјуктурата. Впрочем, односите помеѓу секторот на одбраната и останатите сектори на економијата, претставуваат структурни односи. Поради тоа, ако воениот буџет по својата природа е инструмент на краткорочна економска политика, тој може да биде значајно средство во рацете на владата да придонесува на стопанскиот развој на земјата. Ова се јавува како резултат на две причини:

- одбраната е единствен сектор кој покрива и соработува со голем број на различни стопански активности, а при тоа, целосно е во рацете на државата;
- голем дел од воените расходи е наменет за такви активности, кои се носители на развојот. Нема сомнение дека капацитетите за производство на вооружување имаат стратегиска позиција во националната економија, поради што се наметнува потребата од кординација или заедничка стратегија на развојот на економијата и системот за одбрана.

Поимот на буџетскиот оптимум претставува функција на степенот и видот на развојот на земјата, како и на сите економски, општествени и политички структури. Преголем воен буџет ги намалува можностите за развој на економијата, додека недоволен воен буџет претставува израз на непродуктивно трошење на средствата, заради што е неопходно да се одржуваат реални мерки во тој поглед. Не смее да се дозволи одалечување од реално детерминираните граници на износот на буџетот за одбрана.

Негативното влијание на буџетот за одбрана најчесто се појавува во форма на сопирачка на стопанскиот развој и во состојба на мир, кога предимензонираниот буџет претставува неиздржлив товар за националната економија. Состојбата може дотолку да се влоши, ако станува збор за состојба во континуитет, поради што доаѓа до ретроградни движења во националната економија. Имено, како резултат на пореметување на односите во општествената репродукција во националната економија и несоодветниот однос помеѓу првиот и втор оддел и реалокација на општествената акумулација кон предимензонираниот воен сектор, се јавува намалување на стапката на стопански раст, па дури и нејзин негативен тренд, што води кон "исцрпување" на силата на стопанството и експлицитно намалување на националниот доход.

Одбраната има значително влијание врз состојбата и резултатите на националната економија. Да ли тоа влијание е малигно или бенигно зависи од

повеќе елементи. Воените расходи влијаат позитивно на одредени сектори и кај само одредени земји, додека кај повеќето други тие влијаат спротивно и го забавуваат економскиот развојот. Високо развиени индустриски земји, со силна национална економија и доминантно место во меѓународните политички односи, можат да извезуваат дел од проблемите во националната економија, предизвикани од високото ниво на воените расходи, преку големото учество во глобалниот светски извоз на стоки и услуги, преку користењето на нивните национални валути во трговските и финансиските трансакции итн. Исто така, тие овозможуваат поволни услови за развој на нивниот воено-индустриски комплекс, кој има способност да остварува и значителни приходи со продажба на воената опрема во странство. Имајќи ја во предвид високата профитна стапка во трговијата со вооружување, можеме да заклучиме дека станува збор за извонредно доходовен и пропулзивен сектор за тие национални економии. Од друга страна, земјите во развој и земјите со ограничени финансиски ресурси, со издвојувањето во одбраната директно влијаат на пренасочување на расположливите средства и намалување на инвестициите, кои претставуваат доминантен генератор на економскиот развој.

Сите воени расходи немаат исто влијание врз економскиот развој. Некои од нив влијаат и на зголемување на нивото на продуктивноста и развој на националната економија. Структурата на воените расходи може да има значајни економски последици за националните економии. Поради тоа, неопходно е во моментите на одлучување за основните ориентации на одбранбената политика, да се земат во предвид различните видови на воени расходи и нивното влијание на национално ниво.

Од друга страна, кога се анализира влијанието на воените расходи, потребно е да се направи разлика помеѓу земјите во развој. Воените расходи и економскиот развој се во негативна корелативна врска во оние земји, кои имаат сериозни финансиски проблеми, додека резултатите се спротивни во

земји кои немаат такви финансиски ограничувања. Најштетни се ефектите на воените расходи на економскиот развој кај најсиромашните Африкански земји. Тоа всушност значи дека освен кај земјите на ОПЕК, воените расходи немаат позитивни ефекти на развојот на националните економии, а во некои случаи имаат и директни негативни ефекти.

Воените расходи можат да влијаат на економскиот раст директно и индиректно. Нивното влијание не е само врз стапката на раст на бруто домашниот производ, туку и врз останатите индикатори на економијата, како што се стапка на инфлација, невработеност, инвестиции, технолошки иновации и др., кои од своја страна, исто така, можат да влијаат на правецот и брзината на промените на бруто домашниот производ. Поради тоа, потребно е да се посвети внимание не само на директните ефекти на воените расходи врз економскиот развој, туку и врз нивните индиректни ефекти.

Постојат докази за привремен стимулативен ефект на воените расходи врз нивото на вработеност и производство, што претставува краткорочен ефект. На подолг рок видлив е само негативниот ефект на истите врз капитал формацијата.

Изнесените резултати ја потенцираат потребата за сепарација на краткорочните (кои можат да бидат позитивни за вработеноста) и долгорочните ефекти (кои можат да бидат негативни за вработеноста) на воените расходи. Од друга страна постои можност и преку други алтернативни видови на државни расходи, да се стимулираат технолошки иновации, да се промовира извозната конкурентност, како и да се охрабрува економскиот развој. Одредени анализи проценуваат дека воените расходи се помалку ефективни во креирањето на работни места од другите цивилни расходи на владите.

При анализата на меѓусебното влијание на воените расходи и економските перформанси потребно е да се направи разграничување на намената на расходите (пр. персонални расходи, расходи за операции,

одржување, истражување и развој, набавки и сл.). Воените расходи за персонални цели се слични со природата на владините цивилни програми. Зголемување на ставката на расходи за истражување и развој, може да придонесе за привлекување на голем број на научни работници и инженери во секторот на одбраната од цивилниот сектор, со што се намалува иновативноста и конкурентноста на стопанството во меѓународната економија. Од друга страна, набавките за одбрана можат да креираат паразитски сектор, тнр. воено-индустриски комплекс. Како потенцијален проблем се јавува и дискрепанца помеѓу вкупните стокови и парични фондови, односно зголеменото количество на пари во оптек како резултат на набавките не се "покриени" со соодветно количество на стоки за цивилна потрошувачка, со што се генерира инфлација. Покрај ова, треба да се разграничи и местото каде парите за одбрана се трошат. Имено, можно е истите да бидат насочени за увоз на оружје, што е полоша варијанта од користењето на истите во домашната воена индустрија. Пропорцијата на парите од одбраната кои остануваат во домашната економија варира помеѓу земјите. Така на пример, 95% од расходите на САД остануваат во земјата, додека кај помалите земји членки на НАТО тој износ е 80%. Малите земји не се во можност да покријат дел од трошоците преку извозот на вооружување и почесто се соочуваат со проблеми како долгови спрема странство или трговски дефицит.

При оценка на влијанието на воените расходи посебно внимание треба да се посвети на "тајмингот", времето на влијанието. Така на краток рок можат да се идентификуваат позитивни ефекти на воените расходи врз забрзување на економскиот раст на националната економија, додека на долг рок воените расходи можат да генерираат негативни импликации врз економијата.

Воените расходи можат да се користат за ублажување или елиминација на рецесијата во националната економија, што најдобро го

покажа "цветањето" на буџетскиот дефицит на САД во осумдесетите години од дваесетиот век, како и во првите години од новиот милениум. Регановата политика на зголемување на воените расходи при истовремено намалување на даноците, генерираше силен стопански развој на земјата. Ова сепак не претставува доказ дека рецесијата не може да се избегне преку стимулација на останатите видови на потрошувачка, кои пак од своја страна би влијаеле за забрзување на порастот на националната економија.

Кај земји со ниска стапка на раст ниту воените расходи ниту увозот на вооружување не претставуваат значајни фактори за детерминирање на економскиот раст. Кај земји со висока стапка на економски раст инвестициите, долгот и воените расходи имаат позитивно влијание на економскиот раст. Ваквите заклучоци сугерираат дека воените расходи имаат двојна улога во развојните процеси во поголемиот број на земји, односно претставуваат фактори и на економски развој.

Трансферот на ресурсите од производството на воени средства кон производство на цивилни стоки се смета за пожелен. Помалите воени расходи водат кон поголеми инвестиции на приватниот сектор и поголема потрошувачка, што конечно резултира со повисоко ниво на животен стандард. Намалувањето на воените расходи може да води кон значителни зголемувања на инвестициите во опрема. Постои разлика во влијанието на воените расходи во развиени земји и земји во развој. Кај развиените земји експанзијата на воени расходи не значи и еквивалентно намалување на инвестициите, додека кај земјите во развој се приметува значајно зголемување на инвестициите ако воените буџети се редуцираат.

Од друга страна, намалувањето на воените расходи може да има и значителни негативни импликации на регионално ниво. Тоа значи дека регионите или местата кај кои учеството на воениот сектор во економијата било доминантно, последиците можат да бидат тешки. Така, додека просечното влијание на намалувањето на воените расходи на национално

ниво е умерено, одредени индустрии и региони се многукратно поосетливи на таквите промени од националниот просек. Оттука, постои потреба да се ублажи негативниот ефект од редукциите на воениот буџет на таквите индустрии и региони.

Меѓутоа и покрај можноста за генерализација на одредени директни и индиректни ефекти на воените расходи врз економскиот раст, сепак, значајот на таквите влијанија тешко се детерминира и значително варира од земја во земја. Разликите во влијанијата на воените расходи се евидентни помеѓу развиените и земјите во развој. Дури и кај самите земји во развој постојат разлики кај земји со ниско и земји со средно ниво на национален доход. Така, во ист контекст, релацијата помеѓу воените расходи и растот не е линеарна, односно земји со високо и ниско ниво на доход можат да апсорбираат одредени користи од воените расходи, додека земји со средно ниво на доход трпат негативни консеквенци од делувањето на воените расходи. Емпириски докази за значењето на ваквите дистинкции и класификации, сепак нема во толкав обем, да можеме заклучоците да ги сметаме за релевантни и општо прифатливи.

Покрај заклучоците за влијанието на воените расходи врз перформансите на националната економија, со својата важност се наметнуваат и заклучоците за местото и улогата на воената индустрија. Имено, структурата и работењето на националната воена индустрија претставува израз на:

- прво, политичко-економскиот систем во кој истата функционира и
- второ, посебните стратегиски цели (воени и економски) на државата на која и служи.

Како најзначајни користи од воено-индустрискиот комплекс би можеле да се истакнат следните:

Прво, национална независност, безбедност и можност за снабдување во услови на опасност и војна, што претставува главна корист од националниот воено-индустриски комплекс. Тоа ја ослободува државата од зависноста од потенцијално недоверливи снабдувачи на значајна воена опрема од странство, особено во време на кризи и конфликти. Тоа, исто така, и овозможува на државата да ја модифицира воената опрема, согласно потребите и брзо за време на конфликт.

Второ, одржување на капацитети кои можат да бидат неопходни во иднина, претставува важна корист од воено-индустрискиот комплекс. Увоз на воена опрема значи губење на способност на домашната технологија, која исто така, е неопходна за развој на нови оружја. Но, ваквиот аргумент ја игнорира несигурноста и природата на технолошкиот прогрес. Промените во технологијата повеќе се револуционерни отколку еволутивни, така што, денешната висока технологија во индустријата не е гаранција за успех во иднина. Може дури да се случи, да биде поефтино да се купува од странство.

Трето, набавка на воена опрема од странство значи и плаќање на монополски цени. Често се случува кога државата ќе купи некое средство од странство, можеби како резултат на негова поволна цена, снабдувачот од странство потоа да диктира монополски цени на резервни делови и за одржување на средството. Заради тоа, неопходно е при избор на најповолна понуда да се анализираат комплетните трошоци на животниот циклус на средството, како за средства од домашни така и од странски добавувачи, со што се избегнува монополска продажба на воената опрема.

Четврто, воено-индустрискиот комплекс и овозможува на земјата да има поголемо влијание, да биде многу поинформиран купувач и да има подобра преговарачка позиција при купување од странство. Големината на влијанието зависи од потенцијалните трошоци на домашното производство. Овој аргумент не значи дека е неопходно одржување на голем воено-индустриски комплекс со висока технологија за сите потребни средства.

Петто, воено-индустрискиот комплекс обезбедува економска корист за државата, во смисла на работни места, технологија, биланс на плаќања, како и за пополна на буџетот (од даноци, придонеси и сл.). Тука треба да се истакне дека и другите облици на јавни расходи позитивно влијаат на националната економија, заради што е неопходно да се изврши споредба на нето користите од влијанието на воено-индустрискиот комплекс и алтернативните јавни расходи врз состојбата во националната економија.

Шесто, како една од користа од создавањето на воено-индустрискиот комплекс во земјите во развој е редуцирање на зависноста од увоз на оружје и потпирањето на странски сили. Таквите аргументи навистина можат да бидат значајни фактори за креирање и развој на сопствена воена индустрија.

Седмо, од друга страна, земјите во развој сметаат дека воено-индустрискиот комплекс дава значаен придонес за заштеда и заработка на значајни девизни средства. Исто така, одреден број на земји го сметаат воено-индустрискиот комплекс како водечки пропулзивен сектор кој поволно влијае на остатокот на економијата. Сепак, останува прашањето да ли воената индустрија е повеќе или помалу корисна од другите индустрии како движечка сила за технолошка модернизација и извор за развој на економијата и инфраструктурата на земјата.

Како логично се наметнува прашањето, да ли во земји каде нема, треба да се гради нова воена индустрија? Светските искуства и теоретски сознанија од ова област сугерираат да ако земјите немаат воена индустрија, истата да не ја развиваат. Многу е поефтино да се купат некои готови резултати одошто да се вложува во истражувања и производство. Можни се само одредени видови на учества и кооперации во производство на воената техника помеѓу таквите земји и земји со развиена воена индустрија, производство на дел од средства од доменот на логистичкото обезбедување (храна, униформи и сл.) или мало пешадиско вооружување. Постои консензус во научната литература по ова прашање, односно дека "офанзивните оружја се само за големите

момци", додека малите земји треба да се насочат кон одбранбениот хардвер и неговото евентуално производство.

Земјите кои се одлучуваат да развиваат нова воена индустрија, би можеле да го користат моделот на Германија, кој се операционализира преку четири фази:

- изградба и одржување на одреден број на компании кои ги снабдуваат вооружените сили,
- промоција на кооперацијата со странство, како средство за добивање на нова технологија,
- промоција на регионалниот развој во самата земја, и
- одржување на минимално ниво на вработување во главните стручни области.

Воената индустрија може да се користи како потенцијал за економски развој. Воената индустрија претставува стратегиски сектор кој ги води и развива сите останати клучни сектори на индустријата во националната економија. Освен улогата на "локомотива" на домашната индустрија, воената индустрија може да остварува и значајни приходи од извоз, односно од продажбите на воените средства во странство. Ваквите констатации се особено присутни во марксистичката теорија, која го опишува воено-индустрискиот комплекс на капиталистичките земји, како водечки во една национална економија, како на пример во економијата на САД. Така, бројот на компаните во САД кои директно или индиректно соработуваат со воениот сектор е огромен (над 52,000) и претставуваат дел од воено индустрискиот сектор. Од друга страна и во поранешните социјалистички земји, воената индустрија служеше како "замаец" на стопанскиот развој, односно истата овозможуваше развивање на стратегиски сектори на националната економија (електроника, машинска индустрија, информативна и вселенска технологија). Преку таргетирање на военото истражување, развој и инвестирање во

индустрискиот сектор, истиот стануваше конкурентен на домашниот и странскиот пазар, односно воената индустрија претставуваше основа на прогресот и целокупниот економски раст.

Извозот на вооружување нуди повеќекратни користи, како подобрување на националниот трговски биланс, намалување на цената на единица производ како резултат на економијата на масовното производство, отворање на работа за воената индустрија, освојување на пазари за други стоки, добивање на можност за политичко влијание врз трговските партнери и слично. Наспроти користите се и неколку недостатоци од извозот на вооружување како опортунитетни трошоци на работната сила и капиталот користен за производство на вооружувањето за извоз, користење на дотации на државата за поддршка на производството, како и политичката цена од извозот на воената техника, вклучувајќи го учеството во регионални трки во вооружување и проблеми асоцирани од употребата на увезеното вооружување во евентуални конфликти. Секако дека користа од извозот е многу поголема, но сепак таквите привилегии се ексклузивно право на "големите сили" и индустриски високо развиените земји.

Последниот заклучок се однесува на трендот на движење на воените расходи и прашањето на нивна конверзија, како еден од доминантните трендови. Конверзијата ја дефинираме како оперативен процес на демилитаризација и практичен менаџмент на разоружувањето. Конверзија претставува прашање за успешен менаџмент на намалувањето на обемот на буџетите за одбрана, вооружените сили и воената индустрија и за практична реалокација на физичкиот, финансискиот и човечкиот капитал. Целта на анализата на конверзијата е фокусирањето на прагматичните апликации на расположливите ресурси и нивна интеграција во безбедносна, економска и социјална димензија. Конверзијата ги опфаќа прашањата на индустриското преструктуирање, реалокација на финансиските ресурси, преориентацијата на военото истражување и развојот, демобилизација и реинтеграција на

персоналот (воениот и цивилниот) вработен во вооружените сили или во воената индустрија, пренамена на воените бази, касарни и инсталации и алтернативната употреба на условно кажано вишокот на вооружување.

Анализата на конверзијата доаѓа до две основни констатации:

- Прво, конверзијата не функционира согласно прокламираното и посакуваното. И покрај многуте случаи на успешна конверзија присутни се неуспешни обиди за конверзија на големите индустриски комплекси кон цивилното производство. Ова влијае на песимистички гледања и приоди дека конверзијата воопшто може да успее. Најчесто редукцијата на воените активности се имплементира без соодветна консидерација на економските и социјалните консеквенци и недостаток на системски реформи во општеството.
- Второ, трендот на намалување на воените активности секогаш се разгледува како краткорочен тренд.

Во светло на овие промени на меѓународните односи и глобалното воено-стратегиско окружување, се наметнува прашањето дали концептот на коверзија застарува или станува некорисен. Ова се наметнува како прашање ако конверзијата се разгледува како процес, единствено врзан за проблемите на Студената војна и проблемите на воено-индустрискиот комплекс и неправедно високото ниво на воените расходи. Опфаќањето на поширок круг на прашања во анализата на процесот на конверзијата сведочи за континуираната виталност на концептот на конверзијата и ги осветлува правците на модифицираното влијание на истата. Согласно на тоа може да се заклучи дека аспектите на конверзијата се фокусирани на најзначајните и политички најрелевантните прашања со кои се соочуваме денес.

Основниот концепт на конверзија се потпира на три основни столба. Првиот, претставува фокусирање на макро-индустрискиот аспект на воените расходи и особено на нивниот негативен ефект (опортунитетни трошоци,

забавен растеж, нерамномерен развој итн.). Ваквиот концепт ги анализира макро-економските последици на воените расходи и претставува главно, економска анализа на конверзијата. Како основни средства за истражување, овој пристап, ги користи cost-benefit анализата, економетриските анализи и ги проучува конкретните искуства од процесот на конверзија во рамки на регионални економии.

Вториот столб се базира на верувањето дека процесот на преоѓање од воена кон цивилна економија, бара внимателно планирање и водење на претпазлива политика, со истакнување на неопходноста од државна интервенција во оваа област. Имено, функционирањето на воената индустрија се реализира на поинакви принципи во однос на концептот на чиста пазарна економија. Разликите се рефлектираат и на процесот на конверзија. Тоа значи, дека конкретните конверзиски преструктурирања на индустријата, имаат влијание на локално, регионално и национално ниво, односно имаат не само микро, туку и макро економски ефекти. Поради тоа, како и поради фактот што одбраната претставува национална грижа, неопходно е планирање на конверзијата на национално ниво. Воената индустрија е далеку од тнр. laissez-faire модел, така што, државниот интервенционизам во ова област е неопходен. Конечно, моќни и влијателни интереси се дел од функционирањето на воено-индустрискиот комплекс, заради што е неопходна интервенцијата на државата, во смисла на понуда на соодветни производствени програми на краток рок, за да се редуцира на долг рок негативното влијание на засегнатите високи интереси, врз процесите на разоружување и конверзија.

Третиот столб претставува идеата, дека конверзијата содржи трансформациски потенцијал, кој, може да има големо влијание во процесот на градење на мирот, како средство за редуцирање на конфликти и тензии помеѓу држави и региони. Важно е да се објасни што всушност претставува трансформацискиот потенцијал. Имено, не станува збор за идеалистичка или

утопистичка визија за конверзијата, која води кон еден пацифистички свет, туку, станува збор за комплексна и интерактивна природа на заканите и безбедноста, како и можноста за промена на конфликтните состојби операционализирани преку позитивните ефекти на конверзијата. Конверзијата е дел од кооперативните активности и влијае на намалување на тензиите и разрешување на конфликтите.

Во современата теорија од ова област, економските последици на конверзијата се повеќе истакнувани и во пракса операционализирани, vis-a-vis трансформацискиот потенцијал на конверзијата. Со тоа, фактички, проблемот на конверзија се фокусирал на најзначајните прашања од импресивниот обем на современите проблеми, како што се разоружувањето и демобилизацијата на воениот персонал и нивно вклучување во цивилниот живот, располагање со вишоци вооружување итн. Меѓутоа, промената на меѓународната безбедносна клима, ја наметна потребата од анализа на конверзијата, како збир на економски, политички, психолошки и културни промени, кои се случуваат во општествата, во кои воените капацитети се редуцираат.

Од претставениот приод произлегува основниот заклучок на трудот - потребата од воведување на нов концепт на превентивна конверзија како целосно интегриран концепт на конверзија, кој содржи бројни бенефити за националните економии.

Првата корист од превентивната конверзија е реинтеграција на логиката на активностите на конверзијата во целокупниот циклус на конфликти и соработка помеѓу земјите. Конверзијата повеќе не се разгледува како една од повеќето активности кои треба да се преземат како последица на одлуките или активности за разоружување, ниту таа претставува само техничко решавање на пост-конфликтните проблеми. Таа станува активно средство кое може да помогне да се трансформираат конфликтните односи (конфликтна превенција) и да се асистира во процесот на градење и

одржување на мирот, преку практични активности на различните стадиуми на конфликтот, вклучувајќи го стадиумот пред започнување на насилствата. Фокусот на конверзијата останува на ефикасната реалокација на ресурсите од воени за цивилни цели, но таквата реалокација мора да биде планирана како имплементација на еден елемент од суштествено значење за поширокиот процес на градење на безбедноста, а не како едноставно разоружување.

Втората корист се огледа во можноста да се мобилизираат нови учесници во активностите на конверзијата. Традиционалниот фокус на економските активности во напредните индустриски земји, се заснива на две претпоставки за природата на државата и општеството: прва, да постои соодветен баланс на цивилно-воени односи во општеството, и втора, да цивилното општество и економските чинители во него, се доволно големи да ги апсорбираат активностите на конверзијата. Овие две претпоставки не се во можност да се реализираат подеднакво во сите развиени земји. Тоа значи дека претпријемачите мора да бидат вклучени во дискусиите за измена на цивилно-воените односи и пошироките процеси на економските реформи.

Трета корист се состои во употребата на активните и трансформациски елементи на поширокиот концепт на конверзија сватена како "сите видови на економски, психолошки, културни и политички промени, кои се случуваат во општествата каде воените активности се редуцирани". Во конверзијата е содржан трансформативен потенцијал за разрешување на проблемите, кој, користејќи ги стечените искуства, мора да стане дел од поширокиte социјални и регионални напори за градење на мирот.

Од друга страна, овој концепт истакнува и одредени проблеми и потешкотии, кои мораат да бидат земени во предвид, при неговата имплементација. Имено, правејќи експлицитна врска помеѓу практичните проекти и активностите на градење на мирот, мора да се препознаат условите под кои не треба да се преземаат активности на коверзијата. Во случај кога

конверзијата на воено-производствените објекти генерира појава на паразитизам и агресивен национализам, не се препорачува подршка на таквите проекти. Исто така, кога конверзијата е поврзана со огромни опортунитетни трошоци (трошења на енергија, време и финансиски средства), а кога проектите не даваат соодветни ефекти, конверзијата не треба да се практицира.

Поширокиte цели на превентивната конверзија за редуцирање на милитаризацијата на социјалните, економските и политичките односи помеѓу и во рамките на земјите, наметнува потреба од истакнување на социо-културниот контекст на активностите, во смисла на нивно демистифицирање и истакнување на практичните бенифиции од истиот. Имено, конверзијата не треба да се разбере како нова Западна иновација, која се наметнува на остатокот од светот, туку како дел од поширока иницијатива за градење на мирот и безбедноста, каде комплетниот инструментариум за градење на довербата, мултилатералната дипломатија и меѓународниот развој се вклучени.

Во светот денес, паралелно се одвиваат процеси на вооружување и разоружување, пораст на безбедносните сили и крај на воените конфликти, со отварање на можности за намалување на воените капацитети на локално и регионално ниво. Шансите и предизвиците за конверзијата сеуште постојат. Се разбира, таквите локални и регионални процеси на демилитаризација не можат да продолжат изолирани едни од други или од глобалните трендови, односно сеуште постојат опасности конфликтите да се пренасочат во поинакви облици на тензии.

Опортунитетите за кооперативен нов светски поредок сеуште постојат. Но да ли тие ќе се реализираат? Можат ли лекциите од 11 септември да се научат и можат ли да се променат меѓународните агенди за надворешната и безбедносната политика, политиката на контрола на вооружувањето, економската политика, помоштите и мирот воопшто?

Моментално во повеќето земји во светот се прават нови проценки и се преиспитуваат досегашните политики. Постојат надежи дека реакциите на терористичките напади врз САД можат да го обединат светот во прифаќањето на мултилатерализмот и кооперативноста. Во областа на разоружувањето, контрола на вооружувањето и конверзијата моменталните резултати се спротивни: повторно зголемување на силата и унилатерални акции.

Литература

1. Adams. G.F.. Behrman J.R. and Boldin M.. *Defense Expenditures and Economic Growth in the Less developed Countries. 1991*
2. Askari Hossein and Michael Glover. *Military Expenditures and the Level of Economic Development. (*Austin. 1977*)*
3. Andrew L. Ross. *The Political Economy of Defense. 1989*
4. Атанасовски , Живко, *Улога и крешање војних расхода у савременом свешу*. (Економски факултет, Скопје, 1980 год.)
5. Anderson. C. L. and Carlson. M. K.. *A Monetarist Model For Economic Stabilization.* (The Federal Reserve Bank of St. Louis Review. St. Louis. April 1970.)
6. Adams. Gordon. *The Iron Triangle:The Politics of Defense contracting* (New York:Council on Economic Priorities. 1981)
7. Atesoglu. H. S. and Mueller. M. J.. *Defense Spending and Economic Growth.* (1990)
8. Baldwin. David. *Economic Statecraft. The Political Economy of National Security.* (Princenton, 1985)
9. Ball Nicole. *Security and Economy in the Third World.* (Princenton Press. 1988)
10. Benoit Emile. *Defense and Economic Growth in Developing Countries.* (Lexington. 1973)
11. Brzoska. Michael and Tomas. Olson. *Arms Production in the Third World* (Philadelphia. 1986)
12. Biswas Basudeb and Rati Ram. *Military Expenditures and Economic Growth in Less Developed Countries.* 1986
13. Bosworth. Barry and Gur Ofer. *Reforming Planned Economies in an Integrating World Economy.* (Washngton DC. 1995)
14. Бишев. Глигор. *Емисија новца и финансирање йривредної распа.* (Финансије. бр. 9-10/1986. год.)
15. Богоев. Ксенте. *Комбинована йримена монешарне и фискалне йолишике у западним земљама.* (Финансије. бр. 11-12/1965. год.)
16. Богоев. Ксенте. *Биланс йлаћања Југославије - сшање, узроци, неойходне мере.* (Југословенско банкарство. бр. 12.1982. год.)
17. Bremer Stuart A.. and Barry B. Hughes. *Disarmament and Development.* (Prentice Hall. 1990)
18. Blesing. Karl. *У борби за добар новац*, (Београд. 1970. год.)
19. Bruner Karl and Allan H. Meltzer. *Some Further Investigations Of Demand And Supply And An Explanation Of Functions For Money.* (Journal of Finance. Vol. XIX. May. 1964.)
20. Bruner. Karl and Allan H. Meltzer. *Stabilization Policies And Labour Markets.* (North-Holland. Amsterdam. 1988.)
21. Brown. Michael E. "The Causes and Regional Dimensions of the Internal Conflict."In *The International Dimensions of Internal Conflict.* Cambridge. 1996.
22. Von Ondarza. Henning. " *NATO: an Instrument for Crisis management*", Jane"s International Defense Review. June 1993
23. Vernon. Raymond. *International Investment and International Trade in the Product Cycle.* (May 1996)
24. Vitaliano Donald. Defense spending and Inflation. 1984
25. Банковска-Цветковска. Биљана. *Војскаша и демокрашијаша.* (Детска радост. Скопје, 1995)

26. Ванковска-Цветковска. Б. и Цветковски Ц., *Правото и одбраната.* (РОБС, Скопје, 1996)
27. George Alexander L. *"Strategies for Crisis Management" In Avoiding War: Problems of Crisis Management"* . (Colorado: Westview Press, 1991)
28. Гоцевски, Трајан, *Основи, суштини и карактеристики на системот на ОНО на СФРЈ*, (НИО Студентски збор ", Скопје, 1992)
29. Гоцевски, Трајан, *Одбрана и заштита*, (Просветно дело, Скопје, 1993)
30. Гоцевски, Трајан, *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија*, (Просвета", Куманово, 1994)
31. Гоцевски, Трајан, *Колективната безбедност и одбраната на Македонија*, (второ изменето и дополнето издание, "Просвета", Куманово, 1994)
32. Гоцевски, Трајан, *Економика на одбраната*, (Универзитетска печатница, 1992)
33. Гоцевски, Трајан, *Економика на одбраната*, (Универзитетска печатница, 1996)
34. Гоцевски, Трајан, *Системот на одбраната на Македонија*, (НИО Студентски збор ", Скопје, 1992)
35. Гоцевски, Трајан, *Неутрална Македонија (од визија до стварност)*, (Македонска ризница, Куманово, 1995)
36. Гоцевски, Трајан, *Современи тенденции во одбраната*, (Македонска ризница, Куманово, 1997)
37. Гоцевски, Трајан, *Одбранбено осамостојување на Македонија*, (Македонска ризница, Куманово, 2001)
38. Георгиева, Лидија, *Творење на мирот*, (Студио АДА, Скопје 1999)
39. Grizold A., *Meginarodna sigurnost*, (Tiskara Puljko, Zagreb, 1998)
40. Golden, James, *Economics and National Strategy: Convergence, Global Networks and Cooperative Competition*, (The Washington Quarterly, 1993)
41. Димишковски, Слободан, *Основи на националната одбрана на Република Македонија*, (Глобус, 1996)
42. De Haan Hendrik, *Military Expenditures and Economic Growth, Some theoretical Remarks*, 1987
43. Deger S, *Economic Development and Defense Expenditure*, 1986
44. Dillon, G.M., *Defence Policy Making*, (Leicester University Peress, 1988)
45. Galbraith, Kenneth John, *Новац: одакле је дошао, камо је отишао*, (Стварност, Загреб)
46. Gurley G. John and Shaw F. Edvard. *Money in A Theory Of Finance*. (Brooking Institute, Washington, 1960.)
47. Дворник, Иво, *Новац и новчана политика*, (Либурнија, Ријека, 1980. год.)
48. Димитрије, Димитријевић, *Структура новчане масе по држаоцима*, (Билтен Народне банке Југославије, бр. 2/1974. год.)
49. Димитрије, Димитријевић, *Емисија примарног новца у нашој пракси*, (Народна банка Југославије, Београд, 1981. год.)
50. Димитрије, Димитријевић, *Монетарна анализа*, (Ниш, 1981. год.)
51. Димитрије, Димитријевић, *Процес креирања новца: карактеристика и могућност контроле*, (Народна банка Југославије, Центар за истраживање, Београд, 1988 год.)
52. Доманчић, Павао, *Монетарна економија*, (Савремена администрација, Београд, 1982. год.)

53. Драгаш, Бранко. *Детерминанти креирања новца у Југославији*, (магистарски рад, Београд, 1972. год.)
54. Ippolito. Dennis. *Federal Budget Policy and Defense Strategy*. (USA War College. 1995)
55. Јовановски. Тихомир. *Влијание на монетарно-кредитната политика врз развојот и стабилноста на стопанството*. (Стопански преглед, бр. 2-3/1979. год.)
56. Јовановски. Тихомир и Жарко. Ристиќ, *Монетарна и фискална економија*. (Партизанска книга. Белград. 1986 год.)
57. Јовановски. Тихомир, *Финансиски пазар*, (Економски центар, Скопје, 1994 год.)
58. Јовановски. Тихомир. *Девизна економија*. (Мисла. Скопје 1995 год.)
59. Јовановски. Тихомир. *Монетарна економија*. (Мисла, Скопје 1995 год.)
60. Jack S. Levy. "*The Causes of War*:" A review of Theories and Evidence" Oxford University Press. 1997.
61. J. B. . Zulu. *The Evolving Role Of Central Banks*. (IMF. 1991 god.)
62. Kennedy. Paul. *The Rise and Fall of the Great Powers:Economic Change and Military Conflict*. (New York:Random House. 1987
63. Кузев, Стојан, *Цивилна Одбрана*, (Ѓурѓа, Скопје, 1996)
64. Кузев. Стојан. *Стратегија за одбрана*. (Југореклам. Скопје. 2001)
65. Котовчевски. Митко. *Извори на загрозување на мирот и Националната безбедност*. (Балкански центар за мир, 1999)
66. Котовчевски. Митко. *Национална безбедност на Република Македонија*. (Македонска цивилизација. Скопје. 2000)
67. Кочоски. Сокле. *Воена логистика*. (Магнат. Скопје. 1997)
68. Комазец. Слободан: *"Монетарна и финанцијска економија"*. (Штампа Шибеник. 1981)
69. Keynes. Maynard. *Општа теорија вработеноста. камате и новца*. (Култура. Београд, 1973. год.)
70. Kapstein. Ethan Barnaby. *The Political Economy of National Security*. (McGraw-Hill. 1997)
71. Kennedy. Gavyn. *The Defense Economics*. (New York:Random House. 1987)
72. Kennedy. Gavyn. *The Defense Economics in peace times*. (Harward. 1989)
73. Martin van Creveld. *Supplying War*. (Cambridge Universitu Press. 1977)
74. Нацев. Зоран. *Теоретски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана*. (НИП Ѓурѓа. Скопје. 1998)
75. Нацев. Зоран. *Едукативни проекции во одбраната*. (НИП Ѓурѓа. Скопје. 1995)
76. Нацев. Зоран и Начевски. Ратко. *Војна. мир и безбедност*. (Македонска ризница. Куманово. 2000)
77. Ray. James Lee. "*The Democratic Path to Peace*. ("Juournal of Democracy" April 1997)
78. Ram R.. *Government Size and Economic Growth*. 1986
79. Rummel Rudolph J., *Democracy as a Method of Nonviolence*. New Brunswick. London. 1997
80. Snyder. Jack and Stephen Van Evera. "*Democracy and War*". Massachusetts Institute of Technology Center for International Studies. 1998.
81. Solow R.M.. *Technical Change and the Agregate Production Function*. 1957
82. Sims Cristopher. *Macroeconomics and Reality. econometrica*. 1980
83. Smith Ronald. *Military expenditures and Investment in OECD Countries*. 1980.

84. Трпески, Љупчо, *Монетарно-кредитна политика и платниот биланс*, (Стопански преглед, бр. 2-3/1979. год.)
85. Трпески, Љупчо, *Влијанието на парите и кредитите врз стопанските движења*, (Студентски збор, Скопје, 1983. год.)
86. Tobin. James. *Monetary Policies And The Economy: The Transmission Mechanism*. (Southern Economic Journal. January 1987.)
87. Talbott. Strobe. "*Democracy and the National Interest*" *Foreign Affairs*. Vol.75. No.6. November/December 1996.
88. Ќировиќ, Милутин, *Монетарно-кредитни систем*, (Савремена администрација, Београд, 1982. год.)
89. Ќировиќ, Милутин, *Монетарна економија*. (United Nations, Београд, 1987год.)
90. Fischer. Douglas. *Monetary and Fiscal Policy*. (New York University Press. New York. 1988.)
91. Feder. G.. *On Exports and Economic Growth*. Journal of Development Economics. Vol.12. str.59-73
92. Friedman. Milton. *Studies in The Quantity Theory Of Money*. (University of Chicago. 1956)
93. Friedman. Milton and Rose. *The Power of Market*". (New York. 1980)
94. Hartley. Keith. Rogerson. William. *Defence and Peace Ecopnomics*. Harwood academic publishers
95. Case. Karl. and Fair. Ray. *Principle of Economics*. Prentice Hall. New Jersey. 1989
96. Carl Von Clausewitz. *On War*.(Princenton University Press. 1976)
97. Caputo David. *New Perspectives on the Public Implications of Defense and Welfare Expenditures in Four major Democracies*: 1950-1970. 1975
98. Charles Perrow. *Normal Accidents: Living with Hiig-Risks Technology*. New York. Basic Books. 1984
99. Chan Steve. *Military expenditures and Economic Performance*. Washington D.C. 1986
100. Clinton. Wiliam. "*A National Security Strategy for a New Century*". Washington. DC: The White House. October 1998